Културната основа на општеството и државата обезбедува определени вредности и норми кои решаваат за функционирање на институциите и системите во државата и општеството. Важен чинител кој го оформува културниот состав на државата и општеството е мешаница од етнички групи кои таа држава и општество ги содржи.[4] Тие групи имаат различни културни потреби. Меѓу најзначајните потреби можеме да ги споменеме: потреба за јазично

[1] Tse, D., Lee, K., et all., Does Sulture Matter of Marketing, 1980, pp.52.
[2] Миќуновиќ, Љ., Современ лексикон на странскио зборови и изрази, Венеција, Штип, 1998, стр.322.
[3] Geet, H., Culture Consequences, Beverly Hills, 1980,pp.302.
[4] ТТодоров, Т. И Димков Д., Меѓународен менаџмент, Прилеп, 2001, стр. 185..

изразување и комуниикација, потреба за проширување на знаењето, естетски потреби во секојдневниот живот, уметнички потреби, потреби за творење итн.[5] Односот на групите и на луѓето во групите и нивните погледи кон светот се различни. Согласно тоа може да се констатира дека тие имаат различен културен идентитет. Право на културен идентитет има секоја човечка заедница. Бидејќи националниот идентитет е една од основите на културниот идентитет, од тука правото на националната култура е едно од основните човечки права [6]

Националната култура е сложена појава која опфаќа различни содржини. Но тие можат да се сведат на неколку битни карактеристики: јазик, традиција, културнио наследство и чуство на национална припадност.[7] Културните карактеристични содржини се основа за создавање различни култури. Различноста на културите не значи и не треба да значи дека некоја култура е повредна, а некоја помалку вредна. Тргнувајќи од становиште на подеднакви вредности различните култури создаваат културен плурализам. Сваќањето, разбирањето и прифаќањето на културниот плурализам е основа за признавање на правото на културен идентитет.

Со зголемување мобилност на луѓето настанува мешање и на националните култури. Со зголемување на меѓународната мобилност на луѓето културните вредности, верувања, потреби стануваат хибридни и често конфликтни. Но сепак крајната цел е меѓусебно разбирање и почитување на тие традиции, вредности и однесувања кои ги сочинуваат етничките и националните култури. Овој идеал на заеднички живот на различни групни, етнички, национални и култури во рамките на државата и општеството се нарекува мултикултурализам, а се почесто глобален мултикултурализам.

Односот на културата Запад –Исток и нивно влијание на глобалната култура

Една од земјите составени од различни социјални, етнички и религиозни групи и која развива мултикултурализам е Русија. Во развојот и обликувањето на културата и мултикултуралзмот во Русија особено влијание има западната пред се Европската култура. Но исто така Русија своите позитивни искуства во мултикултурализмот се повеќе настојува како фидбек да му ги врати на Запад и Европа и со тоа остави траен белег на глобалната култура и мултикултурализам. Какви се тие културни дијагионали Исток-Запад низ историјата и во актуелната состојба?

Европската култура или т.н. Западна култура, денес тежи да се претстави како светска глобална култура. Во тој дел огромно влијание имаат мултинационалните западни компании и нивните економии, односно нивните пари. Бидејќи Западниот свет се перцепира дека глобалната култура ја креира доминантно преку парите, може да се констатира дека парите се тие кои внесуваат криза во современата западна култура. Според нив да се има вредност денес значи да се има пари. Парите ја преземаат улогата на вредност, а бидејќи се уште парите се домиантни во Западниот свет, Западот ги контриолира останатите цивилизации, а согласно и останатите култири, односно ја дефинира и глобалната култура. Ваквиот пристап ги уништува помалку или повеќе националните култури преку обид на наметнување на една глобална култура која почива на вредноста на парите.

Во тој контекст какво е местото на Русија и Руската култура. Прво, во позитивна смисла кај Европеецот доминира фасцинантен воодушевувачки поглед кон димензиите на историската и современа руска држава со своите: географски, етнички и културни различности која ги содржи. Европа не спори за руската книжевност, музика, сликарство

[5] Dragisic-Sesic,M., I Stojkovic,B., Kultura, menaxment, animacija, marketing, Clio, Beograd, 2003, str.15.
[6] Dragisic-Sesic,M., I Stojkovic,B., Kultura, menaxment, animacija, marketing, Clio, Beograd, 2003, str.258.
[7] Isto, str.58.

итн, и ги смета и за сопствени културни достигнувања. Но, Европа дирекно или индиректно покажува дека целата Русија не ја смета за дел од својата цивилизација, а согласно тоа и култура. Делумно на тоа има право со оглед што Риусија со поголемиот дел од својата територија географски припаѓа на Азија. Второ, За современиот Европеец особено од Западноевропските земји Русија останува синоним за комунизам, недемо-кратија, глобална експанзија итн. Ваквите погледи носат корени на поделба на Европа на Запад-Исток, уште од најстари времина на Ксеркс, Александар, Константин итн. Таа демаркација продолжува и преку црквата и христијанството на католици и православни. Таа бариера се провлекува меѓу она што се нарекува Европа или цивилизација на една страна и според грчко-римски стил варварство на другата страна. Во таа смисла и двата најголеми завојувачи од Европа-Наполеон и Хитлер нападот на Русија го објаснуваат како напад на источна азиска варварска земја. Трето, во негативна конотација за западните земји, Русија се доживува како закана за светската стабилност и со традиција на недемократска земја во која не се почитуваат човечките права. Четврто, кога се говори за рускиот народ иако е култуен и образован тој е природно склон кон авторитети и не поседува доволно политичка волја која ја имаа западноевропскиот народ. [8]

Кога се говори за психологијата на рсускиот човек две основни карактеристики излегуваат во прв план: како израз на национална доброта и генијалност од една и како извор на штети, раздор и неконзистентност од друга страна. Овие две особини се руската душевна ширина и ирационалност. Во една смисла тоа се две страни на иста рубља со обзир дека една врз друга потпираат и дека една од друга зависат, се хранат и репродуцираат. И едната и другата се главни носители и моторна сила на сите руски уметнички, научни и политички достигнувања низ историјата, и двете се подеднакво причина за љубав и загриженост (внимателност) на останатите народи према рускиот народ. [9]

Се чини дека Русите не знаат за мерка. Се што работат, работат страсно и неумерено. Во книжевно-поетско, научно, градителско творештво ваквата врска на безкомпромисност страствено самонапрегање претставува најдобра моторна сила за успех.Убавината на руските цркви, манастири, дворци, суштински лежи во неоптере-теноста на нивните градители за било какви ограничувања при нивна изградба со кои често биле ограничувани градителите на Запад, пред се Европските земји. Русите биле богати и не жалеле пари за изградба на она што го сакале. Со таа специфична ширина Русите ја развивале и ширеле својата земја низ историјата. Русите се екстремни во се. Тие се екстремни и во примање на надворешните влијанија. Од тука Русите европејството кога го прифатиле го прифатиле со сето свое срце, својата душа и својот ум. [10]

Идеите на западот Русинот ги освојувал, им се предавал и ги обожавал. Колкава е љубовта на Русите кон Европа и нивната култура може да се види кај Достоевски во делото „ Браќа карамазови„ каде Иван Карамазов говори за желбата „да ги прегрни драгите камења„ расфрлени по Европа кои го означуваат стремежот кон подобар свет и тој „солзи рони„ над нив како над светилиште над човештвото. [11] Овие цитати сеуште се актуени и укажуваат на тоа колку Русија ја сакала и ја сака Европа, многу повеќе отколку Европа, Русија.

Од сите народи на Европа, Русите со најголем жар ги прифатиле новините, отфрлајќи ја традицијата и потполно се предале на модните трендови, но исто така дел заради својата

---

[8] Стјуард Џ., О слободи, Црвени Ибис, Београд, 1990, стр. 201.
[9] Николай А., Бердяев, Русская идея, Судбба России, Издательство В.Шевчук, Москва, 2000, стр.279.
[10] Библија, според Матеј , 22, 34-37., Бакотиќ, Л., Добра вест, Ноби Сад, 1989, стр. 17.

бројност, дел заради својата душевна величина на сите тие новости успевале да одолеат без да се изменат останувајќи исти-Руси. Навистина во главите на Рускиот народ се срушиле сите идеологии кои дејствувале во Европа последните три века. Тие сите ги пробале, проживеале и прекршиле и ниедна не успоеала да ги лиши од специфичниот национален дух.[12] Во таа смисла Русија се покажала не покорлива, несломлива на секоја култура која влијаела од надвор.

Ако се вратиме на почетокиконстатираме дека есенцијаи покренувачна глобализацијата се парите може да се констатира дека парите за Русите никогаш не постанале сами по себе вредност. Затоа денес, новите Руси исто како и некогаш руската ариистократија, за разлика од западниот богат свет и понатака гледаат само за постигнување прави вредности.

Денес во Русија на национално ниво после првобитното лудило на крајот на 20 век од западните производи и начин на живот, се враќаат назад на старите вредности кои толку години опстојувале бидејќи нуделе одреден препознатлив квалите за тоа поднебје. Денес Русија иако е моќна и има пари и ресурси како услов преку нив да наметне свое доминантно влијание во глобалната култура, сепак таа не сака да наметне сопствен политичко-културен модел, туку на земјите му порачува да не потпаѓаат под влијание на безумни и невредни политичко-социјални и културни процеси кои ќе го нарушат националниот културен идентитет, туку да се свртат кон сопствените култури, традиции и обичаи. Русија и покажува и докажува на секоја самостојна држава и народ колку и да е мал не што треба да прифати, а што да отфрли, туку како самата да се отвори према туѓото да го разгледа и да го задржи и прилагоди она најважното и како треба секоја земја да ја сака својата традиција, химна, знаме татковина чувајќи ги од заборав и пропаст но и како да се надоградува себеси и својата култура.[13]

Денес слободно може да се каже дека Запад преку своите интегративни преоцеси: членство во НАТО и ЕУ прави напори да ги соедини европските народи, а Русија тоа го има направени веќе векови уназад.

Спасот на светската цивилизација и култура која се повеќе губи на значење и вредност релативизирана во однос на парите при што културата стагнира, а науката служи исклучиво за стекнување на профит изгубила секаква врска со вистината и трајните вредности и на која распадот и анархијата демннеат на сите страни, може да се пронајде само во општество во кое вредностите се бројни и различни, во кое културата цвета во сите свои облици. Според тоа потребно е да вратиме на старите вредности и тоа секоја држава и секоја нација на своите вредности и традиции. Како што човек што не се почитува самиот себе не може да ги почитува и другите, исто така и нацијата/ државата која не развива сопствена култура и традиција не може да прифати и свати друга, што е прв и единствен услов да за создавање а светско културно општество. Затоа колку е помала и послаба земјата треба што похрабро и попосветено да застане во одбрана и развој на интересите на сопствената култура и традиција.[14]

Заклучок

Само принципот на културен плурализам и признавање на правото на културен идентитет е фундамент врз кој треба да се гради глобалното општество и глобалната култура.

---

[11] Fjodor Mihajlovic Dostojevski, Braka Karamazovi, IP- Rad, Veograd 1977, str. .294.
[12] Isto,str. 300.
[13] Tanasic, N., Rusija i Zapad, Politika, Istorija, Kultura, Beograd, 2005,стр.312.
[14] Tanasic, N., Rusija I Zapad, Politika, Istorija, Kultura, Beograd, 2005, str.313.

Тоа глобално општество подразбира прво да се негува сопствената култура, па после да се посети богатството на останатите култури. Тоа е општеството и култура во кое општ интерес не е интересот на најмоќниот туку интересот на сите. Ошество во кое се слави мир, но и да се знае за што вреди и мора да се бори. Општество во кое највреден е оној кој најмногу знае, најмногу работи, мисли, создава, а не оној кој титулата може да ја купи со пари.

За изградба на такво општество и култура потребен е ментор со вековна традиција и искуство во негување на културните различности на својот народ. Русија може да ја преземе улогата на пионер и ментор во создавањето на такво глобално светско општество и глобална култура.

Литература:

1. Библија, превео, Бакотиќ, Л., Добра вест, Нови Сад, 1989.
2. Geet, H., Culture Consequences, Beverly Hills, 1980
3. Dragisic-Sesic,M., I Stojkovic,B., Kultura, menaxment, animacija, marketing, Clio, Beograd, 2003.
4. Миќуновиќ, Љ., Современ лексикон на странски зборови и изрази, Венеција, Штип, 1998.
5. Николай А., Бердяев, Русская идея, Судбба России, Издательство В.Шевчук, Москва, 2000
6. Стјуард Џ., О слободи, Црвени Ибис, Београд, 1990.
7. Тодоров, Т. И Димков Д., Меѓународен менаџмент, Прилеп, 2001
8. Tse, D., Lee, K., et all., Does Sulture Matter of Marketing, 1980
9. Tanasic, N., Rusija i Zapad, Politika, Istorija, Kultura, Beograd, 2005
10. Fjodor Mihajlovic Dostojevski, Braka Karamazovi, IP- Rad, Veograd 1977.

Искра Арсенова
Университет библиотековедения и информационных технологий, Болгария

КИТАЙСКИЙ ФЕНОМЕН – КУЛЬТУРА ИЛИ ИСТОРИЯ!?

Межкультурный диалог между народами призван обогащать, облегчать обмен информацией и опытом. Поэтому цель настоящего выступления раскрыть причины восхода Китая.

Народная Республика Китай или Поднебесная из-за ее восхода сейчас у всех «на устах». Статьи „О Китае" можно открыть в любых изданиях. Невероятный взлет страны за последние 30 лет заставляет многих говорить о нем как «о чуде», как „о феномене" как о сказочной «птице-феникс», сумевшей возродиться буквально из пепла ..

Первое впечатление европейца, прилетевшего в Китай – это другая планета. После первого часа иностранец понимает, что на это впечатление сказывают и религия, и национальные особенности, и местоположение, но главное – это люди, это атмосфера.

В чем секрет Китайского феномена?

Объяснение природы Китайского феномена, возможно, в последовательности действий и традиций. Ощущение древности своей истории, своей культуры и цивилизации это одна из самых характерных черт китайского характера. Это дает китайскому населению некое внутреннее преимущество над европейскими нациями. Чувство истории очень важно для китайцев, и в нем кроется значимость Китая для мира.

Везде в Китае от Пекина до Шенжена, от сельского хозяйства до культуры чувствуется колоссальная роль и духовный иммунитет 5000-летней китайской культуры. Ба гуа - штрихкод перемен, заключает в себе порядок всякого рода знаний и подлинной мудрости в простой и универсальной гармонии. Понимание циклов перемен, происходящих в природе и обществе непрерывно и последовательно при посредстве движения небесных тел, возникло в Китае во II в. до Р.Х. Мудрец Дун Чжуншу вычленил периодичность в жизнедеятельности страны: «хаос» раздробленности; «малое процветание» единого государства; «великое единение» центра и периферии - канун нового хаоса. В VI в. в Китае появились модели «перспектив прошлого» и «истории будущего». Расчет циклов перемен сохранен до наших дней.

В «перспективах прошлого и истории будущего» император Юнчжен осуществил чистку самосознания китайцев от влияния «вестернизации» (закрыл церкви и выслал всех миссионеров) и на новых принципах установил порядок и поднял экономику империи. Этими принципами были: единое, духовное, зажиточное и слаженное четкой иерархией «общество социальной гармонии».

Еще в 1986 г. в КНР был принят тайный «план 863», предусматривающий «исправление имен и наведение порядка в знаками символах». План имеет перспективу в два поколения (40 лет - до 2027 г.) и призван обеспечить переход устоев сознания китайцев от влияния марксизма, через ограниченную «вестернизацию» к национальной идентичности «духа великих предков».

Европейцы должны поучиться опытом Китая. В отличие от других стран, особенно от восточноевропейских, история для Китая всегда оценивается позитивно, в ней есть «разные периоды», но нет ошибок. С негативом воспринимается лишь история западных стран в XIX в., а все остальные вторжения, например сюнну и киданей в XV в. на север Китая, монголов (XIII в.),

маньчжуров (XVII—нач. XX вв.), воспринимаются как внутренние «азиатские» проблемы.

Долгое и непрерывное существование цивилизации позволило Китайцам накапливать знания. Они во многом опередили Европу, и этим по праву гордятся. Бумага, компас, порох и фейерверки, колесо и колесницы были изобретены впервые в Китае. Китайцы первыми претворили в жизнь систему публичных школ, общедоступного образования и университетов (первоначально это были конфуцианские академии). Они знают, что были первыми практически во всем. А потом, в силу исторических причин, отброшены назад. Психологически *Китай не столько создает что-то принципиально новое, сколько возвращает себе утраченное, и делает это постепенно и без громких политических деклараций.*

Все китайцы – патриоты, они любят не столько свое государство под названием Китайская Народная Республика, сколько Китай как некую историческую общность. ***Китайцы – государственники по своей сути.*** Где бы ни жили китайцы – внутри Китая или за его пределами, – они всегда сохраняют лояльность по отношению к своей стране и своей культуре. (Маслов,2010)

Традиционная китайская культура, является коллективистской: интересы коллектива довлеют над интересами индивидуума, ценность и социальный статус которого определяется именно его важностью для успешного функционирования коллектива. Следствием этого являются необычайно высокий патриотизм, дисциплинированность, работоспособность и ответственность китайцев вкупе с высочайшей производительностью труда, а также их безоговорочное уважение и подчинение старшим по возрасту и званию. Авторитет пожилых людей у жителей Поднебесной является непреложным. И, пожалуй, западным странам стоит задуматься о заимствовании этой традиции Китая... Отсюда можно сделать вывод, что самой примечательной характеристикой китайского общества за две тысячи лет его существования это его стабильность (Гваськов,2006).

Еще одной особенностью этой страны, считается миролюбивость местного населения. Жители Поднебесной очень редко идут на конфликт, потому что для них важнее всего гармония и сохранение добрых отношений с окружающими.

Китай – одна из лидирующих держав мира, и каждый китаец знает об этом и чувствует за собой успех и силу. Это – очень важный психологический фактор, и не важно, с кем вы имеет дело – с одним из высших руководителей Китая или мелким предпринимателем в сельской местности. На каждом уровне в китайском обществе уже образовались группы, которые могут диктовать свои условия в промышленности, технологиях, образовании, но очень редко это делают напрямую – здесь сказывается фактор «мягкой силы»: вежливого, но очень настойчивого проникновения в экономики и жизненные пространства других стран. Здесь важен фактор времени, Китай никогда не торопится, ощущая за собой и перед собой тысячелетнюю историю и прекрасно зная, что «плод созреет и сам упадет в руки» (Маслов,2010).

Для регулирования общественными отношениями в обществе правители постоянно издают законы. В отличие от закона, устанавливающего жесткие рамки, культура играет роль мягкого ограничения. Закон предусматривает наказание после совершения преступления, а культура, питая нравственность, предупреждает само возникновение преступления. Нравственные нормы общества часто воплощаются в его культуре. Этот основной принцип культуры Китая пронизывает все сферы китайского общества от истоков его формирования (Сизов,2008).

Основной чертой национальной китайской культуры это почитание высоких морально этических качеств человека. Именно представление о самоценности моральных

качеств и нравственном поведении лежат в основе китайской культуры, которая оказывает благотворное влияние на становление просперирующей китайской экономике. Моральные устои удерживают китайцев в рамках принятой в обществе поведенческой парадигмы лучше, чем любые законы и наказания. Эти общественные регуляторы морально-этических норм определяют возможность феномена «Китайское чудо» . В основе китайского чуда лежит опосредованный фактор – национальный менталитет, сформировавшийся под воздействием национальной культуры и традиций. И поэтому опыт Китая это пример о грамотном использовании особенностей собственной национальной культуры для создания прочный фундамент для успешного развития экономики.

Литература

1. Гваськов, П. Три источника китайского чуда. АПН. 2006-04-20
2. Маслов, А.А.Наблюдая за китайцами. Скрытые правила поведения. 2010
3. Сизов, В.С. Феномен Китая. Нравственные основы экономического возрождения. В Вятские вехи. Альманах Вятского интеллектуального клуба. Вып.1, 2008, с.56-67

Г. Илиќ
Правен факултет, Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола
Н. Несторовска
СОУ "Таки Даскалот" – Битола

МЕЃУНАРОДНО – ПОЛИТИЧКИТЕ ОДНОСИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО РУСИЈА ВО XXI ВЕК

Апстракт: Кога станува збор за Русија (Руската Федерација), секако во релација со Европската унија и нејзините надворешно – политички перспективи, должни сме да потенцираме дека односот на Унијата со Русија, претставува исклучително битно прашање, круцијално за поведувањето на светот во XXI век. Затоа што, прогресивниот, конструктивен и кооперативен однос на Унијата со Русија, претставува прашање од витално значење за опстојот на западната цивилизација, и секако простор за експанзија и дифузија на идеолошката рамка на Унијата и во таа глобална сфера.

Клучни зборови: ЕУ, Русија, меѓународно – политички односи.

Односи

Најпрво, односите помеѓу Европската унија и Русија, нормативно гледано датираат уште од времето на склучување на Спогодбата за партнерство и соработка во 1994 година, како симбол на соработката и потребата од нејзино интензивирање во иднина. Потоа, следуваат уште мноштво други спогодби и договори (доминантно од економска природа), кои оптимистички гледано, го трасираат патот за потесна соработка во евро – руското партнерство. Додека, во мај 2003 година, на Санкт – петербуршкиот Самит, Унијата и Русија се договорија да ја интензивираат сопствената соработка, преку **спатијализација** на заедничката надворешна – политика, односно да започнат да создаваат "заеднички простори" за дејствување. На таков начин, во 2005 година беа создадени следните четири простори, и тоа: заеднички економски простор (кој ги опфаќа економските прашања и животната средина), заеднички простор за слобода, безбедност и правда, заеднички простор за надворешна безбедност (вклучително со менаџмент на кризи и непролиферација) и заеднички простор за истражување и образование (вклучително со културните аспекти)[1]. Сето тоа, беше антиципирано и со заедничката изјава за европското проширување и односите меѓу ЕУ и Русија во Брисел (27 април 2004 година), со зборовите: "Европската унија и Руската Федерација, се свесни за можностите од понатамошното јакнење на нивното стратешко партнерство, овозможено преку проширувањето на Унијата. Ние ја реафирмираме нашата заложба, за создавање на четири заеднички простори претходно здоговорени на Санкт – петербуршкиот Самит во мај 2003 година. Меѓузависноста на ЕУ и Русија, произлегува од нашата блискост и растечките политички, економски и културни врски, кои треба да достигнат повисок степен на соработка, со самото проширување на ЕУ".[2]

Имено, главната цел на ваквата *про – кооперативна политика на Унијата* кон Русија, беше (и сеуште е) креирање на една комплексна мрежа од контакти, односно, *биенални ЕУ*

[1] EU-Russia Common Spaces, http://ec.europa.eu/external_relations/russia/common_spaces/index_en.htm [2010]

[2] Rolf Schuette, EU - Russia relations: Interests and Values - A European Perspective, Carnegie Endowment for International Peace, Number 54, December 2004.

- *Русија Самити* меѓу шефовите на државите и владите, месечни средби меѓу Тројката на политичкиот и безбедносен комитет и рускиот амбасадор во Унијата, регуларни контакти меѓу Европскиот парламент и руската Дума, како и дузина други работни групи, кои ја претставуваат Европската комисија и руската Влада. Инаку, за ваквиот конгломерат од врски помеѓу Унијата и Русија, се вели дека: "ЕУ не поседува ваква мрежа од контакти, формати и спогодби, со ниту еден нејзин партнер во светот".[3]

Додека, покрај ваквата оптимистичка (декларативна) детерминација, авторите како Марк Леонард и Нику Попеску, во своето емпириско истражување за моќта на Унијата во однос на Русија, најпрво потенцираат на проблематичноста на нивните односи, кои покрај утврдените простори на заедничко дејствување, како проблеми се појавува практиката на Русија во делот на енергетските блокади и уцени, како и нејзиното рестриктивно однесување во системот на ООН, а преку политиката на вето, во однос на одлуките на "западниот блок", посебно САД. Во тој дел, Унијата во иднина, доколку сака да подготви простор за идеологизација (или наметнување на влијание) на својот гигантски сосед - Русија, битно е да посвети внимание на неколку клучни точки, односно: редукција на деструктивниот билатерализам, заедничко разрешување на глобално - политичките прашања, перспективите на енергетската политика (која Русија ја користи како политички инструмент за уценување на Унијата) и секако, прашањето за продлабочување на соработката со Русија.

Парадигматскиот тријалог за идеологизација на русија

Најнапред, вредно е да потенцираме дека, не може да се земе една и единствена парадигма, кој би можела да се употреби како модел за идеологизација на руската идеолошка матрица по "вкусот" на Унијата. Туку, важно е државите – членки на Унијата да го ревидираат својот билатерализам со Русија, и да проценат дали воопшто вреди и понатаму да се продолжи со таквиот тренд. Имено, како медијатор или евентуален арбитер во таквата суштествена ревизија (на партикуларниот европски билатерализам), своја круцијална улога би можело да одигра и лисабонското лидерство. И тоа, од една страна стимулирајќи ги државите - членки за заземање на еден кохезивен и кохерентен (европски) став во однос на Русија, а од друга страна, дипломатско приближување на Унијата со Русија, притоа не оставајќи слободен простор на Русија за евентуална манипулација, ниту пак за кршење на дипломатските норми и договори. Покрај тоа, битно е да се изберат и евентуалните модели или парадигми за идеологизација на руската матрица, под претпоставка да државите – членки на Унијата, го достигнат минимумот на кохезија. Во студијата за моќта на Унијата во однос на Русија, изработена од страна на Европскиот совет за меѓународни односи, се приложуваат три доминантни парадигми за наметнување на европското влијание. Тие парадигми се: "creeping integration" или "притаена интеграција", "Soft containment" или "мек притисок", како и "Rule of Law" или "владеење на правото".[4]

Првата парадигма, или парадигмата на "притаена интеграција", подразбира трансформација на поведението на Русија преку воспоставување на зависност меѓу неа и Унијата, по пат на социјализација, убедување и дијалог, односно преку практикување на меката моќ. Политиките кои се пропишуваат во согласност со студијата, опфаќаат практикување и промовирање на билатерални договори на ниво ЕУ - Русија, избегнување на критицизам на руската домашна и надворешна политика, енергетска компензација меѓу Унијата и Русија (без

[3] Mark Leonard & Nicu Popescu, A Power Audit of EU-Russia Relations, London, ECFR November 2007, стр. 26

[4] Mark Leonard & Nicu Popescu, A Power Audit of EU-Russia Relations, London, ECFR November 2007, стр. 58.

оглед колку сето тоа изгледа несоодветно, земајќи ги во предвид руските мега-енергетски ресурси), слаба политика на конкуренција (со цел да не се иритира официјална Москва, и да и се овозможи да се чуствува како клучна во целата ситуација), по секоја цена рестартирање на преговорите за склучување на нова Спогодба за партнерство, фаворизирање на руските енергетски гиганти, зачувување на Русија во G8 структурите, скептицизам во однос на приемот на Грузија и Украина во НАТО, а воедно и оневозможување на понатамошното ширење на Соседската политика и развојот на Источното партнерство. Втората парадигма подразбира практикување на "мек притисок" врз Русија, преку која ќе треба да се обезбеди "принудно" свртување на Русија, кон европската нормативна артикулација на моќ, и со тоа нејзино идееологизирање. Целите на оваа парадигма, подрабзираат отклонување на Унијата од секакви негативни влијанија од страна на Русија и оневозможување на рускиот експанзионизам. Средствата кои се пропишуваат за реализација на оваа цел, афирмираат политика на условеност кон Русија и дипломатски притисок, како и с поголемо намалување на зависноста на Унијата од Русија.

И како трета парадигма се наметнува парадигмата која ексклузивно кореспондира со природата на Унијата, односно моделот на "владеење на правото". Тоа подразбира, вложување на нормативно - политички напори, за дефинирање на стабилни институции врз основа на едно развиено евро – руско партнерство, кое иманентно побарува склучување на нова, модернизирана спогодба за партнерство помеѓу овие два субјекти. Таквата заложба, во себе вклучува артикулација и имплементација на правила (норми), зголемена симетрија во меѓузависноста и активна поддршка на владеењето на правото во соседството на Унијата.

Заклучок

Како заклучок на сето погоре наведено, би можеле да ги наведеме политиките кои се неопходни за зацврстување и унапредување на меѓународно – политичките односи на Унијата со Русија врз рамноправни основи. Станува збор за афирмација на симетричната меѓузависност и принципиелниот билатерализам во односите на двете страни, селективен јавен критицизам на домашната и надворешна политика на Русија од страна на Унијата, промоција на руските инвестиции во Европа, рестартирање и интензивирање на преговорите за склучување на нова Спогодба за партнерство, поддршка на Русија во G8 структурите, и ослободување на граѓаните на Русија од визниот режим на ЕУ. Врз основа на тоа, треба да се потенцира дека, Унијата и Русија максимално треба да инвестираат во меѓусебните односи, со цел нивно етаблирање како рамноправни и конструктивни партнери, кои ќе бидат способни да го одржат мирот, стабилноста и просперитетот на човештвото во XXI век, и како такви да влегуваат во кооперативни релации не само меѓусебно, туку и со другите релевантни глобално – политички актери.

Библиографија:

1. EU-Russia Common Spaces, http://ec.europa.eu/external_relations/russia/common_spaces/index_en.htm [2010]
2. Rolf Schuette, EU - Russia relations: Interests and Values - A European Perspective, Carnegie Endowment for International Peace, Number 54, December 2004.
3. Mark Leonard & Nicu Popescu, A Power Audit of EU-Russia Relations, London, ECFR November 2007.
4. Russian Federation - Concept of the World in the 21st Century, 2000 Permanent Representation of the Russian Federation to the Council of Europe, http://www.bits.de/EURA/

concept21.pdf [2010]
5. EU-Russia Common Spaces, http://ec.europa.eu/external_relations/russia/common_spaces/index_en.htm [2010]
6. Семјуел Хантингтон, Судирот на цивилизациите: преобликувањето на светскиот поредок, Евро – Балкан, Скопје, 2010 година.
7. Russian Federation - Concept of the World in the 21st Century, 2000 Permanent Representation of the Russian Federation to the Council of Europe, http://www.bits.de/EURA/concept21.pdf [2010]

Петар Солаковски

РУСИЈА И БАЛКАНСКИТЕ КРИЗИ 1908 - 1913

Босанската криза 1908 – 1909

Во 1908 – 1909 год. се разгоре босанската криза. По одлуките ма Берлинскиот конгрес 1878 год., Босна и Херцеговина биле окупирани од австро-унгарската војска, но останале формално во составот на Отоманската империја. После младотурската револуција, а плашејќи се од подемот на развојот на револуционерното и национално-солободително движење на Балканот, владеачките кругови на Австро-Унгарија дошле до заклучок дека настапил моментот за конечна анексија на Босна и Херцеговина. Така на 7 октомври 1908 год., Австро-Унгарија прогласила анексија на Босна и Херцеговина. Истовремено ги извршила сите воени припреми за да ја нападне Србија. Србија одма одговорила со мобилизација на својата војска и се создала затегната меѓународна ситуација.

За таа цел Австро-Унагарија решила да насптапи со задкулисен договор со царска Русија, дека ќе им надополни по прашањето за премините на Црно Море, а со тоа да добие согласност за анексија на Босна и Херцеговина. Од своја страна пак царската влада, после неуспешната војна со Јапонија, и потресите од револуцијата 1905 1907 год. сакала да постигне барем мал внатрешно-политички успех.

Во септември 1908 год. во Букурешт се дојде до средба помеѓу рускиот министер за надворешни работи Изволски со австрискиот министер за надворешни работи Ерентал. Двајцата министри се обиделе да направат нов аранжман за поделбата на интересни свери на Балканскиот Полуостров. Царска Русија се согласила со анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија, а за возбврат требало да се обезбеди слободен премин на руската флота низ црноморските премини. Таква согласностѕ Русија добила и од Германија и Италија. Но, руското јавно мислење со огорченост ја прими веста за анексијата и застана на страна на Србија. Анексијата на Босна и Херцеговија предизвикала жестоки протести во Турција и Србија. Се дојде до зближување на балканските народи и започна нов подем на национално-ослободително движење.

Меѓутоа, решението за прашањето за премините во корист на Русија, не зависело само од Австро-Унгарија, Германија Италија, колку од Англија, а исто така и од Франција. За да се добие подршката од Франција и Англија министерот Изволски тргнал на разговори во Париз и Лондон. Но, руската политика по прашањето за премините не се оправдала. Француската влада зазела помирлива позиција, а англиската направо се откажала во подршката. Германија активно ги помагала своите австро-унгарски сојузници. Австро-Унгарија во февруари 1909 год. започна да ги концентрира своите воени сили на границата кон Србија, а германската влада во март истата година, застанал целосно на страна на Австро-Унгарија за донесениот акт за анексија. Неподготвена за војна, царската влада била принудена да го прифати германското барање и да одстапи.

Босанската криза остро ги влошила противречностите на Балканот, посебно во односите помеѓу Русија и Србија од една страна и Австро-Унгарија од друга. Оваа криза ги начекала неподготвени и членките на Антантата, но веќе во поголем степен кризата се покажала со сета длабочина на несогласие помеѓу двата главни империјалистички блока, англо-француско-рускиот од една страна и австро-гермаскиот блок од друга страна.

Образување на Балканскиот сојуз

По мароканската криза 1911 год. и италијанско-турската војна 1911 – 1912 год.

започнала нова криза, но сега на Балканот, каде длабоките социјални и национални противречности се преплетувале со соперништво на големите држави.

Национално-ослободителните движења на балканските народи се сеуште останувајќи под власт на Турција (Македонија, Албанија, на островите во Егејско Море), продолжило постојано да се развиваат. Меѓутоа во определувањето на надворешната политика на балканските држави, решавачка улога не играле интересите на народот, туку династичките стремежи на големите империјалистички држави.

Царска Русија била заинтересирана за создавање на балкански сојуз на балканските држави, кој би бил наменет, како против Турција, така и против Австро-Унагарија. Но, при тоа, бидејќи се уште не била подготвена за голема војна, таа не сакала Србија и Бугарија предвремено да започнат војна со Турција.

Руската дипломатија пред се настојувала да ја придобие Бугарија за планираниот балкански сојуз против австро-Унагарија. За Србија и Црна Гора се сметало дека се во положба самите да молат за помош и за сојузништво со Русија.

Српско-бугарските преговори што се воделе под патронство на Русија бавно напредувале за надминување на разликите во ставовите на двете држави и во март 1910 год. српскиот крал Петар и бугарскиот Фердинанд, биле повикани во Русија. Претседателот на бугарската влада Александар малинов, престојот го искористил за одделни преговори со руската влада, за остварување на бугарските експанзионистички планови во Македонија. Потпишан бил политички договор. Со договорот, Русија и ја признала територијата на Бугарија, цела Македонија до Шар Планина. На крајот, Русија се согласила, Бугарија да го добие и Солун ако се откаже од Едрене, и ја прифати линијата Енос-Индија. Од руска страна и била дадена согласност на Бугарија, кога таа сама ќе оцени дека моментот е погоден, да влезе во војна против Турција, но без учество на Русија.

Српско-бугарските преговори се одолговлекувале и со остри несогласувања по прашањето за распределбата на територијата во Македонија кои што се преполагало, дека ќе ги ослободат од турската власт, и на кистовремено претендирале и Србија и Бугарија. Бугарскосрпските преговори завршиле со потпишување на Договор за пријателство и сојуз на 13 Март 1912 год. Сојузниците се договориле и за условите за идната територијална поделба на македонија и утврдена е "спорната зона". Рускиот цар Никола II избран е за арбитар помеѓу двете страни при поделбата на спорната зона. Потоа следувало потпишувањето на договорите помеѓу останатите држави. Бугарија потпишала сојузен договор со Грција, а Србија со Црна Гора.

Во моментот кога балканските држави, како одговор на турската мобилизација, одговорија со реципрочна мерка, Русија на 30 Септември 1912 год. изврши според нејзините изјави, пробна мобилизација на резервистите на својата западна граница. Таа изјави дека мобилизацијата нема никакво значење, односно не е во врска со балканските работи.

Во летото и есента 1912 год. односите помеѓу балканските сојузници и Турција достигнале голема затегнатост. Двате страни се обвинувале со заканувачки ноти. Конкретните руски дејствија, мобилизацијата од 30 Септември им овозможи на балканските сојузници, откако Турција го отфрли нивниот предлог за воведување реформи во Македонија, да и објават војна.

Првата Балканска војна 1912 год. На 9 Октомври 1912 год. Црна Гора започнала војна против Турција, на 17 Октомври во војна влегоа Србија и Бугарија, а наредниот ден и Грција. За неполни осум недели, целата територија на Европска Турција од Јадранското Море до Чаталџа, со исклучок на Едрине, Скадар и Јанина, беше заземена од војските на балканските сојузници.

Брзите успеси на сојузничките војски не само што ги изненадија големите европски сили, туку внесоа и загриженост поради можностада дојде до нарушување на рамнотежата на силите на Блискиот Исток, па и пошироко. Опасноста беше уште поголема, бидејќи српските и црногорските војски навлегоа во Албанија со што се појави опасност од австро-унгарска воена интервенвија,а со тоа и европска војна.

Австро-Унгарија барала итно повлекување на српските војски од албанија, а која беше подржувана од Италија и Германија, влиаело Велика Британија и Франција да одбијат да и дадат подршка на Србија во нејзините барања. Од исти причини и беше советувано на Русија да покаже возджаност во давањето на подршка на Србија, што таа мораше да го прифати. Во врска со остапките на Србија во Албанија, русија индиректно укажа на потребата од давање соодветни компезации на Србија во делот од Македонија, која според важечкиот српско-бугарски договор, требаше да и припадне на Бугарија.

Мировната конференција во Лондон мај 1913 год. Со договорот за мир во Лондодн на 4 Мај, завршила Првата балканска војна. Османското царство ги изгубило сите свои територии во европа, освем тесен појас пред Истанбул на линија Енос-Мидија. На Лондонската конференција, Русија ги одобрувала територијалните претензии на Србија, но му препорачувала на српската влада да избегне отворен судир. Франција се надевала дека во случај на голема европска војна ќе ја искористи бугарската и српската влада против австро-германскиот блок. За таа цел, Франција сакала да ја втурне руската влада кон поголема активна подршка на Србија против Австро-Унгарија.

Лондонскиот мировен договор не ги одстранил, туку уште повеќе ги заострил противречностите како помеѓу главните империјалистички држави, така и помеѓу балканските држави. Спротивностите помеѓу балканските држави, особено помеѓу Србија и Бугарија ке доведе до нов судир за територијата на Македонија, кој во во јуни 1913 год. ќе прерасне во нова, Втора балканска војна.

Втората балканска војна 1913 год. Виенската дипломатија му помагала на Бугарија, кралот Фердинанд одлучил да не чека на арбитража на рускиот цар Никола II, туку на своите трупи им наредил на 29 и 30 Јуни 1913 год. да нападнат на позициите на српската армија во Македонија, со што започнала Втората балканска војна. Во војната против Бугарија влегле и Црна Гора, Грција и Романија а и Турција им наредила на своите трупи да ја преминат новата граница. Во борбите Бугарија претрпела катасрофален пораз. Со Букурешкиот договор од 10 Август 1913 год. Бугарија го загубила поголемиот дел од освоените територии во Македонија. Го зачувала Пиринскиот дел од Македонија и струмичкиот крај. Букурешкиот мировен договор со своите решенија место да обезбеди траен мир во регионот, водел кон нови конфротации и нова војна.

Јакнењето на Србија во двете Балкански војни озбилно ја загрозило Австро-Унгарија. Во есента 1913 год. за малку што не дошло до австриска инвазија на Србија. Виенската влада барала ултимативно од српската влада да нејзините трупи ја напуштат Албанија. Руската влада одново ја советувала Србија да попушти па така српските трупи се повлекле од Албанија. Балканот се претворил во "буре со барут" на Европа.

М. Леонтиќ

МЕЃУКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

INTERCULTURAL COMUNICATION IN MODERN SOCIETY

Апстракт: Современото општество бара активно ангажирање на единките во секој аспект на современиот живот бидејќи нема секој можност и капацитет ова да го изведе на саканото ниво, а понекогаш не е ни свесен дека и пренесува предрасуди на својата околина. Современото општество треба да понуди нови аспекти за меѓукултурна комуникација преку кои единките ќе имаат можност да ги надминат предрасудите за да не им станат бариера во животот.
Посебно современото општество бара мобилност на наставникот во поглед на меѓукултурната комуникација што во Македонија треба да прерасне во стил и начин на живот за на хуман начин да се подобри квалитетот на живеењето во нашето општество.

Клучни зборови: современо општество, меѓукултурна толеранција, современ живот

Abstract: Modern society needs the active engagement of individuals in every level of modern life because some of them do not have the opportunity and capacity to perform at the desired level and sometimes are likely to transmit prejudices to their environment. Modern society should offer new aspects in the intercultural communication, so that people will have the opportunity to overcome their prejudices and prevent them from becoming a barrier in their life.
Especially modern society requires the teachers' mobility in intercultural communication since intercultural communication in Macedonia grows into a style and way of life. This humane way will improve our life and our society.

Key words: modern society, intercultural communication, modern life

Вовед

Современото општество бара активно ангажирање на единките и на институциите во поглед на меѓукултурната комуникација за да се надминат предрасудите кои можат да ги оптоварува меѓучовечките односи и да претставуваат бариера која создава застој на животниот тек. Меѓукултурната комуникација сме должни да ја развиваме на сите нивоа на воспитно-образовниот процес почнувајќи од предучилишното образование, основното образование, средното образование, високото образование, на работните места, на институциите од јавен интерес и на културно-спортските манифестации.

Ники Лауда рекол: „Ти си причината за повеќето работи кои ти се случуваат." Доколку како резултат на добрата меѓукултурна комуникација ни се случуваат убави работи, причината сме ние. А доколку меѓукултурната комуникација не е на саканото ниво и ни се случуваат неубави работи, повторно причината сме ние. Затоа единките и институциите се должни постојано да ја развиваат меѓукултурната комуникација за таа да прерасне во стил и начин на живот што ќе ни овозможи хармонија и благодат.

Меѓукултурна комуникација во образованието

Меѓукултурната комуникација најубаво и најлесно се учи на мала возраст, а потоа само се надоградува. Во воспитно-образовниот процес уште од предучилишна возраст сме должни да внесуваме содржини кои ќе ја поттикнат меѓукултурната комуникација, а потоа нив да ги надоградуваме и збогатуваме според возраста. Затоа наставникот кој ќе работи во мултикултурна средина е должен да има позитивен однос кон различностите и да ги подготви своите ученици на меѓукултурна комуникација. Но ова не смеат да бидат теоретски часови, туку заеднички активности преку кои учениците ќе стекнуваат нови сознанија и искуства во поглед на меѓукултурната комуникација. Добро ни е познато дека учениците најдобро учат од своите искуства, кои оставаат длабок впечаток во нивната меморија. Лично бев сведок на една ваква соработка меѓу наставничките Пепица Павлова од ОУ „Коле Неделковски" и Џејлан Рушид од ОУ „Коле Неделковски" во рамките на проектот „Негување на етничка толеранција, разбирање и соживот меѓу турскиот и македонскиот народ", кои учениците ги научија да рецитираат и пеат на македонски и на турски јазик, заедно да танцуваат на разновидна музика и да јадат турски и македонски специјалитети подготвени од нивните мајки и баби.[1]

Слични проекти и активности пожелно е да има и во средните училишта. Доколку директорите и наставниците од средните училишта се потрудат учениците преку разновидни активности да се запознаат и дружат, тогаш меѓукултурната комуникација постојано ќе се развива во позитивна насока. За жал, во последните неколку години сме сведоци дека поради неразвиената меѓукултурна комуникација во средните училишта се случуваат или, што е уште пострашно, се закажуваат тепачки во училишните дворови, на улиците, па дури и во средствата за јавен превоз! Сето тоа е последица на недостаток на меѓукултурна комуникација која не се развила во основното училиште, а веројатно истиот пропуст се направил и во средните училишта. Овие конфликти обично ги спречува, расплетува или казнува полицијата, а училиштата преземаат ригорозни мерки со кои учениците учат и се движат под засилен надзор, во различни смени, различни објекти или, пак, слушаат поучни предавања кои имаат слаб ефект. Тоа не е решение на проблемот, тоа е само пролонгирање или промена на местоположбата на можните идни конфликти бидејќи учениците сѐ уште се карактеризираат со недоволна меѓукултурна комуникација. Во поглед на меѓукултурната комуникација како пример може да послужи Приватното средно училиште „Академија Леонтиќ" во кое се обучуваат идни фризери и козметичари. Во ова училиште една година го предавав предметот „Работно комуницирање со бонтон" на првата генерација средношколци која се состоеше од едно одделение во чиј состав имаше Македонци, Албанци, Турци и Бошњаци. Учениците од ова одделение учеа заедно, тимски и индивидуално вежбаа практика, групно учествуваа на вонучилишни активности, на важни празници и родендени се честеа и си честитаа меѓусебно, но и надвор од училиштето се дружеа меѓусебно. Помеѓу нив никогаш не дојде до застој во меѓукултурната комуникација, но понекогаш се јавуваа ситни недоразбирања својствени на нивната возраст што ги решававме во одделението со дијалог што на крај задолжително завршуваше со смирување или простување.

Високото образование нуди најголеми можности за меѓукултурна комуникација, но, за жал, на ова ниво се најочигледни и пропустите на овој план. Доколку во основното и средното образование, наставниците или родителите не ја развивале меѓукултурната комуникација, наставниот кадар на универзитетите се соочува со закоравени предрасуди кои можат да

[1] Овој културен настан го опишав на Шестиот балкански конгрес во рефератот под наслов „Educational Dimensions of Educational Institutions" („Воспитната димензија на воспитно-образовните институции").

се ублажат, но многу потешко да се искоренат, а тоа веројатно своевидно во иднина ќе се рефлектира и на општеството. Последниве три години работам на групата Турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев". Во групите имаме студенти кои се Турци, Јуруци, Торбеши, Бошњаци, Македонци, Роми, Албанци и од мешани бракови. Минатата година, кога забележав дека постои можност да дојде до застој во меѓукултурната комуникација, со колешката д-р Севим Хилмиоглу, лектор од Република Турција, прво го прочитавме мојот реферат со кој ќе учествував на 16. Меѓународен симпозиум за турска култура под наслов „Makedonya'daki Türkçenin Ana Dili ve Yabancı Dil Olarak Eğitiminde Kültürün Etkisi" („Влијанието на културата во образованието на турскиот јазик како мајчин и странски јазик во Македонија"), а потоа отворивме дебата во која студентите ги изложуваа своите ставови, сознанија, искуства и предлози. Се разбира, една дебата не може да реши сè, но може да ги поттикне студентите да размислуваат на таа тематика и свесно да го градат својот идентитет на иден наставник во мултикултурна заедница каде што сме должни да развиваме меѓукултурна комуникација.

Долгогодишното работно искуство како наставник ми покажа дека за добра меѓукултурна комуникација е пожелно учениците и студентите да имаат одреден број часови кои заеднички ќе ги посетуваат, каде заеднички ќе учат, заеднички ќе се вклучуваат во разновидни активности, а преку тоа ќе имаат можност подобро да се запознаат, да разменат мислења и да го пренесат своето искуство во кругови што немаат такво искуство. Само кога учениците или студентите од различни култури се наоѓаат заедно во еден клас се создаваат мали конфликтни ситуации кои се очигледни и наставникот може брзо и ефикасно да дејствува, но и да насочува во правилна насока.

Како одличен пример за меѓукултурна комуникација е акцијата на проф. д-р Нејати Демир, шеф на Катедрата за турски јазик и книжевност од Гази универзитетот во Анкара, со која тој ги ангажирал студентите од својата катедра да собираат книги по турски јазик и книжевност за да им ги подарат на библиотеките на катедрите за турски јазик и книжевност во странство. На 17.2.2012 год. проф. д-р Нејати Демир со двајца асистенти дојде во Штип и со посредство на Турскиот културен центар „Јунус Емре", кој обезбеди превоз и шпедиција, подарија 2000 книги на библиотеката на групата Турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев". Но за да се сфати симболичната драгоценост на овој подарок, и јас како раководител на групата Турски јазик и книжевност ги ангажирав студентите посветите на подарените книги да ги преведат на македонски, а на тие книги што немаат посвета да го напишат дарителот на турски и на македонски јазик. Откако целосно ќе го почувствуваат подарокот потпишувајќи ги книгите, ќе следи првично грубо класификување на книгите според области (поезија, раскази, романи и сл.), а на крај како благодарност сето ова искуство и доживување ќе треба да го напишат и да го пратат на дарителите на книгите, односно на Катедрата за турски јазик и книжевност при Гази универзитетот во Анкара. Факт е дека колку време им требало на дарителите да ги соберат, потпишат и спакуваат книгите, толку време ќе ни треба нам, на примачите на дарот, да ги преведеме посветите, да ги класификуваме според области, да им ставиме печат од универзитетот и регистарски број за употреба. На овој начин студентите од Анкара научија како се подарува, но тоа ќе биде повод и нашите студенти да научат како се прима подарок и како му се оддава достојно внимание и грижа.

Пожелно би било во иднина ваквите меѓукултурни настани на кои практично се развива меѓукултурна комуникација да бидат одбележени и соодветно обработени и од стручен аспект на вакви и слични собири за да послужат како пример или инспирација, а не да останат незабележени или, пак, да останат само како сувопарна информација по медиумите.

Верувам дека со развојот на меѓукултурната комуникација во образованието ќе создадеме кадар што со вакви квалификации квалитативно и квантитативно ќе влијае на ефикасноста на институциите од јавен интерес и општо на побрзиот развој на општеството.

Меѓукултурна комуникација во институциите од јавен интерес

Институциите од јавен интерес со својот вработен кадар и нивното достигнато ниво на меѓукултурна комуникација се огледало на состојбата на општеството и на степенот на ангажираност на воспитно-образовните институции во создавање кадар со меѓукултурна комуникација. Ова е многу важен сегмент бидејќи институциите од јавен интерес се најпосетувани.

Реално е да се очекува еден дел од посетителите на институциите од јавен интерес да немале можност за развивање меѓукултурна комуникација, но недозволиво е во ваквите институции да има вработени кадри коишто не достигнале задоволително ниво на меѓукултурна комуникација. За жал, сведоци сме дека покрај убавите примери, во институциите од јавен интерес имаме кадри кои се обременети со предрасуди и се карактеризираат со низок степен на меѓукултурна комуникација што веројатно од една страна ќе создава застој и револт, а од друга страна ќе шири негативна енергија и лош модел на комуникација.

Меѓукултурна комуникација на културно-спортските манифестации и во медиумите

Културно-спортските манифестации ни исполнуваат голем дел од нашето слободно време. На нив сме посетители и учесници повеќе од љубов и задоволство отколку од обврска. Токму затоа овие пригоди максимално треба да се искористат за подигање на меѓукултурната комуникација на повисоко ниво.

За да се постигне саканиот ефект, должни сме при организацијата на овие манифестации да внимаваме на секој сегмент. Пожелно е да се вклучат претставници на разновидни култури и етнички заедници во организацијата и во реализацијата, а тоа ќе причини и разновиден состав на посетителите. Имаме многу убави примери на културно-спортски манифестации кои ги поврзуваат луѓето и создаваат услови за меѓукултурна комуникација, но факт е дека егзистираат културни манифестации кои не се подготвени за разновидност, а со тоа не ни даваат можност и пример за меѓукултурна комуникација.

Многу лингвисти, книжевници и преведувачи одамна дојдоа до сознанието дека двојазичните и повеќејазичните книги и списанија можат да бидат одличен медиум за ширење на меѓукултурната комуникација. Тоа е голем труд и за подготвувачите и за издавачите на книгите и на списанијата, но долгорочно гледано тоа многу позитивно ќе влијае на меѓукултурната комуникација. Како убав пример за повеќејазични изданија е „ДИВЕРСИТИ - РАЗНОЛИКОСТ", што со години се подготвува под раководство на проф. д-р Катица Ќулавкова. Во последните години сите мои преводи се трудам да се објават двојазично и на сите институции, издавачки куќи и колеги кои ме поддржуваат на овој пат од сѐ срце сум им благодарна (Министерството за култура на Р. Македонија, Министерството за култура и туризам на Р. Турција, Сојузот на литературни преведувачи, издавачките куќи „БАТА ПРЕСС" и „ТОПЕР"). Според сознанијата на библиотекарката Јасмина Соколовска, библиотекарка на Универзитетската библиотека на УГД, двојазичните книги се многу барани, посебно од турските студенти на УГД.

Ова искуство од областа на книгите и списанијата успешно се применува и на многу собири, симпозиуми, конференции, конгреси (на пр., многубројни конференции и конгреси организирани од МАНУ) и на телевизиските канали (на пр., АЛСАТ М) во Македонија.

Како убав пример за културни манифестации кои се карактеризираат со висок степен на меѓукултурна комуникација би ги истакнала културните манифестации и собири на турскиот културен центар „Јунус Емре" што се организираа во Скопје под раководство на директорот Тајфун Калкан. Тајфун Калкан не само што се потруди во овие манифестации да се вклучат најразновидни личности од полето на уметноста и науката од Македонија и Турција туку овозможи овие манифестации да бидат посетени и од најразновидни градови на Македонија со тоа што на учениците и на студентите им овозможи бесплатен превоз. За многу ученици и студенти тоа беше вистинско доживување и прекрасно искуство. Ова е уште еден пример дека за добрите и корисните нешта понекогаш е доволно да се има добар осет, одлична организација и претходно добро подготвена екипа што ќе реализира повеќеслојна меѓукултурна комуникација, но со својата студиозност ќе привлече доброволни соработници кои ќе се вклучат во мисијата за подигање на меѓукултурната комуникација, соработка и размена на искуство на многу повисоко ниво.

Заклучок

Од гореизложеното може да се заклучи дека меѓукултурната комуникација е најделотворно да се учи и да се применува преку разновидни активности од најрана возраст во воспитно-образовните институции. Доколку нашите воспитно-образовни институции успеат да креираат модули кои ќе овозможат практична реализација и стекнување на меѓукултурната комуникација, тогаш ние ќе имаме одлични кадри кои ќе работат во институциите од јавен интерес, ќе бидат организатори или реализатори на културно-спортските манифестации и ќе раководат или создаваат медиуми кои ќе се карактеризираат со висок степен на меѓукултурна комуникација која ќе влева доверба и сигурност, а ќе го потисне чувството на загрозеност што неминовно се јавува во средини со низок степен на меѓукултурна комуникација.

Игор Михајловски

ПРЕДЛОГ МОДЕЛ НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Апстракт: Во трудот авторот предлага сопствен модел за стручно усовршување на наставниците во основното, задолжителното средно, и високото образование за мултикултурно воспитание и образование. Мултикултурната едукација не е програма која може да се реализира во одреден временски рок, туку таа е дел на перманентен и долгорочен едукативен процес во професионалното образование и стручно усовршување на наставниците за практична имплементација на соодветни мултикултурни содржини и пристапи во постојниот образовен курикулум во наведените степени на воспитание и образование на Р. Македонија.

Клучни зборови: Мултикултурно образование, модел, стручно усовршување, наставници, компетенции, основно, средно, високо образование.

Општ пристап кон проблемот

„ Големите падови во нашето национално и интернационално општество се должат во најголема мера на дефект во дијалогот, на нашата неспособност да се разберат различните потреби и противставени аспирации“

Џон Дјуи

Современото сфаќање на културниот идентитет и културните права во Европа става акцент на мултикултурализмот и афирмирање на меѓузависноста на постоечките култури. Според Декларацијата за мултикултурно општество и европскиот културен идентитет (Палермо, 1990), се афирмираат следниве цели:

- да обезбеди адекватно конзумирање на заедничкото културно наследство за целокупното население во Европа и поттикнување на нивно учество во развојот на таа заедничка култура;
- создавање на социјален простор за поединецот и сите колективитети во кој е обезбедена слободата на самоизразување и стилот на животот, со што се ослободува нивниот идентитет, ограничен само со потребата за почитување на другите;
- охрабрување на акции со цел соработка и реципрочно збогатување на различните култури.

И денешните современи, мултикултурни општества се соочуваат со истите предизвици: како да се обезбеди соживот меѓу различните културни и етнички заедници; како да се развие чувство на заедничка припадност кај сите членови на политичката заедница; како да се излезе во пресрет на барањата на културните различности; како да се обезбеди политичкото единство; како да се сочува опстанокот на општеството. За едно мултикултурно општество велиме дека е инклузивно доколку, во исто време, успее да биде и различно но,

и да ги признае и практикува оние форми на различност кои се соодветно ограничени и не претставуваат закана за општествената интеграција (Беннет, 2001: 35).

Мултикултурализмот е идеја или идеал за заеднички соживот на различни етнички и културни групи во рамките на едно плуралистичко општество. Основните значења на терминот мултикултурализам се однесуваат како на идеологијата така и на збирот на културни политики односно културни практики. На ниво на идеологија мултикултурализмот вклучува гледишта во кои спаѓа прифаќањето различни етнички групи, религии, културни дејствувања и јазични различности во едно плуралистичко општество врз основа на:

- Поддржување на хармонични односи меѓу различни етнички групи;
- Дефинирање на односите меѓу државите и етничките малцинства.

Потребата од стручно усовршување на наставниците за мултикултурно образование во Р. Македонија

„Ако сакате да ги разберете другите, почнете од себе“

Оскар Вајлд

Во мултикултурна средина како што е Р. Македонија, интеркултурната т.е. мултикултурната комуникација и постојаното развивање на чувството за заеднички соживот помеѓу различните етникуми – претставува неопходност која единствено преку современа едукација може да ги даде и очекуваните резултати.

Мултикултурното воспитание и образование мора да го нагласува значењето на демократската ориентација, при што културната различност треба да се сфати само како позитивен ресурс во сложеноста на развојните процеси на општеството и граѓаните во РМ.

Во тој контекст, моделот на стручно усовршување на наставниците за мултикултурно воспитание и образование им овозможува нивно стручно оспособување за практична имплементација и реализација на интеркултурни т.е. мултикултурни содржини во наставата на ниво на основни, средни училишта и факултетите во Р. Македонија.

Предлог курикулум на моделот за стручно усовршување на наставниците во Р. Македонија за мултикултурно образование во основното, задолжителното средно и во високото образование

1. Визијата и мисијата на граѓанско-демократскиот концепт, граѓанското воспитание и образование, религијското и моралното воспитание и образование во Р. Македонија.
2. Дефинирање на основните поими (култура, интеркултура, мултикултура, етничност, етничка заедница, национални малцинства, маргинализирани групи, социјална правда, еднакви образовни шанси, еднаков социјален и културен пристап, интеркултурна педагогија, мултидимензионална, мултикултурна комуникација и интеркултурен менаџмент)
3. Статусот на мултикултурноста и на етничките групи во универзални рамки
4. Мултикултурализмот како практика во Европа и во светот
5. Теории за мултикултурализмот во САД и во Европа
6. Типологија на мултикултурализмот
7. Мултикултурното-мултиетничкото образование во Р. Македонија
8. Двојазичност и афирмација на етничката национална култура

9. Компетенциите на едукаторите во мултикултурното опкружување
10. Идентитетите на малцинските култури
11. Христијанската и исламската религија во образовниот курикулум на постиндустриското општество во Европа и Р. Македонија
12. Согледувања и дилеми за религиското образование во Европа
13. Културата на религиите - значаен фактор во взаемното заедништво и соживот во Р. Македонија
14. Моќта на родовиот концепт и родовите улоги на мажите и жените во современото семејство во Европа и во мултикултурна Р. Македонија
15. Интеркултурното воспитание и образование на европските и националните традиции
16. Интеркултурни компетенции преку современ училишен и социјален курикулум
17. Образование за култура на мирот и за социјална правда
18. Документи на ООН и УНЕСКО за мултикултурните општества
19. Мултикултурализмот и граѓанско-државјанскиот статус (citizenship)
20. Кризите и перспективите на мултикултурното образование во светот и во Р.Македонија.

Предлог на изучување нов модул на Факултетот за Психологија за: Интеркултурна психологија со следниве изборни предмети

Модул: Интеркултурен психолог

- Интеркултурна психологија
- Религија
- Етнопсихологија
- Основи на интеркултурна комуникација
- Правна психологија
- Интеркултурна педагогија
- Образовен мултикултурен менаџмент
- Воспитанието, образованието и психологија на религијата
- Интеркултурен курикулум на современото воспитание и образование
- Интеркултурното воспитување во детската градинка
- Интеркултурното образование на јазикот во основното училиште
- Интеркултурното образование во средното училиште
- Европски модел за демократско граѓанство
- Современи модели на културно живеење и соживот на различните етнички групи
- Интеркултурни компетенции на наставниците
- Интеркултурен менаџмент на општествени промени
- Внатрешно-групната поврзаност и национализмот
- Социјална реконструкција на етничките заедници
- Меѓукултурни истражувања за личноста на припадниците на етничките заедници
- Мултикултурна психотерапија.

Заклучок

Странските искуства се многубројни. Некои позитивни, некои негативни. Р. Македонија треба да го одбере сопствениот пат, начин и модел за подобрување на интегрираноста на општеството. Модел што ќе соодветствува со историските, културните и со политичките

услови во земјата. Само така Р. Македонија ќе го пронајде својот идеал - тип на интегрирано општество, преку кој, истовремено ќе го развива и унапредува мултикултурниот концепт кој е неминовност...

Во РМ. неопходно е да се пристапи кон практиката за востановување на МОДЕЛ на стручно усовршување на наставниците за мултикултурното В. и О. Наведениот модел би вклучувал општествена, педагошка, дидактичка и методичка димензија.

Општествената димензија треба да биде фокусирана на современа едукација која има за цел оптимална интеграција во демократското општество и заедница;

Педагошката димензија би се фокусирала на професионалните компетенции на наставниците во функција на толерантно однесување кон „другите" и „различните" етникуми и култури.

Дидактичката димензија би се фокусирала на наставно-научниот пристап според кој сите знаења кои се стекнуваат треба да бидат разгледувани од различни страни;

Методичката димензија би овозможила наставниците во основното, задолжителното средно образование и високото образование, да бидат и методички стручно оспособени за успешно имплементирање и реализирање на моделот за стручно усовршување на наставниците за мултикултурно образование во наставниот процес.

Референци:

1. Bozinov.,M., Jovanovik-Milcevik, A.Langovik, (2006), Interkulturni izazovi globalizacije, manifest menazmenta za 21 vek, Beograd: Megatrend Univerzitet prinenjenih nauka.
2. Брајша, П., (1994), Педагошка комуникација, Загреб: Школске новине.
3. Glasser, W. 1994, Kvalitetna шkola, Zagreb:Educa.
4. Kelly, Paul (e..) (2002) Multiculturalism Reconsidered, Culture and Equality and its Critics: Polity Press.
5. Mesić, M., (2005), MULTIKULTURALIZAM – velika svjetska teorijska i politička debata, Zagreb: Едука.
6. Михајловски, В. (1995), Некои согледувања за религијското образование, Зборник трудови: Образованието и религијата, Скопје: Просветно дело.
7. Parekh, Bhikhu (2000) Rethinking Multiculturalism, Cultural Diversity and Political Theory, New York: Palgarave.

B. Čović

KA PITANJU O NOVOM PREVODNOM ŽANRU (NA MATERIJALU AUTOBIOGRAFIJE VLADIMIRA NABOKOVA)

Predmet ovog rada su mnogostruke metamorfoze i prevodilačke igre: stvaranja i pre-stvaranja, prerada i prepeičavanja u dugom procesu uobličavanja autobiografskog romana *Speak,Memory (Govori sećanje)* iliti *Другие берега (Druge obale)* kao novog originalnog prevodnog žanra na kojem je Vladimir Nabokov radio dugo (od 1943- 1967). Osnovni cilj istraživanja je da se obrazloži izdvajanje ove posve neobične autobiografije u zaseban prevodni žanr Nabokova-Ovakvakav kompleksn književni fenomen zahtevao je kombinovanu primenu nekolikih različitih metoda i postupaka: uporedno-istorijskog, uporedno-stilističkog, kao i strukturno-semantičke analize, i to: s jedne strane, Nabokovljevog prevoda na ruski (1954) sa engleskog originala (1951) u poređenju sa prevodom na srpski jezi k Petra Vujičića (1995) i, sa druge,- obrnutog prevoda-prerade sa ruskog na konačni engleski tekst (1967), koji je takođe realizovao sam autor, sa hrvatskim prevodom Nade Šoljan (2002). Tek uzgred, na probranim primerima uporedi će se dva srpsko-hrvatska prevoda, ali za ovu priliku bez poređenja sa dva izvornika.

Ključne reči: književni prevod, prevodni žanr, interpretativni prevod, interpretacija interpretacije, prevodilačke transformacije, književni tekst

Key words: literary translation, genre of translation, interpreting translation, interpretation of the interpreted, literary text

Za razumevanje ciljeva istraživanja ovog nesvakidašnjeg složenog fenomena dvostrukog i trostrukog prevoda koje je realizovao sam autor potrebne su podrobnije informacije o istorijatu i svim etapama nastanka ovog složenog ulančanog niza prevoda, tesno i organski međusobno povezanih koji je je trajao duže od deset godina (od 1943-1967).

Mnogostruke metamorfoze i prevodilačke igre: stvaranja i pre-stvaranja, prerada i prepeičavanja u dugom procesu uobličavanja autobiografskog romana *Speak,Memory (Govori sećanje)* iliti *Другие берега (Druge obale)* kao novog originalnog prevodnog žanra morale su po prirodi stvari da ostave traga kod prevođenja na genetski srodan jezik u vidu kreolizacije (ukrštanja) ne manje od od tri izukrštenih modela kulture: anglosaksonske, ruske i srpske, uzimajući u obzir i činjenicu da u taj niz izuzetno složenih prevodilačkih transformacija i prerada ulaze i dva prevoda-prerade: rusifikovana engleska (1954), i ponovljena i konačna anglizirana ruska prerada (1967)[1] i, najposle, dva prevoda na naš jezik: jedan realizovan sa rusifikovanog engleskog (prevodilac Petar Vujičić, 1995)[2], drugi – sa anglizirane ruske prerade (prevodilica Nada Šoljan, 2002)[3]. Ne treba smetnuti s uma da je novela pod naslovom *Mademoiselle O* napisana na francuskom i objavljena u Parizu još 1936. godine, da bi zatim bila prevedena na engleski i objavljena u Njujorku1943.god. (prevodilica Hilda Vord, a u redakciji autora). Po rečima samog Nabokova, ona je postala "kamen

[1] Šoljan 2002
[2] Вујичић 1995
[3] Ильин 1989

temeljac" za buduću knjigu na kojoj je dugo radio(od 1946-1951), sukcesivno objavljući još 14 novela u časopisima u periodu od 1948-1951, kada je uknjižio i objavio 1951. g. pod naslovom *Speak, Memory (Sećanje, govori)* . Nezabeleženi do tada u prevodilačkoj praksi postupci ponovljenih "prevoda-prerada", koje je realizovao sam autor, zahtevaju još neke dopunske informacije bez kojih se ovaj fenomen prevoda-prerada ne bi mogao na pravi način razumeti i tumačiti, te se unapred izvinjavamo i pred slušaocima ovog referata i budućim čitaocima.

Sudbina Nabokovljevih *Memoara* u mnogome evocira čovekovu sudbinu, i to sopstvenu sudbinu pisca stranca koji sticajem metafizičkih okolnosti, budući odvojen od svoga maternjeg, a sa perfektnim znanjem engleskog i francuskog još od detinjstva, luta od nemila do nedraga, od jezika do jezika, od kulture do kulture, te tako biva predodređen za pisca-prevodioca i sopstvenih dela. Naime, crticu pod naslovom *Mademoiselle O*, kojom je pisac započeo da beleži svoja sećanja, napisao je i objavio na francuskom jeziku 1936. godine u Parizu, da bi je 1943. (posle preseljenja u SAD 1940., kada je odlučio da pređe na engleski jezik) u engleskom prevodu Hilde Ward i u sopstvenoj redakciji objavio u časopisu Atlantic Mounthly. Tokom naredne četiri godina (od 1948-1951) u periodici će objavlivati napreskok svoja sećanja, koja je sakupio, uknjižio i objavio u Njujorku 1951. godine pod naslovom *Conclusive Evidence (Ključni dokaz)*, da bi iste godine u britanskom izdanju promenio naslov u *Speak, Memory (Govori, Sećanje)*. Najposle, knjiga je u autorovom prevodu, a uz pomoć žene Vere, objavljena na ruskom 1954.g. u Njujorku pod naslovom *Другие берега (Druge obale)*. Međutim, to nije bio klasičan prevod sa izvornog engleskog na ciljni ruski jezik, jer je autor i prevodilac uzgred revidirao čitavo jedno poglavlje i uneo znatne izmene i dopune u ostala poglavlja. I to nije bilo sve. U konačno izdanje *Speak, Memory* iz 1967. g., koje je preveo sa svog ruskog originala, Nabokov je uneo „ne samo temeljne promene i obilne dodatke u prvobitni engleski tekst" već se „poslužio i ispravkama nastalim dok ga je prenosio na ruski". Sve te „mnogostruke metamorfoze", „posve prirodne leptirima", kako sam ističe, pre njega nije iskusilo ni jedno ljudsko biće: da u njima bude stvaralac i pre-stvaralac.

Za razumevanje svih metamorfoza ovog posve novog prevodnog žanra ključni je sledeći segment iz piščevog Predgovora konačnoj engleskoj verziji, koji nimalo slučajno preuzumamo iz prevoda Nade Šoljan: "U ovo sadašnje, konačno izdanje *Speak, Memory* unio sam ne samo temeljite promjene i obilne dodatke u prvotni engleski tekst, već sam se poslužio i ispravcima nastalim dok sam ih prevodio na ruski. Ovo *ponovno prevođenje na engleski ruske nove verzije teksta* koji je i u početku bio prepričavanje ruskih uspomena na engleskom jeziku pokazalo se dijaboličnom zadaćom"[4]. Prevodilica Šoljan nije kako valja razumela ovu rečenicu: posebno ne onaj deo teksta koji smo mi istakli kurzivom, jer ne postoji bilo kakva "nova ruska verzija teksta", već samo jedna, te da ovaj deo rečenice treba da glasi: "Ovo ponovno angliziranje ruske prerade onog...". Do zabune pak u drugom delu rečenice je došlo zbog zagonetnosti poruke : "... koji je u početku bio prepričavanje ruskih uspomena na engleskom jeziku" Ovaj završni deo rečenice kadar je odgonetnuti samo onaj prevodilac koji je upoznat sa piščevim Predgovorom ruskom izdanju *Память, говори* iz 1954. godine, gde on potanko obrazlaže taj "suludi posao prevođenja *Conclusive Evidence* na pređašnji, njegov osnovni jezik": "Pisanje knjige *Conclusive Evidence* je, veli on, dugo trajalo (1946-1950), sa ogromnim teškoćama, j*er je sećanje bilo naštimovano na jedan način – na u muzičkom smislu nedorečeni ruski, - a nametao mu se drugi način, engleski i iscrpan*", pa otud izvlači zaključak da bi "*tačan prevod na ruski jezik bio karikatura*"[5]. Dakle, nastavak zagonetnog drugog dela rečenice bi trebalo da glasi: "... što je bilo, pre svega (poglavito),

[4] Šoljan 2002: 9-10.
[5] Набоков 1999: 378.

englesko prepričavanje ruskih uspomena"[6]

Da bi se upotpunila potrebna količina bibliografskih informacija koje se tiču sudbine ovoga posve neobičnog niza dela, vredi spomenuti da su se u periodu od 1961-1964. godine pojavila još četiri prevoda, i to ovim redosledom: na francuskom – 1961., na italijanskom – 1962., na španskom – 1963. i na nemačkom – 1964. godine. Na prevode na naš jezik se, međutim, dugo čekalo – tridesetak godina, ali se desilo nešto što bi teoretičar književnog prevođenja samo mogao da poželi: jedan je preveden sa ruskog (1995, prevodilac Petar Vujičić), a drugi – sa engleskog (2002, a u prevodu Nade Šoljan), i to sa onog drugog, konačnog, iz 1967. godine.

Fenomen prevoda sa jezika posrednika književnog dela treba osvetliti ne samo sa jezičkog, već i sa kulturno-istorijskog aspekta. Pri posrednom prevodu kako za prevodioca, tako i za kritičara i analitičara takvog prevoda obaveze su kud i kamo veće i složenije nego li kod prevoda sa izvornika, jer su oboma potrebne mnoge književne i izvanknjiževne informacije, jer se u takvom izvornom tekstu već očekuje dvostruka prelomljena slika sveta – izvornog jezika i jezika posrednika, kao i preplitaji raznih žanrovskih tradicija. U tim mnogobrojnim obavezama od posebnog značaja je da se uoče i definišu specifučnosti tzv. *konkretnog književnog modela* unutar književne vrste kojoj konkretno delo pripada – romanu. Osnovni cilj ovakvog proučavanja žanra je da se preko kulturnih elemenata jezika posrednika zapaze i elementi originala. Krajnji cilj analize ovog fenomena je da se ukaže na slučajeve kreolizacije triju kulturnih modela: jezika posrednika (ruskog prevoda *Другие берега* iz 1954. koji je realizovao autor sa izvornika *Speak, Memory* iz 1951, uz značajne izmene i dopune), izvornika na engleskom koji je preveden sa ruskog 1966, i ciljnog jezika srpskog na koji je delo prevedeno 1995. sa rusificiranog engleskog, i hrvatskog prevoda iz 2oo2., sa angliziranog ruskog, odnosno sa konačne engleske verzije iz 1967. g. Ukratko, tek na nekoliko probrabih primera izvršili smo i komparativnu analizu srpskog (1995) i hrvatskog prevoda (2002), ovaj put bez poređenja sa izvornicima (što ostavljamo za neku drugu priliku, i to, nadamo se, u saradnji sa anglistom, zaiteresovanim za ovaj mukotrpni posao).

U klasičnom prevodu imamo izvorni i prevodni tekst sa piscem autorom i prevodiocem interpretatorom. Prevod je, dakle, sekundaran, jer se bazira na nečem što je već stvoreno. Po ustaljenoj nomenklaturi, prihvaćenoj u poetici književnog prevođenja za poslednjih 20-ak godina, Konačna verzija *Speak,Memory* iz 1967.godine je izvorni tekst za hrvatskog prevodioca, mada je po rečima samog autora Nabokova, zapravo, "angliziranje ruske prerade", a *Другие берега* – za srpskog prevodioca je jezik posrednik. Međutim, s obzirom da ga je sam autor realizovao (uz znatne transformacije i dopune u odnosu na tekst objavljen 1951. godine na engleskom) i autorizovao, ovaj tekst se može smatrati istovremeno - i izvornim. Nabokov je, poput boga Janusa, tvorac sa dva lica i dva jezika, ali sa jednom svešću i jednim srcem: on je i stvaralac i pre-stvaralac, a prevodi su mu – *interpretacija interpretacije*[7]. Ovakve mnogostruke transformacije: od engleskog, kao pra-izvornika, ka ciljnom ruskom, pa iznova ka engleskom kao novo-izvorniku uslovilo je da tri teksta funkcionišu i kao dva izvornika, i kao dva prevoda. Izlaz iz ovakve naoko paradoksalne situacije valjalo bi potražiti u američkom izrazu „creative-writing". Nasuprot uvreženom tumačenju da su pisci-autori kreatori, a prevodioci puki interpretatori, metaautori, pa se ta tobožnja dihotomija podupire izrazom *talenti i obožavaoci*, koji je neumesan za bilo koji valjan prevod. Slučaj Nabokovljevih *Memoara*, međutim, nije klasičan jer je kod njega nemoguće sprovesti strogu delimitaciju kreacije od interpretacije, dela od prevoda, pisca od prevodioca. Ne pomaže tu ni kontra argument tipa: da pre-

---

[6] Isp.: "Это повторное англизирование русской переделки того, что было, прежде всего, англйским пересказом русских воспоминаний, оказалось дьявольски трудной задачей..." (Сергей Ильин, К вопросу об автобиографии Владимира Набокова. // Владимир Набоков, Память, говори)

[7] Гарбовский 2008

vodi zastarevaju, a originali ne (sic!). Ni metafore, kojima pribegavaju kad nemaju čvste argumente, nemaju bolji učinak kada se njima decidirano tvrdi da „prevodioci treba da ostanu prevodioci, a ne da pokušavaju da nadmaše, dopevaju, natpevaju ili ponovo napišu pisca koga prevode", jer ovde postoje dva „izvorna" autora, pa je teško reći ko je na prvom mestu. Ali zato možemo prihvatiti u celosti ono tumačenje koje se odnosi na dela postmoderne: da su ona uvek re-kreacija nečeg što već postoji, i primeniti ga, mutatis mutandis, u celosti na naš slučaj: „Re-kreacija, slobodna interpretacija, građenje dela na delu, pripadaju samo velikim piscima, i to u meri njihovog božanskog dara, samo retkima i odabranima"[8] Upravo tako: Nabokovljevi *Memoari* su dela sazdana na već postojećem delu kao predlošku iz pera jednog istog pisca i prevodioca, u meri njegovog božanskog dara koji krasi samo velike i odabrane. U retkim, i to onim najsvetlijim trenucima kada je prevodilac pre-stvaralac dorastao stvaraocu, on je kadar da splete svoj venac sa vencem stvaraoca, na dva jezika, i tada i jedan i drugi tekst pripada i jednom i drugom: i kreatoru i pre-stvaraocu, da bi u sledećoj fazi izmenili uloge u obrnutom prevodu sa ruskog, kao jezika posrednika, na engleski, realizovanom 1966. godine. Pri tom se žrtve i gubici, neibežni pratioci klasičnog prevoda, ovde svode bezmalo na nulu. Re-kreirani tekst je sada bitno drugačija od onog prvobitnog engleskog izvornog iz 1951. godine. Re-kreacija na ruskom *Speak, Mnemosyne* je u velikoj meri slobodna interpretacija. Ovde pisac igra ulogu re-kreatora po sopstvenom scenariju, da bi u narednoj fazi taj ruski prevod zajedno s prvobitnim engleskim poslužio kao osnova za interpretaciju interpretacije na engleskom u konačnoj verziji. U tom nizu kreacija i re-kreacija, sem vremenskog redosleda javljanja: engleski-ruski-engleski, nema redosleda po skali vrednosti ni primata.

Svojim *Memoarima* Vladimir Nabokov je sebe promovisao u potencijalnog prevodioca-saradnika na sopstvenom tekstu, što predstavlja ništa drugo:

1. do ponovnu integraciju jezičkog jedinstva ljudskog roda, čime se evocira stanje koje prethodilo građenju Vavilonske kule.
2. Takvo prevodilaštvo je ujedno pokušaj prevazilaženja osećanja „ksenizma" – „drugosti" i međukulturne heterogenosti.

Time i položaj stranca postaje paradoksalan: on je istovremeno i bliži – i dalji od svojih.[9]

Литература:

1. Šoljan 2002: Vladimir Nabokov, Sjećanje, govori! S engleskog prevels Nada Šoljan. Rijeka: Otokar Keršovani, 2002, 9-10.
2. Вујичић 1995: Владимир Набоков, Друге обале. Превео са руског Петар Вујичић. Градац: Алеф, 1995.
3. Ильин 1999: Сергей Ильин, К вопросу об автобиографии Владимир а Набокова // Владимир Набоков, Память, говори. Москва: Слово 1999,
4. Ђурђић 2001: Ђурђић Љиљана,Писци и преводиоци или таленти и обожаваоци. Преводна књижевност.Београд: Удружење књижевних преводилаца Србије, 2001, 184-186.
5. Набоков 1999: В.В. Набоков, Другие берега. // Романы и рассказы. Москва: Слово, 1999, 378.
6. Гарбовский 2008: Гарбовский Н.К. Отражение как свойство перевода // Мастерство перевода. Вестник Московсгого университета. Серия 22. Теория перевода. № 4\2008. октябрь-декабрь, с. 26-36.

[8] Ђурђић 2001
[9] Stojaković 2002

7. Човић 2001: Бранимир Човић, Вишекратни превод књижевног дела и очекивање жанра. // Преводна књижевност. Београд: Удружење књижевних преводилаца Србије, 2001, 147-152.

8. Стојаковић 2002: Бранимир Стојковић, Странац у Вавилонској кули. // Преводна књижевност. Београд: Удружење књижевних преводилаца Србије, 2002, 173-174.

Билјана Цветковска Димовска
Меѓународен славјански институт "Г.Р Державин"- Битола,

КОНФУЗИЈА НА ИДЕНТИТЕТОТ КАЈ МЛАДИТЕ КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ВРЕДНОСНАТА КРИЗА ВО СОВРЕМЕНОТО ГЛОБАЛНО ОПШТЕСТВО

"Во денешно време луѓето
ја знаат цената на се, но вредноста
на ништо"-
Oscar Wilde

Кратка содржина: Младите денес се во постојана борба помеѓу потребата за сигурност и стабилност од една страна и бегството од фиксација од друга. Глобализацијата наметнува услови за трансформација на современото семејство и измена на нејзината класична структура, улога и значење; младите се повеќе го губат личниот контакт и поврзаноста со родителите, и се губи смислата на нивните настојување да се вклучат во општеството. Кај нив се јавува свесна борба да се усогласат со нормите на својата социјална средина и да ги прифатат улогите кои се очекуваат од нив. Неуспехот на препознавање на сопствената индивидуалност е последица на неможноста за прилагодување на брзите промени што доведува до криза на идентитетот. Глобализацијата често ги остава младите со помалку избор, приморувајки ги само на еден пат, на кој единствено што можат да направат е да се вклопат во постоечките модели.

Клучни зборови: Идентитет, адолесценција, глобализација, конфузија, криза на иденитетот.

YOUTH IDENTITY CONFUSION AS A RESULT OF VALUE CRISIS IN MODERN GLOBAL SOCIETY

"Nowadays people know the
price of everything and the value of
nothing" -
Oscar Wilde

Summary: The young people today are in constant struggle between their needs of security and stability and the escape from fixation. The globalization of modern society imposes terms for transformation of modern family and change of its classical structure, role and meaning; young people lose the personal contact with their parents, they also lose the meaning of their aspirations to involve in the society. Adolescents struggle to cope with the norms of their social environment and to accept the roles that are expected from them. A failure to recognize their own individuality is a result of fast moving changes that youngsters have failed to adjust to. Globalization often leaves the young people with fewer choices, forcing them at the only path, on which the only possibility is incorporating with the existing models.

Key words: Identity, adolescence, globalization, confusion, identity crisis.

Градење и криза на идентитетот

Адолесценцијата претставува период на транзиција помеѓу детството и зрелоста, во кој младите се наоѓаат на прагот на значајни промени (физички и психолошки) кои предизвикуваат конфузија и ранливост. Во оваа фаза од развојот, животот на поединецот е означен и со промени во однос на родителите, врсниците и моралните и идеолошки вредности. Сите овие промени имаат за цел да овозможат развој на стабилен идентитет.

Ериксон (2008) проблемот на идентитетот го сместува во центарот на адолесцентната динамика. Промените кои се случуваат во овој период се од особено значење за понатамошниот развој на личноста; доколку во овој период развојните задачи не се завршат успешно може да дојде до лошо прилагодување во улогата на возрасен. Според Ериксон, развојот на личноста и процесот на формирање на идентитетот се одвиваат низ осум сукцесивни етапи, од кои секоја има голема важност за формирање на зрела личност, притоа нагласувајки го значењето на социјалните фактори врз развојот. Во секој психосоцијален стадиум постои карактеристичен однос помеѓу личноста и нејзината социо-културна средина, како и посебни психосоцијални кризи, кои се резултат на привремено несогласување помеѓу развојните можности на поединецот и барањата на социјалната средина. Од начинот на решавање на овие кризи зависи понатамошниот развој на личноста (Erikson, 2008).

Додека Фројд зборува за психосексуалниот конфликт (Ид-Его), Ериксон укажува на конфликтот на егото со опкружувањето односно општеството. Тој ја набљудува индивидуата во нејзиниот однос со родителите, во контекст на семејството и поширокото социјално опкружување, поаѓајки од оптимистичките премиси дека секоја лична и општествена криза содржи компоненти кои допринесуваат за раст на културното наследство. Прв го вовел изразот „криза на идентитетот", сметајки ја за нормална појава во животот на секој човек. Според Ериксон кризата на идентитетот претставува специфична психичка состојба во еден пресвртен период од животот како што е пубертетот, кога после нарушување на чувството на континуитет и поистоветување на „Јас" настануваат потешкотии во чувствувањето на идентитетот. Стремејки се да формира чувство на идентитет, адолесцентот може да помине низ фази на избор на негативен идентитет, или целосна конфузија на идентитетот. Како последица на конфузија на идентитетот, однесувањето на младата личност е многу непостојано, со преминување од еден екстрем во друг. Во некои посебно тешки случаи, конфузијата на идентитетот доведува до алкохолизам, наркоманија и деликвентно однесување.

Адолесцентите се разликуваат од возрасните по степенот на интелектуална и емоционална зрелост, како и по развиеноста на свеста. Тие се помалку одговорни од возрасните во општествена и морална смисла. Моралноста е завршна секвенца во развојот на личноста на адолесцентот, но распадот на личноста оди во спротивна насока-од последните инстанци на личноста, заради што моралноста е прва загрозена (Brković, 2000). Низ кризата на личниот идентитет, непосредно се рефлектираат општествената и цивилизациска криза и слабеењето на културните и емоционални врски помеѓу луѓето.

Улога и значење на семејството и врсничките групи во процесот на градење на личниот идентитет

Со промените во општеството се менува и семејството кое е е првото и најважно скалило во градењето на личниот идентитет, бидејќи преку него се одвива првата социјализација на поединецот во групата и општеството. Дали младата личност предизвиците на адолесцентниот период ќе ги доживее како можност за раст и развој, или ќе се обиде да се ослободи од нив преку асоцијално однесување, зависи од функционалноста на семејството и квалитетот на емоционалните врски во него.

Како што се одвива економската и технолошка глобализација, така се одвива и глобализација на семејството и семејните односи како специфична врста на нејзина трансформација. Во современото општество се присутни многубројни примери за девијантно однесување во семејството, кои со своето негативно делување ја разоруваат личноста на детето: честите расправии, злоупотреба на родителскиот авторитет, насилство внатре во семејството, недоследност и слично. Првиот проблем со кој се соочува современото семејство е сиромаштијата. Невработеноста и сиромаштијата се фактори кои претставуваат пречка за младите луѓе да се осамостојат и оделат од родителите. Друг карактеристичен проблем е семејното насилство. Високиот степен на насилство има свои корени во фрустрациите, стравот, неизвесноста и потешкотиите кои што оделни членови ги доживуваат во општеството и ги пренесуваат на семејството. Младите чии семејства не успеале да ја остварат својата задача - да ги амортизираат дестабилизирачките фактори од средината, немаат можност да ја совладаат кризата на идентитетот. Напнатоста и несигурноста која се создава кај овие деца се проектира во вид на антисоцијални обрасци на однесување.

Во одреден период од својот развој адолесцентите имаат потреба за сепарација од родителите за да можат да развијат социјална интеракција. Во процесот на одвојување од родителите често својата зависност ја поместуваат на некои општествени групи со кои ги ускладуваат своите ставови. Групните процеси и групната динамика се значајни фактори кои допринесуваат за развивање на социјалната свест, оспособување на младите да носат одлуки, да ги реализираат тие одлуки и да превземаат одговорност. На тој начин тие ја разбираат логиката на општествените односи, што е многу важно за социјалното созревање.

Еден од најважните извори на стабилност во чувствувањето на „Јас" кај адолесцентите е односот кој другите го имаат кон нив. Врсниците се главна потпора за адолесцентите во нивното трагање по идентитетот, тие им овозможуваат чувство на припадност, доверба и емоционална сигурност. Децата кои во периодот до вклучување во групата на врсници не постигнале одреден степен на зрелост, имаат потешкотии во прилагодувањето на групните норми. Било каков конфликт во опкружувањето предизвикува конфузија во доживувањето на сопствената личност. Во оваа фаза на развој, тие се многу чувствителни на ставовите на другите и доколку се поврзат со група која има девијантни норми голема е веројатноста дека ќе ги прифатат тие норми. Изложени на " притисокот", од врсниците, а незаштитени со добри семејни врски, тие ќе ги прифатат ризичните и опасни начини на однесување од групата која ја сметаат за слична на себе, што е чест случај во помалку контролирани општествени услови.

Целокупната морална криза на современото општество придонесува за појава на криза на идентитетот и чувство на немоќ кај младата личност која изгубените семејни и општествени вредности ги заменува со прифаќање на вредностите на н а ј р а з л и ч н и девијантни групи. Во отсуство на добра организација на државата, побрзо се примаат псеудовредностите одколку вистинските вредности. Недостасуваат стабилни социјални, економски и културни услови кои на поединецот му обезбедуваат решавање на конфликтите во општествената средина, што би овозможило решавање и на внатрешните конфликти.

Заклучок

Големо внимание денес со право му се посветува на глобализацијата и нејзиното влијание врз промената на социјалните и културните мапи на светот. Со менување на општествените услови за живот се менува и процесот на созревање на младите, што влијае на нивната личност и однесување.

Во адолесценцијата младите стекнуваат самосталност и кај нив постепено се градат моралните и друштвени вредности. Родителите ја задржуваат примарната улога во развојот

на децата, како модел за идентификација или како емотивна подршка, но се менува квалитетот на односите. Тешката економска и финансиска ситуација се главни причини за воспитна запуштеност на децата. Родителите немаат време да се грижат за своите деца и се појавува криза во системот на вредности. Детето кое живее во нехармонично семејство нема можност да се идентифукува и развива по примерот на родителите.

Младите се првите на кои се одразува некоја општествена промена поради што често се издвоени од остатокот на општеството. Дифузниот систем на вредности не нуди јасни и стабилни рамки за разбирање на сегашноста, а уште помалку на иднината. Како последица од изразеното незадоволство заради неможноста за остварување на поставените цели, се младите кои на вакви околности реагираат со девијантни облици на однесување. Имајки го во предвид присуството на различни развојни проблеми и ситуации кои предизвикуваат фрустрации, адолесцентот често манифестира различни облици на конфузија на идентитетот. Причините за оваа конфузија се општествени, бидејќи таа извира од одредени друштвени пореметувања на колективната свест или општествената моралност. Индивидуалното и колективно отуѓување кое е денес присутно на сите нивоа, говори за општата криза на современото општество.

Литература:

1. Alić, A., (2008), "Relacije izmedu obiteljskih odnosa I preferiranja vrijednosnih orijentacija", Zbornik radova, Vol.6, No. 6, s. 47, Pedagoski Fakultet, Zenica.
2. Brković, A., (2000), " Razvojna psihologija", Učiteljski fakultet, Užice.
3. Erikson E., (1980), "Identitet I zivotni ciklus", Zavod za udzbenike, Beograd.
4. Petrović, D., (2006), "Anatomija identiteta:Teorijsko problematiziranje identiteta", Etnološka istraživanja, Pregledni članak, Vol.1, No.11, s.209.
5. Rogać, A., (2011), "Put do identiteta - mogućnost samospoznaje u postindustrijskom informatičkom društvu", Medijski Dijalozi, Vol. 4, No. 8, s. 285, Univerzitet Crne Gore.

Томе Неновски
Универзитет Американ колеџ Скопје

ПУКНАТИНИ ВО ЕВРО – ЗИДИНИТЕ: ОД ЦВРСТА ДО РАСТРЕСЕНА ГРАДБА

Вовед

Европската монетарна унија (ЕМУ) почива на три главни столба (т.н. мастришки критериуми): а) Буџетскиот дефицит на земјата-членка на ЕМУ да не е поголем од 3 отсто од нејзиниот бруто домашен производ (БДП); б) Стапката на инфлација во евро-зоната да не е поголема од 2 отсто годишно: и в) Јавниот долг на земјата-членка на ЕМУ да не е поголем од 60 отсто од нејзиниот БДП. Креаторите на ЕМУ сметаа дека доследното почитување на тие договорени критериуми е доволно за зацврстување на вербата во ЕМУ. Меѓутоа, го испуштија од предвид фактот (кој е потврден од историјата) дека договорот за монетарна унија може да не се почитува, па дури и да се распадне, ако не се воспостави и договор за силна политичка унија. Тоа е веројатната причина зошто ЕМУ долго време не му обрнуваше многу внимание на прашањето: како одделните земји-членки на ЕМУ ќе реагираат на евентуални економски шокови што би можеле да дојдат одвнатре или од надвор од ЕМУ?

Земјотрес(и) во ЕМУ

Во изминатите 13 години, откако еврото беше официјално воведено, во функционирањето на ЕМУ повремено се појавуваа помали проблеми од тој вид. Меѓутоа, ЕМУ никогаш досега немала толку сериозни проблеми какви што се сегашните, а кои можат да ја загрозат нејзината иднина. Неа денес ја потресува силен земјотрес со епицентар во Грција.

Тектонските поместувања на грчката економија започнаа во 2001 година. За да стане членка на ЕМУ (во 2001 година), таа држава требаше да прикаже буџетски дефицит од најмногу 3 отсто од нејзиниот БДП и јавен долг не поголем од 60 отсто од нејзиниот БДП. Меѓутоа, дефицитот и јавниот долг биле многу поголеми од дозволените. За да ја прикрие вистинската состојба и да ја "разубави сликата во огледалото", Грција се задолжила кај некои американски банки за повеќе десетици милијарди долари. Но, во договор со банките - кредитори, тие кредити Грција не ги прикажала во своите буџетски сметки како долг, туку како свои пари. Долгот низ годините растел врз основа на камата, но и врз основа на неконтролирани нови задолжувања.

Кон крајот на 2009 година, Евростат (статистичка организација на ЕУ) ја обелодени таа "измама" на Грција. Заедно со "измамата", на виделина излегоа и другите загрижувачки показатели за грчката економија: нејзиниот вкупен надворешен долг достигнал до речиси 350 милијарди евра или околу 160 отсто од нејзиниот БДП (дваипол пати повеќе од дозволениот), а нејзиниот буџетски дефицит се движи околу 12 отсто од нејзиниот БДП (за четирипати повеќе од дозволениот). Најголем дел од надворешниот долг на Грција е кон западноевропските, а особено спрема германските банки. Таквите податоци ги разнишаа темелите на ЕМУ.

Меѓутоа, сеизмолозите велат, а практиката, за жал, тоа често го потврдува, дека после почетниот силен земјотрес, вообичаено, следат и други поголеми и/или помали потреси. Земјотреси со помал интензитет се случија и во Ирска која има јавен долг од 105 отсто од нејзиниот БДП и во Португалија која има јавен долг од 110 отсто од нејзиниот БДП.

Кон крајот на 2011 и на почетокот на 2012 година, с'е почесто, се манифестира стравот

дека на Европа 'и се заканува уште посилен земјотрес, чиј епицентар би била Италија. Според својата моќ италијанската економија е трета во рамките на Европската Унија. Таа е за петпати поголема од грчката економија. Јавниот долг на Италија изнесува околу 1.900 милијарди евра или 120 отсто од нејзиниот БДП. Италија се претвора во ново буре барут на коешто седи ЕМУ.

Иако со, можеби, помал интензитет, буџетски и должнички потреси се очекуваат во Шпанија, Австрија, Белгија, Франција.... Нема да биде изненадување ако набрзо некој посериозен потрес се случи и во некоја друга земја - членка на ЕМУ. Тоа значи дека, речиси половина од земјите-членки на ЕМУ се наоѓаат во должничка криза, што само по себе ја загрозува иднината на еврото.

Спасувачки механизми

Почетните анализи велат дека при толку високи долгови и буџетски дефицити, спомнатите земји нема да имаат сили и можности сами да се соочат со финансиските проблеми. Ним ќе им треба помош од другите земји-членки на ЕМУ. За таа цел во 2010 година беше формиран т.н. фонд за спас на еврото (ЕФСФ) со капацитет од 440 милијарди евра од кој значителни износи, веќе, се искористени за санирање (барем делумно и привремено) на должничките проблемите со кои се соочуваат Ирска, Португалија и Грција. Но, новооткриените долгови во други држави-членки на ЕМУ покажуваат дека тој износ може да се покаже дека е недоволен. Поради тоа, воспоставен е нов фонд или т.н. европски стабилизациски механизам (ЕСМ) со капацитет од 550 милијарди евра, кој би требало да биде во функција од 1 јули 2012 година за санирање на долговите на земјите кои за тоа ќе имаат најмногу потреба.

Но, дали и тоа ќе биде доволно?

Засега, одговорот на тоа прашање е скептичен и песимистичен. Една од причините за таквиот одговор е моментниот недостаток на политичка координација во евро-зоната. Друга значајна причина е силното спротивставување на граѓаните на некои земји-членки на ЕМУ (особено на тие од Германија) на давањето каква било помош на "измамниците" и на "недомаќините".[1]

Со цел надминување на таквите проблеми кои, едновремено би воделе кон спасување на еврото, а со тоа и на ЕМУ, водечките земји на унијата (Германија и Франција) инсистираат на менување на Лисабонскиот договор (некој вид Устав на ЕУ) во насока на намалување на фискалниот суверенитет на земјите-членки на ЕМУ и воведување данок на финансиските трансакции.[2]

Првото би значело земјата-членка на ЕМУ стриктно да ги почитува Мастришките правила на однесување во однос на големината на нејзиниот буџетски дефицит, а преку тоа и постепено враќање на јавниот долг на ниво најмногу до 60 отсто од нејзиниот БДП. Во спротивно, Европската комисија (ЕК) и која било земја-членка на ЕМУ би можела да поведе тужба пред меѓународните судови, а ЕК да воведе еден вид "присилан управа" врз конкретната недисциплинирана земја за да се контролираат нејзините фискални финансии.

Ценностную ориентацию можно определить как интегральное информативно-эмоционально–волевое свойство и сознание готовности личности к тому, чтобы сознательно определить и оценить свое местоположение во времени и пространстве природной и социальной среды, стиль поведения и направления деятельности, основанные на личном опыте и в соответствии с конкретными условиями постоянно меняющейся ситуации [8].

Так например, не учет ценности современной молодежи «построения карьеры, карьерный рост» может привести к непониманию преподавателем различных подработок студентов как поиска будущего места будущей профессиональной деятельности. Эти подработки отнимают время у студентов, падает их успеваемость, что не нравиться преподавателю. Или стремление молодежи к познанию мира, других стран и народов, международное общение со свертниками может пониматься как ценность «развлечение», или «как широта взглядов».

Таким образом, изучение проблемы социально-психологических воздействий преподавателями вуза на студенческую молодежь в процессе получения высшего образования с учетом появления новых ценностей и нового смысла старых ценностей и ценностных ориентаций может помочь в диалоге «преподаватель-студент» и решению многих проблем.

Литература:

1. Ломов Б.Ф. Психические процессы и общение //Методологические проблемы социальной психологии. М.: Наука, 1975. - С.106 -123.
2. Межличностное восприятие в группе. /Под ред. Г.М. Андреевой, А.И. Донцова. М.: МГУ, 1981. —295 с.
3. Петровский А.В. Личность. Деятельность. Коллектив. М.:Политиздат, 1982.-255с.
4. Журавлев А.Л. Совместная деятельность как объект социально-психо-логического исследования. //Совместная деятельность: Методология, теория, практика. М.: Наука, 1988. - С.19-36.
5. Ковалев Г.А. Три парадигмы в психологии - три стратегии психологического воздействия.//Вопр. психол. 1987, № 2.-С.41-49. Он же. Психология воздействия: автореф. дис...д. психолог.н. М., 1991. - 56 с. Он же. О системе психологического воздействия. (К определению понятия). // Психология воздействия (проблемы теории и практики): Сб. науч. трудов / АПН СССР, НИИ общей и педагогической психологии. / Ред. Бодалев А.А. М., 1989 - 153 с.
6. Казаринова Н.В. Теория межличностного общения как междисциплинарное знание //Куницына В.Н., Казаринова Н.В., Погольша В.М. Межличностное общение. СПб.: Питер, 2001. - С. 12- 29.
7. Кабаченко Т.С. Методы психологического воздействия. М.: МГУ, 2000. -267с.
8. Формирование личности старшеклассников / Под ред. И.В.Дубровиной. М.: Просвещение. 1989. – 274с. – С.167.

М. Б. Давчева
ООУ „Јордан Хаџи Константинов-Џинот" Велес

СПЕЦИФИЧНОСТ НА КОМУНИКАЦИСКИОТ ПРОЦЕС ВО УЧИЛИШНА СРЕДИНА

Вовед

Пресретнувајќи се и соочувајќи се со различни искуства и предизвици во сферата на образованието во XXI-от век, пред него и неговите консументи стојат многу можности и избори кои можат ефективно да се искористат во функција на стремежот и визијата за образовано човештво. Погледите на образованието во XXI-от век се променети и на него не се гледа повеќе единствено како на пат за стекнување формално образование. Од образовните системи се очекува тие да поседуваат социјална и емоционална чувствителност, да обезбедуваат еднакви животни шанси за децата од различни средини, да бидат способни да овозможуваат постојано и непрекинато образование и воспитание. Училиштата мора да излезат во пресрет на таквите очекувања. Образованието е дел од една голема пресвртница. Сеуште не се видливи далечните перспективи, но се чувствува дека не изостануваат големи промени, кои што веќе допираат до основната функција на училиштето. Неизбежни се промените кои што веќе се дел и му претстојат на образованието и кои се однесуваат на суштински работи, но и на начинот на управувањето и раководењето со училиштата. Училиштата се третираат, се почесто, како организации кои мора да бидат управувани и раководени на осмислен и конзистентен начин. Образовниот кадар во училиштата се повеќе се обидува да чекори по патеката на современите стручни тенденции конструирани од текот на општествените промени и од него се повеќе се бараат знаења од областа на комуникацијата и менаџментот на училишната организација. Училиштето како институција врши тешко проценлива општествена улога и во голем степен влијае врз видот на иднината.

Живеејќи и функционирајќи во време на транзиција и промени, во време на премин од постари кон понови парадигми, ја создаваме ерата на новите технологии, информатиката, роботиката, менаџментот. Кадрите во училиштата се повеќе и посестрано се едуцираат и се подготвуваат за да можат да се справат со новите предизвици. Имајќи во предвид дека училиштето е основна организациска клетка на која се темели образовниот систем на една држава, со промените се започнува и од училиштата, што всушност преставува иницирање на промените оддолу нагоре и обратно, а клучен фактор во обединувањето на овие двострани процеси е директорот на училиштето и неговото менаџирање. Тие промени имаат за цел не само да ги сменат состојбите, туку преку тоа да се предизвикаат промени кои ќе значат развој на училиштата и ќе доведат до воспоставување на здрава училишна клима, култура и комуникација, што ќе резултира со унапредување и усовршување на училиштето преку постигнување на подобри образовни и воспитни резултати. Образовната организација претставува сложен, комплексен, динамичен, отворен и целесообразен организациски систем. Воспоставувањето на функционална училишна организација со соодветно организационо дизајнирана структура, има пред се за цел и задача да создава такви активности, кои ќе доведат до високи достигнувања и резултати на учениците. Тоа практично значи дека централно место имаат резултатите на учениците. Нивото на овие резултати на учениците е определено од средината во која работи училиштето или, поточно речено, од верувањата, вредностите и очекувањата на општествената средина.

Училиштата како образовни институции, имаат меѓусебно многу слични образовни

цели и задачи. Поединечните образовни приоритети, задачи и активности, како и реализацијата на наставниот план и програма кои се подготвуваат и планираат, а потоа се усвојуваат на почетокот на секоја нова учебна година, ќе зависат од визијата на училиштето и од индивидуалните толкувања на приоритетите, целите и задачи интерно во секоја образовна институција. Активностите го опфаќаат званичниот курикулум спроведувајќи го заедно со другите широки подрачја на активности. Од толкувањето на овој интегриран курикулум, ќе зависи и неговото одразување врз заедничките вредности, верувања, приоритети. Овие споделени вредности, ја конституираат културата на училиштето. Избраните цели и активности, се одраз на едно приспособување помеѓу вредностите и верувањата, т.е. културата на луѓето во институцијата и крајните цели на оние во пошироката околина кои ја помагаат организацијата.

Комуникација во училиштата

Во образовните организации секојдневно се контактира и се комуницира со многу луѓе: со наставен кадар, со ученици, родители, надворешни соработници и т.н. Но за да се работи со луѓе пред се треба да се знае добро и правилно да се комуницира. Да се биде ефективен воспитувач и образувач, пред се потребно е да се биде ефективен комуникатор. Вообичаено, се мисли дека комуникацијата се јавува кога имаме намера свесно да комуницираме. Но таа се јавува и кога не постои таква намера (на пример: ако учениците или нивните родители како соговорници ги гледаме отсутно, се вртиме на страна, манифестираме нетрпеливост, досада, гледаме често на часовник). Главно средство во комуникацијата е пораката, која не е само вербална, туку при секоја говорна комуникација, постои и невербална во вид на говор на телото. Кога свесно сакаме да покажеме нешто, тогаш станува збор за намерна порака, а кога тоа го правиме несвесно е ненамерна порака. Она што го прима другата личност со која комуницираме, претставува примена порака. Најзначајниот момент во комуникацијата е пренесувањето на информациите. Некои теоретичари сметаат дека процесот на комуницирање е еднонасочен, при што испраќачот на информацијата е активната страна, а примачот на информацијата е пасивната страна. Според ова сваќање, комуникацијата е единство на три елементи: изворот (испраќачот), пораката и примачот. Пример за едносмерна комуникација: наставникот им се обраќа директно на учениците, а тие како слушатели немаат можност да му одговорат или да го корегираат.

„Посложен е моделот на комуницирање што произлегува од Ласвеловата изјава дека комуникацијата треба да се разгледува од аспект на одговорите на петте прашања: кој ја испраќа пораката (испраќач), зошто ја испраќа (цел на комуникацијата), кому е наменета информацијата (примач), по кој канал се испраќа информацијата (начин на пренесување) и каков ефект предизвикува (повратната информација)."[1] Всушност, комуникацијата е процес кој се остварува по пат на интерперсонално (меѓучовечко) испраќање и примање на пораки. Постои испраќач на пораката, постои и примач на испратената порака.

Пораката „патува" од испраќачот кон примачот. Комуникацијата се одвива и во обратна насока, од примачот назад кон испраќачот во форма на повратна врска или фидбек (feedback). Кога примената порака е различна од намерната порака, најчесто резултира со неочекуван конфликт или прекин во комуникацијата. Ова може да се престави со следниов дијаграм:

[1] Петковски, К, Јанкуловска, П, (2006): „Деловно комуницирање - Умешност во комуницирањето" ИРИС, Струга, стр.36



Чест е случајот кога информацијата која сака да ја пренесе наставникот, не е разбрана од страна на учениците како што е неговата намера. Тоа може да биде и како резултат на несоодветноста на каналите за дистрибуција, резултат на предходното искуство на учениците кое влијае на тековната перцепција, степенот на постоечките стереотипи и предрасуди, моменталните потреби на ученикова личност кои се манифестираат во вид на фигура (и позадина), очекувањата, вредносните системи, резултат на дистракторите - пречките и шумовите кои се јавуваат од различни надворешни влијанија (бучава, брмчење, сообраќаен неред) или од тивкиот и нејасен говор на наставникот како комуникатор. Добрата комуникација не се случува природно. Тоа е *вештина* која се стекнува, се учи и тоа е резултат на свесност, размислување, добра волја, упорност и вежбање.

КОМУНИЦИРАЊЕТО КАКО ВЕШТИНА: „Правилата на комуницирање можат едноставно да се научат и тоа релативно лесно. Учењето со волја и свесност им дозволува на луѓето да се потсетуваат на правилата и да ги користат соодветно. Учењето може да биде пасивно или преку искуство, кое е по захтевно, но е поефикасно." (Peck, M. Scott M.D.)[2] Комуникацијата во модерната цивилизација е универзален симбол на Сé постоечко, објаснување за Сé што се случува, причина за многу од општествените и личните „болести и пореметувања." Комуникацијата создава или како што рекол Vaclavik Pol„комуникацијата го произведува она што ние го нарекуваме стварност."[3] Неспорен е фактот дека сите ние луѓето, во текот на целиот живот сме потопени во едно море од комуникациска поврзаност со различна густина и различен квалитет.

Многумина од нас пливаат во тоа море на различни начини, со различни стилови, а некои и воопшто ниту знаат, ниту се обидуваат да научат „да пливаат". Всушност, комуникацијата се учи – исто како што се учи и пливањето, а за сé што се учи постојат разновидни начини – полесни и посложени. Учењето пак потпомогнато од искусни учители што знаат вешто да пливаат, секако дека е далеку поолеснето. „Терминот комуникација води потекло од латинскиот збор communicatio – што означува општење, соопштување, врска, појава на земање учество во дискусија, процес на воспоставување врски и влијание помеѓу кои и да било ентитети" (Вујаклија М.).[4] Значењето на овој поим е објаснет со многубројни и разновидни дефиниции, гледајќи ја комуникацијата од различни аспекти и димензии. Комуникацијата е составен дел од целокупното живеење и реализирањето на професионалните обврски. Петковски К.[5] во делото „Водството и ефективната комуникација" вели: „Без комуникација нема организација, нема промени, нема управување... комуникацијата вклучува борба на мислења, односно плима и осека од активности, реакции, прашања и одговори!"

Комуникацијата во образованието и училишните институции, се одвива на различни рамништа и со различни средства: гестови, зборови, мимики, движења на некои делови од

[2] Peck, M. Scott M.D. (1994), DIFFERENT DRUM, Стварање заедница мира, Народна књига, Алфа, стр.81

[3] Vaclavik, Pol (1987), „Колико је стварно стварно"

[4] Вујаклија, М, (1974): „Лексикон страних речи и израза„ Просвета, Београд

[5] Петковски, К, (2000): „Водството и ефективната комуникација" Битола, Киро Дандаро

телото, преку музика, цртање, играње, танцување, творење итн. Всушност, комуникацијата се реализира со помош на разновидни знаци и е процес на пренесување на различни знаења со помош на знаците. Јасната и прецизна комуникација остава впечаток дека имаме знаења, а нејасната комуникација остава впечаток дека ние не знаеме што сакаме. Добрата комуникација не се случува природно. Таа е вештина која се стекнува и таа е резултат на размислување и вежбање. Добрата комуникација ги содржи аспектите на зборување (говорење), користење на говорот на телото и пишување. За да се биде добар и успешен комуникатор воспитувач и образувач, неопходно е да се владее со сите овие начини на комуницирање. Според Димитровски Р.[6] „од добрите меѓучовечки односи, кои ако успееме да ги постигнеме, ќе зависат и постигнувањата на некои специфични резултати што сакаме да ги реализираме." Тој алудира на нашата свесност при комуницирањето, велејќи: „Ако свесно го посматраме резултатот кој сакаме да го постигнеме, веројатно е дека ќе се однесуваме на начин кој ќе го унапреди тој однос, а нема да комуницираме само формално."

Тој го истакнува јакнењето на меѓучовечките односи преку што нашите контакти постануваат се полесни и полесни. Севкупното човеково однесување се темели на комуникацијата, која е еден од најважните елементи во процесот на збогатени интеракциски односи. Целокупното поведение на личноста е продукт на јасни мисли и идеи, а на тој начин комуникацијата се реализира природно и спонтано исто како што се одвива и дишењето. И во образованието комуникацијата има за цел да постигне поврзаност, отвореност во решавањето и разрешувањето на проблеми и обврски од работењето во секојдневието. Комуникацијата е можност директорот на училиштето како менаџер и наставниот кадар да ги презентираат своите идеи, заклучоци и размислувања, таа е можност и настојување на говорникот да стори се што е во негова моќ за да биде сфатен од учениците како соговорници, така што ќе им овозможи увид во мислите и во емоциите. Комуникацијата е дијалог на разумни суштества со цел да се изнајдат вистински, разумни решенија. Таа е поим, кој не е едноставен за дефинирање, но секако дека е еден интерперсонален процес на испраќање и примање на симболи со значење кое им се припишува ним - под претпоставка дека тоа резултира со размена на информации и заедничко разбирање меѓу вработените. Мерилото за степенот на ефективно управување со интерперсоналното комуницирање, на некој начин, се наоѓа во одговорот на прашањата дали информацијата е пренесена и дали се изградени односите во училиштата како колективи. Успешноста на пренесување на информациите зависи од природата и квалитетот на примените информации, но и од природата и квалитетот на односите помеѓу вклучените поединци во образовниот систем. При комуникацијата можно е да се предизвикаат и недоразбирања, кои понатаму можат да водат кон конфликт, недоверба, а понекогаш и деструктивност. Како резултат на ова можно е да се развие нездрава комуникациска клима со недостаток на соработка во образовната организација (некооперативност). Заради несоодветно комуницирање и разбирање, како и ненавремено разрешување на комуникациските недоразбирања и создадените конфликтни ситуации, се намалува квалитетот на меѓусебното комуницирање.

„Основната комуниколошка формула на успехот и четирите златни правила на комуникологијата, според Мандик Тијана[7] се: флексибилност, вештини, почитување и тимска работа." *Флексибилност:* Можноста за различно реагирање на ист комуниколошки стимуланс, ги прави некои луѓе пофлексибилни. Едно од правилата на теоријата на системот вели дека постои веројатност дека оној елемент на системот, кој има најголем степен на

[6] Димитровски, Р, (2007): „Менаџмент на човечките ресурси„Бигла Папир, Скопје стр.170

флексибилност во себе, веројатно ќе го контролира целиот систем. Првото и суштинско правило на комуникологијата истакнува дека човекот има право, умее и може да избира начини за своето однесување. Парафразирајќи го Бандлер, ако имаме само еден избор во поведението - ние сме роботи, ако имаме два избора - ќе западнеме во амбиваленција, а ако имаме три - сме слободни луѓе.

Вештините и уметноста на комуницирањето се учат. Постои многу мал број на прекрасни родени комуникатори. Сите останати научиле да комуницираат, како што научиле да одат или да возат велосипед. Ако набљудуваме некое дете кое учи да оди, ќе забележиме колку многу труд е потребен за да се совлада таа вештина, колку многу упорност и вежбање е потребно. Додека гледаме некој брилијантен медиски комуникатор, ни останува само да му се восхитуваме, а не размислуваме за часовите кои истата таа личност ги поминала и потрошила за вежбање на оваа вештина. За да се стане успешен комуникатор - мора да се вежба и вежба. За таа цел во образовниот систем се осмислени многу обуки, техники и работилници, при што може во експериментални услови и заштитено да се вежба под професионално водство на комуниколошки тренер.

Почитување на личноста: постоењето на човековите права и борбата за нив се стари колку и постоењето на самото човештво. Едно неотуѓиво, безусловно, со раѓање стекнато човеково право, е да се биде третиран како човечко битие со достоинство. Просветните работници мораат да водат сметка за личноста на учениците. Можеби во некои образовни фази е потребно да се постават јасни граници и да се изгради идентитет на образовната организација, но прекршувајќи некои правила на теоријата на образовниот систем, ќе се појават можности за некои негативни реперкусии поради лична суетност и непочитување на другите.

Тимска работа - денешната научна интердисциплинарност, комплексните предизвици на животот и работата во образование, не само што бараат, туку и ни наметнуваат различни облици на тимска работа. Во тимската работа можна е и несоодветна комуникација и појава на конфликти, длабоки и трајни недоразбирања и фрустрирачки невклопувања. Која оптимална структура во однос на дадена динамика ќе овозможи најдобар контекст за индивидуален и групен развој е само едно од прашањата кои ги опседнуваат добрите лидери на тимовите.

Вербална комуникација

„Вербалната комуникација е таква форма на комуникација, која што се изразува со користење на гласовите, говорот и јазикот."[8] Таа е комуникација со зборови, без разлика на начинот на пренесување на пораките усно или со помош на друг медиум. Зборувањето не е идентично со знаењето да се комуницира, како во секојдневното функционирање, така и на работното место во училишните организации. Под контрола е на свеста и со неа се изнесуваат идеи, мисли, информации за настани и случувања, предмети, емоции, ставови, вредности. На некој начин таа е во функција на информатор за објективниот и субјективниот свет, како начин за искажување на лични впечатоци за нештата со кои сме опкружени. Недоразбирањата кај овој вид на комуникација најчесто се последица на недоречените или нејасните пораки. „Платон сметал – каков карактер, таков стил на комуникација. Сенека – говорот е физиономија на душата, а Бифон – стилот на говорење е самиот човек. Денес

[7] Мандиќ, Тијана, (2003). „Комуникологија – психологија комуникације", Београд: Clio

[8] Петковски, К, Јанкуловска, П, (2006): Деловно комуницирање - Умешност во комуницирањето, ИРИС, Струга, стр.69

на стилот на говорење се гледа како на суштински несвесна техника на оформување на комуникацијата, која е во директен однос со личноста.

Невербална комуникација

„Вербалната и невербалната комуникација во суштина се нераздвојни, а ги раздвојуваме поради научно изучување и полесна примена во праксата, иако тие прават една целина."(Мандиќ Тијана)[9] Невербалната комуникација преставува дел од целокупното комуницирање. При невербалната комуникација не се користи вербалниот апарат и таа е т.н. „говор на телото" кој покрива еден голем дел од нашето однесување. Се нарекува уште и аналогна комуникација што се одвива помеѓу поединците. Лицето на човекот е најчесто првиот дел што се гледа при средбите и речиси сите заклучоци во врска со личноста на човекот, неговата интелигенција, карактер, подобноста за држење, ги донесуваме врз основа на она што го гледаме на неговото лице. Невербалната комуникација продолжува и кога разговорот е завршен. Невербалните пораки го менуваат или потврдуваат значењето на искажаните содржини, ги оформуваат искажаните пораки, ги заменуваат, дополнуваат и прошируваат содржините кои потешко вербално се искажуваат, ги вреднуваат искажаните содржини и упатуваат на постапност со нив. На полето на комуникациското влијание, невербалните пораки се моќно средство за стимулирање или кочење на комуникацискиот фидбек и дијалог. Добро интерперсонално комуницирање се случува кога постои усогласеност помеѓу вербалните и невербалните пораки и активности.

Писмена комуникација

Често употребувана форма на комуникација во денешни услови на работа (компјутерско електронски пораки и системи на пошта). Но секако дека податоците и впечатоците што можат да се добијат во директниот контакт е далеку побогат со информации во смисла дека значењето на пораката може да се искристализира во разговорот, а придобивка е и информацијата која се добива од говорот на телото на соговорниците. Писмената комуникација бара вложување на многу поголем напор, отколку усмената комуникација. Но нејзината употреба е неопходна во ситуации кога сакаме да биде потрајно забележана комуникацијата и да остане потраен доказ за тоа што се комуницирало. Кога станува збор за негативните страни на писмената комуникација, тука пред се, треба да се спомнат следните:

- неможност да се провери како е примена и разбрана пораката;
- неможност за директен говор, како при вербалната комуникација;
- нефлексибилност на пораката."[10]

Но писмената комуникација нуди и позитивни страни, бидејќи писмената порака стои подолго време пред очите на оние кои ја примаат и кои имаат можност повеќе кратно да ја прочитаат, а со тоа и подобро да ја разберат, доколку е обезбедена јасност при пишувањето. Овој вид на комуникација е често присутна во наставата и образовниот систем во вид на тестови, контролни задачи и писмени работи. Пишувана порака и доставена преку јавен медиум, може да биде пренесена до неограничен број на поединци за многу кратко време, а предност е и тоа што писмените пораки се земаат многу посериозно отколку усмените.

Форми на комуницирање

Комуникацијата е важна категорија на постоење и претставува патување до себе и

[9] Мандиќ, Тијана, (2003). „Комуникологија – психологија комуникације", Београд: Clio, стр.34

светот. Таа не поврзува, не спојува. Преку комуникацијата се врши размена на искуства - од мислење до активност. Комуникацијата е интеракција, чија суштина е емитирање и примање на знаци, симболи или сигнали. За да може комуникацијата во образовните организации да биде успешна, потребно е да бидат задоволени основните карактеристики на самиот процес на комуникација, а тоа се „основните претпоставки за правилен тек на комуницирање помеѓу луѓето: јасност, комплетност, свесност, конкретност, точност."[11]

Начини и стилови на комуницирање

Секој наставник е своја личност, која има свој специфичен начин и стил на предавање на образовната материја, индивидуален стил и пристап на комуницирање со учениците и другите консументи и партиципиенти во воспитно-образовниот процес, а тоа е тесно поврзано со нивното мислење за себе. Не е лесно да се смени стилот на комуницирање, бидејќи тоа бара голема свесност, волја, а пред се желба за промена. Во зависност од личноста на комуникаторот, во зависност од личноста на соговорникот, во рамките на комуникацијата, за време на еден наставен час или некој состанок, преку уредената форма на територијално поведение, низ физичката близина, се создава тесна поврзаност со личностите со кои се комуницира. Се создава рамка на предаденост во однос на целите, т.е. задачата што се сака да се постигне преку комуникацијата, а може да се случат и некои форми на интимност, припаѓање, предаденост и приврзаност, посебно ако визијата е заедничка и споделена, при што може да се добие партнер и истомисленик. Не постои совршен стил на комуницирање. Секој стил има позитивни и негативни страни. Умешноста се состои во способноста да се најде најсоодветен баланс на слабостите и предностите, кој ќе одговара на дадената ситуација. Еден од условите за тоа остварените контакти во образовните организации да резултираат со правилно комуницирање, е умешноста за правилно проценување на типовите личности и во контекст на тоа со истите да се применува соодветна стратегија. Посебно таа умешност е значајна да се примени при водење на наставни часови со учениците, при водење на состаноци со родители на учениците, вработените наставници и тн. кога се сретнува широк дијапазон на различни типови личности, кој се движи од конфликтни личности, сезнајковци, брбливци, вообразени, па се до пасивни, неискрени, плашливци, негативци и т.н. Директорот на училиштето како менаџер и наставниот кадар како носители на наставниот процес, мораат да бидат максимално свесни за неминовноста од постоење на различни типови на личности, со различни начини на социјален пристап и комуницирање, потреби, желби, однесувања, па според тоа мора да ги знаат видовите на стратегии за да можат да се справат при однесувањето со нив и правилно продуктивно да комуницираат.

[10] Mozina, S.et al. (1998): „Пословно комуницирање" Марибор, МА – ТИСК, стр.238-239

[11] Фалмер, Р, (1995), „Новиот менаџмент 2" Скопје, Скај Агенција, стр.75-78

С. Андреева

ИНТРОЕКЦИЈА КАКО ОТПОР НА ЛИЧНОСТА МЕЃУ ПОЛАРИТЕТИТЕ ИСТОК – ЗАПАД ВО ПРОЦЕСОТ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА СО ПРОМЕНИТЕ

Воведно е значајно да кажам дека интроекцијата се појавува како отпор во циклусот на свесноста. А циклусот на свесноста претставува природен процес кој се одвива на ритмички и потполн начин, задоволувајќи ги потребите на личноста. Циклусот има свој интегритет и динамика и се формира во зависност од јавување на одредена потреба. Врз основа на циклусот на свесност луѓето го регулираат своето здраво и нормално функционирање и кај различни луѓе временски различно трае. Токму задоволувањето на потребата се одвива низ неговите седум фази и тоа: сензација (предконтакт), свесност (почетен контгакт), мобилизација (возбудување), акција (избор), финален контакт, задоволување (пост контакт) и повлекување (мирување). Постојано во задоволувањето на потребите се случува прекин во одредена фаза на циклусот. Ако се случи прекинот во фазата на мобилизација или возбудување настанува интроекција.

ИНТРОЕКЦИЈАТА се јавува како недоволна или преголема енергија која недоволно го мобилизира или блокира возбудувањето или погрешно се интерпретира. Тука нема здрава асимилација и личноста е водена од интроектите "треба" и "мора" , а не "сакам" и на тој начин е спречен да превземе одредена и адекватна акција заради задоволување на некоја потреба. Екстремно пореметување на оваа фаза е ДЕПРЕСИЈА.

Човековиот организам и неговата личност расте и се развива постојано асимилирајќи нови содржини од своето опкружување. За поедноставно да се сфати понатаму ќе направам споредување на усвојување на навиките, ставовите, верувањата или идеалите со земање на храната. Така интроекција преставува генеричен начин на интеракција помеѓу индивидуата и средината. Пр.Детето го прифаќа сето тоа што веднаш нема да го доживее како штетно и опасно. Тоа ќе ја проголта храната онака како што му е понудена или пак ќе ја исплука. Во Гешталт терапијата, интроекцијата Фриц Перлс ја опишува како "голтање на се што не му припаѓа на нашиот организам". Неговото латинско значење е исфрлање (jacare) внатре (in), и претставува внесување на интроекти преку нашата граница на еден неселективен, неконтролиран и нерегулиран начин.

Во текот на развојот возрасните кои редовно се мешаат во границите на детето во преку влијанија, однесување, очекувања, постојани нарцисоидни барања, правила и регулации и барања постојано да се адаптира детето според нивните критериуми. . Ваквите нарцистички барања ја претставуваат притисок за прилагодување на потребите на возрасните, кои често за детската личност изгледаат наметнати интроекти и очекувања. Често пати тие се споредуваат со "кнедла" која несварена ја внесуваме во нашиот желудник, кој потоа реагира и има потреба да биде исфрлена во истата или во некоја друга форма.

Улогата на интроекција како генеричко средство на учење претставува основна тешкотија при нејзиното одстранување. Детето учи апсорбирајќи го тоа што се наоѓа околу него, имитирајќи го својот татко како оди, својата мајка како се смее или имитирајќи ги бидејќи тие претставуваат првите модели за него. Тоа светот го доживува таков каков што е околу него. За жал учењето по пат на интроекција секогаш не ги задоволува неговите потреби и тоа учење

не е асимилирано, селектирано и прифатено. Затоа индивидуата мора да изврши селекција на тоа што го сака, а со кое сака да се идентификува и истовремено да се спротивстави на притисоците и влијанијата кои инсистираат да продрат во него. Тука почнува борбата. На одредени возрасти, а особено во адолесценцијата, индивидуата е подготвена толку силно да се бори и брани од нападите на средината дури до таа мера да ја жртвува својата мудрост за да обезбеди доминација во својот систем на избор. Тоа интуитивно чувствува и сфаќа дека мудроста на нивната возраст е во правење на својот личен избор, и може да оди во крајности до степен на пр. да биде истеран од училиште отколку понизно да се покори и потчини на барањата на другите кои сакаат нешто да му наметнат со "мора и треба". Во почетокот незнае какви се последиците од нејзиниот избор, па личноста со интроекција ги прифаќа своите искуства со голема доверба во судбината.

Лицето со интроекција не разликува тоа што ќе го проголта во целина од тоа што навистина го сака, пожелува или има потреба - ако си дозволи да ја воочи разликата. Од тука таа ја брише сопствената егзистенција избегнувајќи ја агресивноста што е потребна за да го преструктуира тоа што постои. Односно таа си вообразува дека несмее да го менува, туку сето мора да го прифати такво какво што е понудено. Личноста секое ново искуство го поврзува со претходното искуство, засилувајќи ја нејзината особеност потврдувајќи си дека сето тоа што се случува веќе и е познато или дека го прифатила тоа што веќе е кажано. Целиот нејзин живот потоа и се состои од разни варијации на тоа што го испробала. Таквата личност веќе е снабдена со "амортизација" која го ублажува сето тоа што е ново, но истовремено ја уништува свежината која се губи поради таа непосредност од искуството.

Олпорт воочил колку е значајно како луѓето се однесуваат кон разликите и новините и опишал два начина на перцепирање: срамнување и појаснување. Луѓето кои појаснуваат, помнат и ја преувеличуваат разликата на тоа што го очекувале и тоа што го доживеале. Од друга страна оние кои прават среамнување ги намалуваат разликите. Единствените аспекти на искуството се намалуваат. Со учење не треба да се опфатат многу новитети, поради тоа што не се воочени или заборавени деталите на новините – усвојувањето не бара многу труд. При работа со интроекциите односно на буквалното соџвакување, големи пречки прави тројството: нетрпение, мрзеливост и алчност. Нетрпението кон разликите кое е невозможно да се избегнат, односно нетрпеливоста кон агресијата која е неопходна за да разликите се прекројат така што ќе можат да се сварат и да бидат прифатени од здравиот организам. Тенденциите кои доведуваат до интроекција се: нетрпение – поради што се се голта брзо; и мрзеливоста – поради што се се прифаќа колку што може повеќе и побрзо. Личноста со интроекција сака да биде разгалена. Кај личноста со интроекција кога ќе се допре нивната агресивност и критичност во неа почнува да одекнува нејзината наталожена горчина. Таа навистина има причини да биде огорчена со оглед на тоа дека проголтувала нешто што не го сака и не и одговара и така доаѓа до позиција на жртва во која се наоѓаат сите оние кои извршиле инвазија. Личноста исполнета со горчина често е спремна да се задоволи само со пронаоѓање на причини за горчината, додека со агресијата има намера да започне промена. Тие промени во почетокот можат да бидат случајни бидејќи индивидуата не навикнала да ги препознава своите желби, единствено го знае тоа што не го сака од кое сака да се ослободи. Промените поради промените иако ненасочени и необликувани создаваат енергија во системот и покажуваат дека живиот организам започнува да се освестува.

Во брзиот развој на сегашноста ние животните промени ги интроектираме и немаме време да ги соџвакаме, вреднувајќи ги туѓите искуства што доаѓаат од западот и истокот непотполно асимилирани, тие често пати не збунуваат токму поради тоа што се наоѓаме на вкрстени влијанија кои од една страна не влечат кон Европа на која припаѓаме и Азија

од која имаме вековни влијанија. Крстопатот на кои се наоѓаме е древниот опстанок преку интроектите кои ние во развојот ги голтаме од нашите претци кои се одразуваат на личноста токму поради различните традиции, култури, јазици, обичаи, религии, боја на кожа и сериозно и силно создаваат конфузија како борбата на поларитетите во самите нас. Силното влијание на глобалното поврзување преку технолошкиот развој кој не влече кон симпатичниот и ветувачки запад како интроекти кои несварени ги голтаме без да ги асимилираме во потполност и кои се во спротивност со истокот кој се обидува да делува противречно за да ја одржи традицијата, специфичноста и посебноста наметнувајќи се супериорно како интроекти на несвесно ниво. Во таквата борба на спротивности или се обидуваме да воспоставиме баланс кој ќе не одржи со нашата особеност или се предаваме на влијанијата кои ни ја одземаат мобилизацијата, создаваат силен притисок, нервоза, агресивност, самообвинување, одземајќи ја енергијата и губење на желбата нешто да направиме за самите нас. Тука е незадоволството, вознемиреноста во процесот на идентификација со нашите вредносни системи со оние наметнатите кои сакале ние или не, развојно се присвојуваат.

Тенденцијата кон глобализација и униформност водат кон едноличност, иако скоро нема да се случи сепак се наметнува и влијае особено врз младите. Токму спротивното богатството е во разликите бидејќи тие создаваат возбуда, динамика, особеност, борба и желби за промена. Бидејќи различноста бара прилагодување и асимилација, а не откажување и одстапување од својата особеност и посебност. Дали толку развиениот запад е розов? Како што вели Ошо ни западот ниту истокот ги исполнуваат основните принципи на здравјето: активност и работа, негување на телесното битје и одмор и спокоен сон.

Додека западната личност ја "голта" разновидната и привлечна храна недоволно соџвакана, тоа го прави нивното телесно тело со прекумерна тежина која му пречи на организмот да биде активен и креативен, тоа го вознемирува и нема мирен сон кој ќе му овозможи телесно и ментално да се одмори. Додека спротивно на истокот, каде личноста телото го исцрпува со долготрајни медитации со насоченост кон духовното, занемарувајќи ја здравата храна која е најзначајна за животните потреби и повторно како изгладнето суштество не е способно да биде активно и да работи, што го прави да е пасивен, агресивен и неспокоен. Значајно е ние на нашиве простори да станеме свесни и да го земеме тоа што ни е потребно од западот и истокот и да останеме "свои на своето" со повисока свесност за себе и другите. Потребно е креативно да се прилагодиме препознавајќи ги и асимилирајќи тие вредности кои одговараат на нашите потреби без целосно напуштање на тоа што ни припаѓа и да го пренесеме како особеност на следните генерации по кои ќе бидеме препознатливи, а да не бидеме препознаени како личности со ниска свесност кои се ригидни, вознемирени, остваруваат лоши контакти, ограничени и одбрамбено настроени, без своја самоподршка и со проблеми во комуникацијата, туку напротив да се стремиме да станеме личности кои во голема мерка се прифаќаат себеси, флексибилни се, имаат голема самоподршка, веруваат во себе и остваруваат добра комуникација со средината и се прилагодуваат на промените кои се неизбежни и се составна динамика на животот. Кога зборуваме дека креативно се прилагодуваме на промените мислиме на препознавање на сопствените потреби прилагодени на процесите и влијанието на полето во кое функционираме.

Користена литература:

1. Clarson P.&Mackewn J&Perls P. (1993)Key Figures in Counselling and Psychotherapy series:New York.
2. Kempler, W.(1973)Principles of Gestalt Family Therapy: Oslo:Nordahls Trykerri.

3. Perls, F.(2000)Gestaltisticki pristup u psihoterapiji. Beograd:Vuk Karadzic, Biblioteka Zodijak.
4. Perls, F., Gudman, P.,(1951)Gestalt Therapy: Excitement and Growth in the Human Personality. New York.:M.D.Ph.D.
5. Yontef G.(1993) Svesni dijalog i proces: Beograd: Gestalt Centar Beograd.
6. Zinker J.,(1977)Creative process in the Gestalt Therapy: New York: Adivision of Random House.

Р.П. Манчева
Р.Болгария , ЮЗУ« Неофит Рилски», кафедра «Психология»

СОЦИАЛЬНОЕ И ЛИЧНОСТНОЕ БЛАГОСОСТОЯНИЕ ПОДРОСТКОВ В КОНТЕКСТЕ СОЦИОКУЛТУРНЫХ РАЗЛИЧИИ

В рамках социальных отношений, различий между людьми в обществе или в культуре гораздо больше, чем различия между группами. Образование,социальный статус, религия, структура личности, вера, прошлый опыт, привязанность к дому и множество других факторов, влияют на повседневное поведение каждого человека.

С раннего возраста ребенок растет в среде, которая имеет свои ценности, основанные культуры и семейных традиций. Он принимает обычаи и типы отношений, которые принадлежат его предков, родителей и родственников. За эти годы ребенок ст ановится хранителем семейных ценностей, традиций и обычаев. Ценности сообщества интериоризируется и становиться внутренние модели индивидуального поведения.

В течение многих столетий и сегодня в любой социальной общности живут вместе люди с разными культурными ценностями. Принадлежность к сообществу определяет степень соблюдения ценностей. Она влияет на оценку важности действия и поступок каждого члена сообщества. По славами М.Сегала,П.Дасена,Дж.Берри и Портинга (M.H.Segall, P.R.Dasen, J.W.Berry и Y.H. Poortinga1990) изучение социально-культурные различия в обществе, является важным элементом в создании образа жизни людей в одном обществе. Они становятся критериями оценки положительных или отрицательных отношении людей друг к друга. На самом деле, социокультурные различия ето культурное многообразие общества. Местные культурные практики определяет универсальности психологических особенностей людей, которые пользоватся ими. (Markus H.R., S.Kitayama 2003).

В последние два десятилетия идея культурных ценностей и их отношение к социальной жизни людей является предметом внимания со стороны разных областях науки: культурология, социология, психология, политика. В связи с этим, проведены ряд исследований: Исследования европейских ценностей(Европейский обследований Value- EVS), Обследование мировых ценностей (World Values Survey - WVS),Международная программа социального обследования –(International Social Survey Programme - ISSP.)

В 2001 году поставил начало проект «Европейские социальные исследования», который является най-более известным проектом в сравнительных социальных наук в Европе в последнее десятилетие. Он рассматривает отношения, мнений, ценностей и поведения населения Европы. Болгария участвует в исследованиях с 2005 года. Результаты с 2006 по 2010 году показали, что болгарские граждане отличаются: социальный пессимизм, специфические культурные традиции и отношения, терпимости общин этнических меньшинств и другие. Они отличаются, от других европейских стран, с низкой оценкой качества своей жизни. Проблема, эта оценка себя, погружена психологическими показателями субъективной оценки ценности в жизни человека.

По своему содержанию ценности являются критериями для положительного или отрицательного отношения человека к своей жизни. Руководствуясь этими идеями, мы решили провести психологическое обследование для установления социальных и личностых ценностей, которые характеризуют поведение подростков от двух этнических общин– болгарский и цыган, проживающих в том же месте и учиться в одной школе.

Содержание ценностей дает возможность обнаружить двумерных дименсии -социальное и личностное благосостояние.Они являются одним из критериев для оптимального функционирования личности подростка. Их соединение представляет состояние психологического благополучия. Оно переживается как когнитивно-аффективные оценки связей, установленных между подростком и среды. Хотя это может быть по-разному интерпретировать, понятие психологического благополучия является сложным. В етом смысле, отношение благосостояние-ценность, отражает четкой оценки стоимости и мотивационной стороны поведения.

Вес значений ценностей удовлетворяет всех сферах жизни, он показывает преобладание положительного опыта и переживания, и кроме того дефицита психологического стресса. Таким образом, психическое благополучие можно рассматривать как условие, которое влияет на успехи и поражения, положительные и отрицательные эмоции и глобальной оценки индивидуальной адаптации личности к социальной среде. Оно указывает направление социальной адаптации и включает в себя: удовлетворение проживания в данной среде, чувство социальной компетентности на важных традиций, касающихся социальных обязательств и адекватное взаимодействие с окружающей средой в целом. (Величков А.,М Радославова 2005)

Адаптации подростков, как состояние оптимального функционирования, через субъективные условия, можно увидеть именно как оценки состояния психического благополучия. В связи с этим полезна идея С.Рифа , которая определяет психическое благополучие как сложное состояние положительного психического функционирования. К необходимым условиям для его наличии она определяет:

- Принятие себя (позитивное отношение к себе и чувство собственного достоинства), что характерно для эффективного психологического функционирования.
- Положительные отношения с другими (чувства симпатии и привязанности, наличие тесных связей и теплые отношения).
- Автономия (наличие внутренних критериев оценки и способности придерживаться их).
- Управления окружающей средой (способность манипулировать и управлять.)
- Личностный рост.

Изходя из этих показателей, процессы адаптации отличаются друг от друга, от отсутствия адаптации к полной адаптивности.Отсутствие адаптации- ето исключением регулирования личного поведения и подчинения внешних факторов. В таких условиях человек применяет, для корректировки стратегии, чтобы предотвратить возможность социального отторжения и поетому личность живет в постоянном стрессе. Можно сказать, что состояние психического благополучия (социальное и персональное) является критерием, по которому можно определить адаптации человека к окружающей среде.Таким образом, оптимальное функционирование подростков и ценностное отношение к себе и другим, является критерием оценки и степень его социального и личностного благосостояния. Для удобства использования этих понятий в 1984 году E.Diner (Э. Динер) ввел термин "субъективного благополучия" для изучения факторов,которые отличают меньше счастливых людей ,чем тех кто достаточно счастливы и очень счастливы (сточки зрения нормы статистики) в социальной среде. Субективизации переживания рассматривается как конструкт, который фокусируется на долгосрочных условий, а не мгновенное настроение. Личность переживает свое благосостояние преимуществено при достижении целей, которые удовлетворяется внутренними потребностями, которые проектируется в личностных ценностей. Обеспечения благополучия в его сложности, определяет желания принадлежности или непринадлежности

к реальным социальным окружением, которое отличается от середины другой. Основные компоненты благополучия является удовлетворение и положительный или отрицательный эффект принадлежности. Действительно, человек считается успешным, когда окружающая среда с ее традициями, ритуалами заставляет его чувствовать себя счастливым человеком. На наш взгляд для подростка удовлетворение разных сферах жизнедеятельности является одним из показателей социального благополучия.Основная его деятельность-учебная деятельность. Важные и значимые, для него, являются семья, школа, круг друзей, хобби, которые подчиняются деятельностью.Положительный эффект удовлетворения учебы - ето переживание радости, гордости, счастья, в то время как негативный опыт включает переживание вины, печаль, гнев, тревогу и другие. Именно положительные переживания в собственном житейском сфере определяют ее значимой и ценной. Как и другие люди, так и подростки, переживает опыт бытия в комбинации оценки различных аспектов собственной жизни, и оценки самого себя.Отношения между оценочной стоимости собственного восприятия и оценки важности деятельности и социальной среды, с нашей точки зрения, является вторым критериям психического благополучия.Он включает в себе культурные ценности и практики, которые человек разделяет с другими. Сама культура представлена как амальгама ценностей. Они помогают молодому человеку чувствовать себя частью группы, которая отличается от других групп (Merrit A.C.1993), потому что воспринимает одинаковые значения ценностей. Совпадение личных ценностей с ценностями окружающей среды помогает подросткам чувствовать удовлетворение своей жизнью. Принадлежность к этнической группе оказывает влияние на отдельных взаимодействий с другими подростками или взрослыми людьми одного или иной культуры. Признавая их, на самом деле, подросток определяет их значение для него. Высокая положительная оценка предполагает чувство благополучия, и наоборот.

Для целей исследования использовалась скала самооценочного характера об основных сферах деятельности подростков: семья, школа и школный коллектив. Полученные результаты дополняют личностной шкале ценностей Ш.Шварца.Они представлены в Таблице 1.и Таблице 2. Общественные ценности ориентированы на основной вид деятельности, характерная для подростки -обучение.

Таблица 1. Результаты об отношениях основных областях жизни. (В%)

Семья като ценность	Българи	Роми
Условия жизни в семье хорошие	58.3	14.2
Доход в семье хорош	23.8	27.7
Дома учиться спокойно	51.0	64.0
Родители внимательны ко мне	75.6	89.8
Моя семья очень важна для меня	86.2	92.86
Школа как ценность		
Мне нравится моя школа	69.0	93.8
Я предпочитаю работу перед школой	20.1	65.6
мое отношение к учебе положительно	64.2	73.46
Учитель като ценность	81.3	81.0
Учителя относятся хорошо со мной	81.3	81.0
Получаю оценки, которые заслуживаю	72.3	20.0

У меня есть любимые учителя	69.0	32.5
Обучение как ценность		
Мне легко учиться	63.9	44.1
Думаю, что я хороший ученик	59.4	34.4
Я чувствую удовлетворение от обучения	49.0	56.0
Уроки интересные и я их посещаю	23.6	34.1
Я готовлюсь к школе один	24.2	78.0
Одноклассники как ценность		
У меня есть друзья в классе	66.5	93.8
Мои одноклассники молчать, когда меня спрашивают	41.3	86.3
Мои отношения с одноклассниками дружеские	63.47	81.9
Хобби как ценность		
У меня есть хобби	61.9	59.4
Я люблю спорта	74.2	85.6
Посещаю концерты и выставки	34.2	11.6
Смотрю телевизионные соревнования	91.6	74.4
Часто встречаюсь с друзьями	62.3	28.8

В своей жизни подростки,обе общностей, положительно оценивает школа и семья.Все результаты для определения семьи (как ценность) у подростков ромской общности выше, по сравнению с болгарскими подростками. Они чувствуют, что о них хорошо заботятся и дома ощущают себя защищенными.Готовят домашние задания самостоятельно, хотя и предпочитают работать, чем учиться.Семья полузакрытая, в ней храняться ромские традиции, общественная жизнь ограничена, доходы низкие. Болгарский подростков также ценит своей семьи. Болгарская семья является более социально активная, несмотря на недостатки доходов.

Школьная среда также важна для молодых людей. Делает впечатление ниская мотивация подростков идентичности цыган, к обучению, независимо от оценки его значимости.Они считают, что их знания не оценивается реально с усилиями подготовки урока. Для болгарских подростков учитель имеет более важно значение.Обе группы подростки чувствовать себя комфортно в середине своих одноклассников.Это делает их социально благополучными в семье и среди сверстников, но менее благополучные в школе.

В рамках социально-культурных различий предпологаем, что личностные ценности являются те, которые определяют уровень опыта социальных процессов и участников. Для подростков эти ценности, помогают понять причины, которые вызывают любовь или отказ людей от середины их. Чувствительность к «другим» является показателем их благосостояния. Это устанавливается с помощью шкалы ценностей Ш.Шварца. С ее помощи ценится качества одноклассников, другого етноса, только факторов "мораль" и "эмоций", которые наиболее сильно влияют на процессы взаимодействия подростков.

Таблица 2. Результаты оценки качества одноклассниками из других этнических групп.

Нравственные качества						Эмоциональные качества					
Положительные	Бол.	Ром.	Отрицательные	Бол.	Ром.	Положительные	Бол.	Ром.	Отрицательные	Бъл.	Ром.
искренний	95,1	96,2	подозрительный	23.1	16.7	приятных впечатлений	75.1	82.4	эгоист	59.6	43.4
внимателеьный	91,4	78,6	мнительный	17.4	18.2	бойкий	89.2	97.5	равнодушный	18.9	13.2
нежный	85,6	81,1	взрывчатый	15.3	18.0	мечтатель	83.2	77.5	нервный	15.5	16.9
заботливый	83,6	85,5	презрительный	7.8	9.3	энтузиаст	83,1	68.2	трусливый	14.2	11.4
природный	82.0	87.2	грубый	12.4	11.1				капризный	8.7	9.2
концентрированный	72.8	93,3	злобный	5.2	3.4						
гордый	77.8	82.4	мстительный	3.9	4.5						
реагирующий	75,6	84,9	зависливый	1.8	3.2						
примирительный	62.4	53.1									

Из этих результатов можно сказать, что пребывание подростков одного и того же места, положительно влияет на восприятие сверстников из других этнических групп. Математические данные свидетельствуют о близости в оценке их качества, что свидетельствует о конвергенции критериях оценки качества у людей в целом.Подростки оценивает их одноклассник в основном, как друг, как достойный человек, который обладает качествами позитивного общения, а не как члена этнической общности. Позитивное отношение и социальное признание подростка одноклассников, делать его спокойным и уверенным в общении с ними.Положительные эмоции, которые переживает, помогает ему чувствовать себя успешным и благополучным.

В заключение можно сделать вывод, что подростки из разных этнических групп, проживающих в одном школе, занимающихся одной и той же деятельности, переживает аналогичные чувства и ожиданиях друг друга. Они ценятся как благосостоятельные люди путем дружественных отношений и через хранения семейных ценностей.Это помогает им быть терпимым к другим - важное качество, необходимое в дальнейшем для разрешения кризисов юношеского периода.

Литература:

1. Радославова М., Величков А. (2005) Методи за психодиагностика.София,Пандора прим.
2. Diener, E. (1984). Subjective well-being. Psychological Bulletin, 95, 542-575.
3. Markus, H.R.; Kitayama, S. (2003). "Culture, Self and the Reality of the Social". Psychological Inquiry 14 (3): 277–83.
4. Merrit, AC (1993). Natsionalnatai influence of organizational culture on humanfaktor. Seminar, Sydne

Виларова Петре Македонка

ИДЕНТИТЕТ НА ЛИЧНОСТА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

... Секоја личност има свое место во светот што треба да пополни и во извесен поглед, многу е важно дали таа ќе се реши да го стори тоа или не! ...

Натаниел Хоуторн

Терминот *идентитет* означува истоветност, целосна еднаквост, но и однос според кој е нешто, на пример битие или својство, во различни случаи или под различни видови еднакво на самото себе си, односно исто.

Според тоа дали истоветноста се однесува на конкретно (поединечно) битие или на својство, разликуваме материјален и квалитативен идентитет. Во логичка смисла идентитетот е единственост на значења на мисли, наспроти разновидност на мисловни и предочени процеси кои се однесуваат на ист предмет. Идентични се поимите кои имаат иста содржина и опфат.[1]

Прашањето на идентитетот е самата човекова суштина. Тој овозможува чувство на континуитет помеѓу минатото, она што било некогаш, она што е сега и она што личноста мисли дека ќе биде.

Под поимот идентитет денес се подразбираат не само личниот, туку и националниот, етничкиот, културниот, европскиот, визуелниот, корпоративниот, дигиталниот, звучниот и многу други. Многу од нив ги наметна современата цивилизација, технолошкиот напредок, а дел и помодарството.

Прашањето *Кој сум јас?* се однесува на идентитетот на личноста и може да се разгледува на разични начини во зависност од тоа како личноста го разбира ова прашање. Хербст прави разлика меѓу надворешните извори на идентитет и внатрешните извори на идентитет. Во надворешните спаѓаат: името на личноста, националната припадност, социјалната позиција на работата и постигнувањата во животот. Под внатрешни спаѓаат: верувањата, вредностите, интересите, грижите и амбициите во животот, сликата за самите себе, самосвеста, желбите и потребите.

Личноста може да им приоѓа на прашањата од различни аспекти или од различни улоги кои таа ги остварува во животот.[2]

Животниот стил претставува средство за градење на сопствена личност (свое «***јас***») и за создавање на културни симболи од кои произлегува *личниот идентитет*. Сепак, сите аспекти на животниот стил не се целосно самоволни. Животнииот стил ги рефлектира индивидуалните ставови, вредности или погледи на светот и во модерното општество и затоа постојано има допирни точки меѓу личниот идентитет и секојдневното однесување.[3]

Психолозите потенцираат дека идентитетот на личноста се формира речиси од раѓање. Имено, наизглед непостоечката, а сепак толку сложената комуникација што се воспоставува помеѓу мајката и детето по раѓањето овозможува создавање на единствено чувствување на Јас.

---

[1] http://www.panoptikum.com.mk/personal-enciclopedia/soznanija/forever/2678-2011-06-02-07-37-00.html

[2] http://fzf.ukim.edu.mk/, Годишен зборник 2009, Арнаудова Софија

[3] http://mk.wikipedia.org/wiki/

Идентитетот кој подразбира полов, роден, роднински, професионален, социјален, вредносен, сексуален, национален, религиозен аспект на една личност, својот полн замав го достигнува во времето на адолесценција. Адолесцентите експериментираат со своите граници, со својот идентитет во најширока смисла. Тоа има за цел проверка на она што се чувствува како Јас, но и потреба да се истражува, а со тоа и да се засилуваат сопствените севкупни потенцијали.

Во текот на развојот се стекнува однос спрема севкупниот внатрешен свет, токму оној што го означува идентитетот. Младите луѓе него го градат и низ односи со други, првенствено со свои врсници. Тие се мерило на вредносни системи, на вкус, имаат надмоќ и нудат обрасци за живот. Во текот на овој период, кој се смета за најсложен и неповторлив во растењето, младите го формираат и конечно го дефинираат чувството на национален идентитет.

Националниот идентитет овозможува да се чувствуваме како свои меѓу свои, без оглед на пречките, тешкотиите, предизвиците кои ги носи припадноста на една нација.

Меѓутоа, зрелите и остварени луѓе немаат проблем со луѓето кои имаат друг национален идентитет зашто, поради цврстината на нивниот, другите не ги загрозува. Токму оние што најмногу се бунат поради други национални идентитети укажуваат на слабост на сопствените, а што предизвикува бројни судири.

Во современиот свет, денес не е реткост да се слушне дека од некој се бара да има цврст *професионален идентитет*. Ако е лекар, тогаш е лекар. Тоа значи дека личноста се чувствува како лекар, но во исто време работејќи од нужда или со слободна волја некоја друга работа не го губи чувството на професионален идентитет. Затоа луѓето кои не се занимаваат со примарното занимање или се расселени имаат дотолку помалку проблеми со наоѓање на работа која не соодветствува на нивната способност, доколку нивниот професионален идентитет бил доволно цврст.

Современите економски трендови наметнуваат и нешто што се вика *корпоративен идентитет.* Секоја корпорација има потреба од оригиналност, единственост, но и верност на кои за неа или во неа работат. Корпоративниот идентитет означува почитување на заедничко на сметка на индивидуално. Тимската работа е неминовна, но станува штетна ако сите мислат идентично, сите се согласуваат во се и се тече „како да се еден". Токму тоа зборува за губење на личниот идентитет. Со внесување на личен аспект, на сопствено поимање, на свои сфаќања, тимот може само да добие. Задушувањето на индивидуалноста можеби може да помогне за растот на корпорацијата, но е секако штетно за учесниците.

Кога зборуваме за човекот и неговиот идентитет на прв поглед изгледа необично што класичната психоанализа не знаела за проблемот на идентитетот. Дури после 1930 година фројдовиот ученик Ото Фенихел укажал на појавувањето на сè поголем број пациенти со неопределени симптоми, кај кои е очигледно дека во болниот душевен проблем е вовлечено само нивното Јас.

Значајниот американски психотерапевт Ерих Ериксон, во својата можеби најдобра книга – „Детство и општество" од 1950 година (преведена на дванаесет јазици), пишува дека денешниот проблем на идентитетот настапил токму тогаш, кога овој идентитет станал проблематичен. *Но, што воопшто е идентитетот?*

Иако субјективната содржина на нашето доживување постојано се менува, едно јадро на нашата личност, кое тешко може да се опише, останува секогаш исто и покрај сите промени на кои сме изложени од надвор, или кои сами ги создаваме. Ова јадро на нашата личност, на кое луѓето од памтивек му давале различни имиња, ни нуди чудна сигурност и извесност дека нашето Јас, или субјект, во широката лепеза на чувства, запазувања, слики и делувања, во текот на целиот живот, практично останува идентично само на себе. Интересно е дека

ова чувство на идентитет е дотолку попостојано, доколку човекот почесто и поинтензивно ги чувствува внатрешните и надворешни промени. Овие промени како да се услов на стабилноста на ова чувство. [4]

Се чини дека во современите услови на живот, особено после преживеаните револуции, но и заканувачките нови револуции, е сè потешко да се одржи правилното и стабилно чувство на идентитетот на светот во човекот. Сè пожестокото доживување на дисконтинуитетот на светот и животот е постојан извор на закани и страв во човекот. Чувството дека минатото и сегашноста се идентични, во себе опфаќа едно несвесно убедување дека овој идентитет ќе се протегне и кон иднината. [5]

Општо, идентитетот е, пред се, производ на човековата историска пракса, кој се формира низ процес кој континуирано тече и низ кој се трансформира неговата суштина. За неговото конституирање значајни се неколку сфери на човековите односи, и тоа: [6]

- *Прво, сферата на интимните односи,* лоцирани во семејството, односите према самиот себе, како и професионалниот и религискиот идентитет, каде се случуваат интензивни процеси на преместување на дел од овие идентитети од приватната во сферата на јавните односи.
- *Второ, во сферата на економските односи* се испреплетени јавното и приватното. Имено, оваа сфера не се однесува само на задоволувањето на материјалните интереси и потреби, туку во себе ги вклучува и потребите за идентификација и припадност на групата, класата и заедницата. Во процесите на глобализацијата, на историската сцена се појавија нови актери и носители на социјалната и политичката моќ, но и нови преструктурирања на економската моќ, каде државните граници го губат значењето кое тие го имале низ историјата. Тоа има големо влијание врз процесите на формирање на идентитетот воопшто, а посебно на националниот идентитет.
- *Трето, сферата на политичките односи* е значајна во формирањето на националниот идентитет, во насока на одбрана на заедничките интереси во рамките на заедницата и за интересите на заедницата. Политичкото дејствување, икако процес на формирање на институции и као процес на регулирање на политичкиот живот, овозможува континуитет на заедницата во политичка смисла, грижа за поединецот и заштита на неговите права и сигурност. Во суштина, политичката моќ произлегува од консензусот на членовите на заедницата, со закон регулирана употреба на сила и моќ, ако дојде до нарушување на вредностите кои се сметаат за суштински за нормално функционирање на институциите.
- *Четврто,во сферата на културата*, со помош на знаци и симболи членови- те на заедницата стануваат свесни за она што се случува околу нив, и со чија помош го насочуваат сопственото дејствување кон посакуваната цел и ги пренесуваат чувствата, знаењето и искуство во времето и просторот, со еден збор ја артикулираат стварноста која ги опкружува и со чија помош таа станува разбирлива за сите во заедницата (Petrović, 2006, 213-214).

Заклучок

Во современиот свет личностите со формиран и цврст идентитет се стабилни, постојани,

[4] http://agapi.mk/duhovnost/etika-i-asketika/104-covekot-identitet

[5] Човекот и неговиот идентитет, Академик Владета Јеротиќ, Превод и обработка: Милан Јаковчевски

[6] http://www.makedonika.org/whatsnew/fzf/4.1aceski.pdf , Годишен зборник, Ацески Илија

им одолеваат на животните осуетувања, умеат да се радуваат, да тагуваат, да планираат, потпирка им се на други, знаат во секој момент кои се. Оние пак со лабав идентитет, кои постојано го губат својот идентитет се како брод без кормило кое лута низ разбрануваното море и бара некаде да се насука без оглед на последиците.

... Секој што стигнал онаму каде што е, морал да почне од онаму каде што бил! ...
Р.Л.Стивенсон

Користена литература:

1. http://www.panoptikum.com.mk/personal-enciclopedia/soznanija/forever/2678-2011-06-02-07-37-00.html
2. http://fzf.ukim.edu.mk/, Годишен зборник 2009, Арнаудова Софија
3. http://mk.wikipedia.org/wiki/Алтер_его
4. http://agapi.mk/duhovnost/etika-i-asketika/104-covekot-identitet
5. Човекот и неговиот идентитет, Академик Владета Јеротиќ, Превод и обработка: Милан Јаковчевски
6. http://www.makedonika.org/whatsnew/fzf/4.1aceski.pdf , Годишен зборник, Ацески Илија

Станковска Гордана., Руси Муќереме
Државен Универзитет во Тетово, Филозофски факултет, Инстттут за психологија, Тетово,

ЛИЧНИОТ ИДЕНТИТЕТ КАКО ПСИХОЛОШКА И СОЦИОЛОШКА КАТЕГОРИЈА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Резиме: Централен дел од менталното здравје на личноста претставува личниот или персоналниот идентитет. Се смета дека личвиот идентитет не е дел само од нашето ментално здравје,туку е важен и за адаптивното функционирање на личноста. Имено стабилниот идентитет има свој адекватен развој во стабилна и кохерентна социјална средина.
Од друга страна трансформацијата на самата општествена структура, високото специјализирање на институциите и модерниот плурализам ја менуваат вистинската форма на личниот идентитет. Самиот живот во современото оштество бара висок степен на адаптибилност од лична природа. Се смета дека проблемите на идентитетот се поврзани со промените кои се случуваат во современото општество.

Клучни зборови: личен идентитет, психолошка категорија, модерно општество.

Секој период на време конструира свој профил на психолошка благосостојба. Со тек на времето оваа состојба станува се постабилна на социјален и културен план. Се посилните родови врски,трудот и неговото адекватно вреднување,стабилниот живот во еден град, овозможуваат се поголема конзистентност при дефинирање на поимот здравје. Но сите овие социјални работи не се константни во текот на целиот живот,туку се подложни на промени. Во ова време здравјето повеќе го разгледуваме како флуидна,отколку како стабилна компонента. Сега е најважно своја стабилност да постигнат новите работни места новите насоки во кариерата новите родови улоги,како и новите видови на технолошки и технички напредок.

Централен дел од нашето ментално здравје е нашиот личен или персонален идентитет. Традиционално личниот идентитет на секоја личност е важен дел од психолошкото здравје на поединецот и неговото адаптивно функционирање.

Дефинирање на личниот идентитет

Не постои точно договорена дефиниција при дефинирање на терминот личен идентитет. Одредени теоретичари личниот идентитет го сфаќаат како субјективно искуство или чувство за себе,други како егзистенцијален проект и како процес кој никогаш не завршува. Од друга страна точно е дека идентитетот е персонална карактеристика на секоја личност,како одраз на внатрешниот процес на самодефинирање. Воедно идентитетот се јавува и во поширокиот социјален контекст и се формира под дејство на одредени непосредни фактори на средината и културата(Kellner. 2002).

Психоаналитичката теорија смета дека одреденото ниво на организација и интеграција на личноста,како и структурното ниво на развој на идентитетот се манифестира преку индивидуалното субјективно доживување на својата личност.

Особено современите психодинамски теории го нагласуваат значењето на идентитетот при функционирањето на личноста.Clarcin, Yeomans and Kernberg (2006) тврдат дека идентитетот всушност претставува "психолошка структутра која ја одредува динамичната организација на карактерот". Поединците со адекватно консолидиран идентитет може да се

прилагодат на секоја нова ситуација да го модулираат своето однесување без да се изгуби чувството на внатрешниот мир и стабилност,како и да се дејствува на начин кој е кохерентен и предвидлив.

Адекватниот и правилниот развој на идентитетот е од суштинско значење за себе-прифаќањето и за развој на самодовербата (Crawford, Cohen and Brooth, 2004).. Стабилното и интегрираното доживување на идентитетот претставува услов и искуство за нормано внатрешно и автономно функционирање,како и доживување на сопствената личност. Зрелиот личен идентитет претставува важен ресурс кога станува збор за регулирање на когнитивните,афективните и интерпердоналните функции. Исто така стабилниот идентитет придонесува кон развој на стабилна и кохерентна социјална средина.

Психолошки карактеристики на личниотм идентитет

Познато е дека психоаналитичката теорија го анализира развојот на личниот идентитет преку процесот на интернационализација и интеграција на објекталните односи. Самиот развој минува низ три фази. Во првата и најпримитивна фаза се среќаваат траги од спомените на сопствените слики,сликите на другите и афективната преобоеност на интеракцијата меѓу личноста и објектот. Во втората фаза доминантно место завзема идентификацијата на поединецот со другите значајни за него личности,при што до израз доаѓа процесот на интернализација. Конечно во третата фаза,при што доаѓа до формирање на зрелиот идентитет,интроектираните и идентификационите доживувања на личноста се синтетизираат,при што настануваат постабилни и поинтегрирани претстави за себе,за другите,но и постабилни интеракции меѓу личноста и другите. При тоа ова настанува во согласност со личните предиспозиции,вредност и персонални карактеристики,при што поединецот селектира дел од претходно доживеаните интроекции и идентификации,избира некои од нив и постепено ги синтетизира или асимилира во нови конфигурации,додека други ги одфрла. Во текот на овој процес може да настане деперсонализација при формирањето на идентитетот на личноста,но и приврзаност кон други за неа значајни објекти,со што личноста се трансформира во позрели облици и форми на психолошко битисување.

Самиот процес на сепарација и индивидуализација подразбира дека селфот на личноста ги разликува важните објекти од детството и го разбира нивното внатрешно ментално значење. Ова ни покажува дека личноста станува способна да сфаќа и самата да твори. На ваков начин зрелиот и адаптивен идентитет се заснива врз чувството на сегашноста и тестирање на реалноста,при што големо е значењето на минатите објекти и искуства. На ваков начин во современото општество,хуманиот идентитет не е само чувство кој сум,туку и чувство кој не сум и што не сакам да станам (Hurter, 2005).

Луѓето со зрел идентитет воспоставуваат адекватна адаптивна рамнотежа меѓу потребата за автономија,сепарација и интерперсонална диференцијација од една страна,а од друга страна е желбата за приврзаност и интимни односи со другите. Но во современото општество ако создавањето и креирањето на сопствениот идентитет е тешко,тоа веќе претставува наш личен проблем. Во реалноста проблемите на идентитетот се поврзани со елементите на современото.

Современото општество и личниот идентитет

Денеска навистина е многу тешко да се одговори на прашањето што се случува со идентитетот на личноста во периодот од современиот начин на живеење.

Сега традиционалните структури се трансформираат како резултат на зголеменото специјализирање на социјалните функции. Процесот утврдува нова институционална

рамка за социјалниот живот и во современоста длабоко продира во интимните простори на секојдневното живеење на личноста. Оваа нова трансформација е од централно значење при воспоставување на општествените односи,но и рамка во која треба да се формира личниот идентитет на поединецот во современото општество.

Трансформацијата на социјалната структура.специјализирањето на институциите и модерниот плурализам ја менуваат вистинската форма на личниот идентитет. Воедно социјалната структура во современото општество не обезбеди доволно услови кои може да гарантираат долготрајна конзистентност при внатрешната субјективна изградба на личниот идентитет. Карактеристично е дека адекватанта социјална структура фаворизира висок степен на адаптивност,не само на когнитивени афективен план,туку и при изградба на карактерот на личноста.

Ова ни потврдува дека личноста во обидот да развие адаптивен идентитет,живеејќи во современото општество мора да се привикне на бескомпромисноста која е дел од животот,целосното припаѓање и социјалната интеграција. Сега идентитетот се трансформира во желба на индивидуални активности и достигнувања. Со ова идентитетот станува рефлексивен проект кој никогаш не завршува,туку на него мора постојано да се работи и во современото живеење личноста мора постојано да се бара себе си (Gross, 1999)..

Bauman (2005) тврди дека идентитетот е име што се употребува кога личноста бега од состојбата на неизвесност Затоа личниот идентитет е важна внатрешна функција,односно состојба која му овозможува на поединецот да функционира и да битисува во овој комплексен и сложен свет. Функционира како внатрешна референтна рамка меѓу сопственото искуство и искуството стекнато во сложеното живеење. Исто така конфузноста на идентитетот мора да ја сфатиме не само во однос на нарушента внатрешна структура,туку и во релација со нарушувања кои се должат на современата култура и општествена организација. Што значи дека ако сака личноста да опстане во современиот свет,мора да развие карактер кој ќе одговори на постојаното менување на врските со луѓето,идеите и активностите.

PERSONAL IDENTITY AS A PSYCHOLOGICAL AND A SOCIOLOGICAL CATEGORY IN MODERN SOCIETY

Abstract: The central part of our mental health is our personal or individual identity. Our personally identity is considered to be important for psychological health and adaptive functioning. Stable identity contributes a stable and coherent social environment.
On the other hand the transformation of the social structure, institutional specialization and modern pluralism, changed the real form of personal identity. Living in modern society always favors high degree of adaptability of personal nature. Identity problems are also related to elements of modern society.

Key words: personal identity, psychological category, modern society

Every period of time constructs its own metaphors for psychological wellbeing. Not so long ago, stability was socially valued and culturally reinforced. Rigid gender roles, repetitive labor, the expectation of being is one kind of job or remaining in one town over a lifetime, all of these made consistency central to definitions of health. But these stable social works have broken down. In own time, health is described in terms of fluidity rather than stability. What matters most now is the stability to adapt and change to new jobs, new career directions, new gender roles, new technologies.

The central part of our mental health is our personal or individual identity. Traditionally personally identity is considered to be important for psychological health and adaptive functioning.

The definition of personal identity

There is no definition of human or personal identity that is universally agreed upon. Some theorists said that personal identity has been understood as being a substance, a subjective experience or personal sense of self, an inner structure, a personal construction, an existential project and a never ending process. It is true that on the other hand, identity is a feature of the individual, reflecting an internal process of self-definition. On the other hand, identity emerges in a social context and is shaped by the immediate circumstances as well as the broader culture (Kellner. 2002).

Psychoanalytic theory assumed that level of organization of personality or integration and the structural level of development of identity are manifest in the individual's subjective sense of identity.

Especially modern psychodynamic theory has emphasized the importance of identity for personality functioning. Clarcin, Yeomans and Kernberg (2006) have argued that identity "provides the psychological structure that determines the dynamic organization of character". Individuals with a consolidated identity are more able to adapt to different context, modulate their behavior without losing a core sense of inner coherence and stability and act in ways that are relatively coherent and predictable.

The development of identity is essential for self-acceptance and self-esteem (Crawford, Cohen and Brooth, 2004). A stable and integrated sense of identity is viewed as condition for a balanced experience of internal locus of control, sense of personal agency and autonomous functioning. Mature personal identity is regarded as an important resource, when it comes to the regulation of cognitive, affective and interpersonal functions. Also, a stable identity contributes to a stable and coherent social environment.

Psychological characteristics of personal identity

Psychoanalytic theory has analyzed the development of personal identity through internalization and gradual integration of early object relationships. The development has three intimately phases. In the first, and the most primitive phase, traces of memories of self-images, images of others and affective colorings of the interaction between self and object are introjected. The second phase is dominated by the individual's identification with significant others and a more role-oriented internalization of others of significance who have a relationship with the self. Finally, in the third phase, during which mature identity is formed, earlier introjections and identifications are synthesized between into more stable and integrated representations of self, other and interactions between self and other/ In accordance with personal talents, values and constitutional character, individuals select some of their earlier introjections and identifications and gradually synthesize or assimilate them into new configurations while discarding others. During this process, individual identifications are depersonalized and attachment to significant others and the use of self-objects is transformed into more mature forms and the person becomes emancipated from the objects of childhood.

The normal separation and individuation process implies that the self is differentiated from important objects of childhood and their internal mental representations. This results in a personal identity being created or realizes. Furthermore, the mature and adaptive identity is based upon a sense of continuity with ones past, as opposed to the total disavowal of past objects and experiences. In this way in modern society, human identity is not only a sense of who one is, but also a sense

of who one is not and does not wish to become (Hurter, 2005).

People with a mature identity have found an adaptive balance between, on the other hand, the need for autonomy, separation and interpersonal differentiation and, on the other hand, the need for attachment to and intimate relations with others. But in modern society if we find it difficult to create our own identity it is our own personal problem. But, in reality, identity problems are also related to elements of modernity.

The modern societies and personal identity

It is really very difficult to answer what happened with personal identity in this modern period of life.

Traditional social structures were transformed as a result of the increasing specialization of social functions. The process determined a new institutional setting for public life and in modernity, seeped deep even into the more intimate spaces of everyday life. This transformation was of central importance in setting the frame for social relations, the frame which personal identities were formed in modern societies.

The transformations of the social structure, institutional specialization and modern pluralism changed the real form of personal identity. The social structure in modern societies does not provide the conditions that could guarantee a fair amount of long-term consistency in the inter subjective construction of personal identity. The social structure favors high degree of adaptability, not only of a cognitive, but also of personal nature.

So in their attempt to develop an adaptive identity, people living in a modern society must navigate between the extremes of uncompromising individuality and total belonging or social integration. Now identity has been transformed from a matter of ascription, to an individual task and achievement. Identity has become a never ending reflexive project where one has to work on and the late modern individual is obliged to search for itself in itself (Gross, 1999).

So Bauman (2005) has argued, that identity is the name used when people seek an escape from uncertainty. Personal identity is an important inner resource in the individual's efforts to navigate in an increasingly complex world. In functions as an inner frame of reference and supports the experience of the world and ones individual life as coherent, meaninghful an guided by an inner logic. Also the identity diffusion must be understood in relation to not only the individual inner structure, but also contemporary late modern culture and social organization. So if person want to live well in late modern culture must develop a protean self, a sequential and fluid self characterized by ever changing involvements with people, ideas and activities.

Библиографија:

1. Bauman Z., Identity: Conversations and the individual society, London, 2005.
2. Clarkin J.F.,Yeomans F.E. @ Kernberg O., Psychotherapy for borderline personality, Focusing on object relations, Journal of personality, 67, 654-64, 2006.
3. Crawford T.N.,Cohen P.,Johnson J.G.,Sneed J.R. @ Brook J.S., The source and psychosocial correlates of personality in adolescence, Journal of Youth, 33, 373- 387, 2004.
4. Gross P. Ich-Jagd, Frankfurt am Main, 1999.
5. Hurter S., The construction of the self in modern society, New York, 2005.
6. Kellner D., Popular culture and the construction of identity postmodern identities, Modernity and identity, (pp.141-177), 2002.

Лидија Алексовска

ИДЕНТИТЕТ ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА

Развојот на личноста е континуиран процес на постепени промени. Со оглед на тоа дека личноста се стреми да се социјализира т.е. да се интегрира во социјалната средина, врз нејзиното формирање влијаат следните фактори:

1. наследство
2. средина и
3. активноста на самата единка

1. наследството е одговорно за формирање на физичката структура, интелигенцијата и темпераментот на личноста;
2. средината во која се развива единката (семејство и општество) е одговорна за карактерните особини на личноста;
3. активноста на единката придонесува за тоа да се истакнат или потиснат некои наследени или стекнати особини на личноста.

Значи, на човекот како поединец влијаат различни фактори што се надвор од него. Самиот човек, подоцна во врските со другите луѓе, влијае на општеството. Тоа е некаков взаемен процес. Во тој процес, правилното познание и прифаќање на идентитетот е многу важен фактор.

Поимот идентитет е од латинско потекло (identitas) и значи истоветност. Во психолошка смисла идентитетот ја одредува различноста помеѓу луѓето, но и доживувањето на себеси како единствен и постојан. Во тоа и се состои идентитетот. Идентитетот овозможува чувство на континуитет помеѓу минатото, она што била, она што е сега и она што треба да биде личноста. Може да се каже дека идентитетот е единствен склоп на карактеристики на една личност која се разликува од сите други личности.

Идентитетот е поим со кој се означува чувство кое и овозможува на личноста да се доживува себеси како особена и независна личност, свесна за својата телесна состојба, сексуална зрелост, другите луѓе и општеството во целина, како и својот сопствен однос кон тие луѓе и општеството.

Се поставува прашањето од каде му е потребата на човекот за идентитет?

Чувството на идентитет му овозможува на младиот човек да биде сигурен и упорен во своите определувања и стремежи во животот, за да стане човек за себе. Човекот чувствува потреба да створи поим за себе и да каже и чувствува "јас сум јас". Мора да донесува одлуки и да биде свесен дека тој се разликува од сите други луѓе. Човекот не би можел да остане здрав доколку не пронајде начин да ја задоволи оваа потреба.

Во периодот на младоста личноста почнува да ја интегрира идентификацијата со родителите, манифестацијата на сексуалниот нагон, новото емотивно збогатување и општествените улоги.

Поголем дел од младите луѓе не успеваат да се развиваат континуирано и да го достигнат оптималниот идентитет во секој момент од развојот.

Тие се развиваат нагло и бурно секогаш во немири и кризи. Потенцијалот на тие кризи е: плодоносен и креативен, придонесува за побрз развој, полесно интелектуално созревање, развивање на способноста за апстрактно мислење, ја збогатува фантазијата, остварува нови

амбиции и афинитети.

Кога младата личност во процесот на формирање на идентитетот ги интегрира различните идентификации до нивото кое е неопходно за да може личноста понатаму хармонично да созрева и успешно да функционира, станува збор за криза или конфузија на идентитетот. Во криза на идентитетот личноста не е во можност да донесува одлуки кои се значајни за неговиот живот: за својата улога во општеството, за значајни вредности, за избор на занимање, за сексуалниот партнер и сл. Кризата на идентитетот им дава можност на младите за понатамошно преземање на иницијатива и ширење на функцијата на Егото.

Младите влегувајќи во светот на возрасните постепено ги преземаат улогите и функциите кои им ги дозволува општеството во кое живеат, нудејќи им познати форми и можности на живеење помеѓу детството и зрелоста.

Првата слабост на идентитетот младите ја манифестираат во моментите кога почнуваат да остваруваат блиски и интимни односи со врсниците и други личности надвор од семејството и емоционални сентиментални врски со хетеросексуални партнери.

Поради стравот од нејасни граници на Егото, таквите млади луѓе ги избегнуваат сите обврски, должности и било какви правила на интерперсоналните односи и однесување. Младите со пореметен идентитет манифестираат и болни пречки во емоционалните врски и сексуалното однесување.

И токму тие конфликти и притисокот на веќе достигнатата зрелост и социјалната средина ги туркаат младите кон конечно обликување на идентитетот.

Според Ериксон, американски психолог за развој кој е најпознат по внесувањето на фразата "криза на идентитетот", развојот на личноста и процесот на формирање на идентитет се одвива низ осум последователни етапи, од кои секоја е од голема важност за формирање на зрела личност. Во секоја од нив доаѓа до развојни кризи, кои се резултат на привремената дисхармонија помеѓу развојните можности на поединецот и барањата од социјалната средина. Развојните кризи во сите стадиуми Ериксон ги толкува како обид за постигнување на чувството на целовитост. Целовитоста која треба да се постигне во стадиумот на пубертет и адолесценција е чувството на внатрешен идентитет. Тоа е чувство на внатрешен континуитет помеѓу она што е младата личност и што треба да биде, помеѓу она што мисли таа дека е и тоа што го забележува дека другите го мислат за неа и го очекуваат од неа.

Процесот на формирање на идентитетот е крупен чекор, кој зависи од начинот на кој личноста ги решила сите претходни развојни задачи и кои се развиваат постепено, низ многу подеми и падови. На адолесцентот му е потребно време за да може да експериментира со различни идентификации, улоги и цели, пробајќи да се најде себеси во некоја од нив. За тоа време адолесцентот се оддалечува од родителите и експериментира со други луѓе и улоги. Во тој период е многу важна социјалната поддршка, бидејќи постепено покрај неа адолесцентот го прави конечниот избор, се определува и постепено ги презема одговорностите кои ги очекува од него општеството.

Во обидот за формирање на чувство на идентитет личноста може да помине низ фаза на избор на негативен идентитет или потполна конфузија на идентитетот. Во тие ситуации конечната одлука се одложува и тоа може да се манифестира со често менување на определувањето и улогите, различни невротични реакции, деликвентно однесување и сл.

Во своите сфаќања за адолесценцијата Ериксон става акцент на барањето на идентитет како главен проблем на целиот период на адолесценција. Исто така, става акцент на свесната борба на адолесцентот да се усогласи со нормите на социјалната средина која треба да му дозволи на адолесцентот да "експериментира" со различни улоги и на тој начин да го забрза формирањето на идентитетот.

Формирањето на идентитетот кај личноста е многу важна компонента од целокупниот развој на личноста, а интеграцијата на личноста ја сочинуваат група на својства на личноста кои се поделени во:

- когнитивни
- емоционални
- социјални
- морални

Идентитетот кој подразбира полов, роднински, професионален, социјален, вредносен, сексуален, национален, религиозен аспект на една личност, својот полн замав го достигнува во периодот на адолесценција во кој што и се формира. Личностите со формиран цврст идентитет се стабилни, постојани, умеат да се радуваат, тагуваат, планираат, другите можат да се потпрат на нив, знаат во секој момент кои се. Тие немаат проблем да одговорат на прашањето "кој сте Вие".

Ѓ.Т.Ќимова
ПВУ „Меѓународен Славјански Институт „Г.Р.Державин„ Св.Николе

МЕЃУКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Културата е општествен феномен, рефлексија на целокупните човекови траги, идеи, искуства, историја...наша сегашност, секојдневие и иднина. Сржна карактеристика на човековиот род како заедница, која го диференцира од животинскиот свет. Културата е целокупен начин на човековото живеење, пренесување и развивање на самите личности и општеството истовремено.

Поимот култура (латински : *colere*, «одгледување, заштита, образование, грижа», cultus, што означува „нега, гаење на нешто„) се однесува на севкупната човековата активност, на материјалните и духовни творби.. Духовната култура најмногу се развивала преку филозофијата, но големо значење има и религијата преку религискиот култ. Со појавувањето на терминот цивилизација во осумнаесеттиот век, понекогаш се јавувал како синоним со поимот култура. Почесто поимот култура кој се однесува на духовните, религиски и уметнички факти кои се вечни, се подредува на поимот цивилизација кој е поврзан со надворешниот свет на човековата егзистенција и напредното ниво на развој на техниката и технологијата, посебно во западниот свет, која има минлив карактер. Ова определување всушност говори за вечната вредност на поимот култура, но и за нејзината специфичност поврзана со одредената цивилизација во која се развива. Оттука произлегуваат *посебностите* на системите на култура на различните народи. За различните приоди и различните периоди во дефинирањето на поимот култура говорат следните определувања.

„Култура или цивилизација е комплексна целина која опфаќа знаења, верувања, уметност, морал, право, обичаи и сите останати способности и навики кои ги стекнал човекот како член на општеството.„(Edward Tylor,1871)[1] „Културата ги опфаќа сите манифестации на општествено однесување на заедницата, реакциите на поединецот под влијание на навиките на групата во која живее и производите на човековата активност одредени со тие навики.„(Franz Boas, 1930)[2]

„Културата е единствена целина која се состои од помагала и потрошен материјал, човечки идеи и занаети, верувања и обичаи. Било да се набљудува како едноставна или пак како сложена и развиена култура, соочени сме со огромна апаратура, дел материјална, дел човечка, а дел духовна, која му овозможува на човекот да се носи со конкретни, одредени проблеми со кои се соочува.„ (Bronislaw Malinowski, 1944)[3]

„Под култура се подразбира збир на сите оние процеси, промени и творби кои настанале како последица на материјалните и духовни интервенции на човековото општество.„[4] (Ilic, M, 1980) „Под поимот култура се подразбира начинот на живот на едно општество или општествена група, како и содржината на нивните севкупни интеракции низ кои се остваруваат нивните основни потреби како што се работа, комуникација, начин на

[1] Forsberg, A. Definitions of culture CCSF Cultural Geography course notes. Retrieved: 2006-06-29

[2] Forsberg, A. Definitions of culture CCSF Cultural Geography course notes. Retrieved: 2006-06-29

[3] Forsberg, A. Definitions of culture CCSF Cultural Geography course notes. Retrieved: 2006-06-29

[4] Ilic, M. (1980). Sociologija kulture i umjetnosti. VI izdanje. Beograd: Narodna knjiga:, стр. 7

исхрана, облекување, семеен живот, забава, религија, уметност, моќ и власт.„[5]

Во поширока смисла под култура се подразбира се што создал човекот со својата активност, севкупноста на начинот на живот на одредена општествена група (јазик, религија, вредности, техника, уметнички дела, обичаи, вредности, морал, митологија, држава), додека во потесна смисла културата подразбира уметничко творештво, кое опфаќа литература, музика, сценски уметности, опера, балет, драма, сликарство, вајарство, архитектура, филм.

Процесот на создавање на културни феномени во себе инкорпорира *однесувања* (внатрешни чувства, ставови, мотиви од кои потекнува изворот на идеата за создавање и надворешни активности за создавање културни творби) и *материјална односно физичка* димензија на феноменот. Сегменти на културата се: *вредностите* (апстрактни идеи, прифатени верувања за правилното и посакувано однесување во рамките на една култура); *нормите* (во основа на нормите се вредностите, кои претставуваат пишани правила на однесување на членовите на општеството кои се во директна врска со наградите или санкциите) ; *обичаите и моралот* (непишани, но прифатени правила на однесување од мнозинството на припадници на една култура).

Посебно значење за к*омуникацијата и однесувањето меѓу припадниците на различни општества* имаат: *ставовите и вредностите кон припадниците на другите општества*-односно доживувањето на другите има големо значење за комуникацијата помеѓу две култури; *ставовите и вредностите кон средината* кои се однесуваат на доживувањето на географското, природното, технолошкото и целокупно надворешно окружување на одредена култура и ставовите и *доживувањата на поединците кон самите себе*, во смисла на нивната индивидуална призма на вреднување на прифатливо или неприфатливо однесување во рамките на една култура.

Во оваа смисла секое општество има свој културен идентитет. „Културен идентитет се однесува на сите оние симболи и нивните значења кои ја одредуваат припадноста на една индивидуа и група кон одредена заедница и кои ги разликувааат од другите народи и нивните култури. Културниот идентитет е облик на колективна и поединечна свест, чувства и однесувања, кои покажуваат припадност кон одредена заедница.„[6] Се разликува објективна компонента (јазик, вера, обичаи, традиции, научна и дискурзивна свест) и субјективно доживување (различно кај секој поединец) на културниот идентитет кој се манифестира низ: секојдневието (храна, облекување, игра, забава, живеење), творештвото (уметност, наука), историско-политичката компонента (религија, власт).

Секое општество има своја посебна *специфична* култура. Таа не е униформна и во различни историски периоди и во различни географски области, човековите креации, системи на норми и вредности се разликувале и се разликуваат едни од други. Особено значење има *комуникацијата меѓу различните култури*. Суштината на целокупното општествено развивање во секоја сфера, произлегува од комуникацијата од било кој вид. *Се проценува дека најзначаен фактор на социјализацијата е токму комуникацијата*. Комуникацијата е основа за сите взаемни меѓучовечки односи. Целокупното општествено живеење егзистира и се развива низ комуникацијата. На кратко ќе ги разгледаме определувањата на поимот комуникација. „Процесот на човечка комуникација, се обидува да изгради заедничка реалност преку социјалната интеракција„[7] „Луѓето комуницираат од мноштво различни причини, со

[5] Avramovic, Z. (2006), Kultura, Beograd: Zavod za udzbenike

[6] Avramovic, Z. (2006), Kultura, Beograd: Zavod za udzbenike, стр.12

[7] Berlogar, J. (1999). Organizacisko komuniciranje. Ljubljana: Gospodarski vesnik, стр.5

намерна или ненамерна цел. Вообичаено комуникацијата е обострана и вклучува најмалку две личности, кои една на друга влијаат, во нееднаква мера. Комуникацијата се случува и тогаш кога не е успешна. Комуникацијата вклучува употреба на симболи.„[8] „Комуникацијата често се определува и како процес на размена или двонасочен проток на информации, мислења, чувства, ставови.„[9].„Комуникацијата е многу повеќе од размена на зборови, мисли и идеи, многу повеќе од едноставно информирање на ученикот или „пренесување знаења„ и испитувања. Комуникацијата е повеќе од давање и примање информации и пораки. Дали ќе биде комуникацијата успешна не зависи од знаците и значењата, кои меѓусебно се разменуваат. Успешноста на меѓусебната комуникација, зависи исто така и од чувствата, ставовите, однесувањата и односите на оние кои меѓусебно комуницираат. „Лицето А внесува во интеракцијата и комуникацијата со лицето Б, многу повеќе од самата содржина на пораката која сака да ја пренесе. Таа се внесува себе како личност.„[10] „Комуникацискиот процес се состои од 4 основни елементи: *испраќач (носител-енкодер) на пораката, , примател (декодер), порака, канали, фидбек (повратна информација) и перцепција.„*[11]

За комуникацијата генерално, големо значење имаат *условите на комуницирање и степенот на интеракциска поврзаност*. Комуникацијата е успешна доколку целта и мислата од страна на испраќачот на информацијата е примена во иста конотација. За тоа да се случи неопходно е *прилагодување на нивото на комуникација кон соговорникот*.

Интеркултурна комуникација се однесува на секој контакт, комуникација, интеракција помеѓу различни култури, со цел да се воспостават врски меѓу нив и меѓусебно разбирање, надградување, збогатување. Секое општество се одлукува со своја посебна култура во зависност од етничките култури кои доминираат. Интерно во една држава во зависност од бројноста на етничките групи постојат повеќе посебни култури. Националниот карактер на културата се огледува како збир на идеи кои еден народ ги има за себе, својот карактер и за својата иднина. Националаната култура се појавува низ мноштво различни облици, секојдневни интеракции на поединците, животни ситуации, исхрана, облекување, начин на живот, материјална и духовна култура, хедонистичка култура, творечка култура.

Преку контактот културите се запознаваат меѓусебе. Стекнуваат слика за една култура, се осознава истата, нејзините традиции, нејзините сегменти и начини на опстојување и развивање. Преку зваемното сознавањето постои можност за намалување на тензиите, стереотипите и конфликтите. Преку взаемната интеракција на културите се навлегува во духот на другата култура и се осознава одвнатре. Тоа е најверодостоен начин да се вреднува некој народ и неговата култура. Она што посебно е битно за една држава во смисла на меѓукултураната комуникација е да биде *демократска*. Најпрво интерно во државата да се *почитуваат* сите етнички групи и нивните култури. Да имаат еднакви шанси во сите сфери на општественот живот, да се негува толеранцијата, дијалог и еднаквоста и почитување на сите групи. Особено е битно државата да биде неутрална кон етничките и сите други културни разлики и целосно да го почитува идентитетот и разликите на и сите свои државјани и на сите други. На тој начин државата негувајќи го духот на интеркултурна комуникација, толеранција, дијалог, зваемно почитување и соработка во едно општество, го пренесува во идентитетот на секоја индивидуа која ќе го живее и ќе го развива истиот.

---

[8] Reardon, K.(1998), Interpersonalna komunikacija, Zagreb:Alinea, Стр:13-14

[9] http://www.amazon.com/Pedagoska-komunikologija

[10] Rubin i McIntyre според Bratanic, M. Paradoks odgoja, Zagreb: Hrvatska Sveucilisna naklada, str.74

[11] Bojanovic, R. (2009). Psihologija megjujludskih odnosa. Beograd: Centar za primenjenu psihologiju, str.188

Современото општество се карактеризира со научно-технолошки, информатички и глобалистички карактер. Зголемен е порастот на улогата на знаењата и информациите, економскиот раст, автоматизацијата, вертикална мобилност поврзана за стручното усовршување, јакнење на меѓународните политички и економски организации, поголемо отворање на националните култури, ширење на глобални обрасци, норми, начини и стил на живот. За зголемување на виталноста на современата култура потребно е афирмирање на културниот идентитет, ширење на партиципацијата во културата, постоење на културен дијалог и соработка меѓу културите, истакнување на културната димензија на развојот. Глобализацијата настојува да ја зголеми взаемната поврзаност на народите и настојува светот да го гледа како единствен систем. Современото општество става нагласок на технолошкиот, информатичко-комуникацискиот развиток и бара поинаква концепција за себе и „себеприспособување„ кон брзите промени.

После периодот на културна изолација на земјите, современиот општествен амбиент дава можност за поголеми *интернационални културни поврзувања*. Кога се говори за интеграциите во доментот на културата не може да се говори за некое универзално поврзување на земјите од Југоисточна Европа со сите европски земји. Различни општества имаат специфични културни традиции и настани. Комплексниот процес на културно поврзување, ги има во предвид културните промени кои се случуваат во поедини конкретни општества. Постојат две тенденции на поврзување на културите, едната го конституира односот кон создавање и функионирање на глобална култура, а другата тенденција односот кон нагласувањето на културниот партикултурализам на одредени посебни култури.

Особено значење за културното поврзување меѓу државите има односот кон симболичкиот поредок, културно искуство и промените на постарите историски општества. Креирањето на културниот развој и стратешкиот интерес на Европа во новиот милениум се засноваат на утврдување на *заеднички именители* кога се во прашање законодавството, целите и плановите на развојот. Стратешкиот интерес на државите е засновање на културна политика на земјите на неколку клучни принципи, како што се: п ромоција на културниот идентитет, културната различност, креативноста и активното учествување на поголемиот дел од популацијата во културните случувања, со единствена цел-конституирање на културен развој заснован на интеркултурни односи.

Литература:

1. Avramovic, Z, (2006). Kultura. Beograd: Zavod za udzbenike
2. Bojanovic, R. (2009). Psihologija megjujludskih odnosa. Beograd: Centar za primenjenu psihologiju.
3. Bratanic, M. (2002). Paradoks odgoja, Zagreb: Hrvatska Sveucilisna naklada
4. Berlogar, J. (1999). Organizacisko komuniciranje. Ljubljana: Gospodarski vesnik.
5. Ilic, M. (1980). Sociologija kulture i umjetnosti. VI izdanje Beograd: Narodna knjiga
6. Novosel, P. (1991.) Komuniciranje. U: Kolesarić, V; Krizmanić, M i Petz, B: Uvod u psihologiju. Zagreb: Grafički zavod.
7. Reardon, K.K. (1998). Interpersonalna komunikacija, Zagreb: Alinea
8. Rubin, R. B., Rubin, A. M., & Piele, L. J. (1999). Communication research: Strategies and sources. Belmont, CA: Wadsworth.
9. Schramm, Wilbur. (1963). Communication research in the United states. V The science of human communication , 1–16. Boston: Basic Books
10. Schröer, N. (2009). Interkulturelle Kommunikation. Есен: Einführung. Oldib, ISBN 978-3-

939556-10-7 .
11. Bottom of Form
12. Forsberg, A. Definitions of culture CCSF Cultural Geography course notes. Retrieved: 2006-06-29
13. http://www.scribd.com/doc/61589301/99/INTERPERSONALNA-KOMUNIKACIJA

Вангелица Гаврилова
ПВУ Меѓународен Славјански Институт "Г.Р. Державин" Свети Николе, Р. Македонија

КОМУНИКАЦИЈАТА КАКО АЛКА ВО ДУХОВНОТО ОБЕДИНУВАЊЕ ПОМЕЃУ РАЗЛИЧНИ КУЛТУРИ

Постојани се настојувањата на човекот како општествено битие да се прилагоди кон воспоставените норми и правила на однесување поставени од општествената група на која и припаѓа. Токму затоа, припадниците на различни култури се разликуваат според основните компоненти на културата: верувањата, вредностите, јазикот, но и социјалната контрола. *Културата како специфичен духовен производ* и како најголем информатор на националните вредности на една држава, неопходно наметнува политиката во неа да ја водат луѓе кои имаат чувство и образование за бавење со таа дејност. На тој начин институциите и државата најдобро ќе ја остварат својата културна политика.

Секое објаснување на поимот култура, колку и да е концизно и содржинско, не може целосно да ја одрази суштината на културата. Впрочем, таа претставува и одраз на лично сфаќање и однесување. Таа не е само знаење, туку и чувство, навика, инстинкт, не е само дух и материја, туку истовремено и дух и материја, а во тоа е и нејзината убавина.

Секоја заедница презема мерки за формирање соодветни облици на поведение. Меѓу останатите, тоа се одредени знаења и вештини со цел – физичко одржување на луѓето; јачина и говор заради взаемна комуникација; ставови и мислења заради заедничка ориентација; вредности заради остварување на одредени цели; одредени форми за изразување на чувствата заради регулирање на начинот на разбирање и комуникација помеѓу поединецот, групите и воопшто народите; одредени начини на морално поведение заради контрола на непожелни и општествено штетни отстапувања и постапки.

Присутни се видни разлики во поведението на луѓето кои се припадници на различни заедници и култури. Антрополозите со бројни одговори и објаснувања за овие разлики наоѓаат дека причината е во тоа што различни култури си поставуваат различни барања за поведение. Основен извор на социјализацијата е културата на заедницата во која личноста припаѓа, односно субкултурата во која освен личноста вклучена е и нејзината средина. *Духовноста, општеството и комуникацијата непрекинато се условуваат и воспоставуваат взаемност.* Општеството во таа смисла треба да отвори адекватна комуникација и со себе и со другите зошто тоа е основната причина за цивилизиран напредок.

Во денешни услови, човековата заедница ќе се третира како застарена доколку не е поврзана со модерните комуникациски процеси. Бесконфликтниот начин на живот е еден од типичните облици на пасивно егзистирање на идеализирано општество. Таму каде што нема независно мислење, судири во размислувањата, каде што не се бараат начини за целосно човеково разбирање, нема изгледи да се преобликува она што во општеството останало статично и конзервативно. *Креативниот судир е еден од предизвикувачите на промени и пораст на вредностите кои ќе не избаваат од опасноста од осиромашување на прогресот.* Ова особено треба да го почитуваме доколку сакаме успешна меѓукултурна соработка.

Во прилог на ова, особен акцент треба да се стави на комуникацијата. Доколку се случи добро да не се процени ситуационата комуникација може да се погреши во изборот на зборовите кои се употребуваат. За да се надмине овој проблем, секогаш кога со сигурност

не може да се процени што сакал соговорникот да каже, релевантно е да се сигнализира. Постојат луѓе од различни култури кои не сакаат да признаат дека не разбрале ништо, стравувајќи дека ќе им се припише незнаење или ќе бидат помалку вредни во очите на другите. Никој не е совршен и воопшто не е страшно доколку некои работи не се знаат. Не е срамно да се праша, многу е полошо да се прикрива сопственото незнаење зад некаква лажна компетенција. Ако веќе дошло до грешка заради несоодветна комуникација, не треба да се прикрива, а уште помалку да му се припишува на друг. *Отворената комуникација е услов за ефективна соработка меѓу народите.*

Ефективната комуникација се остварува и доколку се користи замолување како начин за постигнување некои барања. Потребно е почитување на правилност на комуницирање, на дистанца со примена на културен и љубезен тон, но во никој случај не смее да биде пренагласен. Пренагласената љубезност делува грубо, нереално, полтронски и има спротивни ефекти. *Приоритетно е во комуникацијата да постои почитување на личноста од спротивната страна.* Начинот на кој луѓето гледаат на нештата, нивните ментални модели, го определуваат нивниот однос кон комуницирањето. Мора да се разбере дека секој човек има свои индивидуални карактеристики кои во голем дел влијаат на начинот на кој тој човек комуницира. Комуницирањето не е нешто што е дадено еднаш засекогаш, напротив тоа е процес на постојано менување и усовршување, а луѓето кои ги разбираат комуникациските фактори можат соодветно да одговорат во разни ситуации.

Важен сегмент во меѓукултурната комуникација е и јазикот. "Да го сочува некој својот народен јазик и да го брани како светост, значи да остане верен во духот на своите предци и да го уважува она што тие го имаат сторено за своето потомство" (Мисирков, К.П. 1874-1926) (The Macedonian matters).

Веродостоен показател за меѓукултурната комуникација помеѓу славјанските народи е и соработката на К.П. Мисирков со Петар Лавров. Тој ја жртвува својата универзитетска кариера, го напушта Петроград и добива служба во Битолската гимназија. Во Битола се сретнува со рускиот конзул Ростовски, кој заради заштита на народот им станал "трн во око" на турските власти кои му инсценирале убиство, а Мисирков морал повторно да се врати во Русија.

Во историјата на секој народ постојат настани кои претставуваат пресвртница во нивното опстојување и национална судбина. Кога станува збор за македонскиот народ, сигурно е дека секој ќе посочи неколку такви настани, но ниту еден нема да го одбегне вистинскиот меѓник – излегувањето од печат на Зборникот од браќата Миладиновци (Димитар и Константин) во 1861 година во Загреб. Претходните години Константин Миладинов ги поминал во Москва. Покрај студиите тоа биле и години на интензивна потрага за помош од славјанските браќа Русите. Иако не ја добил помошта за Зборникот, не ја изгубил вербата во нив туку верувал дека неуспехот на неговата мисија се должи на несозреаните времиња за таа работа.

Во контекст на наведеното неминовно е да се спомне и Илинденското востание како најзначаен и најсветол обид за остварување на преродбенските идеи за национално и духовно ослободување на Македонија и македонскиот народ што е и причина за честа тема на комуникација на повеќе современи мислители кога го свртуваат својот поглед кон историското минато. Многумина од нив често се навраќаат и во своето творештво на овој наш величествен историски настан што е и наша трагедија, но и наша гордост. Бројни се песните, поемите, расказите и романите во кои се доловени разни моменти и личности поврзани за тој незаборавен подвиг на наши херои.

Времето било и минало, тоа е процес, неминовност колку и да наликува на бесмисла и апсурдност, а душата е таа која останува да зрачи со напишаното. Во една пригода Иво

Андриќ вели: "Смртта ги брише само несварните величини, а вистинските ги воздигнува и зацврстува".

Човекот може да биде подзаборавен, неговиот живот да се омаловажи и да се отфрли, но кога ќе ја остави својата творечка идентификација, неговото дело останува како вредност во трајно сеќавање. Духовното проектирано преку комуникацијата е она што вистински постои, што обединува личности, култури, времиња, она што останува со нас, но продолжува и после нас.

Литература:

1. Гриневич, Г.С. (1993), Православјанская писменост, Энциклопедия русской мысли, Москва
2. Манев, М. (2007), Културологија, МСИ "Г.Р. Державин", Свети Николе
3. Мисирков, К.П., (2003), За Македонцките работи, Табернакул, Скопје
4. Петковски, К., (2006), Деловна комуникација, ИРИС, Струга
5. Рејмонд, В., (1996), Култура, Култура, Скопје
6. Смит, А., (1998), Национални идентитет, Београд
7. Campodonico., P. S., (2011) Culturology: Using Organizational Culture for Strategic Growth, Kindle Edition

Катица Стоименовска
Меѓународен Славјански Институт – Г. Р. Державин, Св. Николе

ВРЕМЕНСКА ПЕРСПЕКТИВА И ПСИХОСОЦИЈАЛНИ СТАТУСИ НА ИДЕНТИТЕТ. ТЕОРЕТСКА РАМКА

Абстракт: Оваа статија претставува излагање на теоретска рамка која ги обединува психосоцијалните статуси на идентитет и временската перспектива.

Целите и намерите кон кои се стреми се: да ги истакне функцииите на идентитетот и временската перспектива, статусите во коишто тие можат да бидат распределени, и да понуди теоретска рамка која ги поврзува овие конструкти. Аналогно на статусните парадигми на психосоцијалниот идентитет и временската перспектива, користам две од нивните заеднички променливи - степен на истражувачко однесување – активност и продуктивност за да проверам дали овие променливи ги обединуваат статусите на психосоцијален идентитет и временската перспектива во статусна парадигма, и уште повеќе нивното значење за кунсултирањето при надминување на кризата на идентитетот и одржувањето на благопријатен психосоцијален развој.

Клучни зборови: Идентитет, перспектива, психосоцијален идентитет, временска перспектива, психосоцијални статуси на идентитет, развој.

Abstract: This article discusses theoretical framework that unifies psychosocial identity status and time perspective.

Aims and purposes towards which it strives are to highlight the functions of identity and time perspective, statuses in which they can be appointed, and offer a theoretical framework linking these constructs. Analogically to statuses paradigm of identity and time perspective I use two of their shared variables – degree of research behavior – activity and productivity to explore whether this variables unite identity statuses and time zones in status paradigms, and further more their importance in consulting for overcoming identity crises and maintaining of opportune psychosocial development.

Key words: Identity, perspective, psychosocial identity, time perspective, psychosocial identity statuses, development.

Вовед

Оваа статија ги разгледува психосоцијалните статуси и временската перспектива. Има за цел да ја опише важноста на успехот да се изгради идентитет, врската со временската перспектива и можноста за консултации во период на криза на идентитетот.

Започнувајќи од епигенетичната теорија на Ерик Ериксон (Erik Erikson) и нејзината подоцнежна проширена верзија од Маршија и Адамс (J.E. Marcia and G. R. Adams) ги проследувам дефинициите на психосоцијалниот идентитет, неговите функции, статуси и криза на идентитетот. Со цел да дадам дефиниција за временската перспектива, нејзините функции и статуси ја користам теоријата за временската зона на Филип Зимбардо (Philip Zimbardo).

Целите и намерите на кои се обидувам да одговорам овде се: прво ги истакнувам

функциите на идентитетот и временската перспектива; второ ги истакнувам статусите во кои можат да бидат распределени, и трето аналогно на статусните парадигми на идентитетот и временската перспектива користам две од нивните заеднички променливи - степен на истражувачко однесување – активност и продуктивност за да проверам дали овие променливи ги обединуваат статусите на идентитет и временската перспектива во статусна парадигма, и уште повеќе нивната важност/значење за кунсултирањето при надминување на кризата на идентитетот и одржувањето на благопријатен психосоцијален развој.

Во зависност од изходот при постигнувањето на идентитет и од временската перспектива, личноста го формира своето однесување, одлуки, активност. Истражувањата покажуваат дека идентиттот и временската перспектива се поврзуваат со локусот на контрола, сознанието за собственото јас, самосвесноста, перцепцијата за самиот себе, решавањето на личните проблеми и донесувањето на одлуки, социјалната посакуваност, социјалната сатисфакција и брн-аутот.

Идентитетот и временската перспектива се сметаат како развојни задачи кои се постигнуваат во детството. Но промените во идентитетот и временската перспектива се многу далеку од тоа дека остануваат само во детството, бидејќи тие во голема мера се поврзани со социјалниот контекст. И индивидуалниот и социјалниот контест се менуваат и според тоа промените во личната себедетерминација се неизбежни. Овие промени можат да доведат до криза на идентитетот која верувам може да биде лесно надмината со балансирана временска перспектива и активност.

Во контекст со втората задача да се истакнат статусите на психосоцијалниот идентитет и временската перспектива ги користам статусите опишани и мерени со Проширената Верзија на Објективно Мерење на его Идентитетот од Адамс (Extended Version of Objective Measure of Ego Identity Statuses (EOMEIS), by Gerald R. Adams), и методиката на Зимбардо за Временската Перспектива (Zimbardo Time Perspective Inventory (ZTPI) by Philip Zimbardo).

Според третата задача, теоретската агенда ја следи следната логика: статусите на психоцоцијален идентитет со висока активност и продуктивност (изграден и мораториум) се очекува да корелираат со временските зони (сегашно хедонистично и насочено кон иднината), додека статусите со ниска активност и продуктивност (предрешена и дифузија) се очекува да корелираат со временските зони насочени кон минатото (минато негативно, минато позитивно и статусот сегашно фаталистично).

Представената теоретска рамка нема претенции за исцрпност, но е обид за креирање на теоретска рамка за проучување на психосоцијалниот развој со акцент на активноста при изборот и продуктивноста. Емпириското истражување ќе ја потврди или отфрли можноста од такво прилагање.

Функции на идентитетот и функции на временската перспектива

Психосоцијалниот идентитет се однесува многубројни прашања како упорност, конзистентност, промени, време, и истоветност. Тој е посебност на индивидуата и се занимава со постојаноста на дадена единка. На него се гледа како структура која треба да ја зачува својата претходна верзија низ времето, како на склоп од индивидуалните карактеристики кои произлегуваат од личноста која е призната и позната како посебно лице.

Ерик Ериксон оделува посебно внимание на идентитетот во својата епигенетичната теорија. Во неа тој го опишува психосоцијалниот развој на индивидуата низ осум развојни фази низ кои секој здрав човек треба да помине од детството до крајот на зрелоста. Сите фази се придружени со соодветна за тоа време криза, и во секоја од нив лицето се соочува и справува со нови предизвици. Успешното или неуспешното завршување и решавање на

кризите од претходните фази влијае врз наредните и може да се очекува да се појавува како проблеми во иднина.

Ериксон идентитетот најобшто го дефинира како представата која човек ја има за себе си, додека кризата ја дефинира како нормативна животна случка со значење на необходна пресвртна точка, критичен момент, кога развојот мора да продолжи на еден или друг начин, преуредувајќи ги ресурсите за растење, возобновување и идна диференцерација.

За изградување на идентитетот според Ериксон се важни три услови – првиот е дека индивидуата треба да се доживува како една и иста во различни времиња, вториот услов или барање е социјалната средина да ја признава и препознава индивидуата како идентична во различни стадиуми и времиња, и трет услов за формирање на идентитетот на младиот човек е зголемувањето или акумулацијата на довербата во соодветноста на сопствената перцепција со перцепцијата на другите луѓе за себе. Таа сооодветност треба да се проверува долго и детално пред индивидуата да стане сигурна, дека помеѓу собствената перцепција за самата себе и социјалната перцепција постои совпаѓање. Друг не помалку важен услов за формирање на идентитетот е индивидуата да се справи успешно со кризите од минатите периоди.

Факторите кои влијаат на овие услови и формирањето на идентитетот се културните фактори, обществото, кризите, искуствата од раното детство, социјалните услови, сензитивните моменти во развојот.

Функциите кои психосоцијалниот идентитет ги има се: да обезбеди структура за разбирање кој сум јас; да обезбеди значење и насока преку обврзување, вредности и цели; да обезбеди чуство на персонална контрола и слободна волја; стремеж кон постојанство, кохезија и хармонија помеѓу вредностите, верувањата и посветеноста, и последната функција е овозможувањето на препознавање на потенцијалот преку чувство на иднина и можности за алтернативни избори.

Моделот за временската перспектива лежи во гледиштето на Левин (Lewin, 1951) дека животното пространство на личноста не се сведува само на сегашната ситуација, а ги вклучува минатото, иднината и сегашноста. Таа е севкупност од индивидуални гледни точки на индивидуата за нејзината психолошка иднина и психолошко минато кои постојат во дадено време.

Временската перспектива е когнитивнен, индивидуален поглед поврзан со психолошкиот концепт на минатото, сегашноста и иднината, кои влијаат на донесувањето на одлуки, сегашните дејствија, емоции, когниција а исто така на идните асппирациии.

Временската орентација е релативно доминирана од минатото, сегашноста или иднината во мислите на човекот. Таа е когнитивна операција која подразбира и емоционалната реакција на имагинарнаата временска зона (како иднина, сегашност или минато) и префирирање за локација на дејствијата во некоја временска зона.

Кога донесуваме одлука ние се орентираме (или водиме) според нашето минато, нашето знаење за иднината или искуствата во сегашноста.

Временската перспектива е важен психолошки феномен опишан од K. Harber, P. Zimardo and J. Boyd како "процес со кој индивидуите автоматски учествуваат во текот на нивните персонални искуства во психолошки временските рамки на иднината, сегашноста и минатото. (Harber et al., 2003, 256 p.). Истражувањата покажуваат, дека временската перспектива е поврзана со прашања од околината, ризично возење, злоупотреба со субстанции и т.н. (Zimardo and J. Boyd). Меѓутоа, сеуште постои недостаток на истражувања кои ќе ја поврзат временската перспектива со други психолошки варијабли, како на пример психосоцијалните статуси на идентитет.

Статуси на идентитет и статуси на временска перспектива

Статуси на психосоцијален идентитет

Според Ериксон при градењето на идентитетот се можни две решенија - *изграден идентитет* и *дифузија на идентитетот*. Земајќи ги во предвид *содржината* и *изградувањето* на идентитетот, Маршија ги биполаризира овие решенија со димензиите *самоопределеност* спроти *несамоопределеност* и *висока* спроти *ниска активност* во изборот.

Едната димензија ја опишува *содржината на идентитетот* - самоопределеност спроти несамоопределеност, а другата ги одразува карактеристиките на барањето и изборот на значајни алтернативи. Барањето на алтернативи се изразува во однесување, насочено кон обмислување на собствените можности и проблематизирање на креитериумите и стандардите на обществото. (Marcia, 1966)

На таа база Маршија зборува за четири статуси на идентитет:

- *Изграден идентитет*, (висока самоопределеност и висока активност при изборот);
- *Предрешен идентитет* (висок степен на лична самоопределба и низок степен на активност при изборот);
- *Мораториум или криза на идентитетот* (недоволно силна и јасна самоопределеност и висока степен на активност при изборот) и
- *Дифузија* (низок степен на лична самоопределеност и низок степен на активност во изборот).

Ако ги разгледуваме овие статуси во смисла успешен развој на градење на психосоцијален идентитет тогаш би можеле да ги подредиме на следниот начин: дифузија – предрешен идентитет – мораториум – изграден.

Промената на статусите може да биде провоцирана од различни - како внатрешни така и надворешни фактори. Во такви случаи, во случаи на криза на идентитетот, преобмислување на животните алтернативи и преоценка, регресот може да доведе и до поминување во понизок поставен статус, при што индивидот може да се задржи во секој статус неопределено долг временски период. (Adams et al., 1989)

Овие четири статуси можат да се обединат во две категории спрема разгледаните поларности: по степен на *самоопределеност* – на определени (предрешена и изградена) и неопределени (мораториум и дифузија) и по степена на *активност при изборот* на *активни* (изграден аи мораториум) и *пасивни* (дифузија и предрешена).

Статуси на временска перспектива

Филип Зимбардо оределува пет временски перспективи, кои можеме да ги распределиме според доминацијата на минатото, сегашноста и иднината. Така тој определува *два аспекта на минатото*:

- *Минато позитивно (Past positive)* – временска перспектива во која преовладуваат позитивни мисли за минатото, овде фокусот е на „старите добри денови", минати успеси, носталгија, и слично.
- *Минато негативно (Past negative)* - временска перспектива во која на минатото се гледа како на непријатно и аверзивно, овде фокусот е на жалење, неуспех, за сите работи кои тргнале погрешно.

Два аспекта на сегашното:

- *Сегашно хедонистичко (Present hedonistic)* - временска перспектива во која сегашноста е перципирана на хедонистички начин, како полна со задоволства,

уживање во моментот без каење за последиците на тоа однесување. Живеење во моментот за задоволство и избегнување болка, барање на нешто ново, необично, непознато чуство.

- *Сегашно фатално (Present fatalism)* - луѓето со оваа временска орентација силно веруваат во судбина, имаат резервиран однос кон сегашноста за која веруваат дека неможе да биде променета и дека тие неможат да влијаат ниту на сегашните ниту на идните случувања. Животот е управуван од надворешни сили, „не се исплаќа да планираш".

Еден аспект на иднината:

- *Иднина (Future)* – оваа временска перспектива се карактеризира со имањето на цели и правењето на планови за иднината, и однесувајќи се како тоа да ги зголемува шансите за остварување на тие планови и реализација на тие цели. Овде фокусот е поскоро да учиш да работиш отколку да си играш.

Теоретска рамка

Во обид за експлорација на повразаноста помеѓу временската перспектива и психосоцијалниот идентитет ја предлагам следната теоретска рамка која за основа ги зема двете заеднички променливи на психосоцијалниот идентитет и временската перспектива - степен на истражувачко однесување – *активност* и *продуктивност* за да провериме дали овие променливи ги обединуваат статусите на идентитет и временската перспектива во статусна парадигма, и уште повеќе нивното значење при кунсултирањето при надминување на кризата на идентитетот и одржувањето на благопријатен психосоцијален развој.

Теоретската агенда ја следи следната логика: Статусите на идентитет со висока активност и продуктивност (постигнат и мораториум) се очекува да корелираат со временските зони (сегашно хедонистично и насочено кон иднината), додека статусите со ниска активност и продуктивност (предрешена и дифузија) се очекува да корелираат со временските зони насочени кон минатото (минато негативно, минато позитивно и статусот сегашно фаталистично).



Висока активност и продуктивност:
ИДЕНТИТЕТ - изграден и мораториум
ВРЕМЕНСКА ПЕРСПЕКТИВА - сегашно хедонистично и насочено кон иднината



Ниска активност и продуктивност:
ИДЕНТИТЕТ - предрешен и дифузија
ВРЕМЕНСКА ПЕРСПЕКТИВА - минато негативно, минато позитивно и сегашно фаталистично.

Заклучок

Сметам дека актуелноста на идентитетот, кој Ериксон го објаснува како една од придобивките во животниот циклус, произлегува од неговата поврзаност и донекаде од неговата обусловеност од културните влијанија и социјалните услови во обществото во кое живееме. Тие услови рефлектираат врз развојот на индивудуите и изградувањето на идентитетот. Истражувајќи го, може да се утврдат позитивните и негативните влијанија на социјалните промени врз развојот на индивидуата, од друга страна пак идентитетот

дава информација за тоа колку личноста ги има изградено своите погледи и ставови, цели, професионална реализација, меѓуличносни односи. Неговата експлорација може да се открие каде точно, во која сфера индивидуата се наоѓа во тешкотија и овозможува целенасочено изготвување на профилактични програми.

Од друга страна имено временската перспектива е таа која ги одразува културните карактеристики и социјанлните услови во кои живееме. Нашата временска перспектива – независно дали ние е заглавена во минатото, живееме само за моментот, или е поробена од нашите амбиции за иднината – може да предвиди се од образованието и кариерата до општото здравје и среќа. Истражувањата покажуваат дека временската перспектива, е дотолку дефинирачка како и личните карактеристики како оптимизам и социјабилност, таа влијае на многу од нашите судови, одлуки, и акции.

Идеалистично, ние можеме да научиме да го менуваме нашето внимание лесно помеѓу минатото, сегашноста и иднината, и свесно да ги адаптираме нашите одлуки за секоја дадена ситуација во која ќе се најдеме, Учењето да ги менуваме временските перспективи ни дозволува целосно да земеме учество во се што правиме, без разлика дали е релаксирачка активност или премислување за долгорочни настани.

Виталната мисла е дека бидејќи временската перспектива е несознателна и навикнат начин на гледање на работите, потребен е определен труд за да се подобри нашата корист од неа.

Представената теоретска рамка нема претенции за исцрпност, но е обид за креирање на теоретска рамка за проучување на поврзаноста на психосоцијалниот идентитет и временската перспектива со акцент на активноста при изборот и продуктивноста. Акцентот го ставам токму на овие две заеднички променливи, бидејќи сметам дека би се покажале како адекватна и неопходна појдовна точка при справувањето со предизвиците на психосоцијалниот развој. Емпириското истражување ќе ја потврди или отфрли можноста од такво прилагање.

Користена литература

1. Adams, G. R., & Fitch, S. A. (1982). Ego stage and identity status development: A cross-sequential analysis.Journal of Personality and Social psychology, 43, 574-583.
2. Adams, G. R., Abraham, K. G., & Markstrom, C. A. (1987). The relationships between identity development and self-consciousness during middle and late adolescence. Developmental Psychology, 19, 292-297.
3. Boyd, J.N., & Zimbardo, P.G. (2005). Time Perspective, Health, and Risk Taking, in A. Strathman and J. Joireman (eds) Understanding Behavior in the Context of Time: Theory, Resea rch,andApplication,pp.85-107.
4. Erikson, E. H. (1956). The program of ego identity. Journal of the American Psychoanalytic Association, 4, 56-121.
5. Erikson, E. H. (1968). Identity: Youth and Crisis. New York: Norton.
6. (Hartmaann, H.: Ego psychology and the problem of adaptation, New York, International Universities Press, 1958)
7. James W, "The principles of Psychology" NY. 1950
8. Kindal S., D. Scoll The Relationship of Individual Time Perspective and Recreation Experience Preferences Journal of leisure research vol.39 № 1 2007
9. Lewin K. Field theory in the social senses: selected theoretical papers NY, 1951
10. Strathman A., Jojreman J. Understanding behavior in context of time 2005

11. Markstrom-Adams, C., Ascione, F. R., Braegger, D., & Adams, G. R. (1993). Promotion of ego-identitydevelopment: Can short-term intervention facilitate growth? Journal of Adolescence, 16, 217-224.
12. Marcia, J. E. (1980). Identity in adolescence. In J. Adelson (Ed.), Handbook of adolescent psychology. New York: Wiley.
13. Marcia, J. E. (1966). Development and validation of ego-identity status. Journal of Personality and Social Psychology, 3(5),
14. Zimbardo Ph., and Boyd J. "Putting Time in perspective: A Valid, Reliable Individual-Differences Metric. Journal of personality and social psychology vol.77 №6 1999

М. К. Димовска

САМОДОВЕРБАТА И ИДЕНТИТЕТОТ НА ЛИЧНОСТА

Вовед

Во природата се е хармонично бидејќи се функционира спонтано и автентично. Но, човекот за разлика од се друго, иако е природно суштество, излегува од оваа хармоничност и ја нарушува природата бидејќи не се прифаќа таков каков што е. Најчесто човек се води по нереалистични и наметнати очекувања. На тој начин тој изградува «втора природа» и наместо да се реализира во она што е најдобар тој се труди да биде нешто што не е. Тоа е извор на незадоволство и води до мали успеси со големи напори или пак до успеси во работи во кои не уживаме. Кога работиме нешто заради тоа што «така треба» најголемиот дел од времето го поминуваме во активности во кои не се чувствуваме удобно и ја губиме довербата во себе.

Често ние упорно настојуваме да се промениме, да бидеме «подобри», но парадоксално, промената не доаѓа кога настојуваме да бидеме она што не сме туку тогаш кога ќе се прифатиме себеси онакви какви сме. Каков хаос во природата би настанал кога желката би посакала да лета како орел , орелот да има крзно како мечка, итн(Ф. Перлс). Но, само човекот е тој на планетава кој фантазира да постигнува наметнати и самонаметнати невозможни работи притоа губејќи ја автентичноста, самодовербата и својот идентитет. Дали е можно да стигнеме до својата природа односно идентитет ослободувајќи се од вештачките цели и амбиции?

Одејќи по патот на наметнатите вредности и цели ние почнуваме да си наметнуваме една слика на себеси дека не вредиме ако не сме постигнале нешто што сме го замислиле или ако не задоволуваме одредени стандарди. Почнуваме да се критикуваме, напаѓаме, да не се сакаме. Неизбежно е при воспитувањето родителите да ни поставуваат разни забрани и стандарди. Најчесто тие не се проследени со адекватни објаснувања дека нивната функција е да не заштитат од различните опасности. А токму тоа е позитивната страна на социјализацијата. Негативната страна е што се губи добар дел од спонтаноста на детето која после ни фали кога сме возрасни. Дали е можно повторно да си повратиме дел од таа детска спонтаност и да се сакаме односно прифатиме себеси повторно?

Целиот живот е всушност еден процес на психофизички развој во кој единката ќе успее да реализира еден задоволувачки животен стил за себе и корисен за околината. Колку личноста е позрела толку односот кон себе е пореалистичен, позитивен и прифаќачки, - што е всушност доверба во себе и во својот идентитет , т.е. самодоверба. Самодовербата е емоционална компонента и се однесува на чувството кое човек го има во врска со себе и сопствената вредност. Од тоа колку и како се вреднуваме себеси во голема мера ќе зависи и колку и како ќе функционираме во сите сфери на живеењето. Гледано од овој аспект, самодовербата одредува колку личноста ќе го реализира својот потенцијал. Со тоа пак, ќе си овозможи посреќен и поисполнет живот за себе, а така ќе биде и покорисна за заедницата.

Дефинирање на основните поими

Идентитетот е тешко разбирлив феномен чие постоење го доживуваме, но не сме во состојба јасно да го изразиме со зборови. Тоа е јадрото на нашата личност кое и овозможува на личноста да се доживее себе си како посебна и независна индивидуа, свесна за себе во континуитет. Идентитетот овозможува да ги доживееме другите луѓе и да формираме свој

однос кон нив. Ни пружа чувства на внатрешна целовитост и единство, самоприфаќање и самосвесност. Формирањето на идентитетот е процес кој започнува со раѓањето и постојано се збогатува и развива. Развојот минува низ одредени процеси кои имаат свои законитости кои се универзални за сите луѓе, познати како развојни фази или циклуси. Нивната појава, траење и карактеристики го детерминираат психофизичкото созревање и развојот на идентитетот.

Првиот циклус е период кога детето се учи на љубов и ја опфаќа првата година од животот. Кризата во развојот ја означува можноста за стекнување темелна доверба, односно темелна недоверба во себе си и во односот со средината. Клучно влијание има мајката која е доминантна фигура во оваа возраст, а доминира развојот на емоциите. Задача на циклусот е воспоставување на цврсти емоционални врски со мајката, како би се стекнало базично чувство на сигурност. Тоа е предуслов за развој на здрава личност со развиена доверба во себе, во другите и во светот во целост. Пропустите во овој период имаат тешки последици врз емоционалниот развој на личноста.

Втор циклус е период кога детето го открива светот - рано детство од 2 до 6 години. Тоа е период во кој со голема брзина се совладуваат неверојатно голем број на вештини и знаења со кои детето се трансформира од беспомошно битие во мал човек. Задачата на родителите е да им дозволат активност и независност, како би се изградиле во самостални и иницијативни личности. Презаштитнички и ограничувачки однос може да има трајни последици и да доведе до несигурност, повлеченост и ниска самодоверба во покасната возраст.

Трет циклус е период на формирање на идентитетот, период на адолесценција и трае од 12 до 18 години. Ова е период на драматична психофизичка трансформација во кое детето се развива во возрасна личност. Доминантна улога има личното јас, а се рефлектира низ бунтовност, отпор кон авторитети и тенденција за самосталност. Задача на овој циклус е развој на личниот идентитет, независност, самосталност и преземање на одговорност за своите постапки. Младите луѓе се се изложени на масовни удари на идентитетот: се деформира љубопитноста, почитувањето на хуманите вредности, храброст, блискост, почитување, послушност. Овие вредности се отфрлаат зошто се мешаат со покорност, манипулативност, несамосталност. Широко распространета појава меѓу младите во современиот начин на живеење е т.н. глад за сензации или сетилна глад. Тоа е потрага за нови сетилни искуства, копнеж кон ризични и необични социјални и физички доживувања. Оваа карактеристика е девијација во изградбата на идентитетот. Треба да се разликува оваа глад од здравата љубопитност која содржи одговорност и нема вознемирувачко бегство од самиот себе си во светот на интензивни стимулуси. Друг сериозен знак на пореметување на идентитетот е чувството на празнина или досада. Чувството на празнина се разликува од осамеоста која е копнеж кон некој или нешто недостапно или изгубено. Внатрешниот свет иако тажен, исполнет е со слики и живи емоции. Празнина со отсуство на копнеж е длабоко вознемирувачко и дехуманизирачко искуство. Во формирањето на идентитетот во адолесцентниот период од клучна важност е самоспознавањето и самодовербата .

Самодовербата е психолошки концепт кој не може да се разгледува како изолирана состојба од целокупната личност. Во текот на цел живот личноста се развива и расте во процесот на созревање. Тоа е процес во кој човек ја гради сопствената потпора и преминува постепено од барањеподдршка од околината за опстанок и развој до изградаба на потпора во себе. Така личноста може да врви низ животот потпирајќи се на сопствените вештини, способности, таленти воедно креирајќи го светот околу себе и себеси. Самодовербата се разгледува како емоционална компетенција на емоционалната интелигенција според.Според Д.Големан таа е компетенција која е поврзана со успехот во сите животни сфери: емоционална, социјална,

професионална и психофизичка.

Развој на самодовербата низ самосвесноста

Враќањето на свесноста за себе е прв чекор кон преспознавањето на својата спонтаност и потреби и пат до вистинскиот идентитет на личноста. Античкото «Спознај се себеси» Сократ го посочува како најважен фактор во човековиот развој. Еден друг познат мислител се надоврзува велејќи дека «Оние кои не се познаваат себеси нужно мораат да бидат несреќни». Свесноста за себе и околината е тесно поврзана со вештината да се биде во сегашноста. Сега и овде е реалноста која е потребно да ја живееме. Сеќавањата и плановите или минатото и иднината се добри појдовни точки за ориентација, меѓутоа најчесто толку многу време поминуваме опседнати со она што се случило и се плашиме или толку детално планираме што ќе се случи што забораваме да го живееме животот вели познатиот гешталт терапевт Фриц Перлс. Колку малку се базираме на осетите, чувствата кои се вистинскиот ориентир за нашите потреби. А задоволувањето на потребите е токму основата на она што го нарекуваме самодоверба. Така една добра техника би била кога малку почесто во текот на денот би се насочувале на нашите осети и чувства.

Всушност многу и ќе промениме со тоа што ќе станеме свесни за она што е и без намерна одлука да се промениме. Но, се разбира најчесто свесноста е проследена со избор и донесување одлука и добро е да е така бидејќи колку повеќе сме свесни за себе толку повеќе можеме да работиме на задоволување на нашите потреби. Значи следна работа после свесноста е мобилизирање на себеси, изборот и донесувањето одлука и преземањето одговорност, иницијатива и преземање ризик. После тоа би следело преземање акција и ако е се во ред, задоволување на потребата. Колку повеќе задоволени потреби врз основа на вложување сопствен напор толку поголемо искуство и изградба на личноста. А сето ова е основа за здравата самодоверба.

Фактори кои влијаат на самодовербата

Родителите и нивниот стил (одобрување и прифаќање). Секој човек е роден со позитивен став кон себе. Секое бебе има самодоверба без воопшто тоа да му е тема. Ставовите на родителите и нивниот родителски стил се од суштинска важност за чувството на децата во врска со себе. Ако родителите ги охрабруваат чекорите на децата кон потпирање на себеси и ако ги прифаќаат и сакаат и кога децата грешат, децата ќе бидат на вистински пат да не ја изгубат самодовербата.

Успеси и неуспеси. Луѓето најчесто се вреднуваат себеси според успешноста во минатите животни изведби. Многу е важно да се обрни внимание на стандардите според кои се проценуваат успесите бидејќи многу често тие се поставуваат многу високо. Најчести сфери каде што се проценува личната вредност се: успехот на работа; академското достигнување; јавни напади врз личноста.

Физичкиот изглед. Самодовербата е поврзана со убедувањето за својот изглед. Не е исклучена можноста дека убедувањето за својот изглед е условено од нивото на самодовербата.

Генетски фактори Биолошките родители имаат генетско влијание кој е еден од најважните извори на варијации. Сепак, многу влијаат настаните во развојот после раѓањето.

Љубовните врски и врските на блискост. Успешните врски позитивно влијаат на самодовербата, а исто така веројатноста за формирање на успешна врска е тесно поврзана со здравата самодоверба.

Поврзаноста на успехот и самодовербата

Здравата самодоверба е значајна и битна одлика на една зрела личност. Таа се базира на реалистично гледање на работите и се наоѓа на средината на континуумот чија една крајност е ниската самодоверба, а друг високата. И двете крајности имат негативен ефект врз квалитетот на живеењето и творењето. Ниската самодоверба е поврзана со пасивно и повлечено однесување коешто резултира во непреземање активности и стагнирање на личниот раст и развој. Многу високата самодоверба е поврзана со арогантно однесување, потценување на околината и преголеми очекувања што води кон агресивно однесување или лично незадоволство. Вистинската самодоверба се засновува на реалноста и доаѓа од реалистичното очекување на успех кое ги зема во обзир сопствените способности, вештини и знаења.

Што подразбираме кога го употребуваме зборот успех. Дали е тоа некој висок статус којшто е ценет од околината, без разлика на цената да се стигне до него? Или пак успех е да го откриеме својот талент и да го работиме она што го сакаме и да уживаме во тоа, без разлика дали ќе не цени околината? Веројатно најдобра комбинација е кога го работиме со уживање она за што сме надарени а за тоа добиваме и материјална сатисфакција покрај исполнувачката односно духовната, а имаме и статус и углед.

Повеќето од нас функционираме помеѓу двете крајности. Битно ни е да го работиме она за што сме надарени и го сакаме, но битно ни е и да добиеме потврда за тоа за да бидеме посамоуверени. Се разбира дека кога сме вистински со себе и сработиме нешто кое е блиску до нашето совршенство не ни е толку битна потврдата отстрана. Кога сме спонтани и изворни најчесто добиваме и пофалби и признанија. Проблем е кога си поставуваме себеси превисоки очекувања и стандарди и нормално е да не ги исполниме бидејќи се над нашите можности. Во тој процес ние и ги забораваме, потценуваме, минимизирамесвоите вистински постигнувања бидејќи се под надворешниот стандард кој сме си го поставиле, а ги максимизираме "неуспесите". Ова е една форма на самоизмачување на себеси која се разбира потекнува од претходно споменатото неприфаќање на себеси и пожелувањето да бидеме она што не сме.

Заклучок

Здравата самодоверба игра голема улога во одредување на идентитетот на личноста, а со тоа и во личната среќа во животот. Сепак, да се има самодоверба не значи дека индивидуата ќе биде способна да прави се. Самодовербата овозможува позитивно а сепак реалистично гледање на себеси и своите капацитети. Тоа значи дека и тогаш кога некои очекувања не се остварат, индивидуата со здрава самодоверба продолжува да биде позитивна и да се прифаќа себеси. Треба да се напомене дека луѓето со здрава самопочит не се вреднуваат високо себеси цело време и во сите ситуации. И «сигурните» луѓе понекогаш се чувствуваат несигурно и имаат потреба понекогаш да се потпрат на друг. Ако очекуваме цело време да се чувствуваме прекрасно во врска со себе тогаш тешко дека ќе можеме да го реализираме ова перфекционистичко очекување. Ако го дозволиме фактот понекогаш да бидеме и нерасположени и со таква идеја да тргнеме кон подобрување на својата самодоверба тогаш ќе можеме и да ја подобриме. Оптимистичко е сознанието дека самодовербата е емоционална вештина која со соодветен стручен и едукативен пристап може да се промени.

Постојат голем број на програми коишто се користат врз различни групи луѓе со цел зголемување на ниската самодоверба. Најефективни се оние кои се засновани на издржани теории и истражувања. Не постои брз начин за повишување на самодовербата бидејќи тоа е долготраен процес кој се одвива низ целиот живот. Сепак некои насоки можат многу да помогнат: Спознавање на себеси, станување свесен/сна за тоа што е потребно за да

чувствуваме и функционираме добро а што е она што треба да се избегне, почитување на себеси, почитување на своите потреби и наместо да се менуваат да се задоволуваат, почитување на другите, прифаќање и почитување на желбите и потребите на другите дури и кога не ги разбираме. Флексибилноста и развојот на самосвесноста и самовладеењето како и развивањето на различни начини задоволување на личните потреби и избегнување на штетните ситуации е патот кон развој на здрава самодоверба и идентитет на личноста во соременото живеење.

Литература:

1. Chen, W. Jacobs R., Spencer L. M. (1998). "Calculating the competences of stars", Working with Emotional Intelligence, Bantam Books;
2. Cooper, R.K. (1997). "Applying emotional intelligence in the workplace", Training and Development;
3. Currie, L. (2004, April). Emotional intelligence: More then just a people skills. RAMan
4. Gardner, W.L., Stough, C. (2002). "Examining the relationship between leadership and emotional intelligence in senior level managers", Leadership and Organization Development Journal, (23), 2: 68-78;
5. Goleman, D. (2007): Emocionalna inteligencija u poslu, Zagreb: Mozaik knjiga;
6. Mayer, J.D. I Salovey, P. (1999). Emocionalni razvoj I emocionalna inteligencija: Pedagoske implikacije. EDUCA, Zagreb;
7. Petrides, K.V. (2003). Trait emotional intelligence and happiness. Social Behavior and Personality;

М. Петрова
Св. „Кирил и Методиј" Р. Македонија, Педагошки факултет: „Св. Климент Охридски" - Скопје

ПЕДАГОГИЈА НА ЗАЕДНИШТВО

Абстракт: Во рамките на етичкиот соживот се воведува нова педадошка дисциплина *Педагогија на заедноштво.* Потребна е висока антроплошка зарелост и сопособност, за воведување на нови педагошки содржини, поинаков однос кон учењето, применување на нова методологија, за формирање на нова генерација.
Најнапред, потребно е да се започне со најмладите. Во општеството да се воведат и практикуваат позитивни вредности, кои ќе го издигнат човештвото на повосоко ниво. Да се посвети големо внимание на градењето мир, заедничкиот соживот праведноста, демократијата, посветеноста, солидарноста, слободата, еднаквоста, разбирањето, еколошката етика и комуникацијта без застои во воспитно-образовниот процес. Ова педагошка потреба е одговор на современите општествени потреби. Развојот на ваквиот педагошки концепт бара соодветна едукација, доследно педагошко раководење, компетентен професионален тим кој ќе се води грижа за специфичните детски карактеристики типични за секоја возраст. Секое дете да има доволно време за работа преку активност и потребно повторување за согледување на промените, резултатите и клучните аспекти.
Единстената внатрешна дејност на која се темелат сите наведени вредности е *љубовта.* Додека мостот низ кој треба да поминат сите овие вредности во реалниот живот е *дијалогот.* За да сето ова да стане реалност мора да се *практикува.*

Заедничка визија на педагогијата на заедништво

Оваа педагошка гранка општеството го перцепира како однос *Јас и Ние,* наместо *Јас и Ти.* Како потрага за вистинска смисла на живеење, вистински вредности и отвореност кон другите.

Педагогијата на заедништво ги подготвува луѓето за нова визија за светот. Визија втемелена на единство и огромно братство. Разбирање на идејата дека и покрај разликите, сите поседуваме исти човекови особини и реакции.

Ова воспитување е учење и делување, раководено од мудрост, која призлегува од холистички поглед на светот. Личности кои знаат да размислуваат, да ги користат своите таленти и да живеат со другите. Учење кое културата на поседување ќе ја замнат со културата на давање, индивидуалната култура со културата на прифаќање, омразата и насилството со културата на мирот.

Индивидулнаото знаење не поседува заедничка корист, доколку не се комбинира со знаењето на другите. Дијалогот е клуч за меѓусебно делување, меѓусебно опсостојување и постоење. Целта на дијалогот не е единстено проток на мисли, туку можност за отварање на нови хоризонти во сите подрачја на човековото делување.

Педагогијата на заедништво има за цел да изгради слободни личности кои живеат во заедница, или заедница од индивидуи кои живеат едни со други. Започнуајќи од најранарта возраст оваа педагија потикнува, воспитува, вреднува, позитивни особини кои длабоко во себе ги поседува секој човек: *слобода, рамноправност, почит, помагање, солидарност и хуманизам.* Воспитување на вистински вреднисти почитување на единственоста, оригиналноста и неповторливоста како главни обележја на секое битие. Самоспознавење или како да се биде *сам со себе.* Темелот на воспитувањето е љубовта, која овозможува вреднување на своите особини и зголемување на почитувањето кон себе и кон другите.

Педагогијата на заедништво едуцира, како да се функционира без предрасуди и стереотипи. Процесот на надминување на разликите кои постојат помеѓу расите, националностите, етничката припадност, разликата помеѓу половите, слоевите, телесните и умствените разлики, е долг и тежок. Потребно е почесто подавање рака и култивирање на егоцентичноста.

Започнавме со група на деца од пет-шест годишна возраст, потоа постепено се проширивме. Педагогијата на заедништво ја спроведуваме во три категории: (1) заедништво поврано со емоци, емпатија и лојалност; (2) заедништво поврзано со посебно внимание еден со друг; (3) заедништво поврзано со соработка. Во категориите вклучуваме вербална и невербална комуникација. Сите примери на заедништво ги манифестираме во нашите групи. (Hännikäinen, M. Seeking for good pedagogical practise in promoting, 2007)

Педагогијата на заедништво низ методот агаци

Методот Агаци преставува збир на идеи и воспитно-дидактички приестапи на три личности: сестрите *Роза* (1866-1951) и *Каролина* (1870-1945) *Агаци* и *Пјетро Пасквали.*

сл. 1 детска градинка „*Бисери*" Педагошки факултет Св. „Климент Охридски" - Скопје

На иницијатива на професорот Пјетро Пасквали кој воедно бил и управител на основните училишта во Бреша (град во северна Италија), во 1892 година, сестрите Агаци ја започнуваат својата педагошка дејност. Професорот Пасквали имал јасни идеи за образованито на најмладите, раководејќи се од идејата да креира образоваен ситем кој се базира на природност и едноставност. Од тој момент сестрите Агаци ја започнуваат својата дејност во Момпиано (во близина на Бреша) во стара куќа, но со нов и оригинален метод.

Агаци градинките се клацифицирани како градинки од отворен тип. Насочени се кон реалното дете, отворени семејни односи и реалните природни и општествени односи. Агаци воспитувачот мора да поседува длабоко мајчинско чувство, да набљудува, поставува прашања, да го потикнува детскиот интерес, да создава желба за сознавање и да ја зголемува желбата за осознавање. Детето во Агаци градинката преку конкретни активности траба да ја развива својата самостојност, градејќи свој став, приближувајќи се до реалноста, градејќи своја улога во општеството, стремејќи се кон нејзина реализација.

Сестрите Агаци зад себе оставиле големо наследство во областа на педагогијата, креирајќи едукација за најмладите која е насочена кон потребите на децата, на семејството и преку тоа и општеството. Придонесот на сетрите Агаци е принципот секаде и секогаш, животна сензација, креирање на толеранција, взаемно почитување, воспоставување релација или однос и ефикасност помеѓу членовите на малата детска заедница, детскиот свет и негување на единственоста и неповторливоста. Едукација базирана на љубов, стекнување на животно искуство преку секојдневно извршување на сопствените обврски кон групата и заедницата.

Љубовта како воспитен метод

сл. 2 детска градинка „*Бисери*" Педагошки факултет Св. „Климент Охридски" - Скопје

Во Агаци методот клучно место завзема љубовта кон детето и заедништвото и социо-емоционалниот развој. Негување на вредности неопходни за членување во заедница, кои го подобруваат квалитетот на живот. Преку педагогијата на заедништво започнува нова страница во педагогијата, педагошкиот пристап и педагошката практика. Воспитиување на позитивни особини како *хуманост, почитување, помагање, подржување, меѓусебно разбирање, нудење на несебична љубов.*

Дефинирање на личноста како динамичен микрокосмос во непрекината размена во заедништвото.(Gasparini, Costruttori di relazioni , 2010)

Ако човекот успее да се претвори во позитивно битие, нема да му биде доволно само да остварува едноставни комуникации со кои ќе ги задоволи когнитивните знаења, способности и потреби. Ќе има потреба од цврсти релациски способности, во кои взаемноста преставува најзрела содржина.

Вистинската љубов се потпира врз соедиунување со сите и со се. *Со појаснување дека вистинската љубов ги љуби сите, таа поприма планетарни димензии и укажува на љубов која сите луѓе ги поврзува во сеопшто братство.*(Gasparini, Costruttori di relazioni, 2010) Заедништво на сите луѓе. Тоа не е љубов која задоволува само одредени односи, туку љубов која лебди насекаде. Зрела љубов која ги надминува сите разлики: расни, полови, општествени, културни, која ги опфаќа и оние кои неја прифаќаат како таква.

Со секој човек на свет доаѓа нешто ново што никогаш порано не постоело., нешто што е ново и единствено. (Buber, M. Il cammino dell'uomo secondo l'insegnamento

chassidico, 1990)

Љубовта на луѓето сама посебе е ограничена, затоа што ниедна личност не е способна да ја изрази нејзината природа во целост. Љубовта преставува „*DNK*" на секој човек, блесок кој секој го носи во себе. Затоа воспитувањето на љубовта бара постојано настојување и надминување на самите себе и останатите. Тоа бара индивидуално надградување и искачување на оската на совршенството. Окружување во кое може да се пренесат вистински вредности во процесот на воспитување.

Љубовта каква што можеме да ја откриеме во изворните храбри, вдаховнувања на големите педагози и нивните методи, како методата на don Boscov која се јавува како последица на силна желба за образование на најсиромашните деца во Торино, педагогијата на Marija Montessori која се појавува како потреба за образование на децата посебно на сиромашните, педагоијата на мотивација и интересните центри на Ovide Decroly, кој на почетокот се занимавал со сиромашни деца, или учењето на Reuven Feurstein за когнитивната променливост која проистекла од неговата образовна работа со децата кои го преживеале холокаустот, слично како и училиштето на don Milanij кое настанало како потреба за грижа за сиромашните, денешната актуелна педагоија која се темели на соделување и активно вклучување, па педагогијата на Paulo Freire за взаемноста на учителот и ученикот која се развила во Бразил, а започнала со неговата работа со најсиромашните и неписмените. (Gasparini, Costruttori di relazioni , 2010)

Заклучок

Видлива е потребата од инвестирањето во човековите ресурси. Потребно е истакнување на најзначајната универзална вредност – човекот. Еден од начините за влијание е влијанието преку воспитно-образовниот систем, воведување на иновации во наставата и развивање на ефикасни методи на воспитување и образување. Потребна е адаптација на образовниот ситем, на променетите услови на живеење. Промените подразбираат воведување на нови педагошки правци и воспитни и образовни методи. Воспитувачите и наставниците имаат тешка задача во спроведување на истите. Сето ова подразбира и вклучување на родителите, кои преставуваат важна алка во системот, во овој процес на преобразување. Воспитниот и образовниот систем мора да се надоплонуваат меѓусебно.

Одговорот на потребите на современиот живот, во однос на етничкиот соживот и општествените разлики, е појавата на нов педагошки правец *Педагогија на заедништво.* Овој педагошки правец содржан во Агаци методот, креиран од сестрите Роза и Каролина Агаци по иницијатива на професорот Пјетро Пасквали, ги истакнува хуманистичките вредности и взаемноста. Во голема мерка влијае врз градењето на мир, заедничкото деужење, заедничкиот соживот, праведноста, благодарноста, демократијата, посветеноста, солидарноста, слободата, еднаквоста, разбирањето, еколошката етика и комуникација. Се истакнуваат и внатрешните чувства како љубов, среќа, задоволство. Вниманието е насочено кон зближувањето, истовремено истакнувајќи ја различноста.

Потребен е Проект не само, политички,туку животен. Што би се случило со таков Проект во цивилизација без душа која што ја преставуваат воспитанието и воспитувачите? (De Beni, Потребна е храброст за современо воспитание, 2010)

Пред се, потребно е да се осмисли културата на формсцијата на воспитувачи, потпорната точка на идното човештво, за да се поттикне новата вера во воспитанието. (De Beni, Потребна е храброст за современо воспитание, 2010)

Библиографија:

1. Gasparini, A. (2002): Nove pedagoške smjernice i perspektivi odgoja za opće zajedništvo –Pedagoški simpozij, Ohrid.
2. Градинка Бисери (2006): Програма за воспитно образовната работа според принципите Агаци, Педагошки факултет, Скопје.
3. Де Бени, М. (2009): Потребна е храброст за современо воспитание – тематска расправа, Педагошки факултет, Скопје.
4. Instituti Pasquali- Agazzi (1997): Zapisi o metodi Agazzi, Mompiano – Brescia, Dječji vrtić Zraka sunca, Križevci.
5. Instituti Pascquali – Agazzi (1996): Scuola materna: gioia di vivere, srescere, apprendere, Comuna di Brescia.
6. Jambor, T. & Van Gils, J. (2007): Several perspectives of children game. Antwerpen and Apeldorn: warranty, pp. 147-160
7. Petrova, M. (2010): Motivation for implication in global community of Agassiz preschool education, 5th International Conference, Ohrid.
8. Petrova, M. (2010): The human values of Agassiz method through works and creativity in Agassiz kinder garden, International expert conference for preschool institution, Gevgelija.
9. R R. Agazzi (1909): L'abbicci of the educative song, Milan, Voce delle master I gave asylum.
10. . Agazzi (1910): LINGUA, Parlata, Brescia, Typography, editrice Querinania.
11. R. Agazzi (1921): Singigng Bambi, 2° edition, Brescia, the Gerioldi Press.
12. R. Agazzi (1926): metodi Italijani, gli asili and il method agazzi and Pascuali, in educazzi-one nationale, December.
13. R. Agazzi (1928): It eats intend the didattico museum, Brescia, the Gerioldi Press
14. R. Agazzi (1936): L'arte della poccole peanut, 3° edition, Brescia, societa editrici „the Scuo-la".
15. R. Agazzi (1936): Societa editrice „the Scuola", a volume, Brescia.
16. http://www.comune.brescia.it
17. http://www.see-educoop.net/education in /pdf/mak-strategija-mk.pdf
18. http://www.parkerrivercommunitypreschool.com/philosophy.htm
19. http://www.agassizpreschool.org/about/how-our-co-op-works
20. http://www.friluftsframjandet.se/c/document library/get file?folderld=4413355&name=DLFE-37605.pdf

Никола Петров

ВРЕДНУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНО-НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА ВИСОКОШКОЛСКИТЕ УСТАНОВИ

Секое општество во одредени развојни и временски процеси има свои специфични белези-карактеристики кои се изразуваат со клучни збора-изрази: стручни-научни, технолошки (реформски) процеси. Како пример можеме да ја наведеме транзицијата, промените, реформите, демократијата и слично.

Терминот транзиција ја отсликува социјалната трансформација на европските држави и народи која припаѓа на социјалистичкиот (комунистичкиот) блок, односно премин од старото општество кон општество кое се конституира, формира, гради меѓу, тие транзициски држави е, и Р.Македонија. Повеќе од две децении трае тешката транзиција, чија цел е народите и државите меѓу кои и Р.Македонија; да ги исполни политичките, демократските и економските стандарди на Европската Унија за нејзино приклучување.

Освојувањето на повисоко ниво, на цивилизација преставува реална можност за земјите од транзиција, а реализацијата на целта во голема мера зависи од нивниот воспитно-образовен систем, културата, знаењата на луѓето, автономноста на личноста, индивидуалноста и развиеноста на граѓанската одговорност и толерантноста. (M. Pečujlić, 1996).

Поедини автори кои ги проучуваат и истражуваат општествно, развојно, транзициските процеси сметаат дека е, "мала„ тајна на успешните држави во транзиција, кои имаат адекватен воспитно-образовен систем. Имено, општество со иновативно образование брзо и успешно напредува во понатомошните текови на развој и напредок на општеството, економијата, стопанството, науката, технологијата и слично.

Реформата на образованието не е едноставен чин во кој учествуваат повеќе субјекти. Имено, реформата не се изведува со брзање „преку ноќ„ и да се објават измените на експанзивната акција на националните и интернацинални реформи. Напротив, реформата на образованието е слична со еволуцијата која е сеопфатна, трајна и напор да се реализира новата концепција на образованието и општествениот систем во структуралните и фукционалните промени на општеството.

Процесот на транзиција во различните земји во Европа се реализира под различни услови и патишта на политички и економски реформи. Нема причина така, да не се реализираат и реформите во образованието. Бројни прашања од образованието заслужуваат внимание, третирање и реформирање на сите степени.

Во конкретниот случај ќе се обидеме да го анализираме високото образование и потребата за високо образование во современите општества, односно во Р.Македонија со настојување со универзитетско образование да се здобијат поголем број млади, потреба за високошколско, цивилизациско стручно-научно технолошко знаење и хуманистички вредности, согласно брзите промени и вртоглавиот пораст на научни знаења и растот на нови научни дисциплини и други слични настани и прашања.

На планетарниот современ свет заеднички во повеќе земји се прават реформи во високото образование од кои се очекуваат фундаментални промени во телеолошка, функционална и структурална смисла на високото образование како на нацонално, така и на глобално ниво, но не така како што го правиме ние, брзо, парцијално и нецелосно со отворање на универзитети, факултети и дисперзирани студии.

Затоа, земјите во транзиција се соочуваат со императивот на трансформирање на

високото образование спрема интернационалните стандарди, истовремено се вклучуваат во трансформацијата на високото образование во многу држави во Европа, светот. (K.E.Leitner, 1998), вклучително и високото образование и во Р.Македонија.

Согласно тенденциите засновани на процесот на реформирање на високото образование-Универзитетите (Болонски модел) за создавање Европско образование и зголемување на компетентноста и меѓународна компетитивност на Европските Универзитети, посебно на Универзитетот на САД, во прв план имајќи го квалитетот на образование (планови-програми, форми, методи-постапки), прашањето на евалуација на високошколското образование во целина. За Р.Македонија која во процесот на транзиција на почетно ниво воспоставува систем на пратење и вреднување на квалитетот на образованието преку воведување современи форми на евалуација, односно применувајќи механизми-инструменти за контролирање на квалитетот на образованието на наставата, вежбите и тоа како на програмата, така и на реализацијата на наставниот процес.

Теоретско-методолошки основи и појмовни рамки на (квалитетот, ефикасноста на евалуацијата)

Образованието во современи услови на живеење и делување е во фокус на проучување, реформирање и вреднување како исклучителна дејност, вклучувајќи го и човечкит фактор за општествено-економскиот развој за унапредување на сите сфери на човековото живеење и делување. Од тие причини посебно во стопанството и технолошко најразвиените земји, се поголемо внимание се посветува на евалуацијата на образовниот систем, односно на квалитетот, ефикасноста и ефектите на образованието, како во општествениот, така и во индивидуалниот развој.

Во педагошката стручна и научна литература и периодика се повеќе се сретнуваат термините: образовна, наставна ефикасност, ефективност, квалитет и слично. Исто така на расправите, дискусиите за реформа на образованието, стручно-научните трудови во периодиката, студиите од истражувањата за промените, иновациите во кои терминот квалитет се споменува. Квалитетното образование е пат за развој и прогрес на секое општество.

Квалитетот на образованието-наставата е прашање што заслужува внимание да биде третирано и вреднувано. Квалитетот не е едноставен, бара сериозен пристап и секогаш е "недофатлив„; "недостиглив идеал„, и своевидна „покретна мета„. Квалитетот се наоѓа во очите, набљудувањето и свеста на мерачите и затоа може да има различно значење (D. Goddard, M.Lask, 1992). Квалитетот во индустријата и трговијата се одредува како збир на сите својства и обележја на производот или услугата кои ги исполнуваат очекувањата, барањата, потребите со што се дава до знаење дека квалитетот е мерлив. Наведените примери и нивното вреднување на својствата и дефинирање неможат да се земат и пренесат во образованието. Во доменот на образованието проблемот се јавува заради тоа што корисниците не се еднозначно одредени: На квалитетот на образованието различно гледаме: студентите, наставниците, надлежните во МОН, локалната самоуправа, како и групи и поединци кои имаат различни и заеднички и поединечни очекувања, потреби и вредности. За квалитетот за образованието значајна е, временската и историската димензија. Имено тоа што е оценето како вредно и квалитетно на почетокот на минатиот век, денес изгледа тесно ограничено и неадекватно.

Од повеќе општоприфатени искажувања и користени дфиниранања можеме да констатираме под квалитет на образование подразбираме вредност, која има и може да има, вредносна определба на педагошкиот процес и работа на наставникот и субјектите вклучени во образовниот процес; односно квалитетот се содржи и во тоа што е процес, и тоа што е

негов резултат (B.Vlahovic, 1996). Ако поимот квалитет се користи во контекст во степен на врхунско, тогаш се мисли на два аспекта: еден е процена на вредноста, а другиот процена на потребата во однос на вредноста-доброто кон лошото. (N.Mijanović, 2000).

Во доменот на високото образование поимот квалитет на високошколската установа се групира во три категории: Квалитет како мера на вредност, Квалитет како мера на приближување до целта, Квалитет како мера на достигнување на прагот, за што прагот се конкретизира преку стандарди (M.Đukić, 1998). Квалитетот на образованието најчесто се поврзува со ефикасност. Образовната ефикасност се однесува на својствен модел на образовни резултати во целина, кои можат, но не и да ги опфати варијаблите на образовно-наставното ниво.

Терминот училишна (институционална) ефикасност се употребува во тесна смисла и се однесува на излезно ориентирани модели кој експлицитно ги содржи само училишните варијабли, а како критериум на раздвојување претходно постигнатите резултати или други карактеристики се користат за излезни мерења. На тој начин додадената вредност на школувањето може да се одвои од обемот на напредувањето на ученикот-студентот. Причинските односи на условите на школување и резултатите како сакани и постигнати цели се, уште една карактеристика на училишната ефикасност.

Образованието како поим, процес и општествена дејност се карактеризира со извонредна комплексност што условува дејствување на бројни релевантни фактори и нивната интеракција и верба во процена на сложеноста на образованието, како на индивидуално, така и на социјално ниво можно е на основа на релевантни индикатори: општествено-економски, општествено-културни, педагошко-психолошки и слично. Индикаторот во суштина се дефинира како релевантен статистички податок кој треба да обезбеди информации за условите, стабилноста и промените за фукционирање на некој систем или некои поединечен дел од системот. Се смета, дека секој статистички податок може да стане индикатор, согласно неговата употребна вредност, односно колку помага при пратењето на состојбата на една појава и дали дава проблемски информации споредени во време и релевантни за донесување одлука. Индикаторите не ги откриваат причините за појавите, не даваат дијагноза, не решаваат проблеми, нити се изолирани, без комплементарни податоци (статистички, истражувачки резултати и слично) можат да се користат за донесување дефинирани заклучоци. Образовните индикатори се податоци кои соопштуваат за фукционирање или перформансите на образовниот систем: одредени информации за неговата организација, содржини, процеси и ефекти за учениците, студентите во образованието, за општественото опкружување на образовните институции и интеракцијата со пошироката заедница, за матреијалната основа на образованието во институциите, така и како дејност. Како покажувачи кои носат информации, индикаторите овозможуваат вредносна процена на клучните аспекти на состојбата и функционирање на образовниот систем. Со образовните индикатори се отсликуваат карактеристиките на образовниот систем и неговата мерливост, мерењето на клучните аспекти кои треба да обезбедат јасна слика за постојните околности и на таа основа индикаторите покажат елементи на квалитет, што означува постоење на референтна точка врз која може да се направи вредносна процена (M. Đukić, 2004).

Повеќе автори кои го го третираат и проучуваат образовно-наставното врднување и образовните индикатори се сложуваат дека образовните индикатори ги имаат сдледните карактеристики:

- Квантитативни се, и претставуваат нешто повеќе од просто нумеричко изразување;
- Даваат информации за важните аспекти за функционирање на образовниот систем;
- Ги информираат корисниците и заинтересираните групи (студенти, наставници,

родители, органи на управување, индикатори, политичари, извршни органи и друго);
- Индикаторите се база за евалуација;
- вклучуват и предизвикуваат вредносна оцена;
- во поволни случаи образовниот индикатор е дел од широкиот збир индикатори што подразбира меѓусебна поврзаност, а знаењето за интеракцијата ја зголемува информативната вредност на индикаторот (N.Batani, 1994).

За сегашни услови познато е дека поедини и поединечни индикатори за ефектот и квалитетот на образованието не се доволни и дека е потребен целосен информационен систем како поткрепа и барање одговор за повеќе значајни прашања за тоа како функционира образовниот систем, каков е квалитетот на образованието, какви се постигањата во образованието, какви се потенцијалните ресурси со други зборови целосен информативен систем е неопходен како основа за секоја евалуација. Покрај наведеното информациониот систем во образованието, Образовната статистика, образовни индикатори и резултатите од евалуционите истражувања, се нужни и незаобиколени и темел за донесување на стручна, научна, стратешка одлука во образовниот систем во целина во неговиот поединечен сегмент, па и во високото образование.

Повеќе познати и признати автори и познавачи на оваа проблематика, истакнуваат дека евалуацијата е човекова ментална конструкција која одговара на некоја реалност и не секој пат може да биде суштина на евалуацијата (E.G. Guba, Y.S. Lincoln, 1989). По своето општо значење евалуацијата (вреднување, проценување) е активност која на основа на поставените стандарди ги анализираат резултатите или текот на резултатите на дејноста. Под проценување се подразбира организиран процес кој се состои од испитување на сегашноста и минатото, споредувајќи ја состојбата со предвидениот план и крајниот резултат и укажува на начините на усовршување на процесот за реализирање на несаканите ефекти (J.Đorđević, 1992).

Во рамките на поедините теоретски пристапи, различните дефиниции и сваќања за образовната евалуација можат да се сведат на три категории: дефиниција која е насочена на целта, дескриптивна дефиниција и дефиниција заснована на валидност, или комбинација на дескрипција на процесот.

Кога говориме за образобно-наставната дејност, евалуацијата како нејзин составен дел треба да ја следи наставата на сите етапи и компоненти, почнувајќи од подготовките и усвојување на новите наставни содржини, преку повторување и вежбање до оценување преку сите елементи (цел, задачи, форми, методи, средства). При сето тоа се смета дека вреднувањето опфаќа идентификација и формирање широк опфат на важни цели на наставната програма, нивното дефинирање спрема поведението на учениците-студентите што треба да се реализира, избор и изработка на добри, сигурни и практични инструменти за проценување на целите на образовниот процес (Педагошка енциклопедија, 1989). Вака објаснета евалуација постепено ја модифицира во смисла на афирмација по систем на постапки и процедура за вреднување на целокупната дејност на образовната институција. При сето тоа тој систем се концентрира и конституира со стручноста-компетентноста, вреднување на квалитетот на педагошкиот процес и образовните активности (вид, број, обем на фреквентни активности, избор на наставни содржини и наставен програм во целина) и вреднување ефекти и постигања.

Согласно современите, релевантни извори од педагошко-психолошката литература и периодика можеме да нагласиме дека евалуацијата се одредува како систематична, креативна анализа и пратење. Квалитетот во образованието со цел да се обезбеди можност

правовремено и делотворно влијание на образовниот процес за постигнување оптимална ефикасност, ефективност и повисок квалитет. Со други зборови евалуација е секоја постапка која доведува до оцена и квалитет и корегирање на образованието, а се реализира преку образовните индикатори, статистика и посебна процедура и постапка на процена на образовниот систем во целина и поедините подсистеми на образовните институции, субјектите (студентите, наставниците, програмите, процесот), а може да се однесува и на подрачја: поучување и учење, истражување, соработка со локалната самоуправа и слично. По правило евалуацијата во високото образование се одвива на ниво на субјекти-актери, студиски предмети, програми, насоки, факултети и универзитети. Проблемот на евалуацијата како суштинско прашање во образаованието се појавува во првата полковина на минатиот век, 1911г. со појавата на книгата на F.Taylor "Пристапи- приоди во научниот менаџмент„ во која се изнесува трансформационото, значење на евалуацијата и сваќањето на суштината и функцијата на евалуацијата во образованието може да да се следи преку неколку генерации до ден денес, кои радикално се разликуваат во пристапот. За првата генерација карактеристично е со мерење-тестирање. Ова значење за евалуација било доминантно, а во техничка смисла останато е до денес. Пренесување на вниманието на евалуацијата на образовните програми (почетоци на курикуларната евалуација, е карактеристика на втората генерација за евалуација. Новата, трета генерација за сваќањата за евалуацијата во прв план ја има фукцијата и дескриптивни фукции. На тој начин и образовните цели станале предмет на евалуација. Изнесеното потврдува секоја генерација (фаза) преставува чекор напред дека со текот на времето евалуацијата постанува се пософистицирана, конструвистичка (E.G.Guba, Y.S.Lincoln, 1989).

Во литературата и периодиката се забележуваат различни парадигми, модели и форми, вида на евалчуација. Меѓу најзначајните парадигми се позитивистичката и конструктитистичката и два влијателни модели (експерименталниот) модел(мерење, тестирање) и конструктивистички (студија на примери, демократски, плуралистички, целно насочена евалуација, модели на евалуација, насочена на одлучување и слично). Покрај наведеното треба да се спремат уште две додатни квалификации на евалуација: формативна и сумативна, односно надворешна и внатрешна евалуација. Поимите формативна и сумативна евалуација ги внел (M. Skriven) објаснувајќи дека формативната евалуација ги согледува слабостите и карактеристиките на новиот наставен план, програм (курикулим), додека е уште во прелиминарна форма на развој, а сумативната евалуација се применува кога е завршен развојот на курикулумот. Формативнаа евалуација појмовно се разликуваат, но сепак разликите не се големи, посебно во практиката каде се надоплнуваат. Надворешната евалуација се однесува од страна на колеги, експерти, инспектори и друго, додека внатрешната е самоевалуација на носителите или институцијата (S.Kump, 2000).

Од гледиште на современите дидактички објаснувања значајно е евалуацијата на високошколското образование-настава се организира како сложен систем на самоевалуација и взаемна евалуација на носителите на наставата, односно наставниците и студентите. Со внатрешната евалуација наставникот ги проценува резултатите од сопствената работа, оспособеноста за настава во однос на реализирање на поставената цел, задачи, планот, програмата, внесување на иновации, стручно педагошко-предметно .совршување и компетентност. Додека студентот ја проценува ангажираноста и активноста во студирањето, мотивацијата, интересот, извршување на поставените задачи, програмите на студии, избор на програми, колку задолжителна литература прочитал за збогатување и сознавање и слично. Од друга страна наставниците ги оценуваат студентите (обем, длабина, ниво на општи и посебни знаења, вештини), исто и студентите ги оценуваат наставниците (комуникативност,

пристапност, заинтересираност за студентите и наставата, излагањето, организираноста на наставата (M. Đukić, 2004).

Законодавно-правните основи на оценувањето на високошколската настава

Од прегледот и анализата на законската регулатива во кои е регулирано високошколското образование анализирани се сет задолжителни акти на кои се дефинирани основите за одредување на рамките за конкретни решенија на релевантни проблеми. Во конкретниот случај анализирани се односите како се регулира прашањето на оценувањето, односно истиот е во високошколската настава-евалуација. Универзитетите, факултетите, наставниците, студентите, испитите се обврска должност за двата субјекта и се јавни. Покрај наведеното испитите се изведуваат писмено и усно и се одржуваат на крајот на наставата од секој предмет и дека покрај истиот се одредуваат колоквиуми и други форми на пратење на проверување на знаењата и примена на бројчан систем на оценување од 5 до 10, а најниска преодна оцена е (6) и дека при оценувањето се зема активноста на вежбите, семинарските, постигањата на колоквиумот и успехот на испитот.

Во законот за високо образование воведен е студентски парламент за заштита на правата и интересите на студентите, што е значајно и од гледиште на оценувањето-евалуацијата и обезбедување квалитет на високото образование. Имено, со закон е предвидено студентскиот парламент може да дава предлози до ННСовети на факултетот и Управата и Сенатот на Универзитетот за подигање на квалитетот на наставата, начинот на изведување на испитите и други престави за редовноста, објективноста и слично.

Врз основа на изведените анализи за законот за високо образование од 2000г. и сите извршени измени на законот за високо образование до ден денес може да се констатира дека право и обврска на наставникот да оценува и го потврдува знаењето на студентот што е регулирано и со Болонскиот модел ЕКТС и остава можности за модернизирање и внесување современи форми на евалуација во високопколската настава и практика.

Испитот, колквиумот и тестот како форма на евалуација на високошколската настава

Покрај анализата на законодавно-правната регулатива за вреднување, оценување на високошколската настава анализирани трудови од периодиката од ЈУ просторот и списанието "Универзитет данас„ (1960-1986). Предмет на анализа се земени трудови кои третираат дескрипција, критика, иновирање на испитите преку нови форми и постапки.

Списанието "Универзитетот данас„ излегува од 1960 како специјализирано списание за прашања од високото образование и гласот на Заедницата на Југословенските универзитети. Во редакцијата и Советот на списанието делегирани се членови од сите Универзитети. Од анализата броевите по години може да се констатира дека се третирани општествените и стопанските промени кои наметнуваат промени-реформи на универзитетските прашања за високошколските иституцци.

Во списаниетп "Универзитетот данас" соработувале познати и признати професори и научници, домашни, странци за круцијални прашања, прикази за високошколските системи од други земји, искуства, постигања и слично. Во текот на годината во подготвувањето и излегувањето на списанието востановена е пракса еднаш годишно во специјален број од списанието да се одвојуваат трудови од Меѓународниот семинар под наслов "Универзитетот денес„ објавени голем број на трудови за испитите и нивните потешкотии, трауми, психолошките и социјалните чинители кои доведуваат до проблеми во студиите. Исто така се третирани педагошко-дидактичките аспекти на испитите, испрашувањето и оценувањето во високошколската настава, за испитите на Универзитетот (писмените испити, посебно

преку тестови на знаења, комбинирани испити). Одреден број автори сметаат дека треба да се напушти униформноста на испитите-оценувањето со релативно мал бтој на форми и постапки на оценување.

Прашањето-проблемот на вреднување-евалуирање квалитетот на образовно-наставната работа на високошколските институции е третирана и од други списанија од регионот кои ги подржуваат реформските процеси во високото образование и оценување на квалитетот во високошколските институции. Во таа насока ќе го наведеме списанието „Просветно Дело„ единствено списание во Републиката кое ги третира воспитно-образовните прашања од теоријата и практиката на сите степени на образованието, вклучително и високото образование. Од прегледот и анализите на броевите по годнини може да се согледа, дека на страниците на „Просветно Дело„ даден е развојот и формирањето на Филозовскиот фскултет (1946), Земјоделско-шумарскиот, Медицинскиот, Правно-Економскиот за да 1949г. се формира првиот повоен Универзитет (УКИМ), Скопје, Универзитетот „ Св. Климент Охридски" Битола. Покрај развојот на високошколските институции (факултети, институти и универзитети) реформирање на високошколските институции по примерот на развиените земји, профилирање на високостручни кадри согласно потребите и стручно-научните сознанија, трансформирање и модернизирање на наставните планови. Иновирање и моделирање на високошколските институции, знаењето на ученикот-студентот како предмет на мерење, правци и заобиколници на Болонскиот модел на високото образование и други актуелни теми.

Од изнесените сознанија и анализа на литературата и периодиката можеме да констатираме дека проблемот на вреднувањето-евалуација на знаењата, квалитетот на образовно-наставната работа на високошколските установи е третиран, вреднуван и актуализиран согласно состојбите, условите и тенденциите и предизвиците на теоријата и практиката, укажувајќи на на субјективностите на наставниците и применување на нови форми и постапки. Повеќе автори, современици, сметаат дека покрај знаењето, потребно е да се следат и проценуваат поголем број елементи, работата и ангажирањето во текот на студиите, извршување на задачите, пристап и ангажираност на семинарите и вежбите, учество во истражувачките проекти под раководство на наставникот, семинарските работи на студентите. Во таа смисла не можеме успешно да едуцираме само со наставно-научни факти и начинот до кои е дојдено, туку и со видот-начинот и содржината на оценување (M.Đukić, 2004).

Реформите во високото образование насочени се кон постигнување на поголема ефикасност, модернизација на студиските планови и програми, вклучување на студентите како партнери во процесот на образовно-наставната работа и воспоставување механизми за контрола и квалитет. Визијата за создавање единствен европски модел за реформа и модернизација на Универзитетите спрема Болонската декларација во практиката се реализира во различни услови и околности и начини, за што имаме и различни искуства и ефекти во процесот на реализацијата. Наведеното сознание укажува на потребата на Болонската декларација, а искуствата на наставниците и студентите ќе ја потврдат потребата од преиспитување за понатамошното делување (Н.Петров, 2010).

Од согледувањата и анализирањата на прашањето за вреднувањето, евалуација на знаењата на студентите на високошколските институции може да се констатира, дека реформата на високото образование, посебно трансформација на системот за врднување-евалуација треба да ги зачува вредните постигања на образовно-наставната традиција кои постојат во теоретската и практичната работа, но, не можеме на тоа да застанеме, ниту, на тоа да се ограничиме. Напротив, императивно се наметнува потреба за обезбедување квлитетно

образование, обезбедување систем за следење, практикување на образовните нормативи и стандарди, систем на следење на евалуација на образовните резултати, модернизирање на еволутивноста и оценувачка пракса на високото образование преку високошколските институции до ново на студиските групи и секој студент.

Согласно круцијалноста и актуелноста на прашањето, денес во сите земји од Западна Европа постојат национални системи-тела во високото образование кои систематски го следат и вреднуваат високошколските институции, односно програмите на високошколската настава. Во земјите од Европската Унија не постои единствен систем на вреднување-евалуација. Имено, постојат разлики и специфичности, но задолжително и општоприфатено е стандардите да бидат основа за конституирање и евалуциониот систем кој треба да се базира на следните принципи:

- Основање на независна, невладина, национална агенција (Кординативно тело) за евалуација;
- Самоевалуација- внатрфешна евалуација како прв чекор во евалуацискиот процес;
- Надворешна евалуација која ја изведуваат група на стручњаци од академската и неакадемската средина од земјата и странство;
- Објавување на резултатите на евалуацијата во вид на извештај кои се јавни и достапни (S.Kume, 2000).

Во многу земји во Европа и пошироко, прашањето на квалитетот на високошколските институции има голем и широк публицитет. Врз основа на согледувањата и публикација која секоја година се објавува во Велика Британија во која сите установи за високо образование достојно се претставуваат во јавноста и централно место завзема квалитетот (75% завзема квалитетот, 17% пазарна економија, а 8%класичните вредности) отвореност, праведност, вистинито независно мислење дури и Универзитети со долга традиција како нОксфорд и Кембриџ кои го истакнуваат квалитетот како највисока вредност. Квалитетот во високошколските институции не е произволна категорија, туку се врзува за евалуацијата и го обезбедува квалитетот за строга и јавна евалуациска процедура (М.Кундачина, В.Банџур, 2008)

И земјите од Централна, Источна и Југо-источна Европа, некои меѓувреме станаа членки на Е.У., а Р.Македонија и други од Западен Балкан ја воведоа евалуацијата во високото образование. За реализацијата се јавија одредени потешкотии и проблеми кои треба да се надминуваат и разрешуваат. Кај приватните високошколски установи, квалитетот се поистоветува со акредитацијата. Акредитацијата е надвор од системот на евалуацијата и треба да се свати како постапка за добивање статус-лиценца, дозвола за работа и чекор за квалитет и евалуација.

Во Р.Македонија, проблемите на евалуацијата на програмите, процесот и исходот на образовно-наставната работа се поврзани со квалитетот и ефикасноста на високошколските институции и учесниците-субјектите, теоретските, методолошките и практично-оператвните аспекти.

Согласно определбите и интересите на Р.Македонија за интеграција во Европа и високото образование, затечените состојби ќе се менуваат под влијание на внатрешните и надворешните чинители. Формирање на регионални центри и еден нацинален центар за воспоставување базни податоци за образовните институции, посебно за високообразовните, а со тоа воведување и почитување на стандардите и критериумите. Континуирано евидентирање и следење и вреднување на образовно-наставната работа-квалитетот.

Резиме

Реформата на високото образование (високошколските институции) треба да биде континуирана согласно, технолошките сознанија и тенденции во доменот на евалуацијата, од аспект на современата дидактика, докимологија, психологија, едукометрија со сопствени модели, форми и начини на евалуација во образовно-наставната работа, третирајќи ја како сложен систем со субјектите (наставниците и студентите). Со други зборови речено, реформата мора да е во домен на евалуацијата која не може да опстои надвор од реформските процеси и процесите на демократизација на односите помеѓу наставниците и студентите. Во таа смисла доменот на Универзитетот е, да спроведува трајна реформа која е насочена на квалитет и демократија.

Библиографија:

1. Đorđević, J. Procenivanje uspešnosti rada škole, Pedagoška stvarnost, N.Sad, br.5-6, 1992.
2. Đukić, M, Modeli školske efektivnosti, Godišnjak Filizofskog fakulteta, Novi Sad, XXVI, 1998.
3. Đurić, Đ, Socijalno-psihološki indikatori kvaliteta i efikasnosti obrazovanja, Zbornik Instituta za pedagogiju, Fillozofski fakultet, Novi Sad, br.8, 1990.
4. Guba, E.G, Lincoln, Y.S, Fourth Generation Evaluation, Newbury Park, London, New Delhi, Saga Publication, 1989.
5. Kump, S. Evropske iskušanje na području visokega šolstva u Zborniku Evalvacijo (Ured. D.Štrajn), Pedagoški inštitut, Ljubljana, 2000.
6. Leitner, e. (Ed) Educational Research and Higer Educational Reform in Eastern and Central Europe, Frankfurt am Main, Peter Lang, 1998.
7. Mijanović, N, Kvalitet stručnog obrazovanja, Pedagogija, Beograd, br.3-4, 2000.
8. Pečujlić, M, Tranzicija i autonomija, Nastava i vaspitanje, Beograd, br.2, 1996.
9. Perazić O, Položaj obrazovanja u tranziciji i osnovni pokazaelj o stanju obrazovnog sistema, Nastava i vaspitanje, Beograd, br.4, 1994.
10. Šmit, V, Visokoškolska didaktika, PKZ, Zagreb, 1972.
11. Vlahović, B, Upravljanje inovacijama u obrazovanju, CURO, Beograd, 1996.
12. Н.Д-р Петров, Образование за новиот милениум, Работнички Универзитет "Кочо Рацин„, 2000, Скопје
13. Н.Петров, М.Петрова,Интерна и екстерна евалуација на знаењата, "Просветно Дело„, бр.5, 2009, Скопје
14. М.Кундачина, Знаењето на ученикот како предмет на мерење, "Просветно Дело„, бр.4/2009, Скопје
15. M.Kundačina, V.Banđur, Akademsko pisanje, Ućiteljski Fakultet Užice, 2007
16. S.Kaćapor, M.Vilotijević, M.Kundačina, Umjeće ocenivanja, Mostar, 2005, U niverzitet u Mstaru
17. Никола Петров, Педагошките основи на оценувањето , мерењето, вреднувањето и евалуацијата, "Просветно Дело„, бр.4, 2009, Скопје
18. Г.Д.Димитров, Модернизам, постмодернизам и теорија на содржините на образованието во САД, "Просветно Дело„, бр.2, 2009, Скопје
19. V.Banđur, M.Kundačina, M.Brak, Testovi znanja u funkcii ocenivanje, Ućiteljski Fkultet, Užice, 2008.

Ѓорги Илиевски

ЕТИЧКИТЕ ДИМЕНЗИИ-ВРЕДНОСТИ ВО ЕДУКАЦИЈА НА ВИСОКО ШКОЛСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Клучни зборови: личност, поведение, култура, едукација, морал, етичност, особини на личноста

Високо образовните институции согласно Законот за високо образование се институции од посебен општествен интерес, кои образуваат и оспособуваат кадри за повеќе свери и дејности на делување за: **општествени , стопански, културни, техничко-технолошки, услужните дејности и слично**. Во реализирањето на образовно-наставната дејност учествуваат повеќе субјекти меѓу кои: **наставниците, соработниците, учесници студенти, надворешни соработници, експерти и други**. Учесниците во образовно-наставниот процес се реализатори на **знаења, на идеи, умеења, вештини согласно профилот на кадарот .**

Образовно-наставната научна работа е комплексна и одговорна која бара **пристапност, етичност и примерно однесување и поведение**. Кога говориме за етичноста треба да напоменеме дека таа е условена од личните особини и квалитетот на личноста-индивидуалитетот и интегритетот и општествените релации, како и од сопствените и колективните искуства, развивање на стабилна стратегија на комуникација меѓу општествените и приватните институции и истражувањата, во таа насока се темелат на: **солидарноста- толеранцијата, разбирањето и соработката која подразбира размена на комуникација на соодветни и несоодветни информации, кои треба да почиваат на етичноста.**

Во таа смисла **УНЕСКО и Светската комисија за етичноста која е формирана на 16.11.1945 година**, во која членуваат повеќе од 188 членки, со повеќе национални комисии - центри, клубови, водат грижа за зачувување и применување на етичноста.

Во овој поглед за развивање на активностите за поврзување на теоретски и емпириските аспекти на етиката во образованието, науката и културата, УНЕСКО има воспоставено организациони единици кои се баваат исклучиво со овие проблеми на етичноста во образованието и културата.Така што, УНЕСКО има организирано повеќе научни, меѓународни расправи во 1999, 2003 година, од кои произлегува заклучок: **сите наставни-научни, културни учесници-работници, треба да развиваат висока социјална одговорност за воспоставување и зачувување на наставниот - научниот и културниот интегритет, контрола на квалитетот на работата како и меѓусебна доверба и соработнички однос со учесниците на етичките принципи, очекувања и посакувања.**

Посветеноста на етиката во денешно време е повеќе од потребна, бидејќи е предизвикана од брзите промени - реформи во образованието, науката, културната условеност на животните принципи, мултикултурните - интеркултурните процеси, технолошките и научните иновации кои можат да бидат од корист, а понекогаш и да и штетат на човечката заедница кои се јавуваат како резултат на повеќе појави- односи.

Современите предизвици честопати ја поставува личноста - единката во ситуација да се определи **што е добро што е лошо** во поведението односно што одговара на етичките

принципи и вредности на поединецот од една страна, што иницира рационален дијалог меѓу културата, образованието, науката, а од другата страна потикнува оптимално ангажирање на расположивите потенцијали за пронаоѓање на подобар пристап и решавање. Затоа е потребно да постои: **отвореност, непосредност, разбирање за образовните, културните, религиозните и традиционално-националните вредности, обичаи и различности и на истите треба да ги сватиме како такви и треба да укажиме на потребата од толеранција, рамноправност и алтернативност во изборот.** Споменатите принципи дадени се во **Општата декларација за културната и образовната разновидност на УНЕСКО**. Во тој поглед треба да напоменеме дека, врз напред наведените сознанија, принципи и Општата декларација за културната и образовната разновидност потпишана е **БАНКОШКАТА декларација за етика, наука и технологија (25.03.2005).**

Високото академско образование согласно општествениот развој, глобализацијата, предизвиците и иновациите во повеќе земји, посебно земјите во транзиција стануваат предмет на реформирање - промени и интересен сектор за внесување на приватен капитал, каде доаѓа до израз интересите на јавниот и приватниот сектор за квалитетно образование, животен стандард и подобра општествена положба. Тоа укажува на зголемување на барањата кои се поставуваат пред секоја земја, која плански ги образува високошколските учесници-субјекти. Истовремено, тоа укажува на потребата на дефинирање на заедничките принципи, програми и планови, каква структура на образование не би било условено од националните рамки, односно да не биде затворен, туку отворен за поголема проодност усогласеност и размена на кадри.

Наведените сознанија за отвореност, усогласеност и кооперативност укажува на потреба наставниците, соработниците, да дефинираат и одредат свој кодекс. **(Кодекс на УКИМ-Скопје2011)** Наведениот **КОДЕКС на УКИМ-Скопје, јасно ја потврдува етичноста и поведението на учесниците,** како и другите социјални субјекти во потесната и пошироката општесвена средина. Во таа смисла ќе се потрудам да издвојам **некои Општи морални должности на наставно-научните и соработничките кадри:**

- **образованост и информираност;**
- **почитување на личноста и нејзината слобода;**
- **скромност и одговорност;**
- **примерност, доследност, принципиелност;**
- **вистинолубивост, критичност, самокритичност, вистинитост, хуманост, објективност, свесност;**
- **уредност и пристојност;**
- **точност;**
- **почитување на задолженијата;**
- **професионалност;**
- **разновидност на изворите на информираност;**
- **редовност, исполнување на обврските, задачите;**
- **системност;**
- **искреност и добронамерност;**
- **колегијалност, уредност;**
- **претприемчивост;**
- **достоинственост;**
- **племенитост;**
- **дисциплинираност;**

Повеќе морални и етички вредности дадени се и во Законот **(Законот за високо**

образование), како и во Етичкиот кодекс на УКИМ-Скопје, во: Општите одредби, задачи на академските институции, позицијата на Универзитетот и на академските дејци, односите меѓу академските дејци, етичките вредности во односите на Унивезитетот, Етиката во науката и во високото образование, соработка на Универзитетот, Одговорност на универзитетот, грижа за младите за социјалните прашања и слично.**(Кодекс на УКИМ-2006**).

Во прилог на напред изнесеното, се потрудив да дојдам до податоци од Универзитетот и Стопанската академија во Нови Сад, во кој мошне прегледно е даден Кодексот на професионалната етика: **со општи одредби, цели на кодексот, Основни начела, морално и неприфатливо поведение, дискриминација, вознемирување, основни етички стандарди, однос према професијата, однос према студентите, однос према колегите, однос према институцијата и слично.**

Од изнесените теоретски сознанија, од непосредните инспекциски увиди и разговорите со надлежните органи на факултетите и институтите, студентските парламенти и Студентскиот правобранител за односот и етичкото однесување на наставно-научниот, наставнички и соработнички кадар на високо образовните институции, Законот за високо образование, кодексите, слободно можам да кажам, дека во практиката има остапувања во поведението и однесувањето на професионалната етика кај поединци**(Закон за просветна инспекција)**. Тоа може да го поткрепам со повеќе примери:

- **ненавремено доаѓање на часови, за предавања, вежби и консултации;**
- **преангажираност на поедини наставници, соработници на други јавни и приватни универзитети;**
- **неблаговремена заштита на личноста - неговиот интегритет на студентот од злоупотреба и на неговото достоинство односно нетретирање на студентот како субјект- партиципиент;**
- **неинформираност на студентите за нивното право да поднесат приговор, ако не е задоволен од завршното оценување односно од оценката;**
- **задолжително принудување, водење списоци на студенти за купување на учебници, скрипти, практикуми, прирачници, наставни помагала кои се услов за полагање на колоквиум односно испит. Што е преседан;**
- **Присилување на студентите да земаат семинарски и дипломски работи, кои треба да е избор и определба на студентот;**
- **Објавување на учебници, скрипти, наставни помагала без почитување на правилникот за организирање на издавачка дејност;(од повеќето записници за работата на ДПИ при МОН за високо-образовние институции во текот на 2010-11г)**

Изнесените примери од практиката на поедините високо образовни институции(факултети - институти) од страна на поедини наставници и соработници, потврдуваат дека, професионалната етика, кај поединци е нарушена и не е во согласност со Законската регулатива (легислатива), Кодексот на Универзитетот и професионалната етика на универзитетскиот наставник, кој за свои цели и потреби го руши авторитетот - брендот на универзитескиот наставник и дозволува универзитетските наставници да бидат обезвреднувани и јавно критикувани од пишаните и електронските медии, а со тоа го обезвреднува високото образование односно високо образовните институции.

Од тие причини Универзитетот преку своите органи и тела, факултетите – институтите, преку своите органи најенергично треба да се спротивстават на ваквите појави согласно легислативата и нарушителите да бидат санкционирани.

Личноста - поведението и меѓучовечките односи

1. Деловой мотив. Для большинства пользователей работа в Интернете является составной частью профессиональной деятельности, направленной на достижение конкретной цели, т.е. результата. Это может быть поиск конкретной информации, контакты и взаимодействие с определенным человеком, организация работы какого-либо подразделения и так далее. Ориентация на конкретный деловой результат и служит индикатором наличия так называемой деловой мотивации.
2. Познавательный мотив. Этот мотив связан с получением новых знаний, он может иметь различные характеристики в зависимости от направленности познавательного интереса пользователя. Предметом познавательного отношения в компьютерных сетях могут быть новые сервисные возможности, различная гипертекстовая информация, новые люди, идеи и мнения, визуальные и слуховые образы.
3. Мотив общения (коммуникативный мотив). Он характеризуется поиском новых знакомств, людей с близкими интересами, обменом мнениями, обретением нового круга друзей и единомышленников. Он связан с естественной для человека потребностью в обмене знаниями, мнениями, эмоциями с себе подобными.
4. Корпоративный мотив (мотив сотрудничества). Большинство видов деятельности человека носит социальный характер, как по своему содержанию, так и по своей структуре. Это означает, что деятельность предполагает разделение функций между людьми, сотрудничество между ними, обмен результатами деятельности, совместное решение проблем по ходу работы. Значительная часть людей работает в условиях совместной деятельности. Ориентация пользователей на сотрудничество (а не просто на общение) с другими при работе в Интернете служит индикатором корпоративной мотивации.
5. Мотив самоутверждения. В основе этого мотива лежат глубинные психологические явления - самооценка личности, уровень притязаний, мотивация достижения. Деятельность человека часто достиженческий характер, при этом человеку приходится доказывать себе и другим собственную состоятельность, ценность. Самоутверждение может осуществляться в различных видах деятельности в зависимости от типа личностных ценностей субъекта.
6. Мотив рекреации и игровой мотив. Игра и рекреация занимают важное место в жизни любого человека. Помимо восстановления функционального состояния работоспособности, игра и рекреация является способом овладения новыми видами деятельности, тренировкой и проверкой своих возможностей, соревнованием. В Интернете каждый пользователь может найти тот вид игры, который ему наиболее близок и интересен.
7. Мотив аффилиации. Данный мотив является выражением социальной сущности

деятельности и личности человека. Он проявляется в потребности каждого человека принадлежать к определенной группе, принимать ее ценности и следовать им, занимать собственное место в структуре группы.

8. Мотив самореализации и развития личности. Значительная часть пользователей осознает влияние работы в Интернете на собственную личность и деятельность. Это влияние касается развития познавательных возможностей, игровой деятельности, особенностей общения, формирования интересов личности. Осознанное стремление к реализации и развитию собственных возможностей (познавательных, коммуникативных и т.д.) формирует мотив развития личности при работе в Интернете. Данный мотив имеет выраженный творческий компонент. Работа в Интернете дает человеку возможность проявить свои творческие способности, например, создание новых программных продуктов, высказываний в телеконференциях, ресурсов WWW и т.д. Это позволяет человеку реализовывать свои творческие потенции, дает возможность получить оценку своего творчества со стороны значимых и компетентных экспертов.

Итак, мы рассмотрели некоторые особенности психологии пользователей сети Интернет. Так как аудитория Интернет постоянно увеличивается, можно с уверенностью утверждать, что Интернет влияет на общество. Всемирная сеть является новой областью исследований психологов и других специалистов. Кроме огромного количества информации Интернет представляет собой обширную зону коммуникации людей. Благодаря отличиям реального общения от виртуального, становится возможной Интернет-зависимость. В то же время, можно рассматривать Интернет как способ расширения мировоззрения, либо поддержания контактов.

Список литературы:

1. Е.П. Никитин, Н.Е. Харнашенкова «Феномен человеческого самоутверждения» - С.Пб.: «Аистеня», 2000г. 224 с.
2. И. Шевченко «психологические особенности общения посредством Internet»
3. Е.П. Никитин, Н.Е. Харнашенкова «Феномен человеческого самоутверждения» - С.Пб.: «Аистеня», 2000г. 224 с.
4. Арестова О.Н., Бабанин Л.Н., Войскунский А.Е. «Мотивация пользователей Интернета»

Хаџиевски Јове

ГЕШТАЛТ ТЕРАПИЈА: ТРАНСПЕРСОНАЛНИ/ ДУХОВНИ АСПЕКТИ

Вовед

No paradise of the East
No paradise of the West –
Seek along the way you have come.
They are all within you.
(Shol & Car, 1970, p. 51)

Денешниот човек се повеќе и повеќе се свртува кон Бога, но, го наоѓа ли она што Бог му го ветил – Рај на земјата, како и на небото!?!

Разните религии му нудат разни концепции за Бог и сходно на тоа разни концепции за рајот, се разбира, доколку е добар, а ако е лош – му следи вечен пекол.

Човекот денес е заведен, заблуден, замаен и заталкан. Од една страна е заведен од сопственото не-знаење со кое е исполнет неговиот его ум, а од друга страна е заведен од "знаењето" кое различните "професионалци" – научни и религиозни – му го нудат како "вистински пат" кон материјалната благосостојба и небесниот рај, поточно душевното блаженство.

Науката и научниците му се наметнуваат како "бог" во материјалниот свет, а религијата и свештениците како "бог" во духовниот свет, но, и покрај тие "два богови" човекот и натаму страда, животот и натаму му е се' повеќе пекол, а само во ретки моменти заличува на некаков си посакуван рај.

Парадоксот е во тоа што нити многубројните материјални благодети, кои се производ на современата наука и технологија, успеваат да ја исполнат со задоволство неговата внатрешна емоционална празнина, нити пак ритуалите и толкувањата за бога, од страна на разните религиозни свештеници, успеваат да го исполнат неговото срце со радост, среќа и блаженство.

Каде е решението/излезот од страдањето?

Мудреците, духовните учители, дале многу одговори за разрешување на парадоксите на човечкото постоење. Тие со векови, на различни начини, се обидувале да му помогнат на човештвото и да го извлечат од неговото страдање.

Додека науката и технологијата му нуделе нови производи и го заведува/ле човекот со рекламирањето дека конзумирањето на истите животот ќе му биде рај, додека разните религии истиот тој рај му го нуделе преку продавање на разни боженствени концепции/ производи, Учителите велеле само едно – СПОЗНАЈ СЕ САМИОТ СЕБЕСИ!!!

Оваа мудрост "Nosce te ipsum." е напишана во пророчиштето во Делфи, каде што Едип оди да се консултира со боговите за неговата судбина.

Како денешниот Едип да ги спои материјалното и духовното и да научи да ги ужива благодетите на животот и да го намали своето страдање?

Одговрот останува ист – СПОЗНАЈ СЕ САМИОТ СЕБЕСИ!!!

Се' почесто современиот човек решенијата/одговорите за своите страдања се обидува

да ги најде на еден современ начин – преку консултирање со стручњаци кои се занимаваат со советување и психотерапија.

Но, дали психотерапијата сама по себе може на човекот да му ги даде сите одговори, па дури и оние кои се поврзани со духовноста?

Психотерапевтот денес е ставен во улогата на мудрец, Учител, кој треба да го води денешниот човек од страдање кон блаженство.

Но, неговата наука (психотерапијата) сама по себе, се помалку и помалку му го овозможува тоа.

Затоа на Запад, посебно во Америка, психотерапијата се повеќе и повеќе, во своето поле на дејствување, ја внесува духовноста. Спојот меѓу науката и духовноста (спиритуалноста, религиозноста) станува неминовност.

Овој тренд, на спојување на науката и религијата т.е. духовноста, не ја заобиколил Гешталт терапијата.

Трансперсоналните перспективи на Гешталт терапијата

Гешталт терапијата, која се смета за една од најмоќните современи психотераписки правци, во голем дел од својата работа се потпира врз духовноста.

Самиот основач, Fric Perls, во својата автобиографија пишува дека увидите, свесностите, кои се стекнуватаат преку работата на себеси во процесот на Гешталт терапијата, се еден вид на духовни доживувања и ги нарекува мини сатори, мали просветлувања.

R. Elliott Ingersoll, во книгата "Gestalt Therapy: History, theory, and Practice", во поднасловот "Gestalt therapy and Spirituality" пишува дека посебна потешкотија предизвикува и самиот обид со зборови да се објасни поимот спиритуалност кој се занимава со работи кои се од трансцедентална природа, т.е. нешто што ги надминува зборовите. Тој вели " Јас го поддржувам фактот дека независно дали ги користиме концептите за "Бог", "Божица" или "Голема Празнина", тие мора да бидат поткрепени со лично искуство."

Lynn Williams, во апстрактот од својот напис "Spirituality and Gestalt Therapy: A Gestalt-Transpersonal Perspective", пишува дека " Многумина кои учествувале во Гешталт терапија и/или Гешталт тераписки трениг тврдат дека нивните искуства биле длабоки и од духовна природа. Многу аспекти од Гешталт терапијата се поврзани со различни религиозни и духовни/спиритуални традиции. Интегрирањето на трансперсоналните песпективи може да овозможи разбирлив и јасен преглед за поврзаноста меѓу Гешталт терапијата и духовноста, дефинирањето на духовноста и нивното взаемно учество во човечкиот духовен развој."

Гешталт терапевтката Sue Murray, во своето интервју со новинарот Rudolf Jarosewitsch на прашањето "Дали можете да ми кажете нешто за Гешталтот и духовноста/спиритуалноста?", одговара дека е "Тешко да му се приближи на оваа тема без да биде дадено на знаење дека основата на Гешталтот е искуството, т.е. да бидеш способен нешто да тестираш во искуство. Истото важи и за духовноста. Се работи за искуството и верувањето во она што го искусуваш е твоето лично искуство."

Claudio Naranho (Gestalt Therapy as a Transpersonal Approach) вели "Тоа што Гешталт терапијата вообичаено се дефинира како хуманистичка, а не како трансперсонална е рефлексија на нејзиниот недостаток од концептуална прецизност ... духовноста во Гешталт терапијата е ... затскриена/замаскирана."

Гешталт тераписки/духовни концепти

Голем дел од Гешталт тераписките основни теоретски и практични поставки се потпираат врз духовните искуства и мудрости на Учителите од Исток и Запад.

Fric Perls вели дека Гешталтот постои откако постои светот, со тоа сака да укаже на тоа дека гешталт терапијата се заснива на нешто праисконско, нешто суштински темелно, егзистенцијално. Со тоа на Гешталт терапијата и' ја вградува метафизичката/духовната димензија.

Самиот поим Гешталт значи пред се' целина. Целината наречена Гешталт функционална целина која се разликува од обичниот збир на своите делови.

Ако оваа целина ја изразиме со поимот поле кое е составено од единката и околината и сите нивни взаемни интеракции кои во себеси носат значење и енергија, како нивни главни обележја, тогаш сето тоа многу потсетува на Источните учења кои тврдат дека се' е едно, дека се' е поврзано во една жива (функционална) целина (Бог, Браман итн.).

КОНТИНУМОТ НА СВЕСНОСТ е уште една компонента која Гешталт терапијата ја вградила во своите темели. Духовните Учители од памтивек потенцираат едно – БИДИ ПОСТОЈАНО СВЕСЕН, БИДИ ПОСТОЈАНО БУДЕН (Буда).

Claudio Naranho (Gestalt Therapy as a Transpersonal Approach) вели дека "Преместувањето на нагласокот од менталните содржини на свесноста само по себе е најважната карактеристика на хуманистичките и трансперсоналните терапии."

Свесноста е свесност која секогаш се случува во СЕГА И ОВДЕ, таа е постојано свежа и жива, тече заедно со животната река. Сега и овде се "два битни концепти" експлоатирани од страна на Гешталт терапијата. Гешталт терапевтот постојано инсистира на свесноста во сега и овде, на се' она што се случува сега и овде меѓу ЈАС И ТИ (терапевтот и клиентот/пациентот).

Свесноста во сега и овде е исто така од голема важност во Источната филозофија (Зен, Будизам, Хиндуизам, Јога и сл.).

КРАЕТИВНАТА ИНДИФЕРЕНТНОСТ и ПОЛАРНАТА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА коишто Гешталт треапијата ги наследила од учењето на Salomon Friedlander (1918), се концепти кои Источната филозофија и религија ги наследила од Буда, преку неговото учење за СРЕДНИОТ ПАТ, патот на центрираност, патот на балансираност или во Гешталт терапијата се користи уште еден поим ХОМЕОСТАЗА, или нултата точка од која секое движење лево или десно води кон половите (позитивен или негативен) со што е возможна поларна диференцијација.

"Значајноста на креативната индиферентност е во тоа што таа за Perls стана "ПЛОДНА ПРАЗНИНА" е место каде што престанува творењето на значење/а (мислењето, м.з.) и започнува битието/бивствувањето (Frambah, 2003, 114). Онаму каде Friedlander ја опиша креативната индиферентност како его-хелиоцентар, селф, битие, субјект, индивидуа, идентитет, личност, ум, душа, апсолутност, волја, слобода итн. (119), Perls често ја опишување плодната празнина со поимите средна точка, центар, нулта точка, ништо, пре-диференцијација, еквилибриум, баланс, центрираност, спротивности, полови и поларизација (Frambah, 2003, 121). За појасно да ги разбереме Фридлендеровата креативна индиферентност и Фрицовата плодна празнина, потребни ни се понатамошни истражувања на овој феномен" – вели Herb Stevenson во својт апстракт "Paradox: A Gestalt Theory of Change".

Во Будизмот свсноста за празнината од која се' извира и во која се' се влева е еден од главните концепти. Современите истражувања во квантната физика докажуваат дека видливите форми, конкретно човекот, се/е составен/и од 99% празнина (Теоријата на холограм).

ПАРАДОКСАЛНАТА ТЕОРИЈА НА ПРОМЕНА поставена од Arnold Biesser (1970) која тврди дека промената настанува тогаш кога се обидуваме да бидеме она што сме, а не она што не сме, се заснива на еден од основните парадокси кои се нагласени во сите духовни учења на истокот (ведите, пураните, упанишадите), како и во христијанските учења (светото писмо) кои постојано го потенцираат фактот дека човекот се идентификува со она што не

е, со минливото и менливото и затоа страда и ќе страда се' додека не се идентификува (под сите услови) со она што навистина е (апсолутното во себеси).

Резиме

Ова се само некои од концептите коишто Гешталт терапијата ги позајмила од Источните духовни учења и ги користи како камен темелници во својата теорија и пракса.

Животот самиот по себе е парадокс и се храни со парадокси (апсурди, противречности, контрадикторности).

Гешталт терапијата е еден од патиштата/начините која на човекот му помага да ги освести и разреши ти парадокси во процесот на себе-откривање, себе-спознание и себе-реализација. Дел од уховните аспекти коишто погоре ги спомнав само и' го зголемуваат нејзиниот кредибилитет како теорија и пракса која успешно им помага на оние кои ја користат за сопствен интелектуален, емоционален и духовен раст и развој, односно на нивниот пат на исцелување – СТАНУВАЊЕ ЦЕЛИНА – GESTALT.

REFERENCES

1. http://www.clevelandconsultinggroup.com/pdfs/paradoxical_theory.
2. http://www.claudionaranjo.net/pdf_files/gestalt/gestalt_as_a_transpersonal_approach_english.pdf
3. http://www.gestaltreview.com/Portals/0/GR1001Williams.pdf
4. http://books.google.com/books?id=Kp_sfy6XSE8C&pg=PA133&lpg=PA133&dq=R.+Elliott+Ingersoll&source=bl&ots=F_D90Y3COO&sig=ds05PgulSS1L0DtZ5Jmw7itCSng&hl=en&ei=sCxrS4mlN92ksQbekoj0BQ&sa=X&oi=book_result&ct=result&resnum=10&ved=0CB0Q6AEwCQ#v=onepage&q=R.%20Elliott%20Ingersoll&f=false

Диана Белевска

ДИСТРИБУЦИЈА НА СЕМЕЈНИТЕ УЛОГИ ПО ПОЈАВАТА НА ШИЗФРЕНО ЗАБОЛУВАЊЕ

Индивидуалните улоги на членовите на семејството ја претставуваат социјалната структура на семејството и ја одржуваат хомеостазата на семејната група. Појавата на шизофрено заболување во семејството создава промена на улогите, кај заболениот член, но и кај останатите членови во семејството.

Доколку членот во семејството имал значајна функција и улога пред заболувањето, тогаш заболувањето доведува не само до психолошка туку и до материјална криза. Диколку улогата и функцијата биле помалку значајни, заболувањето може дури да ги обедини разединетите сили на членовите на семејството кои заеднички ја демонстираат својата грижа за заболениот.

Може да се случи, и покрај заболувањето, членот на семејството и понатаму да ја врши својата функција и улога. Тогаш тој ќе биде толериран од останатите членови на семејството, и обратно, доколку не ја извршува својата функција и улога, може да биде запоставен или отфрлен.

Дијагностички методи и постапки

За правилно дијагностицирање на семејните нарушувања неопходно е да се утврди врската помеѓу актуелното значење на проблемот и некои настани од минатото што придонесле за развојот на симптомот.

Како дијагностички методи кои се користат за проценка на семејството се: техники за опсервациско мерење; интервју со семејството; скали за проценка на семејството; генограм; еко-мапа и др.

Во дијагностичката постапка се утврдуваат и следните елементи:

Во која фаза на семејниот животен циклус се појавил семејниот проблем. Семејството полесно успева да направи симптом ако потешко се движи низ развојните фази. Успореното движење условува неповолни искуства од претходните фази, како и склоност на семејството маладаптивно да се движи кога е во ситуација да ги решава проблемите. Најкритични фази во животните циклуси на семејствата се: фазата кога тоа се формира, семејство со адолесцент и фаза кога децата го напуштаат родителскиот дом. Потоа се утврдува зошто семејството токму во тој момент бара стручна помош. По вакво прашање, обично семејството може полесно да ги изрази проблемите што ја влошуваат семејната ситуација. Најчесто тоа се ситуации кои ја зголемуваат анксиозноста во семејството и кои биле провокативни моменти во избивањето на семејната криза. По добивањето на овие информации се прави анализа, со цел да се открие што е заднината за семејниот проблем. За оваа цел најмногу се користи генограм. Се обрнува внимание на развојната историја на секој член и се следи однесувањето. Секој член се проценува во рамки на образецот на прилагодување. Се следат развојната историја и обрасците на нуклеарното семејство. Се утврдува какви се генерациските разлики, каква е структуралната моќ на семејството, колкав е степенот на индивидуалноста на членовите, дали комуникациите се јасни, отворени или "*double bind*" и конфузни. Се проценува општата семејна атмосфера, присуството на семејни тајни и митови. Се врши анализа на односот на семејството кон проблемот и начините на претходните обиди за решавање на проблемот.

Со ова се овозможува процена на семејните сили и спремноста на семејството да е соочи со промената. Потребно е и да се запазат очекувањата на семејството од примената на семејната терапија.

Испитување на динамиката на семејните односи по појава на шизофрено заболување кај некој негов член

Предмет и цели на истражувањето

Единица на анализите и третманите е семејството. Семејството како жив систем претставува организирана, трајна и самообновувачка целина со променливи обрасци на човековото однесување. Семејните улоги се обрасци со кои членовите на семејството ги исполнуваат своите функции.

Проблем на истражувањето е какви сé промени настануваат во динамиката на семејните односи по појава на психотично заболување кај некој негов член.

Задачи на истражувањето се разработување на следните подрачја: динамиката на семејните односи; транс-генерациските обрасци; дистрибуцијата на семејните улоги во христијанските и во муслиманските семејства, по појава на психоза во семејството; евентуалната прераспределба на улогите по појавата на психоза; сличностите и разликите во прифаќањето на болеста и реорганизацијата во динамиката на семејните односи и прераспределба на улогите; начинот на кој реорганизацијата на семејството придонесува за подолги ремисии и подолго успешно функционирање на заболениот член.

Основната цел на истражувањето е анализата на психолошката и на психо- патолошката семејна структура во семејствата каде постои болен дијагностициран со шизофрена психоза.

Истражувачки хипотези

Поставени се следните хипотези:

Генерална хипотеза: Христијанските семејства подинамично и побурно реагираат на појавата на психоза, нивните реакции се движат од експанзивност до општа депресивност, додека муслиманските помирно го прифаќаат заболениот, преземајќи голем дел од неговите дотогашни улоги.

Помошни хипотези:

1. Муслиманските семејства се најчесто помногубројни по членство од христијанските, така што здравиот дел на системот кај нив полесно ги презема обврските на болниот.

2. Во патријархалните семејства поради поизразената хиерархија пораките се појасни отколку во современите, што придонесува за подобра адаптација на заболениот во нив.

3. Самиот тек на заболувањето многу зависи од организацијата на семејството пред, и за време на заболувањето што се манифестира првенствено низ должината на ремисиите кај заболениот и здравото функционирање на семејството.

Методологија на истражувањето

Основниот користен метод е аналитичко- компаративниот метод и системското набљудување. Користени се следните техники: интервју; прашалник; WB скала за возрасни; генограм; MMPI; табели и графичко претставување на податоците; значајност на разликите на аритметичките средини.

Иситувањето е спроведено на две групи испитаници: 50 семејства со христијанска вероисповед, во која има дијагностицирано душевно заболување од кругот на шизофрени психози, и 50 семејства избрани по исти критериуми, но од муслиманска вероисповед.

Тек на испитувањето

Во првата фаза на испитувањето спроведено е заедничко структуирано интервју со сите членови на семејството, како и метод за визуелно претставување на семејството, генограм или семејно стебло. Во втората фаза користени се стандардизирани прашалници што овозможуваат основна анализа и процена на испитаникот и на членовите на неговото семејство. Во третата фаза за потребите на психолошката експлорација, секој евидентиран пациент е испитан со следните техники: WB скала на интелигенција, MMPI, Mahoverov тест. Останатите членови на семејството се испитани со MMPI.

Статистичка обработка на податоците

Податоците се обработени со квалитативна анализа на генограмот и статистичка обработка и анализа на резултатите добиени со другите психолошки техники. Тестирањето на важноста на разликите меѓу групите (христијански и муслимански семејства) се направени со помош на "t" тест на важност и други адекватни статистички техники за објаснување на заклучоците.

Резултати од истражувањето и дискусија

Од анализата на бројот на членовите во семејството констатирано е дека муслиманските имаат значајно поголем број на членови, односно најголем број христијански семејства (90%) се четворочлени емејства. Муслиманските семејтва (74%) имаат по седум или повеќе од седум члена. Според тоа, поголема е веројатноста дека во муслиманските семејства, здравиот дел на семејството (системот) ќе ги преземе обврските на заболениот член.

Со проверка на втората помошна хипотеза, со која ја испитувавме врската помеѓу патријархалните семејства во кои хиерархиските пораки се јасни, адаптацијата на заболениот член во нив, го анализиравме и начинот на применетото воспитување, како и односите кои владеат во семејствата.

Докажавме дека во групата христијани најчесто е применувано благо и доследно воспитување, а во групата муслимани строго и доследно.

Интерперсоналните односи во семејствата ги групиравме во три групи: авторитативни, демократски и хаотични. Сметаме дека автритативниот и демократскиот тип се позитивни за одржување на семејната хомеостаза. Авторитативниот тип е типичен за патријархалните семејства, а демократските односи се специфични за современиот тип на семејна организација.

Добиените резултати укажуваат дека во христијанските семејства, во најголем број, владеат демикратски односи, додека во муслиманските, авторитативни.

Поголем број христијани уживале доверба од мајките, а довербата од таткото е поприсутна кај испитаниците муслимани.

Социјализацијата на заболениот, по појавата на психоза, надвор од семејството е

отежната за најголем број од испитаниците, а посебно се манифестира преку неспособноста за истакнување.

Во двете групи постои пад на сигурноста на испитаниците во сопствените способности. Самостојноста при одлучувањето опаѓа кај поголем број испитаници по појавата на психоза од двете групи. Поголем број испитаници од групата христијани покжажуваат повисок степен на самостојост и пред и по појава на психоза што може да е резултат на структурата на семејната организација.

Во двете групи испитаници, по појавата на психоза значително е намалена можноста за воспоставување на контакт со други луѓе.

Во двете групи значаен број испитаници ја зачувале поддршката од другите луѓе по појава на психоза.

Во третата помошна хипотеза претпоставивме дека текот на заболувањето зависи од организацијата во семејството пред и за време на заболувањето, а се манифестира низ должината на ремисиите кај заболениот член и здравото функционирање на семејството. Сознанијата од истражувањето ни даваат можност да заклучиме дека муслиманските семејства почесто и подолго бараат хоспитален третман за заболениот член. Причината од ваквото реагирање е условена од економската и станбената положба на семејството, како и бројот на членови во семејството.

Генералната хипотеза во ова истражување е дека христијанските семејства подинамично и побурно реагираат на појавата на психоза, нивните реакции се движат од експанзивност до општа депресивност, додека муслиманските помирно го прифаќаат заболениот, преземајќи голем дел од неговите дотогашни улоги. Добиените резултати укажуваат дека депресивноста како начин на реагирање по појава на психоза е значајно почеста во христијанските семејства, отколку во муслиманските. И во двете групи на семејства, по појава на психоза доаѓа до значително намалување на адекватното и постојано извршување на улогите.

Ова истражување укажува на потребата од организирање на програма за помош на шизофрениот член и на неговото семејство, во која би се применила семејна системска терапија.

Верица Стаменкова Трајкова

ИСТРАЖУВАЊА НА ВРЕДНОСТИТЕ И ВРЕДНОСНИТЕ СИСТЕМИ ВО РАЗЛИЧНИ ЗЕМЈИ ВО СВЕТОТ

Резиме: Трудот преставува анализа на поважните истражувања и истражувачки пристапи во областа на вредностите и вредносните ориентации на истражувачите од различни земји. Систематските истражувања, кои започнале пред повеќе од половина век, преставуваат основа на која современите истражувачи ги базираат своите истражувања при што ги користат или споредуваат истражувачките техники кои се користени од страна на истражувачите во претходниот период. Користејки исти или слични техники на слични целни групи, современите истражувачи прават споредба на сопствените резултати со резултатите до кои дошле претходните истражувачи. Прикажани се позначајните истражувања и заклучоците од истите на истражувачите од западните, источните и југоисточните земји во втората половина на дваесетиот век. Најпрвин се прикажани истражувањата на психолозите од западните земји, потоа на истражувачите од поранешниот ССР, на истражувачите од поранешна Југославија, посебен осврт е направен на истражувањата во Македонија. Приказот на истражувањата е направен според земјата и времето во кое е спроведено истражувањето.

Вовед

Интензивното проучување на вредностите во психологијата датира од средината на дваесетиот век. Истражувачите на ова прашање во психологијата сметаат дека вредностите и вредносните ориентации се општествено условени и дека во стабилно општество општествените односи условуваат прифаќање на одредени вредности од страна на прпадниците на тоа општество. Исто така , го прифаќаат ставот дека драстичните промени во општествените односи условуваат промени на веќе усвоените вредности. Во теориите за вредностите се среќава сваќањето дека усвоените вредности се значајни двигатели кои го мотивираат и насочуваат однесувањето на поединците и групите.

Причините за широкото проучување на вредностите во психологијата се: вредностите имаат голем број функции кои се битни за поединецот и неговото снавоѓање во социјалната средина, тие се значајни за чувството на интегритет и идентитет на личноста, имаат одредена функција во решавањето на конфликтите како арбитар во борбата помеѓу различните мотиви, внесуваат елементи на предвидување на понашањето на поединци и групи, битни се за функционирање и одржување на групната равнотежа и кохезија, бидејќи се интегрален дел на групните норми.

Дефинирање на вредностите

Голем дел од истражувачите го истакнуваат проблемот со различното дефинирање на вредностите, кои како поим се користат во различни науки меѓу кои математиката, економијата, филозофијата, политикологијата, како и во голем број психолошки дисциплини, и тоа во различно значење. Покрај разликите во дефинирањето на вредностите во различните науки, постојат разлики и во психолошките дефиниции. Кога овој поим се користи во психологијата, со поимот вредности најчесто се означуваат диспозиции за одредено однесување и/или цели на чие остварување понашањето е насочено. Меѓутоа, ни во психологијата под вредности не се подразбира секогаш иста појава. Како вредности се истакнуваат цели(како

нешто што постои надвор од човекот), или како тенденција кон одредена цел(нешто што е во чпвекот). Рот истакнува дека за психологијата има смисла за вредностите да се зборува само како за субјективни појави, како диспозиции насочени кон нешто (1994.с. 301). Истиот автор наведува неколку карактеристики на вредностите, и тоа: вредностите се диспозиции насочени кон остварување на одредени цели, тие се посакувани и вредни за поединецот, централни во структурата на личноста, силно и трајно поттикнуваат на одредена активност, општи се и друштвено релевантни, многу се групирани и општи диспозиции или идеологии. Две битни карактеристики на вредностите се: тоа се диспозиции насочени кон остварување на посакувани цели кои се пожелни и вредни за човекот, вредностите се диспозиции кои се централни за структурата на личноста на човекот кои силно и трајно го поттикнуваат на одредена активност. Еден од често цитираните истражувачи Шварц ги одредува вредностите како мотивациски тенденции или цели, истакнувајки дека вредностите се общи цели кои служат како водечки принципи со различно значење за животот на луѓето. Шварц анализира два аспекта на вредностите: нивната мотивациска содржина на чија основа ја разработува типологијата на вредностите и структурните односи меѓу различните типови вредности (Schwartz,1992.s.17-19)

Анализирајки повеќе дефиниции на вредностите во психолошките истражувања, како прифатлива дефиниција, која ги содржи основните карактеристики на вредностите, е: вредностите се диспозиции за одредено понашање насочено кон остварување на посакувани и животно важни цели (Трајкова Стаменкова,2000,с.17).

Постојат разлики и во дефинирањето на поимот **вреднсони ориентации**. Прифатена од повеќето автори е дефиницијата според која вредносната ориентација преставува вкупен збир на вредности, интегрална форма на структурната организација на вредностите кои го одредуваат квалитетот на животните активности на индивидуата (Бајчинска,1994,с.126). Рот и Хавелка, од вредностите ги разликуваат вредносните ориентации, подразбирајки под тој поим општи начини на живот (1994,с.303). Олпорт разликува шест општи вредности кои ги нарекува вредносни ориентации.Тоа се: теориска-интерес за сознавање на вистината; економска-интересирање заа она што е корисно; естетска-тенденција за убавина и складност; социјална-несебична љубов за луѓето; пполитичка-интересирање тенденција за моќ;религиозна-доживување на чувство на единство со светот. Како прифатлива ја сметаме дефиницијата на вредносните ориентации како „интегрална форма на структурна организација која вклучува повеќе вредности, но сепак не се сведува на нив. Основна карактеристика на вредностите се огледа во нивниот систематичен карактер, додека идеалната форма на квалитетот на животната активност не се одредува од одредените вредности туку од збирот на повеќе вредности, односно од вредносната ориентација„.

Бидејки вредностите се карактеристични за одредено општество, а поединците се социјализирани и прилагодени на општеството, луѓето мегусебно не се разликуваат по тоа дали поседуваат или не одредена вредности, туу пред се, на основа на тоа како се тие организирани во вредносни системи-одредена хиерархија на вредности-според тоа како се перцепира и доживува нивната важност.

Истражувања на вредностите во западните земји

Бројот на истражувањата на вредностите се зголемил особено во периодот од седумдесетите години на минатиот век. Еден од првите поплодни истражувачи и теоретичари на вредностите е Милтон Рокич. Од 1968 до 1981 година, тој извел масовно истражување на вредностите во американското општество. Заклучил дека карактерот на вредностите во политичката сфера на американското општество е повеќе личен отоколку

колективистички, но и експериментално ја докажал можноста за намерно манипулирање со рангот на вредностите.

Шварц со соработниците спровел крос- културно истражување на вредностите со примена на инструмент кој се состои од листа на 56 вредности од кои секоја е дефинирана со вметната реченица која претсавува збиена објаснувачка фраза. Истражувањето вклучува 20 земји, со 40 примероци (200 испитаници по примерок, 100 студенти и 100 наставници), а подоцна се приклучени и други земји, меѓу кои и Македонија. Шварц заклучил дека постои универзална структура на вредносниот систем во 80% од примероците, отстапување е забележано во земјите кои припаѓаат или тежнеат кон источната култура. Во рамки на крос културните студии вршени се и истражувања за влијанието на вредностите врз поведението на поединците и социјалните групи, како и обиди за објаснување на природата на разликите меѓу мажите и жените во нивните базични вредносни ориентации, отстапување е забележано во земјите кои припаѓаат или тежнеат кон источната култура.

Врските на културата и полот со самопочитувањето и изворите на самопочитување се испитувани од страна на Воткинс, Џеј и други, во различни културни средини. Притоа е најдено дека постојат разлики меѓу припадниците на индивидуалистички (САД и Хонг Конг) и колективистички (Литванија) ориентираните култури. Заедничко за испитаниците од сите три култури било што испитаниците тежнеат да бидат позадоволни од компонентите на селф кои ги сметаат за поважни. Половите разлики во рамки на секоја култура биле мали.

Во 1992 година, Џозеф изнесува три студии на американски студенти за демонстрирање на разликите во некои специфични селф домени меѓу мажите и жените. Јасуко Моринага (1995) ги испитувал работните вредности и животното задоволство кај жени кои дипломирале на колеџ во Јапонија. Тој се обидел да ја најде врската меѓу работното задоволство и подготвеноста за учествување во работната сила и меѓу брачниот статус и работно-вредносните фактори: постигнување, интелектуална стимулација, полова еднаквост, социјален придонес и семејна грижа. Наодите зборуваат дека работните вредности и животното задоволство можат успешно да бидат предвидени преку брачниот статус, а се поврзани и со плановите за идното занимање. Грим со соработниците ја испитувал поврзаноста на црте, вредностите и склоностите со индивидуалистичко – колективистичката ориентација, при што теоријата за индивидуализам – колективизам ја тестирале во една индивидуалистичка култура (САД) и во една колективистичка култура (Филипини). Испитувани се студени со неколку прашалници и тоа: Хуиевата скала за индивидуализам-колективизам, две скали од инструментот за социјална независност на Џонсон и Норен и адаптирана Рокичева скала како мерило на вредностите. Резултатите од ова истражување сведочат за поголеми културни ефекти од оние кои биле очекувани, како и за постоење на полови разлики.

Истражување на вредностите источните земји

Првите истражувања на вредностите во земјите во поранешниот СССР датираат од 1966 године. Меѓу првите Ољашенски го испитувал вредносното однесување како апстракт, а социолозите Здравомислов и Јадов ги испитувале вредносните ориентации како компоненти на структурата на личноста (според Давидковски,1987). Психологот Чарташвили (1973) во своето истражување нашол дека вредностите се менуваат, им се придава поголемо значење или се обезвредбуваат во зависност од потребата и можностите за нивно задоволување во конкретните услови. Ежов (1997) го испитувал проблемот на вредносните ориентации на раководителите, нашол дека постојат две групи на раководители од кои едната ја одликува самостојност и иницијативност, а другата доверливост во извршувањето на наредбите. Сагањенко и Јадов го истражувале рангирањето на 18 вредности, при што меѓу првите 6 се

вредностите кои се насочени кон водење сметка за интересите на другите (љубов, среќен семеен живот, пријателство). Истражувањето на Голофат и Красносенк (1983) покажало слични резултати. Генерално, може да заклучиме дека основни проблеми од областа на вредносното однесување кои се истражуваат во психологијата од страна на советските психолози во 80тите години се: формирањето на научен поглед на светот, усвојувањето на вредностите во процесот на социјализација, социјалната регулација на поведението на поединците и групите, субјективност и објективност на вредностите, вредностите како компонента на личноста и др. Во 1997 год. во Русија направено е повторно истражување на вредносните ориентации кај студенти на факултетот по психологија под наслов: Изменения ценностных представлений в социальном времени.Резултатите покажале значајна сличност во вредносните ориентации кај примероците од различни групи меѓу студентите испиѕувани 1986 и 1997 год. Адамчук,Ромшов и Сорокина (1999), во Русија ги истражувале значајните елементи на вредностите и вредносните ориентации во трудовата мотивација.

Во Бугарија со истражување на вредностите најдолго се бави Бајчинска. Првите истражувања на Бајчинска во оваа област датираат од 1972 година и се однесуваат на взаемната врска на вредностите со сознанието и дејноста. Од 1985 до 1987 година Бајчинска учествувала во истражување на структурата на вредносниот систем на научни работници, под раководство на Косев. Во ова истражување била користена нова методска постапка во истражувањето на вредностите, која се состои од четири последователни фази, и тоа: запознавање со содржината на вредносните објекти кои се проценуваат; групирање; определување на содржината на идеолошкиот селф и фокусирано рангирање. Примерокот се состоел од 232 научни работници од Бугарија. Резултатите го потврдиле хоризонтално-вертикалниот модел на структурата на вредносниот систем. Исто така потврдено е и влијанието на проучуваните лични и ситуациони варијабли врз значајноста на одредени вредности, различно за разллични вредности.Најдено е и влијанието на полот и возраста врз значајноста на одредени вредности, како и поврзаност меѓу процената на практичната реализација на вредностите и нивната значајност.Во однос на справувањето со вредносниот конфликт, најдена е примена на два механизма: вредносна редукција и зголемување на значајноста на вредностите.

Во рамките на кроскултурните истражувања на вредностите во во 1993 год.во Бугарија спроведено е истражување кое имало за цел подетално да се проучат односите меѓу 8 вредности од списокот на кроскултурното истражување, кои според авторката ја определуваат основната насока на вредносните промени во Бугарија и во Источна Европа. Резултатите зборуваат за промена на најважните вредности, кои не се веќе прокламинарите од социјализмот: еднаквост, правда идр. туку основните вредности за демократските општества : слобода, независност, себеуважување . Во двата суппримероци присутен е осознаен , но неразрешен конфликт меѓу еднаквоста и богатството. Овие резултати не се во склад со резултатите од кроскултурното истражување во други земји каде што резултатите на Шварц покажуваат дека вредностите социјална правда и социјалната еднаквост се во однос на взаемно дополнување со вредностите слобода, себеуважување и независност, кои ја формираат димензијата себенасоченост.

Истражување на вредностите во земјите на поранешна Југославија

На овие простори првите поинтензивни истражувања од областа на вредностите се изведени во периодот од 1967 до 1975 година, при што се истражувани: самоуправувањето како вредност и вредносна ориентација (Рот, 1969, Кузмановиќ, 1972, Пантиќ, 1975), братство-единство како вредност (Дамјановиќ,1974), демократија – автократија, аворитативност (Рот

и Хавелка 1973), материјаната корист како вредност (Кузмановиќ, 1972), рамноправност-нерамноправност меѓу мажите и жените (Рот и Хавелка, 1973) и многу други.

Од вредносните ориентации, во поширока смисла, од страна на Рот, Хавелка, Петровиќ (1973), испитувани се: утилитаристичко-хедонистичката вредносна ориентација, ориентацијата на самонадминување или самоостварување и ориентацијата на моќ и углед, Истражувањата во кои се споредуваат вредностите на различни субпопулации, како на пример деликвенти и неделиквенти во истражувањето на Петровиќ , покажуваат дека во овие субпопулации има разлики, но не во мера како што се очекувало.

Лонгитудинално повторени истражувања, во Србија, за преференцијата на општествените цели, очекувањата од идното занимање, преференцијата на животните стилови покажуваат некои значајни промени во испитуваните вредносни ориентации. Имено додека порано (1978) била прифаќана претежно општествената сопственост како вредност, во поновите истражувања (1994) се прифаќа приватната сопственост. Исто така дошло до опаѓање на прифаќањето на егалитаризмот, аворитативноста и конформистичката ориентација, а до посилно прифаќање на религиозноста. Непроменети во овој период останале само ставовите во однос на потребата за стабилна и цврста држава, хумани односи и вработеност. Слабеењето на просоцијалната ориентација меѓу младите предизвикува пораст на популарноста на егоистичката ориентација и хедонистичкиот начин на живот. Во поглед на вредносните очекувања од идното занимање не се најдени промени. Највисоки вредности се давани на соработката, личното усовршување и сигурноста при вработувањето, додека се сметало за релативнно неважно стекнувањето на социјален статус, социјална моќ и медиска популарност. Задржан е и трендот медиумите да се главен извор на модели на однесување за младите и за доминирање на личностите од масовната култура во однос на личностите од елитната култура (уметници, научници).

Истражување на вредностите во република Македонија

По осамостојувањето на земјата се случија големи општествени промени и сериозни социјални потреси, што резултираше со значајни промени во идеологијата на луѓето, особено на младите. Воедно тоа е и период на поинтензивни проучувања на вредностите во нашата земја. Меѓу првите истражувачи Костоски во 1972 год. ја анализирал религиозноста на малдите на возрст од 15-25 години, при што заклучил дека младината била поатеистички расположена, како и дека возраста, образованието, социјалното потекло, занимањето и сл. имаат значајно влијание на религиозните верувања.

Ставот на младите кон религијата е испитуван и од страна на Трајкова во периодот 1991-1993. Целтта на истражувањето била да се утврди влијанието на општествените промени врз идеолошката сфера и тоа врз еден нејзин дел – религиозноста, како и да се согледаат промените во религиозното однесување на семејствата и новното влијание врз религиозноста на млдите. Резултатите покажале дека интересите и ставовите на малдите кон религијата изразито се зголемиле во почетокот на општествената криза кај нас.

Во 1992 година, иако кризата сеуште трае, овие интереси се стабилизирале и се во рамките на една очекувана реакција на вакви општествени ситуации.

Истражувачите од Институтот за социолошки и социјално правни истражувања во 1989/1990 год. ги испитувале интересите и вредностите на младите при што е констатирано дека ослободувањето од идеолошките стеги довело до значајни промени во идејниот и вредносниот систем на младите во Македонија. Истражувањето е спроведно пред значајните општествено-политички и други промени поради што резултатите од него, по настанатите промени во државата и промените во вредносниот профил на луѓето, станаа

невалидни. Тоа беше повод за неколку нови истражувања на интересите, вредностите и вредносните определувања кај младите во Македонија (Трајкова 1991/92, 1993,1994). Резултатите од овие истражувања говорат дека општествено-политичките промени, кои во тој период беа особено интензивни довеле до одредни промени во ставот на младите кон одредени активности и до појава на поинаков тренд на интереси и вредности кон кои се стремеле младите тогаш. Општествената криза која кај младите предизвика страв за иднината, ги истакна кај нив вредностите како што се знаење, креативност, иницијативност во работата, вредности кои треба да се негуваат и развиваат и низ организиран воспитно-образовен процес, за да станат значаен дел од системот на врености на младите. Во 1991 година Котеска и Колевски извршиле истражување на вредностите со примена на скалата на вредности од Погачник, која ја примениле на вработени во РЕК Битола. Тие нашле дека на врвот на вредносната хиерархија се: ориентираноста кон семејството, разбирање со партнерот и разбирање со родителите. Вредноста занимање се нашла на десеттото место, а убедливо последна е и вредноста верба. Многу ниско била поставена и вредноста моќ. Со истиот инструмент извршено е уште едно истражување од страна на Кочанковски и Грујоска, кои се обиделе да ја истражат врската на вредносниот систем, вредносните ориентации и цртите на личноста кај невработените во периодот на транзиција. Резултатите укажале на големото влијание на образованието, возраста и брачниот статус врз вредносниот систем на невработените.

Трајкова-Стаменкова (1993) го испитувала влијанието на општествените промени врз идејно-вредносниот систем на адолесцентите. Во 1995 година е направено ново истражување на вредносниот систем на младите со цел да се утврди дали дошло до промени во нивните вредносни ориентации под влијание на општествените промени, на кои вредности најмногу се одразиле промените и во кој период дошло до најголеми промени. Генерални заклучоци од ова истражување се дека настанале промени во доменот на: материјалните вредности, алтруистичката ориентација, ориентацијата кон домот и семејството, хедонистичката ориентација. Во друго истражување од 1996 година Трајкова прави споредба на структурата на вредносниот систем, меѓу припадниците на различни етнички групи во Македонија. При што се покажале значајни разлики меѓу вредносните системи на припадниците од различни етнички групи.

Во 1995 година Арнаудова го испитувала влијанието на транзицијата врз системот на вредности на младите. Резултатите покажале значајни разлики во системот на вредности меѓу младите во зависност од полот, местото на живеење во текот на детството, религиозната припадност и степенот на религиозност. Лешкоска ја испитувала структурата на вредносниот ситем на наставниците во периодот на транзиција, при што се покажало дека наставниците приоритет им даваат на колективните над личните интереси.

Заклучок

Вредностите и вредносните ориентации како значаен двигател на однесувањето,се и фактор кој поттикнува на соживот или нетрпеливост, судири па и војни. Имајки го во вид тоа сметаме дека истражувањата во оваа област треба да продолжат . Резултатите треба да бидат основа на која ќе се градат **заеднички вредности** и кои ќе настојуваме да се вградат во вредносниот систем на младите, кои се и мотор на општествените движења

Литература

1. Адамчук,Ромшов и Сорокина (1999): Ценосни и ценосни ориентации в мотивациономе

процесу.www.internauka.org
2. Арнаудова,В.(1996): Рефлексија на транзицијата врз системот на вредности на младите. Годишен зборник на Филозофскиот факултет,Скопје.
3. Ачковска Лешковска,Е.(1996).Структура на вредносниот систем на наставниците во Р.Македонија во периодот на транзиција. Годишен зборник на Филозофскиот факултет,Скопје.
4. Бајчинска,К.(1994): Ценности.Ценостен стрес.Ценосна криза. Институт за психологија, Бугарската академија на науките.Софија.
5. Baytshinska,К.(1994): Value conflicts and value priorities in the situation of social-political changes in Bulgaria. International conference ”Psychology and transition”.Крушево
6. Baytshinska,К.(1994): Value conflicts and their resolution in the period of social political changes. International conference ”Psychology and transition”.Крушево.
7. Бајчинска,К.(1995): Семантички и енергетички аспекти на ценостната система . Институт за психологија, Бугарската академија на науките.Софија.
8. Давитковски,Т.(1987): Вредности и вредносне оријентације у трудовима советских аутора.Психологија,бр.3.
9. Кузмановиќ,Б.(1990): Вредносне оријентације ученика завршног разреда основне школе, во:Хавелка,Н.и сор.:Ефекти основног школовања,Институт за психологију,Беодра д,стр.215-234.
10. Кузмановиќ,Б.(1995): Друштвене промене и промене вредносних оријентација ученика,во:Психолошка истраживања 7,стр.7-49.
11. Кочанковски,М. Грујоска,С.(1994): Вредности, вредносни ориентации и црти на личноста кај невработените во периодот на транзиција.Зборник на трудови „Психологија и транзиција„.Битола
12. Котевска,М;Колевски,Н.(1994): Едно истражување со скала на вредности на Погачник,В. Зборник на трудови „Психологија и транзиција„.Битола
13. Младеновиќ,У.(2000): Вредносне оријентације и преференције животних стилова адолесцената.Психологија 3-4,стр.435-454.
14. Пантиќ,Д.(1981): Вредносне оријентације младих у Србији.Истраживачко –издавачки центар ССО србије,Београд.
15. Пантиќ,Д.(1990): Промене вредносних ориентација младих у Србији.Центар за политиколошка истраживања и јавно мњење.Београд.
16. Рот,Н.(2003): Основи социјалне психологије.Завод за уџбенике и наставна средства. Београд.
17. Трајкова Стаменкова,В.(1992): Интереси, вредности и вредносни ориентации кај младите,Годишен зборник.Филозофски факултет.Скопје
Аналогично для стимулирования личностно-профессионального роста и активизации профессионального самосознания взрослых специалистов **в последипломном образовании** нами разрабатывались психолого-акмеологические принципы проектирования рефлексивно-развивающих сред и реализующих их рефлетехнологий (2) в инновационном преподавании гуманитарных дисциплин (общая акмеология, психология развития, естественно-научные основы акмеологии и психологии, рефлексивно-прогностические технологии) в Российской академии народного хозяйства и государственной службы при Президенте Российской Федерации (РАНХГС). Эти принципы апробировались нами с И.М.Войтик, О.Д.Ковшуро, О.И.Лаптевой, С.Г.Кругловой (3) в экспериментальном профессиональном образовании в ряде филиалов РАНХГС (в Брянске, Орле, Новосибирске, Сыктывкаре), а также конкретизировались с Ю.А.Ссориным применительно к проектированию рефлексивно-информационных развивающих сред в сфере компьютеризации обучения и дистанционного образования.

Таким образом, поставленные методологические проблемы социокультурного проектирования рефлекивно-развивающих образовательных сред и предложенные концептуальные принципы разрешения этих проблем (на основе рефлексивной психологии и деятельностной педагогики) были конструктивно реализованы в нашей научной школе (1) при разработке инновационных рефлетехнологий, которые успешно апробированы в качестве психолого-педагогических средств эффективной модернизации различных аспектов учебно-воспитательных систем посредством развития личностно-профессионального самосознания и креативного мышления учащихся как субъектов непрерывного образования. (При поддержке гранта Научного фонда НИУ ВШЭ «Учитель-ученик» N11-04-0051 «Рефлексивное развитие личностно-профессионального целеобразования студенческой молодежи»).

Литература:

1. Аникина В.Г., Коваль Н.А., Семенов И.Н. Исследование экзистенциальной рефлексии в проблемно-конфликтных ситуациях. Тамбов. Тамбовский государственный университет. 2002

2. Кларин М.В., Семенов И.Н. (отв. ред.). Гуманистические тенденции в развитии непрерывного образования взрослых в России и США. Москва. Институт педагогики Российской академии образования. 1995
3. Семенов И.Н. Полиморфизм Российской культуры и рефлексивность современного поликультурного образования // Россия и Европа: потенциал и перспективы развития в контексте наследия идей Н.Данилевского и Ф. Тютчева. Брянск. Филиал Орловской региональной академии государственной службы. 2006
4. Семенов И.Н. Поликультурное образование как ключевое средство решения миграционных проблем // Известия Академии педагогических и социальных наук. Выпуск. ХП. Москва. Модэк. 2007
5. Семенов И.Н. Взаимодействие отечественной и зарубежной психологии рефлексии: история и современность //Психология. Журнал Высшей школы экономики. 2008. N 1 (Россия, г. Москва)
6. Семенов И.Н. Рефлексивно-психологические особенности развития личности в межпоколенческом переходе // Психология славянской нравственности. Тамбов. Тамбовский государственный университет. 2009
7. Семенов И.Н. Представления о рефлексии в странах Древнего Востока //История отечественной и мировой психологической мысли: ценить прошлое, любить настоящее, верить в будущее. Москва. Институт психологии Российской академии наук. 2010
8. Семенов И.Н. Развитие профессионально-знаниевых компетенций как компонентов человеческого капитала учащихся в свете Болонского процесса //Практична психологі та соціальна работа. 2010. N 4 (Украина, г. Киев)

Владимир Михајловски
Меѓународен славјански институт

ВЕЖБОВЕН МОДЕЛ ЗА МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Апстракт: Во трудот авторот презентира сопствен вежбовен модел за унапредување на меѓуетничките односи во високото образование како пилот Проект на Факултетот за Психологија на МСИ-Свети Николе-Битола, со Факултетот за Психологија на Тамбовскиот Државен Универзитет во Руската федерација во рамки на отварање на студентска демократско-етничка работилница со вежбовни активности во функција на унапредување на меѓуетничките и мултикултурните вредности, како синоним за заеднички соживот во постојната заедничка татковина.

Клучни зборови: Вежбовен модел, меѓуетнички односи, високо образование, студентска работилница.

1. Аргументи во прилог на имплементација на пилот проектот

„Сите цветови на иднината се во семето на сегашноста“
Кинеска народна поговорка

- Афирмацијата на интеркултурата и мултикултурата од страна на меѓународните организации: Унеско, Советот на Европа, ОЕЦД и др.;
- Заснованоста на европската димензија на образованието (младите да се запознаат со заедничкото духовно наследство; со историската поврзаност на културата на европските народи; да развиваат толеранција на разликите; солидарност со другите етникуми во духот на заедничкиот соживот; лојалност кон земјата во која живеат, како и соживотот со народите преку Европската унија;
- Ставовите на повеќе светски експерти кои укажуваат дека образовните програми во интер и мултикултурното образование не треба да се однесуваат само на малцинствата, туку и на целокупната општествена заедница, без разлика дали тоа се големи, или мали заедници;
- Актуелноста на тн. „Взаемно-партнерски модел на едукација" со активно учество на повеќе субјекти: родители, воспитувачи, наставници, професори, здруженија на граѓани, невладини и хуманитарни организации, кој се применува во западноевропските земји;
- Непостоењето на децидна елаборација на интеркултурното и мултикултурното образование во Р. Македонија во националната програма за едукација.

2. Студентска демократско-етничка работилница

- Основната цел на студентската демократско-етничката работилница е студентите преку непосредна методичка конкретизација и едукација да се оспособат за практична реализација на демократските процеси, во унапредување на нивното активно учество во животот и работата на општествената заедница како демократски

граѓани, без разлика на својата верска и етничка припадност.

-

- Работилницата во овој труд за почеток опфаќа вкупно: 20 работни вежби.за студентите во функција на унапредување на нивниот демократски и граѓански образовен профил во сферата на меѓуетничкиот и меѓукултурниот дијалог во РМ. и пошироко (се разбира дека работните вежби ќе бидат перманентно модифицирани и дополнувани според предлозите на одредената група професори од Факултетот за Психологија на МСИ, и од Факултетот за Психологија на Тамбовскиот Државен Универзитет во РМ. и Руската федерација.

2.1. Целна група: студенти од различно етничко потекло: македонци, срби, албанци, турци, роми. власи, кои студираат на државни и приватни факултети во РМ.

Вежба бр. 1

- Наведете пет најтипични карактеристики кои го претставуваат вашиот вистински демократски профил (демократичност, толерантност, желба за соживот, праведност, почит кон културата и личноста на „другиот"...);

Вежба бр. 2

- „Играње улоги" со студентите на теми од меѓуетнички односи во семејството и заедницата (фиктивна демократска интеркултурна меѓуетничка комуникација преку следниве улоги: раскажувач, професор, студент, студентка, ром, македонец, албанец, турчин, влав, србин, или од друга националност. Секој студент претходно пишува демократска приказна во вид на краток есеј со наслов: „Млади демократи", или: „Млади мултикултуролози")

Вежба бр. 3

- Студентска трибина на тема: етничка трпеливост и соживот; Организирање и реализирање на студентски медиумски и јавни дебати на теми од мултукултурата, демократијата и соживотот.

Вежба бр. 4

Од наведените 4 категории (авторитет, одговорност, приватност и праведност), секој студент со по неколку реченици за секоја категорија, да направи краток есеј на теми по сопствен избор од областа на мултикултурата.

- Авторитет (како можеме да оцениме дали некое правило е добро? како треба да се избираат водачите?)
- Одговорност (како да донесеме одлука дали сакаме нова одговорност; како би донеле одлука за некоја нова одговорност?).
- Приватност (зошто луѓето имаат различно мислење за приватноста?).
- Праведност (кои се праведните начини на поделба на работите?; како би го решиле проблемот на поделбата на трудот?).

Вежба бр. 5

- Трибина: Дијалог за проблемите на етничките малцнски групи во Р. Македонија и за причините за конфликти и нивното разрешување предизвикани од етничка природа

Вежба бр. 6

- Конференција: вклученоста на етничките групи во општествениот живот на заедничката држава

Вежба бр. 7

- Трибина: Колку сме доверливи еден на друг; и како да го разберам „другиот"?

Вежба бр. 8

- Брејнсторминг на проблемот: „Мојот праг на етничката толерантност"; и „ Како да си помогнеме меѓусебно"

Вежба бр. 9

- Дебата: Егоизам, алтруизам, емпатија и национализам, стереотипии на етничкка основа

Вежба бр. 10

- Играње на улоги за вежбање на ефективната интеркултурна комуникација во импровизирана ситуација на избор на студент на годината; студентски лидер од друга нациналност; етничка политичка партија и учеството на студентите во неа

Вежба бр. 11

- Трибина: Како го сфаќаш студентот од другата етничка припадност?

Вежба бр. 12

- Дијалог: Про - контра за афирмација и бариери во партнерските односи на релација: етничко малцинство-мнозинство во рамки на факултетот

Вежба бр 13

- Дебата за одговорно и демократско однесување во рамки на едукативните средини со мешан етнички состав

Вежба бр. 14

- Есеј: Мултиетнички факултет на иднината

Вежба бр. 15

- Трибина: "Мојата општина" во решавање на моите општествени потреби и проблеми како член на етничка малцинска група

Вежба бр. 16

- Есеј: "Современото образование за мултукултура е и моја одговорност")

Вежба бр. 17

- Предлагање на теми за наредни работилници во рамки на заеднички проект од страна на студентите со различно етничко потекло

Вежба бр 18

- Техника на слободни асоцијации на термините: интеркултура, мултикултура и лојалност во државата во која живееш

Вежба бр. 19

- Есеј: Слободата на културното изразување на секој етнички ентитет

Вежба бр. 20

- Дебата: Кога би бил министер за образование, за култура, или за правда: „Што се би направил за подобрување на правната, културната заеднички регулатива и едукативно-демократската регулатива кај етничките малцински групи за заеднички вистински соживот во заедничката татковина?"

Заклучок

Наведениот предлог модел би можел да биде имплементиран како заеднички ПРОЕКТ на Факултетите за Психологија на МСИ - Свети Николе – Битола и на Државниот Тамбовски Универзитет во Руската федерација кои ги имаат сите неопходно потребни ресурси и тоа:

- Високо оспособен наставно-научен кадар за едукација
- Просторни и други логистички предуслови за непречена реализација на проектот
- Практична реализација на наставен курикулум по изборните наставни предмети

- на МСИ: Религија, Историја, Етика и естетика, Социологија, и Интеркултурна комуникација (единствени во рамки на високото образование) во Р. Македонија.
- Повеќегодишни теоретски и апликативни искуства во имплементацијата на меѓуетнички односи во рамки на дијалогот: исток-запад, што веќе три години се реализира на меѓународна конференција во организација на МСИ-Свети Николе-Битола и Државниот Тамбовски Универзитет од Руската федерација.

Користена литература

1. Михајловски, В., (2006), Мали демократи, Просветно дело, бр. 5, Скопје.
2. Петров. Н. (2006), Образование за новиот милениум, Работнички универзитет, Скопје.
3. Ташева, М., (1997), Етничките групи во Македонија, историски контекст, Филозофски факултет, Скопје
4. Ташева, М. (2000), Граѓанското образование во контекстот на реформите на образованието во РМ., Информатор-граѓанското образование-денес, Педагошки завод на Македонија и служба за католичка помош, Скопје.
5. Трајковски, И. (1996), Граѓанско содружништво, Гоцмар, Битола.

СЕКЦИЈА 3

ЕКОНОМИЈА

В. Маџова
доцент на Универзитетот "Гоце Делечев" -Економски факултет-Штип

СТО И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈАТА

Вовед

Едно од нерешените прашања особено изразено за време на последната финансиска криза беа проблемите на намалена ликвидност на банките и зголемената ризичност на нивното портфолио. Ова особено имаше негативно влијание на финансирањето на надворешната трговија , која пак од своја страна претставува значаен двигател на развојот на сите национални економии , особено за недоволнио развиените и транзиционите економии.

Во таа смисла Светката трговска организација преку своите тела и експертски групи веќе години наназад засилено работи на подобрување на условите на финансирање на меѓународната трговија , обидувајќи да се спротивстави на предизвиците кои ги наметнуваат современите состојби и трендови на меѓународната економија.

Состојби и проблеми со финансирање на трговијата

Една од главните причини за падот на обемот на меѓународната трговија , во последниве години се должи на проблемите на кредитирање на меѓународната трговија. Ако се има во предвид дека 80-90% од светската трговија се потпира на краткрочното финансирање во форма на трговски кредити, акредитиви, осигурувања и гаранции, тогаш станува јасно дека овие предизвици добиваат уште повеќе значење во услови на финансиска, економска и должничка криза со која се соочуваат голем дел од земјите ширум светот без оглед ан нивниот степен на економски развој . Ова од причина што проблемот со финансирање на трговијата најмногу ги тангира малите и средните претпријатија , кои имаат се позначајна улога кај сите национални економии , а особено оние помалите и помалку развиените.

Проблемите во врска со недостигот на финансии за кредитирање на трговијата на земјите во развој и земјите со ниски приходи СТО ги идентификува уште за време на азиската финансиска криза, (1997/98 година) поради фактот што овие земји беа примарни жртви во услови на општото преиспитување на ризиците и недостатиците на ликвидни средства што претставува карактерика на состојбите на финансиската криза.

На барање на владите на земјите членки, СТО се обиде да го поттикне заживувањето на мрежа на учесници вклучени во сферата на финасирање на трговијата со цел да се задржи нивото на финанси наменети за трговијата, а со тоа и да ублажи барем една од причините за намалувањето на трговските текови . Во таа смисла , Управниот директор на ММФ, претседателот на Светската банка, и генералниот директор на СТО – под сеопфатно водство на СТО - ги свика клучните актери цо цел да се најдат начин за подобрување на протокот на финасии за кредитирање на трговијата (во форма на , акредитиви и други документарни кредити) за развој и најмалку развиените земји. Посебен акцент беше ставен на поттикнување на банките за регионален развој и на Светската банка со цел да се креираат иновативни, и за СТО-компатибилни начини на финансирање на трговското работење. За таа цел , во рамките и под покровителство на СТО е формирана «Експертската група за финасирање на трговијата» составена од претставници на главните играчи во оваа област , вклучувајќи ги и меѓувладините и мултилатерални организации (СТО, Светска банка, ММФ), регионалните банки за развој и инвестициските

и осигурителни компании, како и водечките банки во приватниот сектор. Оваа група се состанува по потреба и поднесува извештаи до членките на СТО преку генералниот директор и Секретаријатот на СТО . Во таа смисла една од придобивките на СТО преку оваа експертска група е долгорочнта заложба и постигнување да се зголеми финансирањето на трговијата за земјите во развој преку подобрување на инфраструктурата за снабдување со финасии, односно основање и развој на специјализирани банки за кредитирање на извозот .

Современи предизвици за финансирање на трговијата

Големата финансика криза која од 2009 година до сега уште повеќе го нагласи проблемот на финасирање на трговијата , не го запре СТО да прави се што е во нејзина моќ за да ги мобилизира клучните актери во трговијата и финансиите, со цел партнерски да влезат во ризикот на финансирање на трговијата и да направат чекори напоред , во правец на поттикнување на ко-финансирањето меѓу различните извори на финансирање на трговијата . Со поддршка на членките на СТО, генералниот директор ја свика Експертската група за финасирање на трговијата на СТО , со цел да се најдат зеднички краткорочни решенија, особено преку мобилизирање на средства поддржани од владата за кредитирање на извозот од страна на специјализирани агенции и регионални банки за развој, како и да се развијат технички мерки кои ќе овозможат подобра интеракција помеѓу приватниот и јавниот сектор за финасирање на трговијата.

Паралелно со големите заложби на СТО за релаксирање на кредитните услови за финасирање на меѓународната трговија , разорните ефекти на последната светска финансиска криза , го поттикнаа Базелскиот комитет за банкарска супервизија како главен регулатор на меѓународните финансии да ја преиспитаат меѓународна рамка која ги регулира на банкарскиот систем, познат како Базел II.

Како резултат на оваа состојба , во ноември 2010 година, на самитот на Г-20 во Сеул, националните власти конечно ја одобрија финалната верзија на Базел III Договорот.

Базел III во основа е насочен кон зајакнување на степенот на ликвидност и подигнување на барањата за минималната стапка на адекватност на капиталот во банките.

Како резултат на тоа, Базелскиот Комитетот предлага да се обременат со соодветен фактор на ризичност и сите вонбилансни ставки, односно од сегашните 20 % на 100%. Тоа значи дека банките ќе мора да го зголемат нивниот капитал за резервации на име вонбилансни кредити (акредитиви, гаранции и сл) за 5 пати (фактор 5) . Така, Базел III се обидува да ги обезбеди идните негативни ефекти од сејуритизираната актива и да ја зголеми финансиската стабилност на банките.[1]

Самиот факт , што според Базелскиот Комитет за вонбилансни ставки меѓу останатите се сметаат и standby акредитивите и трговските акредитиви, ризичниот пондер фактор на традиционалните трговски финансиски инструменти (кои претставуваат околу 30% од светската трговија) исто така значително ќе се зголеми.

Импликациите на ова правило според Базел 3 е дека дека банките ќе се соочат со петкратно зголемување на цената на финансирање на меѓународната трговија ,а тоа ќе им остави на финансиските институции две опции: или тие ќе ги пренесат зголемените трошоци на своите клиенти, или ќе треба да се фокусираат на други, попрофитабилни активности со истовремено намалување на нивната кредитна изложеност за финасираната трговија, што

[1] hBasel III: A Global Regulatory Framework for More Resilient Banks and Banking Systems (Basel Committee No 189) стр. 12

всушност значи ограничување на пристапот до акредитиви. Во секој случај, најверојатно, ќе се влошат условите за финансирање на трговијата, за повеќето компании, а особено, ќе биде погодено финансирањето на новодоговорените бизниси и оние кои се реализираат во т.н.р нови пазари (emerging markets) и во економиите во развој (како земји кои најмногу го кристат акредитивот за краткорочно финасирање на меѓународната трговија) .

Значи, доколку поради ваквите одредби пет пати се зголеми тежинскиот фактор на ризичност на вонбилансите ставки , значително може да го ограничи пристапот до финансирање на трговија , што може да има негативен ефект врз светската трговија.

Со предложените реформи регулаторите претпоставуваат дека ќе се зајакне стабилноста на финансискиот сектор , но примената на истите бара одредени подготовки и усогласувања за кои се предвидува транзиционен период и скалалеста временска рамка на имплементација. Имено со цел да се избегне било какво негативно влијание врз кредитните услови и да се овозможи економското заздравување на финансиките институции , повеќето прописи ќе се спроведува постепено помеѓу 2013 и 2019 година, оставајќи доволно време националните регулатори и повеќето финансиски институции да се подготват за исполнување на повисоките капитални барања.

Факт е дека комплексните барања на Базел III ќе имаат реални ефекти врз банкарскиот систем, но и врз кредитни услови што ќе му ги понуди на корпоративниот сектор на среден и долг рок.[2]

При тоа, може да се претпостави дека новите капитални барања, кај големите банки ќе имаат само ограничено влијание врз пристапот до кредити, имајќи во предвид дека примената на овие правила на долг рок , ќе им дадат време на ситите да ја прилагодат капиталната структура и однос со ризичната актива , што во основа ќе го намали притисокот за рестриктивно кредитирање кај повеќето од овие банки и преенсувајќи го истото и на корпоративните должници.

Со цел да се усогласат со новите прописи, малите банки со пониска стапка на адекватност на капиталот се со многу поголема веројатност да го ограничат обемот на кредитирањето, а со тоа влијаат на обемот на кредитирањето на малите и средни фирми како нивни доминантни должници.

Конвенционалните инструменти за финасирање на трговијата , како што се на пример акредитивите, би можеле да станат поскапи, особено во споредба со другите финансиски аранжмани, што главно ќе има влијание врз меѓународната трговија со земјите во развој и новите пазари .

Во таа смисла се бројните консултации на Експертската група за финансирање на трговијата во рамките на СТО за изнаоѓање на нови поевтини, но во исто време доволно сигурни форми на финансирање на трговијата.

При тоа , како резултат на поскапувањето на акредитивот како инструмент за плаќање и карткорочно финансирање извозниците се упатува да се префрлат на поефтини инструменти , како што се ***условите на отворена сметка*** (open account terms) , кои носат помалку строги документарни барања, или други форми на необезбедени финансиски средства, како што е форфетингот. Покрај што компаниите се упатуваат да изберат помалку скапи инструменти на финансирање на трговијата, исто така се препорачува дека тие внимателно треба да ги оценат ризикот на договорна страна (counterparty risk) и ризикот на земјата. Исто така експертската група критикува дел од одредбите на БАЗЕЛ 3 кои се однесуват

[2] Basel III' Issues and Implications – KPMG , January 2011 , стр. 6

за вонбилансите ставки во клои спаѓа акредитивот и гаранциите и осигурувањата. Како аргумент експењрите од оваа област го имаат следново: иако вонбилансни ставки се извор на ризик во последниве години, истите имаат и обезбедување од основните трансакции. На пример, акредитивите имаат обезбедување и детална документација за превзементите активности и традиционално се сметаат за ниско-ризични производи , па е крајно неверојатно да станат извор на потенцијален крах на банките.

Заклучок :

Една од главните причини за падот на обемот на меѓународната трговија , во последниве години се должи на проблемите на кредитирање на меѓународната трговија.

Проблемите во врска со недостигот на финансии за кредитирање на трговијата СТО ги идентификува уште за време на азиската финансиска криза, кога заедно со

највисоките претставници на Светска банка, ММФ , регионалните банки за развој и инвестициските и осигурителни компании, како и водечките банки во приватниот сектор се обиде изнајде начин за поттикнување на трговијата преку подобрување на условите на нејзино финансирање . При тоа акцент е ставен на поттикнување на банките за регионален развој и на Светската банка со цел да се креираат иновативни и за СТО-компатибилни начини на финансирање на трговското работење.

Светската финасиска криза од 2008 година и заострување на капиталните и ликвидносни барања за банките со вовоедување на БАЗЕЛ 3 барањата пертставуваат понатамошен предизвик за СТО и Експертската група за финансирање на трговијата при СТО да изнајдат нови нови поевтини, но во исто време доволно сигурни форми на финансирање на трговијата.

Литература :

1. Pierre-Etienne Chabanel - White Paper "Implementing Basel III : Challenges, Options & Opportunities- Moody's Analytics , September 2011
2. Basel III' Issues and Implications – KPMG , January 2011
3. Basel III: A Global Regulatory Framework for More Resilient Banks and Banking Systems (Basel Committee No 189).

К. Дукоска, С. Дукоски
Меѓународен Славјански Институт Г.Р. Державин Свети Николе, Република Македонија

ФОРМИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ЕВРОПСКИ ЕКОНОМСКИ ВНАТРЕШЕН ПАЗАР СОГЛЕДАН НИЗ ОДРЕДЕНИ ПРОБЛЕМИ И ПЕРСПЕКТИВИ

Апстракт: Создавање на простор без внатрешни граници, во кој е можно слободно движење на стоки, капитал, луѓе и услуги; зголемување на економската благосостојба; основа на „сè потесна Унија".

Клучни зборови: европски економски простор, движење на стоки, капитал, луѓе

Abstract: Creating a space without internal frontiers in which it is possible the free movement of goods, capital, people and services, increased economic prosperity; on «everything closer Union».

Key words: European Economic Area, movement of goods, capital, people

Вовед

Внатрешниот пазар е обележан со слободната трговија на стоки и услуги, со неограничената мобилност на лица и капитал, како и со надворешно трговските односи на Европската унија.

Со внатрешниот пазар е поврзано очекувањето дека преку трговијата и слободното движење на работници и капитал ќе дојде до интензивирање на прекуграничната конкуренција, до подобро распоредување на малкуте ресурси, а со тоа и до позитивни ефекти во однос на порастот и вработувањето.

Воспоставувањето и одржувањето на внатрешниот пазар е трајна политичка задача на ЕУ. Поради својот карактер, внатрешниот пазар се одразува на многу други области и е одлучувачки составен дел на Лисабонската стратегија, чиешто спроведување треба да служи за зголемување на иновативноста и конкурентноста.

Промена на инструментите за комплетирање на внатрешниот пазар

Првите шест земји-членки на Европската заедница со укинувањето на внатрешните царини направија голем напредок при отстранувањето на бариерите на заедничкиот пазар. Независно од ова, меѓудржавната трговија и понатаму беше попречена од нетарифните бариери во трговијата.

Земјите-членки можеа редовно да го отежнуваат пристапот на странски производи со упатување на различните странски прописи. Како реакција на овие трговски бариери Европската комисија се обиде во целост да ги усогласи националните прописи. Особено две причини водеа кон тоа со текот на времето на ова усогласување да се гледа како на неуспешно: од една страна, унифицирањето на деталните национални прописи се покажа како долго или како невозможно.

Од друга страна, потребната едногласност во Советот на ЕУ доведе до оддолжување на донесувањето правни прописи. Со зголемувањето на бројот на земјите-членки сè повеќе се зголемуваше и хетерогеноста на приоритетите во Советот, а со тоа и на проблемите во

делот на усогласување на правните прописи.

Дури програмата за внатрешниот пазар која беше усвоена во 1985 година под раководството на тогашниот претседател на Комисијата Жак Делор доведе до одржливи подобрувања. Оптимистичните процени во поглед на ефектите од порастот и вработувањето, одредувањето конкретен датум (31.12.1992 год.), како и потребата од едногласност доведоа до напредок при отстранување на преостанатите бариери.

Кон ова се придодава и промената на инструментите за реализација на внатрешниот пазар. На овој начин Комисијата сè повеќе и повеќе се откажува од деталното усогласување. Под ,новиот пристап за хармонизација Заедницата се ограничува на унифицирање на суштинските барања на проектите што потекнуваат од ЕУ.

Врз основа на овие суштински барања, земјите-членки се слободни при поставувањето на нивниот режим на уредување, односно не е дозволено оневозможување на пристап до пазарот ако се исполнети суштинските барања, а постојат отстапувања кај прописите за одреден производ. Повикувајќи се на членовите 28 до 30 од ДЕЗ и на познатата пресуда Касис де Дижон (Cassis de Dijon) на Европскиот суд на правдата од 1979 година, Заедницата сè повеќе го претпочита начелото на меѓусебно признавање. Според него, во секоја неусогласена област, секоја земја-членка е обврзана, на својата суверена територија да прифаќа производи, кои легално се произведени и дистрибуирани во друга земја-членка. Земјата-членка може да отстапи од ова правило само доколку се поставени задолжителни барања од општ интерес, како што се здравството, заштитата на потрошувачите или заштитата на животната средина.

Доколку се појават проблеми при спроведувањето на начелото на меѓусебно признавање, на Комисијата се препорачува и понатаму да го унапредува овој небирократски инструмент за реализација на внатрешниот пазар. Затоа што особено за производителите на иновативни стоки и услуги, многу често одлучувачки за конкурентноста во однос на меѓународната конкуренција се брзиот пристап до пазарот и користењето на економиите од обем.

Актуелна политика за внатрешниот пазар

И шеснаесет години по целниот рок, сè уште претстои правното комплетирање на внатрешниот пазар. Ова се огледува, на пример, во дефицитот на квотите за спроведување што покажуваат колкав е уделот на директивите на внатрешниот пазар кои во одредена земја сè уште не се транспонирани во националното право. Иако земјите- членки во текот на изминатите години значително ги интензивираа своите напори, сепак, просечниот дефицит во јули 2008 година изнесуваше 1,0%. Квотата на фрагментирање која е битна во однос на прашањето на правното комплетирање, односно оној дел на директиви за внатрешниот пазар кој не е транспониран барем во една држава, во јули 2008 година изнесуваше 7,0%.

Покрај ова, Комисијата јасно става до знаење дека се потребни дополнителни напори за во иднина да може да се искористи потенцијалот за поттикнување на порастот на внатрешниот пазар. Комисијата поставува четири барања за идната политика на внатрешниот пазар: мора

- да оствари додадена вредност за граѓаните, потрошувачите и малите и средни претпријатија (МСП) (на пример, преку висок квалитет на стоките и ниски цени),
- подобро да ја искористи глобализацијата (на пример, со тоа што ќе биде атрактивна локација за претпријатијата што работат на глобално ниво),
- да се справи со бариерите поврзани со знаењето и иновацијата (на пример, преку подобрени рамковни услови за научни и технолошки стоки и услуги) и

- да прикаже силна социјална и еколошко-политичка димензија (на пример, преку посилно запазување на одредени критериуми кај отворањето на пазарите).

Бројни мерки треба да придонесат за остварувањето на овие четири барања. Не се потребни само легислативни програми како во минатото, туку и разни инструменти за да се зачува внатрешниот пазар во 21 век.

Така, на спроведувањето на правните акти треба да му се даде поголемо значење, да се интензивира оцената на последиците, засегнатите страни повеќе да се консултираат и да се поедностават постоечките правни прописи и систематски да се евалуираат политичките стратегии и мерки.

Наместо заклучок

Политиката за внатрешниот пазар одржливо се одразува врз останатите политички области. Ова станува особено јасно кај набљудувањето на областите кои порано беа исклучени од конкуренцијата – сообраќај, телекомуникации и енергија.

Со упатувањето на слободата на услугите и слободата на основањето дури од средината на осумдесеттите години на овие пазари се овозможи прекугранична конкуренција на понудувачи, што доведе до последователно укинување на дотогаш со право заштитените (државни) монополи.

Но, и на другите полиња, како што се финансиските услуги, јавните набавки или дури и професионалните тимски спортови, основните права на внатрешниот пазар – често со помош на одлуки на Европскиот суд на правдата – доведоа до одлучувачки промени на политичкото опкружување. И граѓаните на ЕУ редовно го доживуваат внатрешниот пазар: или како физички лица, кога на внатрешните граници на Заедницата повеќе не се изложени на физички контроли или како работници, кога ја имаат можноста, да бараат стручно вработување во секоја друга земја на ЕУ.

Користена литература

1. Rolf J. Langhammer: 50 Jahre nach Rom: Ist die EU ein Binnenmarkt, in: Zeitschrift für Wirtschaftspolitik, 3/2007, S. 326- 338
2. Zeitgespräch: 50 Jahre Römische Verträge – eine Bewertung, in: Wirtschaftsdienst, 2/2007, S. 72-88.
3. Интернет: Комисија на ЕУ: http://ec.europa.eu/internal_market/index_de.htm

С. Дукоски, К. Дукоска

УЛОГАТА НА ЗАЕДНИЧКАТА НАДВОРЕШНО ТРГОВСКА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ПРЕД СВЕТСКАТА ТРГОВСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ИНТЕГРАЦИОНИ ПРОЦЕСИ ПРЕД ТРЕТИ ЗЕМЈИ

Апстракт: Воспоставување и спроведување на заедничка надворешнотрговска политика на ЕЗ во однос на трети земји; застапување на заеднички интереси во меѓународните трговски односи и релевантните меѓународни организации (особено пред Светската трговска организација); прогресивна либерализација на меѓународните трговски односи; развивање тесни трговско политички односи со одредени држави или групи на држави.

Клучни зборови: надворешно трговска политика, меѓународни трговски односи, либерализација.

Abstract: Establish and implement a common policy nadvoreshnotrgovska EC in relation to third countries, representing the common interests in international trade relations and relevant international organizations (especially before the World Trade Organization).

Key words: external trade policy, international trade relations, liberalization

Вовед

Како надворешнотрговски односи се сметаат односите на Европската унија во областа на стопанството и трговијата, кои се во рамки на надлежностите на Европската заедница, а се однесуваат на земји кои не се нејзини членки и меѓународните организации. Со вкупен удел од 19,5 % во светската трговија со стоки, Унијата е најголемата трговска сила во светот. Таа успеа да ја задржи оваа водечка позиција и покрај зголемената конкуренција со загуба од само 1,3% во однос на 1995 година. И во делот на услугите, Унијата е водечка во светски рамки со 26,9%, пред САД (19,7%) и Јапонија (6,1%).

Надворешнотрговските односи почиваат на надлежностите пренесени на органите на ЕУ, договорно уредените постапки, заедничките царински стапки на ЕЗ и постојано растечката мрежа на билатерални и мултилатерални спогодби со трети земји.

Настанување и правна основа

Уште во Договорот за ЕЕЗ (1958 год.), земјите-членки на органите на Заедницата им пренесоа обемни надлежности за единствено уредување на надворешнотрговските односи. Причина за тоа беше целта на надворешноекономското зацврстување на заедничкиот пазар преку заедничката трговска политика (член 133 од ДЕЗ), која беше комплетирана во 1970 година со целосното пренесување на трговскополитичките надлежности на земјите-членки на Заедницата.

Со ова, трговската политика спаѓа во најсилно интегрираните политики на ЕУ. Унијата (ЕЗ) може да склучува договори со трети земји и во политички области каде што не

поседува изречни надворешнотрговски надлежности, доколку во овие области раполага со внатрешна надлежност за уредување, како, на пример, во делот на политиката во областа на рибарството или политиката во областа на истражувањето и технологијата. Овие таканаречени „имплицитни надлежности за склучување договори" беа прифатени со пресудата AETR (број 22/70, 1971, 263) на Европскиот суд на правдата (ЕСП) од 1971 година и претставуваат дополнителна правна основа за надворешните односи.

Средиште на надворешнотрговските односи, како и претходно, е заедничката трговска политика. Постојаните промени на светскиот економски систем доведоа до сè поголемо зголемување на бројот на инструменти потребени за управување со надворешно трговските струења. Соодветното понатамошно намалување на надворешнотрговските надлежности на земјите-членки во корист на заедничката трговска политика не секогаш беше прифатено од нивна страна. Многу контроверзии завршија пред ЕСП, кој – со мали исклучоци – одлучуваше во корист на динамично толкување на обемот на заедничката трговска политика, приспособено според потребите на светската трговија. Договорот од Ница, кој влезе во сила во 2003 година преку членот 133(5) од ДЕЗ прецизно ги прошири надлежностите на Заедницата на делот на услугите и аспектите на трговијата поврзани со интелектуалната сопственост. Но, овој напредок беше ставен во сенка имајќи ја предвид „мешовитата" надлежност на Унијата и земјите-членки (со едногласност и ратификација од страна на секоја земја) во врска со трговијата со културни и социјални услуги, како и услуги во делот на образованието, социјалните работи и здравството (член 133(6) од ДЕЗ), како и утврдувањето на едногласноста.

Договорна трговска политика

Договорната трговска политика ги опфаќа сите договорни спогодби со трети земји што се однесуваат на увоз и извоз на стоки. Овие спогодби можат да бидат ограничени на одредени трети земји или групи на трети земји или да заземат и глобални димензии, како,

пред сè, во рамки на преговорите на Светската трговска организација. Во областа на договорната трговска политика, Комисијата нема само монопол на давање предлози, туку и на водење преговори.

Водењето преговори од страна на Комисијата подлежи на строга контрола од страна на земјите-членки во Советот, што на Комисијата остава многу мал простор за маневрирање. Во текот на преговорите, на кои земјите-членки секогаш праќаат набљудувачи, Комисијата останува врзана за деталните насоки на Советот („преговарачки

мандат") и постојано мора да го известува посебниот одбор на Советот „Одбор од член 133" за напредокот и за проблемите во текот на преговорите.

Спогодбите се склучуваат од страна на Советот по предлог на Комисијата, а притоа учеството на Европскиот парламент зависи од договорната основа. Унијата (ЕЗ) има склучено многу трговски спогодби. Некои спогодби се однесуваат на целоста на трговските односи меѓу Унијата и трети земји или групи на трети земји (како, на пример, групата Меркосур), други, пак, т.н. секторски спогодби, само на одредени производи или групи производи, како, на пример, текстил.

Спогодбите за трговија и соработка ги надминуваат чисто трговско политичките аспекти и можат да содржат прописи за соработка во делот на индустријата, инвестициите, науката, технологијата и животната средина. Од деведесеттите години, Унијата засилено ги користеше своите трговскополитички можности за вклучување на своето поблиско економско опкружување.

Примери за ова се царинската унија со Турција од 1996 година, спогодбите за асоцијација „Евро-мед" – од 1996 година склучени во рамките на процесот од Барселона, со повеќе медитерански земји во поглед на создавање на слободна трговска зона, како и битните трговско-политички елементи на Европската политика на соседство.

Од особено значење од шеесеттите години се преговорите на ГАТТ. Иако формално не е договорна страна на ГАТТ, односно на нејзината огранизација-наследник, Светската трговска организација (СТО), Европската унија (ЕЗ) ги застапува земјите-членки на ЕУ како носител на преговорите. Во рамки на Уругвајската рунда која заврши во 1993 година, ЕЗ успешно се заложи за значително намалување на увозните царини, вклучување на трговијата на услуги во меѓународниот трговски поредок, минимални норми за заштита на интелектуалната сопственост, како и реформирана постапка за решавање на трговски спорови.

Со концесиите мораше да се занимава пред сè во областа на заедничката земјоделска политика. Во рамките на тековните преговори на СТО („рундата од Доха") кои течат од 2001 година, и на кои во повеќе наврати им се заканува неуспех, Унијата се залага за понатамошна либерализација на светската трговија, но и покрај другите концесии во областа на земјоделството, а поради отпорот во земјите во развој, во поголем дел мораше да се откаже од своите цели во поглед на „Темите од Сингапур" (заштита на инвестициите, политика на конкуренција, транспарентност кај јавните набавки и административно олеснување на трговијата).

Наместо заклучок

На Унијата и успеа во рамките на надворешно трговската политика да создаде голем број инструменти и мрежа на глобални договорни односи. Со оглед на релативната слабост на Заедничката надворешна и безбедносна политика, надворешнотрговските односи сè уште можат да важат за „тврд залак" на надворешното поле на дејствување на ЕУ.

Од ова, покрај значителниот дел на нејзиното меѓународно влијание, зависат и милиони европски работни места. Поради динамиката на светскиот економски систем, потребни се континуирани приспособувања на трговскополитичките инструменти, како и чување на балансот меѓу оправданите економски интереси, од една страна, и напорите – пред сè, во рамки на рундата од Доха – за отворен светски трговски систем, од друга страна.

Користена литература:

1. Laura Bollrath: Die Vertragsschlusskompetenz der Europäischen Gemeinschaft auf dem Gebiet der Gemeinsamen Handelspolitik, Baden-Baden 2008
2. The EU in international trade negotiations, Sondernummer des Journal of Common Market Studies, 4/2007.
3. Интернет: Комисија на ЕУ: http://ec.europa.eu/trade/gentools/map_ en.htm

К. Шајноски
УГД„Гоце Делчев" – Штип

ГРИЖАТА ЗА СТАБИЛНОСТА НА ЕВРОТО ВО РЕШАВАЊЕТО НА ДОЛЖНИЧКАТА КРИЗА ВО ЕВРОЗОНАТА

CARE FOR THE STABILITY OF THE EURO IN RESOLVING THE DEBT CRISIS IN THE EUROZONE

Апстракт: Спротивставените мислења за начинот на решавање на должничката криза во еврозоната (или штедење, односно јакнење на фискална дисциплина или поголемо трошење за да се поттикне растот за да се олесни товарот на долгот, вклучувајќи и проактивно ангажирање на Европската централна банка) се еднострани доколку не се пејде од карактерот на должничката криза. Факт е дека заеднички именител на долговите е трошењето над можностите што ги пружа доходот што се создава. Но, начинот на кој се генерира долгот и последиците што ги остава се различни. Затоа, решението што е ефективно за состојбите во САД не значи дека е погодно и за еврозоната, која има за цел да ја одржува стабилноста на заедничката валута-еврото и да ја унапредува неговата меѓународна улога,. како израз на успешното интегрирање и основа за здрав натамошен подем. Во ваков контекст, комбинираното решение е посоодветно- и „стегање на ременот",за да се плати дел од цехот за претераното трошење и солидарна поддршка, за да се олесни товарот на раздолжувањето.

Иако во расправите за причините за должничката криза во еврозоната никој не ја споменува заедничката валута- еврото, неговата судбина со право се поврзува со надминувањето на тешкотиите во кои западнаа некои од земјите членки на еврозоната во измирувањето на обврските спрема странство, поради претераното задолување во претходниот период. Тоа е разбирливо зашто банкротирањето на некоја од земјите членки ги доведува до тешкотии и доверителите од другите земји (а тие, по правило, се од еврозоната). А тоа, секако, неповолно ќе влијае врз стабилноста на еврото. Меѓутоа, иако не се вбројува во причинителите на кризата, од Европската централната банка (ЕЦБ) се бара активно да учествува во санирањето на долговите на презадолжените земји за да се избегне проширувањето и продлабочувањето на должничката криза во еврозоната. Нема сомнение дека, со оглед на практиката на инфлаторно финансирање, тоа е можно. Но, со тоа се наметнува прашањето за дострелот на таквиот пристап во надминувањето на должничката криза и за натамошната судбина на еврото. Може ли со инфлаторна политикат на ЕЦБ постојано да се решаваат проблемите кои произлегуваат од претераното, често и нерационално, трошење во одделни земји? Веројатно е дека може, ако ценгтралната банка ги напушти целите и задачите во нејзиното функционирање, кои се сведуваат на одржување на стабилост на цените, како предуслов за стабилност на еврото и за јакнење на неговата меѓународна улога. Меѓутоа, дали е тоа прифатливо, ако проблемот на претераното задолжување може да се реши на начин кој соодветствува на проблемот.

Со оглед на тоа што решенијата за надминување на должничкиот проблем, по правило, произлегуваат од причините поради кои должничката криза се појави и се разви во димензии

поради кои е можно да колабираат Унијата и еврото, како најдобри производи на европската мисла и активности (за непречена соработка и интегрирање на континетот), несериозно е што дискусијата за причините се сведува само на техниката на ѕидање на државните и приватните долгови. Како да е тоа со ништо неограничено право. Како да не постојат економски законитости и правни норми утврдени за функционирањето на еврозоната, засновани врз таквите законитости.

На економската логика на настанување на должничката криза нема што да се додаде. Нема причина што не е истакната (колапс на приватното штедење, претерана потрошувачка во станбената изградба, прекумерни буџетски дефицити,). Заеднички именител им е трошењето над можностите што ги пружа доходот што се создава, вклучувајќи и расипничко однесување, пред се', на државите. Тоа резултира во презадолженост на домашните субјекти, вклучувајќи ја и државата, а тоа води кон пораст на дефицитот во тековната сметка на платниот биланс, преку кого се ѕида долгот спрема странство.

Неправедно е Европската унија и еврото да се доведуваат во прашање како волунтаристички институции без да се согледаат вистинските причини за должничката криза. И покрај извесните недостатоци во конструкцијата на Унијата (недостиг на цврсти наднационални институции и политики, освен за монетарната), не треба да се испушти од предвид дека во договорите за еврозоната и еврото е предвидена и обврска земјите членки да водат сметка за висината на буџетските дефицити и за нивото на задолженоста спрема странство. Буџетските дефицити беа лимитирани на 3% од БДП, а владиниот долг на 60% од БДП. Кога обврските стриктно би се исполнувале ни теоретски не би било можно за десет години определени земји да западнат во криза за да не можат да ги исполнуваат обврските спрема странство. Порастот на владините долгови и од над 100% од годишниот БДП е последица на прекумерните буџетски дефицити во изминатиот период. Повеќето земји на еврозоната годишниот лимит од 3% го надминувале за неколку пати, а Грција речиси и за петпати (14,5% во 2010 година). Да не зборуваме за лажното прикажување на состојбите во врска со лимитите.

Гледано низ призмата на постојната регулатива за функционирање на еврозоната и континуираното пробивање на лимитите (без повлекување консеквенци за тоа) очигледно е дека тежиштето на причините за кризата треба да се помести. Со погоре споменатите причини само се објаснува техниката како одделни земји западнале во криза. Се заобиколува дека основната причина е неодговорното и неконсеквентното однесување на политичките и финансиските елити. А познато е дека ни најдобриот систем не може да функционира ефикасно ако не се спроведува консеквентно. Запрепастувачко е тоа што и покрај кризата која е последица на непочитување на договорените „правила на игра" прашањето на одговорноста се сведува само на оставки и смени на владите кои директно се соочија со тешкотии да ги сервисираат обврските спрема странство (вклучувајќи и немоќ со ново задолжување да ги враќаат старите долгови), а претходните се амнестирани. Не се споменува ни морална одговорност. А каде е одговорноста на раководните структури во администрациите и јавните институции ако не укажале на кршењето на правилата на игра во еврозонатА? Доколку, пак, укажале, одговорноста на политичките елити добива и други димензии.

Но, кој да расправа за овие прашања, кога итно треба да се најде решение како да се спаси еврозоната од распаѓање?. Веројатно е дека решение ќе се најде, меѓутоа, идна криза не ќе може да се избегне доколку не се воспостави консеквентен систем на одговорност и на членките и на органите и институциите на Унијата.

Во барањето соодветно решение со оглед на карактерот на кризата членките на

еврозоната и на Унијата (освен Велика Британија) со право договорија строга фискална дисциплина и контрола на владините трошења. Во најзадолжените земји тоа предизвика силни депресивни притисоци (со ефект на „внатрешна девалвација", бидејќи немаат национална валута) со намера трошењето да се сведе во рамките на можностите за негово финансирање- намалување на бројот на вработените во администрациите, намалување на платите и на пензиите и тн. Тоа неповолно се одразува врз динамиката на растот и ги влошува условите за натамошно сервисирање на долговите. За да се олеснат состојбите, особено во Грција, се изврши и отпис на значаен дел од долгот, а другиот дел се репрограмира со намера односот на долгот спрема БДП да се сведе на ниво (120%) за кое се цени дека е доволно да се сервисираат репрограмираните и идните обврски.

Ефектите од внатрешната девалвација се цена која треба да се плати од страна на презадолжените земји за побогатото живеење во досегашниот период и за неодговорното владеење на политичките елити со националн уте економии. И, економски гледано, добро е што таква цена и ќе се плати. Почитувањето на договорените критериуми е основа за поефикасно функционирање и на Унијата и на еврозоната, односно на еврото. Затоа оправдани се барањата за крајно „стегање на ременот" во земјите кои бараат помош за да избегнат банкрот. Разумни се и барањата да се изгради механизам преку кој ќе се обезбеди земјите членки во еврозоната да трошат во согласност со своите можности. Не е важно дали тоа ќе се остварува преку формирање на фискална унија или преку доследно почитување на договорените лимити. Суштествено е секоја членка да води сметка за одржувањето на стабилноста на заедничката валута, како израз на успешното интегрирање и основа за здрав натамошен подем. Од одговорното однесување во еврозоната интерес имаат сите земји поодделно, а уште повеќе и како целина, со оглед на меѓународната улога на еврото. Само со заедничка валута Европјаните ќе обезбедат респективно место во брзите промени во односот на економските и политичките сили во светот во наредниот период.

Анализата на погоренаведените податоци покажува релативно лоша состојба на пазарот на труд во Македонија со екстремно ниска стапка на вработеност. Со оглед на тоа што целта на Владата е создавање на погодна бизнис клима, па според тоа да креира цврсти макроекономски и инвестициски политики кои се насочени кон привлекување на странски инвеститори, неопходно е да се направат стратегии за флексибилност на пазарот на труд и подобрување на вештините на работната сила, со намера да се подобри понудата на работна сила. За подобрување на состојбите во оваа област, образованието треба да е несомнено најважниот фактор кој ќе обезбеди работната сила да биде конкурентна на работниците во останатите европски земји. Креирањето на работната сила во Република Македонија треба да се развива во согласност со побарувачката на домашните и меѓународните компании, доколку Македонија сака да завземе место во меѓународниот производствен синџир. Токму тоа е главниот предизвик, што подразбира дека институциите на пазарот на труд, регулативите и даночниот систем треба да бидат обликувани на начин што ќе ја поддржуваат подготвеноста на фирмите да создаваат работни места со висок квалитет, со што ќе создадат можности за вработување на невработените. Образовниот систем треба да функционира на начин со кои се обезбедуваат потребните вештини за пазарот на труд, за да нема потреба од дообучување на младите. Единствен начин да се надмине ваквата состојба е да се реформира образовниот систем, во таа насока младите лица по завршување на школувањето да стекнат

[3,4] Макроекономска политика на РМ за 2011 година

вештини и компетенции, кои ќе бидат барани од страна на компаниите. И повторно мора да се нагласи дека, макроекономската политика и правниот систем во државата, треба да бидат катализатори за политиката на вработување. Не смее да се занемари ниту грижата на државата за поттикнување на приватниот сектор, односно претприемаштвото, како сектор кој не само што ќе понуди нови работни места, туку ќе овозможи и самоодржливост на политиката на вработување. Во насока да се постигне оваа цел, Владата донесе одлука да го воведе претприемаштвото како задолжителен предмет во наставните програми во средното образование.

Секако дека мора да се очекуваат ризици врз остварувањето на макроекономските проекции, кое го карактеризира одреден степен на неизвесност кој соодветствува на посткризниот период. Проекциите на екстерните движења се базираат главно на очекувањата за забрзување на економскиот раст во Европската унија, како најзначаен трговски партнер, односно одржувањето на позитивните стапки на раст во светот. Оттаму, главниот ризик произлегува од состојбата и случувањата поврзани со економиите на земјите кои се најголеми трговски партнери на Република Македонија. Негативните движења во окружувањето секако би се одразиле врз економијата на Македонија преку намалување на надворешната побарувачка и индустриското производство. Слободното движење на работната сила е едно од основните начела на ЕУ кое што и РМ настојува во целост да го почитува. Но, сепак треба да се земе во предвид потенцијалната загуба на високообразованите лица преку нивно иселување во странство, а воедно и начин како да се стимулираат високообразованите лица кои заминале во странство да се вратат во РМ, со знаењето, искуството и социјалната мрежа кои ги стекнале таму.

Која е, всушност, реалната состојба која се отсликува во Македонија на пазарот на труд?

Покрај реформата на образовниот систем на едукација на младата работна сила, непобитен факт е, потребата од постоење на стратешки пристап за квантитативно и квалитативно планирање за продукција на профилите во образованието. Што, конкретно, тоа подразбира? Во однос на квалитативното планирање, би значело "движење во иста насока" на Стратегијата на Владата за развој и инвестирање во конкретни области со насочување на младата работна сила да се стекнува со конкретен вид на образование и стекнување на вештини, потребни за областите предвидени со Стратегијата на Владата, но и да го поттикнува нивниот кариерен развој во истата насока. Квантитативното планирање пак, на некој начин, би значело уште една страна на овој стратешки пристап, а се однесува на едукација на ограничен број на млада работна сила од конкретни образовни профили. На тој начин, со пренасочување на младата работна сила и правилен и контролиран процес на образование на кадрите, би се постигнал степен во намалување на големата бројка на невработени на списокот во Агенцијата за вработување. Податоците покажуваат дека во изминатите години постојат образовни профили од кои има континуирана побарувачка на пазарот на труд, и обратно, постојат образовни профили кои се продуцираат во голем број од кои има голема понуда на пазарот на труд, а за кои нема голема побарувачка, и најчесто тие се преквалификуваат или се дообучуваат според актуелните побарувања на пазарот на труд доколку сакаат да се вработат, или остануваат невработени, што секако претставува аспект на кој вреди да се посвети внимание. Тоа е евидентен факт кој покажува дека навистина постои потреба од кариерно насочување на младите, но со стратешки политики на Владата во образовниот систем на форсирање и засилено продуцирање на потребните кадри.

Во насока на зголемување на растот на вработеноста, секако, треба да се земат во предвид и дополнителни чинители, како што се намалување или евентуално отстранување на недостатоците од вештини кај неквалификуваната работна сила, долгорочно невработените,

отпуштени работници итн.

До сега неквалификуваната работна сила тешко можеше да се вработи доколку нема интервенции од Владата. Од големо значење би биле да се спроведат истражувања, во кои академски истражувачи би требало да имаат пристап до податоците за пазарот на труд, и нивните резултати да се базираат на информации за потребите на фирмите за вештини на работната сила. После консултациите со фирмите околу вештините што им се потребни, реформирањето на стручното образование треба да биде приоритет.

Во поглед на долгорочно невработените треба да се превземат стратешки чекори, зошто се поставува прашање дали можеби имаат неформални работни односи, состојба која доведува до искривена слика и податоци за невработеноста во државата? Се поставува прашање за начинот на нивниот опстанок, од аспект на неформално работење во сивата економија, која е надвор од статистички евиденции.

Заклучоци

Светското закрепнување ќе значи и реализација на добар дел од претходно планираните инвестициски проекти во Рпублика Македонија, што ќе придонесе за интензивирање на економската активност, што подразбира раст на вработеноста. Несомнено е дека, развојот на домашната економија е најглавниот фактор за намалување на стапката на невработеност, но исто така не треба да се занемарат дополнителните фактори кои што влијаат на оваа состојба, како што се усогласеност на политиките на Владата за развој со потребите на пазарот на сила, реформите во образовниот систем со акцент на стручното образование, спроведување на политики од Владата за преквалификација и мотивирање на отпуштените работници, изработка на Стратегии во врска со долгорочно невработените лица, политики кои треба да ја зголемат заинтересираноста на невработените да бараат и прифаќаат работа итн.

Литература:

1. Министерство за финансии на Република Македонија. Макроекономска политика на Република Македонија за 2011 година. Скопје, декември 2010 година.
2. Министерство за финансии на Република Македонија. Стратегија за управување со јавниот долг на Република Македонија за период од 2010 до 2012 година. Скопје, март 2010 година.
3. Министерство за финансии на Република Македонија. Приближување кон Европската Унија: Предизвици и можности. Скопје, јуни 2009 година.

Л. Стефановска
предавач на БАС Скопје, Р. Македонија

ЛИДЕРОТ КАКО ФАКТОР ЗА УСПЕШНА СТРАТЕГИСКА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Апстракт: Стратегискиот менаџмент претставува современа управувачка дисциплина, што овозможува ефикасно дејствување во многу области од човечкиот живот и работа.
За да дојде до определени резултати, секоја организација треба да има јасно поставени стратегиски цели, но и начини како ќе ги постигне. Успешното имплементирање на стратегиските цели во динамично и променливо окружување, во коешто опстојуваат и работат организациите зависи од низа фактори, меѓу кои и лидерството.
Една од основните задачи на секој лидер е да управува со организацијата во постојното окружување, да донесува бројни одлуки и да презема чекори што ќе ја поддржуваат стратегиската имплементација, преку креирање на организациска архитектура и примена на соодветен модел на лидерство.
Колку и да е потребно стратегијата да биде добро формулирана, исто толку е потребно да се избере начинот на којшто ќе се спроведуваат дефинираните стратегиски решенија во финалниот посакуван резултат. Процесот на стратегиска имплементација подразбира донесување бројни одлуки и преземање определени активности. Нивната важност го поткрепува мислењето дека добро дефинираната стратегија не е единствен, ниту доволен услов за организациски успех. Организацискиот успех, пред се, зависи и од активностите што ги презема лидерот на организацијата за да ги иницира и спроведе стратегиските промени, потребни за остварување на дефинираните цели, а притоа на ефикасен и ефективен начин да се искористат сите расположливи ресурси.
Движењето кон ефективното стратегиско лидерство треба да биде предизвик на секој лидер, а тоа се остварува преку постојан процес на развој на сопственото размислување и менаџирање со многу фактори кои влијаат врз стратегиската имплементација.
Иако се уште не постои универзален модел за успешно стратегиско лидерство, сепак, од спроведеното истражување, може да се нагласи дека лидерот треба да насочува, да менаџира со човечките ресурси, да ја прилагодува организациската култура, да го институционализира етичкото однесување, да ја обликува организациската структура и да контролира. Сето тоа треба да биде испреплетено со една отворена, постојана и транспарентна комуникација на сите нивоа на организацијата.

Клучни зборови: стратегиски менаџмент, стратегија, имплементација, лидерство.

Стратегиско лидерство

Стратегиските лидери се луѓе кои заземаат различни улоги во организацијата и го користат процесот на стратегискиот менаџмент, за да и` помогнат на организацијата да ја постигне својата визија и мисија (Hanson, Dowling, Hitt, Ireland, Hoskisson, 2008). Без разлика на нивната позиција во организацијата, успешните стратегиски лидери се решени и посветени да ги поттикнат на раст сите околу нив (Brady, Kiley, 2005), т.е. тие се посветени да и` помогнат на организацијата кон создавање вредност за клиентите, профит за акционерите и останатите заинтересирани (Prince, 2005).

По продлабочените проучувања на постојната литература, како и по спроведените консултации со експерти од оваа област, проблемот се лоцира во несоодветната примена на лидерството. Оттука, всушност, произлезе основната **научна цел**, што се однесува на креирањето модел на лидерство во процесот на спроведување на организациската стратегија. Спроведено е интервју со лидери на повеќе организации. На одговорите што беа добиени од лидерите на организациите, најпрвин беа дефинирани фреквенциите, а потоа се премина кон утврдување на статистичката значајност, и тоа со примена на (X^2-тест) за пресметка на фреквенциите на еден примерок.

Резултати од истражувањето

Лидерот е вреден организациски ресурс кој треба да и помага на организацијата да ги оствари поставените организациски цели, а особено да дејствува врз процесот на имплементација на поставените стратегиски насоки. Токму затоа, на прашањето како Вие, како лидер на организацијата, можете да придонесете за успешна стратегиска имплементација беа добиени следниве одговори:

Добиен одговор
со навремено утврдување на „тесните грла" и нивно благовремено отстранување
со поддршка на постигнатите резултати и насоки за постигнување уште подобри резултати
само со водење на вработените, а не со наметнување строгост и власт
со мотивирање на вработните и негување на етичкото однесување
преку лично залагање
со контрола на работата
со транспарентност во работењето
со вложување во нови вработувања и обука на вработените

Табела 1: Придонес на стратегиските лидери

Од табелата можат да се забележат голем број различни размислувања коишто лидерите ги применуваат во процесот на стратегиската имплементација. Најчестите од нив се: личното залагање, контролата во работата, транспарентноста, мотивирањето на варботените и негувањето на етичкото однесување. Но, ова се само дел од активностите што лидерите ги преземаат во процесот на имплементацијата. Демократскиот стил на водење на вработените, вложувањето во развој на вработените и поддршката на постигнатите резултати, исто така, се дел од битните стратегии на лидерите.

Во текот на интервјуто, направен е обид да се добие и личното мислење од лидерите на организациите, затоа што токму тоа (според нив) е пресудно за исполнувањето на организацискисте цели. Во табелата се прикажани размислувањата на испитаниците во оваа насока,односно:

Добиен одговор
волја, упорност, транспарентност
строго придржување кон зацртаните планови
внатрешна соработка, наградување на вработените
соработка со локалната власт
компјутерска опременост, едуциран кадар, доживотно учење

Табела 2: Лично мислење на лидерите

Од добиените одговори можат да се извлечат одделни забелешки дека поголемиот дел интервјуирани како битни фактори за исполнување на организациските цели ги сметаат: волјата, упорноста, транспарентноста во работењето, внатрешната соработка и соработката со локалната власт. Исто така, како особено важни се сметаат и строгото придржување кон зацртаните планови, наградувањето на вработените, компјутерската опременост на организациите, добро едуцираниот кадар кој дожитно ќе учи и ќе се надградува, а за своите успеси ќе биде наградуван и пофалуван.

Со ова повторно се потврдува нераскинливата врска меѓу успешноста на организацијата и влијателните фактори кои се предмет на овој труд: лидерот и неговите лични карактеристики, менаџирањето со човечките ресурси, структурата на организацијата и степенот на внатрешна соработка, организациската култура, кадарот и можноста за негов развој, стратегиската контрола и придржување кон зацртаните планови сето тоа поддржано со квалитетна ИКТ технологија и соработка со локалната власт. Со сублимирање на наведените резултати добиен е следниот модел за успешен стратегиски лидер.



Слика 1: Модел на стратегиски лидер

За да се провери дали класифицираните одговори на лидерите, што беа добиени со спроведеното интервју, статистичи значајно се разликуваат од оние што се очекуваат, односно од оние што случајно би се добиле, беше применет (X^2-тест) , и тоа заедно за сите прашања, на еден примерок (лидерите на организациите).

Со примена на (X^2-тестот) за пресметка на фреквенциите на еден примерок беше извлечен заклучокот дека во однос на ниту едно прашање не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што беа добиени од македонските директори кои беа вклучени во истражувањето со оние што би ги добиле од цела популација, односно сите директори на

организациите.

Заклучок

Од спроведени истражувања, може да се заклучи дека стратегискиот модел на лидер (потребен за успешна имплементација на организациската стратегија) подразбира личност која има повеќе задачи: да насочува, да ја дизајнира организацијата, да ја прилагодува организациската култура, да контролира, менаџира со човечките ресурси и да го институционализира етичкото однесување.

Од елаборациите и сликата произлегува констатацијата дека една од најважните релации, што треба да се негува во јавните организации, е врската лидер - вработен, но не помалку важна е и врската вработен - клиент. За жал, ваквата врска честопати се занемарува, и тоа како при менаџирањето на перформансите на вработените, така и при креирањето стратегии за задржување на квалитетните луѓе во организацијата. Организациите што не се фокусираат на важноста на овој однос, многу веројатно е дека цената ќе ја платат преку намалување на работната ефикасност, незадоволството кај вработените, а понекогаш и со губење на дел од квалитетните вработени.

Библиографија:

1. Brady D. & Kiley D., 2005, Short on sizzle and losing steam, Business Week, 25 April: 44, првземено од D.Hanson, P.J. Dowling, M.A. Hitt, R.D. Ireland, R.E. Hoskisson, Strategic Management, Competitiveness & Globalisation 2008, Thomson Higher Education, стр. 23.
2. Hanson,D. Dowling P.J., Hitt M.A., Ireland R.D., Hoskisson R.E., (2008), Strategic Management, Competitiveness & Globalisation, Thomson Higher Education, стр.395;
3. Prince E.T., 2005, The fiscal lbehaiour of CEOs,MIT Sloan Management Review, 46(3): 23-6
4. Стефановска Л., 2011, „Креирање на организациска архитектура и модели на лидерство за спроведување на организациска стратегија", докторски труд.

Здравко Гъргаров

УРОЦИТЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПЕЙСКАТА ИНТЕГРАЦИЯ

Уроците на западноевропейската интеграция са продукт на последователното реализиране на принципите от стратегията на ЕС, някои от най-важните елементи на която имат универсален характер, т.е. приложими са за всяко обединение на държави.

Тези уроци следват от изработването и реализирането на механизма на стратегията на ЕС през отделните етапи от еволюцията на Съюза.

Първо. *Разглеждане на конфликтите и кризите в ЕС* като една от фазите на развитие, подтикващи участниците към преосмисляне и преоценка на натрупания опит и търсене на нови решения. Същността на този принцип е в това, всички членове на ЕС открито да признават необходимостта от мобилизация на целия интелектуален и социално-политически потенциал. Само тогава противоречията ще бъдат не спирачка, а стимул за развитието на интеграцията. Това се потвърждава от опита при решаването на много от противоречията в ЕС в течение на продължителен период. В историята на ЕС има само един случай, когато преговорният процес попада в задънена улица и е напълно прекъснат. Това става през 1965г, когато Франция за няколко месеца напуска органите на ЕС, несъгласна с решението, наложено й от останалите партньори, по въпроса за снемане на правото за единодушно приемане на решенията по жизнено важни за държавата въпроси. В следващите години повече никога не се прибягва до езика на ултиматума.

Второ. *Доброволен отказ от традиционните представи за национален суверенитет и предаване на част от него на международни организации.* Този принцип е тясно свързан с уточняването на понятието суверенитет. Дебатите по този въпрос на Запад продължават и в наши дни. След Втората световна война се налага по-гъвкав подход, състоящ се в това, че доброволното делегиране на част от националния суверенитет на международни организации не само че не го накърнява, но, напротив, осигурява му по-надеждни гаранции. Като че ли се получава сумиране на национални суверенитети, укрепващо позициите на алианса от държави и на всеки от участниците поотделно. Това се потвърждава от факта, че в ЕС за разширяване на пълномощията най-активно се застъпват не големите, а малките и средните страни, и не само "старите" членове – Белгия и Холандия, но и новите – Испания и Португалия. Заедно с това, независимо от делегирането на суверенитет, всеки въпрос, разглеждан от една от държавите като жизнено важен за нея, може да бъде решаван само на базата на единодушие, и заинтересованата държава има право на вето. Това става един от кардиналните правила в дейността на ЕС, и само с приемането в 1986г на Единния европейски акт (ЕЕА) се осъществява частичен преход към приемане на решения с мнозинство от гласовете. Тази промяна навярно ще бъде обект на жестоки изпитания, и ЕС още дълго ще съчетава и двете процедури на гласуване – единодушие и квалифицирано мнозинство.

Трето. *Постепенност и поетапност в движението напред с ясно отделяне на приоритетните задачи*, които предстои да се решат на определен етап от развитието, приоритет на общите дългосрочни интереси пред разминаването в националните интереси и разногласия. Първоначално принципът за поетапност е бил сформулиран от Жан Моне и Робер Шуман още в края на 1940 – и началото на 1950г. "Европа няма да бъде построена изведнъж и напълно; тя ще се създава посредством конкретни постижения, пораждащи

преди всичко практическа солидарност". Били определени и основните етапи: създаване на митнически съюз, от него – към общ пазар, по-нататък – към икономически и валутен съюз, и завършващ етап – към политически съюз. В историята на ЕС са правени опити да се отстъпи от този принцип и да се ускори развитието на интеграцията, но търпят провал. Стратегията за преход на базата на поетапността се оказва по-удачна.

Четвърто. *Ярко изразен прагматизъм при определяне на първостепенните задачи, при избора на приоритетни направления и средства за развитие,* позволяващи гъвкаво да се реагира на нова ситуация, променяйки курса, отлагайки решаването на едни въпроси и поставяйки на преден план други, за които са назрели условията. Именно този принцип ляга в основата на решенията за икономическа конвергенция на страните-членки с помощта на структурните фондове на ЕС и по-активна хармонизация на икономическата политика на националните правителства, осъществяване на промеждутъчни мероприятия по пътя на валутната и научно-техническата интеграция. На базата на този принцип в началото на 80-те години се отхвърля максималистката идея за подписване на договор за учредяване на политически съюз от федеративен тип, макар Европейският парламент да одобрява проекта за такъв договор в 1984г. Вместо това се приема компромисен документ – Единен европейски акт, провъзгласил в качеството на първостепенна цел създаването в към края на 1992г на единен вътрешен пазар, предвиждащ, за разлика от общия пазар на 60-те години, свобода на движението не само на стоките, но и на услугите, капиталите и лицата, а също и значително по-голяма съгласуваност на икономическата и валутната политика на страните.

Анализът на уроците и опита на ЕС позволява да се направи извода, че Общността не би се придвижила така успешно напред, ако нейното развитие не се осигуряваше от цяла система от политически, правни, съдебни, административни и финансови механизми. Тази система, формирала се в процеса на развитието на ЕС, също е основана на някои общи принципи, но в свои конкретни форми, съществено отличаващи се от националните системи. Нейни характерни черти стават:

съчетаване на институции от два типа – междудържавни и наднационални. Лицата, влизащи в органите на първия тип, действат в качеството на официални представители на страната-член. Членовете на органите на втория тип също се предлагат от всяка държава, но те действат като независими лица, не обвързани с никакви инструкции от страна на техните правителства. Този двоен принцип на формиране спомага за поддържане на баланса между интересите на отделните държави и интересите на Общността като цяло;

гъвкаво разделение на компетенциите между институциите на ЕС и националните правителства. Могат да се отделят три основни варианта на разделение на компетенциите: първи, сфери, в които се осъществява общата политика на нивото на ЕС (аграрна, търговска и т.н.); втори, сфери със смесени компетенции, където за отделни направления или групи въпроси отговарят органите на ЕС, а останалите както преди се намират в правомощията на националните правителства (регионална, социална и т.н.); трето, сфери, в които функциите на ЕС се ограничават от координирани действия на страните и изработване на препоръки (макроикономическа, политика в областта на околната среда и т.н.);

многообразие от типове приемани решения – от регламенти и директиви, задължителни за изпълнение от националните правителства и всички участници в интеграцията, до заключения, имащи препоръчителен характер;

примат на правото на ЕС над националното право на страните-членки в предели, определяни от съдържанието на основополагащите договори. Източник на правото в ЕС са преди всичко три договора, учредили Европейската общност, Единния европейски акт

и Договора за Европейския съюз, а също и договорите за присъединяване към ЕС на нови страни-членки.

В организационната структура на ЕС намира отражение традиционният за западната политическа система принцип за разделяне на законодателните, изпълнителните и съдебните функции. Тя става образец за нов тип междудържавно сътрудничество.

Борче Серафимовски
ПВУ Меѓународен Славјански Институт "Г.Р.Державин"
Свети Николе, Република Македонија

ЌЕ СЕ ПРЕТВОРИ ЛИ ЕВРОПА ВО НЕДОСТАПНА ТВРДИНА?

Создавањето и развивање на регионалните иницијативи предизвикуваат опасност за рушење на системот кој повеќе години беше развиван од страна на Светската трговска организиција (WTO) и ГДТЦ (General Agreement on Tariffs and Trade) во Европа, Северна Америка и Азија, кои ќе изградат непристапни тврдини пружајќи заштита на партнерите и директни конкуренти со трговските бариери. Во таа врска од особено значење е анализата на надворешно трговската политика на ЕУ кој како регионална интеграција во тој регион, достигна најголем развој.

Главниот заклучок од економскиот развој на ЕУ во текот на 90-те години, можеби е факт, беше што европската тврдина не беше изградена, а напротив, извршена е суштинска либерализација на надворешната трговија на ЕУ, како во економска така и во политичка смисла. Многумина очекуваа нивото на протекционизам во европската надворешна трговија да се зголеми во тој период. Порано се мислело дека за да се ослободи максимално надворешниот европски пазар од конкуренти, ЕУ е должна по секој начин да се заштити од надворешни конкуренти и да го ограничи увозот од трети страни.

Покрај тоа, условите за гласање по прашањата за надворешна трговија и правото на вето требаше да овозможи да доминираат најмногу протекционистки настроените членки на ЕУ. Уште повеќе што самата економска ситуација - економски пад и растот на невработеноста, доведуваат до зголемување на протекционизмот како и кај претходните периоди на економски пад (*во 70-те, 80-те години*).

Економскиот пад во текот на 90-те години од минатиот век беше најголем, после втората светска војна. Нивото на невработеност достигна рекордни резултати во многу европски држави. Во таква ситуација се очекуваше нивото на протекционизам и трговски бариери ако не се зголемат, барем ќе останат на претходното ниво. На изненадување на многу истражувачи, овие проекции не се оправдаа. Обратно, по 1990 година европските земји едностранo раскинаа 6300 квантитативни ограничувања на увоз од трети земји. Антидампинговите мерки не се намалуваа, но не се ни зголемуваа. За време на Уругвајската рунда на преговори во ГДТЦ, ЕУ се согласи да ги намали тарифите за индустриските стоки во просек за 38%. Избришат се тарифните бариери за увоз на неколку категории стоки - како што се градежни материјали и опрема, земјоделско опрема, медицинска опрема, фармацевтски производи, челик, хартиени производи и мебел. После 1990-та година, ЕУ потпишува 26 билатерални договори за слободна трговија, обезбедувајќи слободен пристап на европскиот пазар на стоки од Бугарија, Чешка, Унгарија, Полска, Романија и Словачка.

Зошто е постигната либерализација на надворешната трговија во неблагопријатни економски услови?

Постојат два главни модели за објаснување на процесите на либерализација.

Едниот ги објаснува измените со изборот во јавните субјекти, а другиот на државните субјекти.

Првиот модел ја објаснува либерализацијата:

- Со привремените отпуштања, кога како резултат на меѓународната конкуренција

даден сектор станува конкурентно неспособен, нема смисла тој да добие помош со трговски бариери;

- Со интернационализација, односно кога процесот на глобализација во индустријата ја принудува компанијата да дава преоритет на слободната економија, а не на протекционизмот, како по поволна ситуација за неа;
- Со општествените текови, односно кога се зголемува политичкиот авторитет на овие групи во општеството, за кои е поповолна либерализацијата.

Вториот модел ја објаснува либерализацијата со промените во позициите на овие државни субјекти, кои донесуваат политички одлуки.

Постојат и други модели, кои го објаснуваат процесот на либерализација во Европа. Тие како причина за создавање на единствен пазар, односно објаснувањето за либерализација ја бараат во интеграцијата. Процесот на Европската инетграција создаде предуслови, надворешно трговската политика да се оттргне од тие јавни и државни субјекти, кои по сила на своите можности можат да влијаат на донесените решенија.

Процесот на европската интеграција продолжува и компаниите работат во услови на консолидација на пазарите, на меѓународната соработка, на усогласување на системите за статистичките извештаи, на отстранување на трговските бариери и на зголемување на значењето на еколшките фактори. Во исто време особеностите на националната и организациона култура создаваат специфичен стил на раководство и управување, на однесувањето на потрошувачите, стилот на живот, одмор и работа во различни земји на обединета Европа.

Според спроведените интервјуа на 290 раководители на големи евроспки корпорации во десет земји како што се Велика Британија, Германија, Шпанија, Полска, Унгарија, Франција, Холандија, Чешка и Швајцарија, даваат основа да се резимираат одговорите на некои од основните прашања:

Кои се најважните бариери за единствениот европски пазар?

Какво влијание има воведувањето на еврото?

Кои проблеми стојат пред европскиот бизнис во наредните години?

Менаџерите оддаваат големо значење на културните разлики (*39% од испитаниците ги ставаат на прво место*). По нив следат разликата во одаточување (*28%*) и прашањата за државното регулирање (*20%*). При тоа, менаџерите од источноевропските земји оддаваат поголемо значење на регулативата во областа на производите и услугите. Нивните западни колеги од Франција и Холандија го сметаат даточниот систем за голема пречка. Во исто време во Велика Британија и Швајцарија како основно се покажа разликата во јазикот и културата.

Повеќе од половина од менаџерите (*57%*) сметаат дека воведувањето на еврото ја засилува конкуренцијата помеѓу компаниите кои работат во Европа, а други 29% го сметаат таковиот резултат како возможен. Според 44%, единствената европска валута носи интереси за развој на бизнисот, а други 45% го прифаќаат како возможно. Воведувањето на единствената европска валута со доверба се прифаќа од 37% како забрзувач на европската интеграција. Други 47% го сметаат ова како веројатно. Меѓу песимистите по повод последиците од воведувањето на еврото се и менаџерите од Велика Британија.

Меѓу блиските проблеми пред европскиот бизнис речиси половина (*49%*) се определиле за развој на е-бизнис. Проблемот за усогласување на одаточувањето го зазема второто место.

Претставниците на европскиот бизнис сметаат дека нивните користените модели на електронски бизнис отстапуваат од американските модели. Овој факт, дека поголемиот дел од менаџерите ја признаваат важноста на развојот на е-бизнис и во исто време не се задоволни од неговата состојба во Европа, им овозможува да се претпостави дека ова прашање ќе

биде приоритет за европските компании во наредните неколку години. Значителен дел од нив (*40%*) сметаат дека овој бизнис ќе се развива на прво место во областа на финансиските услуги, потоа во потрошувачки стоки (27%), комуникациите и забавата (25%).

Претставниците на источноевропските земји како најважни проблеми пред денешниот бизнис, ги дефинираат прашања за реформата на пазарот на капитал и усогласувањето на системот за статистичкиот извештај.

Во врска со сето ова се поставува прашањето дали новите членки на Европската унија ќе станат побогати?

Во 70-тите години, пред влегувањето во ЕУ, Ирска формира БДП по глава на жител во комбинација со куповната моќ на населението, од околу 63% од релевантниот среден показател за членовите на ЕУ, во 90-тите години - 73%, а денес - 115%. За триесет години Ирска не само што ги достигна, туку и ги надмина своите партнери од Унијата. Затоа се почесто таа земја се посочуваше како модел за успехот до 2008 година, кога се појави светската финансиска и економска криза.

Сепак, членството во ЕУ не е гаранција за брзо богатење. На пример, Грција, станала членка на ЕУ во 1981 со приход по глава на жител во висина од 69% од просекот на Унијата, потоа паѓа до 67%, а во моментов земјата е пред банкрот. Шпанија и Португалија иако се во фаза на намалување на разликата со другите членови на Унијата, исто така, се во состојба на сериозни финансиско-економски проблми.

Во што се состоеше искуството на Ирска и зошто другите не успеваат да го повторат?

Зголемувањето на доходот на Ирците на човек од населението во одреден степен се објаснува и со тоа дека населението во државата е само 3 милиони и директните инвестиции во таква земја се во состојба сосема драстично да ја променат конјуктурата. Слично на Ирска, историјата се повторува и со Хонг Конг, и со Сингапур. Сепак, има искуство што новите членки на ЕУ можат да ги користат. За разлика од Грција, Ирска многу поефикасно ја користеше помошта на ЕУ, насочувајќи ја помошта во приходите долгорочни проекти за реформирање на инфраструктурата. Земјата успеваше да привлече странски инвеститори кои сакаат да имаат корист од даночните привилегии и ниското ниво на бирократските формалности.

Влегувањето во ЕУ на новите членки не може да донесе брзи резултати од неколку причини. Тие имаа можност да го користат пристапот до европските пазари и до влезот во ЕУ. Директните странски инвестиции исто така имаа свое место и пред тоа, кога нивниот обем за земјите од Источна Европа практично се зголеми во последните години.

Членството во ЕУ не може автоматски да ги измени економските перспективи за овие земји. Либерализацијата на земјоделските пазари не може да доведе до инстант резултати, бидејќи оваа индустрија во новопримените земји е заостаната и неефикасна. Од друга страна, правните и другите измени кои тие земји ги донесуваат, ќе го намалат ризикот за потенцијалните инвеститори, бидејќи тие нема да се сметаат како новите економии. Но, некои од овие измени, особено во социјалниот и еколошкиот сектор, ќе бараат повеќе напори и трошоци.

Многу надежи, но и сомневања се врзани со единствената европска валута. Воведувањето на еврото објективно ги намали каматните стапки и стимулира странските инвестиции. Но се поставува прашањето, ќе издржат ли банкарските системи во овие земји на строгата финансиска контрола која е задолжителна за сите земји од ЕУ, особено во усови и последиците од финансиската криза?

Ова укажува дека клучниот збор, која го дефинира развојот на новите членки на ЕУ, треба да биде зборот "постепено", а не "драматично".

Ј.К. Димитрова
Универзитет Гоце Делчев Штип

ПРИНЦИПИТЕ НА СВЕТСКАТА ТРГОВСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАБРЗУВАЊЕ НА ИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ НА ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ

Абстракт: Светската Трговска Организација (СТО), како наднационална институција со статус на правно лице, е една од најважните институции кои се занимаваат со меѓународните економски врски. Со своите органи и тела СТО активно и мошне успешно ја остварува својата двојна улога: воспоставување и засилување на правилата за меѓународната трговија на производи и услуги и либерализација на трговијата.
На СТО може да се гледа како на форум на владите за преговарање за трговските договори и како на место за разрешување на трговските несогласувања. Важноста на СТО и аспирацијата на земјите да бидат дел од оваа организација потекнува од големите привилегии што членството во СТО ги носи со себе во поглед на обезбедување на поповолен третман за националните производи и трговските субјекти при нивниот пристап на странските пазари, како и поттикнување на развојит на меѓународната трговија на земјите во развој.

Клучни зборови: институција, правила, аспирација, привилегии, странски пазари.

Abstract: World Trade Organization (WTO) as a supranational institution with legal personality is one of the most important institutions dealing with international economic relations. With their bodies WTO actively and very successfully has accomplished its dual role: establishement and reinforcement the rules for the international trade in goods and services and trade liberalization.
The WTO can be seen as a forum for governments for negotiate for the trade agreements and such a place for resolving commercial disputes. The importance of the WTO and the aspiration of countries to be part of this organization comes from the great privileges that WTO membership brings with it in terms of providing more favorable treatment for national products and commercial entities in their access to foreign markets, and encouraging development of international trade in developing countries.

Keywords: institutions, rules, aspiration, privileges, foreign markets.

Вовед

Иако Светската Трговска Организација започна да функционира на 1 јануари 1995, нејзините корени се постари од половина век. Корените на СТО потекнуваат од преговорите од 1986 год., познати како Уругвајска рунда на преговори, кои траеле цели 8 години. Светската трговска организација (World trade organization - WTO) претставува еден од основните и најзначајните резултати на Уругвајската рунда мултиратерални трговски преговори, одржана во рамки на општата спогодба за царина и трговија (General Agreement of Tariffs end Trade – GATT). Крајот на оваа рунда преговори значел прераснување на GATT во WTO.

СТО се раководи од три меѓународни општи спогодби и тоа:

- Општата спогодба за царина и трговија – ГАТТ (се грижи за трговијата со стоки);

- Општата спогодба за трговија со услуги – ГАТС (ги пропишува правилата во надворешната трговија со услуги) и
- Спогодбата за трговските аспекти на правата за интелектуална сопственост – ТРИПс (ги пропишува правилата за заштита на правата за интелектуална сопственост).

Членство

При формирањето СТО имаше 76 земји членки, а уште 78 земји се приклучија во следните седумнаесет години. Во моментов СТО има 154 земји членки. За влез во СТО, земјите аспиранти мора да исполнат бројни критериуми и да ја прилагодат својата законска регулатива и царинска тарифа според барањата на СТО. Токму затоа процедурите за прием траат долги години. Пример за тоа е случајот на Кина која е примена по процедура за прием која траела полни 15 години. Цената за членството на Кина во СТО пред се бил долгиот подготвителен период. Кина морала да изврши реформи на 7.000 царински тарифи, квоти и останати трговски и законски регулативи.

Последна земја која е примена во членство на СТО е Русија (на 13.12.2011 година), со што завршија дури 18 години долгите напори на официјална Москва да се придружи на оваа глобална организација. Русија е еден од светските рекордери по должина на процесот на приклучување кон СТО, што почна во 1993 година. Подолги преговори за приклучување кон СТО има само Алжир, што се водат уште од 1987 година.

Се очекува со пристапувањето на Русија во СТО, обемот на извозот на ЕУ да порасне за околу четири милијарди евра годишно, бидејќи Русија сега ќе може да купува стока по многу пониски цени, како и поефикасно да ја продава својата нафта и гас. Од приклучувањето кон СТО најмногу корист ќе имаат сите руски извозно ориентирани сектори, а особено земјоделието, со оглед на фактот дека агроиндустријата ќе добие сериозни конкурентни предности. Од услужниот сектор добивка ќе има и целокупниот сообраќај, освен авионскиот, бидејќи СТО не го регулира. Банките и осогурителните компании за сега се сконцентрани на домашниот руски пазар.

Република Македонија стана 143 членка на Светската трговска организација во 2003 година. Членството во СТО наметна натамошна либерализација во трговската политика на Република Македонија, како и имплементација на бројни реформи во однос на царинската политика, стандардите и транспарентноста. Паралелно со напорите за трговско интегрирање во рамките на СТО, Република Македонија презеде активности за унапредување на односите со важните тековни или потенцијални трговски партнери преку потпишување на билатерални или регионални договори за слободна трговија. Од 2006 година, Република Македонија е членка на ЦЕФТА – зоната на слободна трговија на земјите од централна и источна Европа. Со трансформацијата на оваа интеграција во ЦЕФТА 2006, Република Македонија стана дел од регионалната трговска организација која има за цел унапредување на трговијата и економските односи помеѓу земјите од југоисточна Европа.

Функции на сто

Своите функции СТО ги превзела од ГАТТ и тоа:

- Да составува правила за меѓународна трговија и да се грижи за примената на тие правила;
- Да дејствува како форум за мултилатерални преговори и за следење на надворешно-трговската либерализација
- Да ги решава надворешно-трговските проблеми;
- Да ја унапреди транспарентноста, особено преку публикување на националните

надворешно-трговски политики;

- Да соработува со Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, заради постигнување поголема усогласеност во спроведувањето на политиката на глобална економија.

Преку воведувањето правила на однесување во надворешната трговија СТО овозможува:

- Заштита на малите и слаби земји од дискриминаторните трговски политики на големите и силни земји;
- Одредување на царините како единствен легитимен инструмент на заштита на домашното стопанство и воведување на други инструменти од страна на развиените и големи земји;
- Помош на националните влади да се заштитат од влијателните интересни групи и нивното лобирање.

Основни принципи на сто

Основни принципи на СТО, како институција на глобалниот трговски систем се:

- Недискриминација;
- Принцип на реципроцитет;
- Национален третман;
- Заштита на домашното стопанство преку воведување царини;
- Понатамошно намалување на царините преку мултилатерални трговски преговори;
- Тарификација на царински инструменти;
- Транспаренстност;
- Унификација на заштитните политики;
- Начело на посебен третман на земјите во развој; и
- Посебен начин на решавање на споровите (dispute settelement).

Секоја земја членка на СТО е должна да ги назначи другите земји за најповластени, така што (со некои исклучоци) трговските концесии кои ги дала земја членка на СТО кон друга земја мора да ги даде и на сите други земји членки на СТО. Тоа значи дека и овде важи употреба на правилото erga omnes.

Помагање на земјите во развој и нивно вклучување во глобалниот трговски систем е една од најважните активности на СТО. Земјите во развој со развиена меѓународна трговија имаат тенденција да бидат оние кои направиле најголем напредок во ублажување на сиромаштијата и зголемување на животниот стандард. Но, кај голем број од неразвиените земји, СТО не може да даде придонес за задоволителен економски раст и намалување на сиромаштијата.

Постојат различни начини на кои СТО обезбедува помош за изградба на трговски капацитети во земјите во развој, но давањето инструкции на делегати за тоа како нивните земји може да го подобрат системот на тргување е централниот фокус на напорите на организацијата. Поголемата «техничка помош» од Светската трговска организација е посветена кон помагање на претставници за подобро да ги разберат комплексните правила и дисциплини на СТО, за да можат да ги спроведат договорите на СТО на начин што ќе ги зајакне нивниот трговски режим и за поефикасни преговори со своите трговски партнери. Широко и поефикасно ширење на таквите сознанија ќе го олесни учеството на земјите во развој и нивните трговски претставници во Доха и во други СТО активности.

Подобрувањето на капацитетот на трговијата вклучува и други форми на помош, меѓу кои и градење на современи пристаништа и патна мрежа, обезбедување на царински служби со автоматска опрема и поттикнување на претприемаштвото, за да ги искористат

предностите и можностите за бизнис во глобалниот пазар. Работа од ваква природа во голема мера е во надлежност на други меѓународни организации како Обединетите нации и Светската банка. Некои програми, особено оние кои вклучуваат инфраструктура, бараат значително финансирање не само од меѓународните организации, но и директен придонес од националните влади. За да биде навистина ефективна, секоја програма на трговските капацитети бара од сите овие елементи да се здружат во координирана активност. Поради оваа причина многу активности на СТО во оваа област вклучуваат тесна соработка со други меѓународни организации. Помошта за земјите во развој отсекогаш била приоритет на СТО, затоа што многу земји немаат човечки, институционален и инфраструктурен капацитет за ефективно да учествуваат во меѓународната трговија

Трговските правила на СТО, преговарање и решавање на споровите во трговскиот систем не се цели сами по себе. Тие се **неопходен предуслов за слободна и предвидлива трговија, но не секогаш се доволни за да се постигнат задоволителни резултати.** Членките на СТО вруваат дека мултилатералниот систем треба постојано да се стреми кон подобрување во трговскиот капацитет.

Во Доха е последната рунда на трговски преговори меѓу членките на СТО. Нејзината цел е да се постигнат големи реформи на меѓународниот трговски систем преку воведување на пониски трговски бариери и ревидирани трговски правила. Работната програма опфаќа околу 20 области во трговијата. Овој форум, неофицијално е познат како развојна Доха агенда чија основна цел е да се подобрат трговските перспективи на земјите во развој.

Заклучок

Либерализацијата треба да се одвива врз принципите на еднаквост и недискриминација, што значи дека со потпишување на мултилатералната спогодба за формирање на СТО, привелегиите што некоја од потписничките им ги обезбедува на дел од трговските партнери во меѓународната размена автоматски треба да се пренесат на сите други трговски партнери.

Недискриминација на трговските партнери подразбира еднаков третман на трговските партенери, што се овозможува со примена на клаузулата за најповластен третман на нациите. Оваа клаузула ги обрзува земјите - членки привелегиите што ќе ги обезбедат за некој од своите трговски партнери врз база на билатерални преговори, автоматски да се пренесат на сите други трговски партнери, без да се преговара со нив (употреба на правилото erga omnes).

Помошта за земјите во развој отсекогаш била приоритет на СТО, затоа што многу земји немаат човечки, институционален и инфраструктурен капацитет за ефективно да учествуваат во меѓународната трговија

Библиографија:

1. д-р Живко Атанасовски, д-р Јованка Биљаноска; Царински систем и политика, Охрид, 2006 г.
2. Д-р Ристо Фотов, Меѓународна економија, Штип, 2008 г.
3. Адамович д-р Љубиша, Теорија меѓународне трговине, Савремена администрација и институт за економска истраживања, Београд, 1976
4. www.wto.org.mk.mk.gd/
5. http://www.bluezone.com.mk/poveke.aspx?id=3572
6. www.mk.wikipedia.org/
7. "Закон за ратификација на протоколот за пристапување на РМ во СТО" Службен весник на РМ бр. 7/2003.

В.И. Смагина

ВЗАИМОДЕЙСТВИЕ НАУКИ И БИЗНЕСА

Перемена в характере и роли знаний связанна, в первую очередь, с качественно новой ролью теоретических исследований, что обуславливает возникновение нового информационного общества, пришедшего на смену доминирующего индустриального способа производства. Главной качественной характеристикой информационного общества является преобладание рынка знаний и информации над рынком материально-вещественных ресурсов.

Единого и устоявшегося определения информационного общества на сегодняшний день нет. Новое состояние развития общества часто определяют через понятия: информационное общество (Ф. Махлуп, Т. Умесао, М. Порайт, Й. Масуда и др.), третья волна цивилизации (О. Тоффлер), посткапиталистическое общество (П.Друкер), новая экономика, трансформационный кризис. Это связано с тем, что исследователи пытаются описать состояния и происходящие изменения с разных сторон. Однако охватить весь комплекс отношений и противоречий только формирующегося процесса, который не стал единым целым и не приобрел завершенной формы во всех секторах экономики, не представляется возможным. Однако все исследователи сходятся в одном: происходит значительный рост роли знаний и информации во всех сферах деятельности человека. Более того, информация и знания становятся неотъемлемой частью производства и сбыта конечного продукта.

В этой связи нам необходимо разграничить экономический и коммерческий эффект, получаемые от нового знания. Экономический эффект приносят все научные разработки, и в первую очередь фундаментальные. Но он не поддается точной количественной оценке. Коммерческий эффект – это прибыль от проданной интеллектуальной собственности. Таким образом, наука и производство начинают играть роль взаимного обслуживания и помогать друг другу в развитии. В результате, на этапе интенсивного технологического развития происходит качественное изменение во взаимосвязях реального сектора и науки.

Таким образом, можно говорить о процессе трансформации знания в товарную форму, который проходит следующие: фундаментальные исследования, прикладные исследование и разработка пробного экземпляра (схема 1).

Схема 1. Процесс трансформации знания в товарную форму

   Учитывая факт вступления России в ВТО, следует отметить, что появляется острая необходимость унификации отечественной системы стандартизации с зарубежными. Это даст возможность, во-первых, ввести показатель соотношения «цена-качество»; во-вторых, поможет выстроить четкую и эффективную систему финансового обеспечения рынка; и, в-третьих, выступит дополнительным регулятором по ввозу импортной продовольственной продукции.
6. Низкий уровень платёжеспособного спроса населения на продукты питания;

   По данным Росстата, расходы на питание гражданского населения России в структуре расходов на конечное потребление в 2008 г. составляли, в среднем, 34,5%. В то время как, в развитых странах мира этот показатель находится в пределах 6-12%. Учитывая большое социальное расслоение в России по доходам, в малообеспеченных слоях населения данный процент значительно выше.
7. Высокий уровень коррупции.

   Данная проблема особенно актуальна в нашей стране на сегодняшний день, поскольку при реализации государственных инициатив по стимулированию и развитию сельскохозяйственной отрасли, выделяемые финансовые ресурсы не доходят до конечного получателя - хозяйствующего субъекта в полной мере (речь идет о так называемых «откатах», размер которых, по неофициальным данным, может доходить до 50% от выделяемой суммы) либо вообще. Указанная ситуация страшна не только тем, что бюджетные средства попросту разворовываются, но и тем, что простой товаропроизводитель не имеет доступа к данным государственным инициативам, ввиду отсутствия «связей».

   Также следует отметить тот факт, что после вступления России в ВТО, институт коррупции в таможенных органах и еще некоторых ведомствах станет постепенно вырождаться.

Одним из мероприятий, способных снизить остроту вышеуказанных проблем, может стать создание национальной торговой организации. Данная организация сможет функционировать наиболее эффективно если будет, во-первых, являться некоммерческой; во-вторых, реализовывать принципы саморегулирования; в-третьих, иметь определенную поддержку со стороны государства. Таким образом, реализация данного мероприятия позволит:

1. сформировать единую централизованную электронную торговую систему;
2. разработать единую систему стандартов торговли, которым должны будут соответствовать все члены НТО;
3. сформировать систему контроля качества реализуемых товаров, используя методики ВТО, для обеспечения прозрачности ценообразования и сделки, в целом;
4. сформировать систему финансового - правового обеспечения торговой деятельности, включающую доступ участников торговли к кредитным ресурсам, операционное банковское сопровождение сделок, систему юридических гарантий сделок и т.д.;
5. анализируя рыночную конъюнктуру, разрабатывать рекомендации органам законодательной и исполнительной власти по совершенствованию отраслевой политики.

Шеќеринка Ивановска
Приватна високообразовна установа Меѓународен славјански институт, Св. Николе, Р.Македонија

ПОТРЕБИТЕ ОД УЧЕЊЕ И ТАЛЕНТ МЕНАЏМЕНТ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Апстракт: Чистата и јасна идентификација на потребата за учење и развој на талентот претставува клуч за ефективни придобивки од континуирано учење на вработените во организацијата. Потребите од учење и развој на талентот (Learning and Talent Development – L&TD) организацијата треба благовремено да ги идентификува за да очекува брзи придобивки. Професионалците за човечки ресурси и специјалисти во оваа област имаат главна улога за идентификација и спроведување анализа за неопходноста од континуирано учење.
Според одредени истражувања направени во оваа област, Л&ТД (Learning and Talent development – L&TD) практиката во современите услови се идентификува според правилата и политиките како нова транзициска форма, тренинг, функција и улога за помош на вработените и на организацијата. Исто така,преку овие истражувања се идентификува нов чекор и ново место на интеграција на учењето, талентот и променитевоорганизацискиот развој.
Идентификација на потребите од учење и развој на талентот, е базирано на формално и неформално проценување. Пред се,тоа значи примена на повеќе видови на способности,ставови, однесување и знаење, и тековни и антиципирани недостатоци кои овозможуваат информации за одлуките и придобивките од учењето од аспект на поединци, тимови и организациски нивоа.

Клучни зборови:учење, талент, талент менаџмент, организација.

Денес, живееме во време кога талентот претставува значајна придобивка на секоја организација. Талентот, пред се го претставуваат поединци во организацијата кои можат да создадат разлики во организациските извршувања и придобивки на долг рок при тоа демонстрирајќи високо ниво на потенцијал. Управувањето или талентменаџментот претставува процес на обезбедувањеталенти (и потенцијално квалитетни поединци), процеспреку кој организацијата прави привлекување, задржување на потенцијалните и развивање на талентирани луѓе според потребите. Како концепт, талент менаџментот многу често се употребувал и поистоветувал со фразата "борба за таленти". Дефинирањето на талент менаџментот се движипреку приближување и развивање на потребите на компани и текон потребите нав работените, менаџерите. Овде, покрај многуте начини на дефинирање на талент менаџментот ќе споменеме некои од позначајните.[1]

"Талент менаџментот претставува имплементирани и интегрирани стратеги и или системи, кои се дизајни рани зарастење и развивање на продуктивноста на работното место, преку развивање и усовршување на процесите на привлекување, задржување, искористување и развивање на вработените, менаџерите со бараните способности и преференци и во кои може да се сретнат тековните и идните бизнис потреби на компаниите".

[1] Ivanovska S., "Talent Management in the Global company" International conference University of tourism and management" Skopje, 2011. P.48.

(Lockwood, 2005).[2] Талент менаџментот претставува повеќе од нешто да се направи (to do). Тој значи "to be", значи на чин на работење и успевање и заедничко приближување кон долготраен успех. Други научници талент менаџментот дури го сметале за многу поблизок кон поимот човечки капитал.

Она што претставува посебен предизвик во трудов е како да се идентификува потребата од континуирано учење и управување со талентот. Во изборот на постапката за анализа на потребата од учење и тренинг на вработените, организацијата развива сопствена стратегија. Секоја стратегија има јасна претстава дека ваквите вложувањата се исплатливи, а потребата од континуирано учење и развивање на способностите на вработените има заеднички бенефит како за организацијата така и за вработените во неа. Ваквите тврдења се основани затоа што:[3]

- Организациските извршувања се зависни од постоењето на квалитативни и квантитативни карактеристики на човечкиот капитал;
- Преку промовирање на можностите за учење се овозможува јакнење на личните и кариерните цели, а со тоа се создава раст на вложувањата во работата на вработените;
- Имањето јасна претстава кои се потребите од учење и кои се очекувањата од вложувањата во организацијата преку придобивките на развојот се демонстрира способност за компактност со стратегија за развој и учење во организацијата (L&TD);
- Доброто планирање на потребите од постојано учење овозможува квалитетна имплементација на организациската стратегија која има влијание на можностите за идентификација, одржување и развој на талентот во организацијата.

За да се идентификува потребата од учење и развој на талентот во организацијата потребно е да се направи анализа на повеќе нивоа:[4]

1. *На организацијата во целина* – за дасе разбере вкупноста, целовитоста на потребата од сите видови и типови на учење.
2. *По пооделни специфични департмани, оддели и проекти во работата* – нови проекти и можности бараат нови начини на работа и реорганизација која ја менува и реструктурира улогата на промената во иднина.
3. *За поединците* – тоа е линкот помеѓу потребите и можностите на поединците и потребите и можностите на организациите.

Анализата на потребата од учење – ЛНА (Learning Need Analysis - LNA) може да инволвира една адхок вежба или проект кој е базиран на проценување на знаењата и можностите, или да заземе форма на тековна активност која може да се добие од реализираните извештаи и извршувања во тековниот период, или пак на посебенначин, може да претставува комбинација на двата вида или методи. Анализата, исто така, треба да води сметка да бидат земени во предвид споменатите три нивоа на анализирани очекувања од потребата за учење.

Во денешно време кога бизнис окружувањето брзо и постојано се менува организацијата треба да биде доста внимателна во процесот за идентификување на потребите од учење. ЦИПД за оваа намена има изготвена сопствена анализа наречена РАМ правила - важност, план, проценување (RAM – Relevance, Alignment, Measurement).

Важност (значење). Се тргнува од определување на значењето на определено учење со идните и очекувани можности и промени на организацијата.

---

[2] Vlad Vaiman, Charles M.Vance, "Smart Talent Management", Business &Economics, 2010, p.48.
[3] "Talent Forward Part 1: Tackling the new global talent realities", factsheet, CIPD, 2012, p. 4.
[4] "Preparing for a learning needs analysis", CIPD, Factsheet, 2012, p. 2.

План (порамнување). Се подготвува план на активности според кој доколку се планираат промените на повеќе групи во организацијата во кои се вклучени клучните менаџери и други значајни групи и тимови се конципира стратегија која треба да е во корелација со останатите стратегии, финансиската, маркетинг и другите димензии на организациска стратегија.

Проценка. Претставува критична основа која се прави од аспект на функциите на менаџмент на човечки ресурси и значи проценка и евалуација на активностите и интервенциите.Во оваа фаза на помош се голем број методи за проценка и евалуација за инвестициони вложувања.

Во истражувања од областа на учење и развој на талентот големо искуство има ЦИПД од Лондон – Институт за развој на поединецот (Chartered Institute of Personnel Development). ЦИПД веќе 14 години (од 1998 година) се занимава со истражување на континуирано учење и равој на талентот, и располага со објективни и сеопфатни податоци од истражувањата. Учењето и развој на талентот, Л&ТД (Learning and Talent development – L&TD) претставува процес кој во денешното време на транзициско минување на економијата во секоја земја завзема значајно место и претставува клуч за успех на организациите.

Во периодот 2009 до 2012 година во областаЛ&ТД,од реализирани истражувања утврдени се повеќе законитости кои се темелат на интервјуираниорганизации од сите видови на јавен, приватен, и останат сектор, различни по големина.

Помеѓу останатите начини и форми на современо учење на поединции и тимови во организациите тестирани се и новите форми на е-учење, менторства и други форми на подучувањаза унапредување на способностите и можностите.

На графиконот број 1 презентирани се податоци од кои може да се донесат следните

Графикон бр.1: Најефективни видови на учење и развојни практики

Извор:J. McGurk, *Learning and talent development*,Annual survey, CIPD, 2012.p.9.

заклучоци:

1.Денес, во услови кога организациите се соочуваат со проблеми на рецесија, постојат скоромни извршувања во реализацијата на организациите, но во нивните буџети сепак се издвојуваат средства за покривање на трошоци за континуирано усовршување и учење на вработените. Во овие активности значајно место имаат: надворешни курсеви и конференции-95%, обезбедување надворешни консултанти и тренери – 81%, книги, тренери и други споредни материјали и помагала -80%, Во повеќето од буџетите на организациите се издвојуваат средства за обезбедување нови технологии за тренинг и обуки на вработените кои се застапени кај повеќе од половината на организациите, 57%.

2.Во однос на висината на издвојување средства по вработен се забележува намалување на средствата. Додека минатата година - 2011, се издвојувале 350£ по вработен, оваа година се забележува намалување на средствата - 276£. Драматичен пад на висината на средствата се забележува особено во јавниот сектор.

3.Од аспект на рангирање на трите најчесто употребувани и третман на најефективни видови на начини на учење и развојни практики во организациитесе истакнуваат следните: 1-примена на развојни програми внатре во организацијата; 2- учење од линиските менаџеерри; и 3- тренинзи во работата. Споредувани во периодот од 2009 год до 2012 година трите наведени видови на перактики забележуваат доминантно растење во учеството над останатите видови на применето учење. Се забележува раст во проценти кајтренинг во работата од 27% -39% во 2012; учење од линиските менаџери 47% -53% во 2011; развојни програми во организацијата 48% -56% во 2010год.

4.Според добиените податоци од истражувањето електронското учење(е-учење) и користењењето на аудио, видео и други слични методи на учење рангирани се најдолу на скалата како најмалку ефективни начини на учења во работата. За нив се смета дека иако се во пораст во практиката и секојдневието не може да се сметаат за замена на одредени форми на учење, па затоа се ставаат на ниво на учења кои треба да се применат во знаења за секојдневни практики, одржување на хигиена, чување и заштита на здравјето, заштита на податоците и сл. Повеќето менаџери сметаат дека овој вид на учење сеуште не може да се сметаат како замена за тренинзи и учења како што се лице влице и обуките и учење во училница.

5.Како база на интервјуирани во истражувањето во 2012 година учествувале 765 вработени, 2011год. -594, 2010 год. -724 и 2009год. – 859 вработени.

Заклучни согледувања

Современите организации се соочуваат со голема дисперзија на транзициски промении рецесија кои бараат од менаџерите и вработените огромни и дополнителни напори и вложувања од постојано учење и развивање на способностите и можностите. Талентот и менаџментот на талентот е предизвик на последната деценија и затоа експлоатацијата на умовите и знаењето наречено Л&ТД (Learning and Talent development – L&TD) добива клучна улога во промоција на иновации, креативност и постојани промени од кои треба да се извлечат силните потенцијали во организацијата.

Во збирот на стратешките бизнис цели на секое вложување и инвестирање во учење, предизвиците и можностите за тоа учење ги даваатразвојните функции за поддршка на менаџментот на промени во организацијата занеговоискористување со голема интенција и енергичност. Професионалците за човечки ресурси, особено оние вклучени во континуирано учење и тренинзи на вработените, треба секогаш да бидат подготвени за иновации и флексибилност во дизајнирање на нови проценки на потребата од учење и

тренинг-интервенции на вработените.

Литература:

1. Beevers, K. and Rea, A., Learning and development practice,. London: Chartered Institute of Personnel and Development, 2011.
2. Cannon,J.A. and McGee,R., Talent Management and SuccessingPlaning, CIPD,London,2009.
3. Cheese.P, Thomas,R.J.,Grain,E. The Talent Powered Organization, Business & Economics, 2008.
4. Dowling,P. International Human Resource Management: Managing People in a Multinational Context, Paperback, 5 Ed.2007.
5. Lance A. Berger, Dorothy J.,Talent Management, Business & Economics,2009.
6. Robson F.,Learning needs analysis. CIPD Toolkit. London: Chartered Institute of Personnel and Development, 2009.
7. Vlad Vaiman, Charles M.Vance, Smart Talent Management, Business &Economics, 2008.
8. Derven, M.Lessons learned: using competency models to target training needs. T+D. Vol 62, No 12, December. pp68-73, 2008.
9. J. McGurkLearning and Talent Development, Annual survey report, CIPD, 2012.
10. C.McCartney, Resourcing and Talent planning survey, Annual survey report, CIPD, 2011.

Ј. Дамјановски
вонреден професор по предметите: Менаџмент со човечки ресурси, Стратегиски менаџмент и Менаџмент со агробизнисите на МСР - Г.Р.Державин, Свети Николе - Битола
Д. Дамјановски
магистер по социологија и менаџмент за општествени промени

МЕНАЏМЕНТ НА КОРИСТЕЊЕТО И КОМАСАЦИЈАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Апстракт: Истражувањето и разјаснувањето на комасацијата како придонес за одржливиот развој на руралниот сектор според Минхенската декларација 0д 2002 година претставува дел од големиот агрегат на прашања и проблеми што го следат развојот на земјоделството во Република Македонија. Земјоделството производство во земјата има одредена специфичност што се однесува и на прашања врзани за уредувањето и користењето на земјоделското земјиште. Цел на ова истражување е да се поттикне потребата и да се направи модел на мерки за подобрување и поцелосно искористување на и онака малиот и распарчен земјишен фонд, што директно се одразува на земјоделството, економиката и квалитетот на производството.
Ова значајно и досега недоволно истражувано подрачје од научен аспект и со методолошки пристап може да придонесе за една научна и економска валоризација на постојните теоретски сознанија кои ја датерминираат оваа проблематика. Во изменетиот амбиент за стопанисување фундаментот на теоријата треба да се провери преку деловна практика што придонесува за надминување на постојните проблеми, како и да се провери и осознаат постоечките и новонастанатите промени во агробизнисите на Република Македонија.
Минхенската декларација ги користи искуствата на развиените европски земји за комасацијата и во таа смисла претставува и придонес кон општите пристапнички настојувања за подготовка на Република Македонија за влез во Европската Унија. Со приближување на европските стандарди треба да ги намалиме економските и социјалните диспаритети со членките на ЕУ. Имплементација на модел за комасација според услови на Република Македонија е дел од програмските насоки за целосно пристапување на земјата во Европската Унија и користење на европските инвестициони фондови за постигнување рамномерен економски и социјален развој.

Клучни зборови: Менаџмент со агробизнисите, менаџмент на уредувањето и користење на земјоделското земјиште, комасација, Минхенска декларација, рурален развој.

Abstract: Exploitation and land management (commassatio) of agriculture arable land in R. Macedonia Research and clarification of the land management as a contribution for sustainable development of the rural sector according to the Munich Declaration from 2002, is introducing part of a large aggregate of questions and problems that are following up the development of the Macedonian agriculture. Agriculture production in the country has certain specificity regarding the questions related to management and use of the agricultural land.
The aim of this study is to initiate the need and to prepare a model of measures for improvement and fully exploitation of the already small and torn land fund, which directly reflects to the agriculture, economics and quality of production.

This important and not sufficient researches area from the scientific aspect and with methodological approach can contribute to a scientific and economic valorization of existing theoretical knowledge that determinate this issue.
In the modified environment and management fundament of the theory should be verified through business practices that contribute to overcome existing problems and to examine and understand existing and newly agriculture economy changes in Macedonia.
Munich Declaration uses the experience of developed European countries for land management and in that sense represents a contribution to general pre accession efforts for the preparation of Macedonia to join the European Union. With the approximation to European standards we should reduce the economic and social disparities with the EU members.
Implementation of the model for land management under conditions for Republic of Macedonia is part of the program guidance for full accession to the European Union and precondition to use European investment funds to achieve balanced economic and social development.

Key words: Management of agricultural holdings, land management, exploatation of agriculture land, commassatio, Munich Declaration, Rural Development.

Вовед

Од досегашните трансформации на агробизнисот во Република Македонија не можеме да бидеме задоволни. Во изменет амбиент на стопанисување знаењата стекнати во минатото понекогаш не соодветствуваат на потребата на современото време. Процесите на трансформација на земјоделството се забавени и не се случуваат промени според предвидената динамика во услови на отворено пазарно стопанство и агробизнисот и натаму останува отворено прашање како за практиката, исто така и за науката. Во рамките на вкупниот агрегат на прашања и проблеми што го следат развојот на земјоделското производство и преработувачката прехранбена индустрија како комплементарен фактор во рамките на макроекономската политика на земјата и руралниот развој е и прашањето врзано за менаџментот на уредувањето и користењето на земјоделското земјиште.

Во современи услови руралниот концепт во нови развојни услови е една од суштинските проблематики на нашите настојувања за влез во Европската Унија. Во основа, не е неточна констатацијата дека македонскиот рурален простор е економски запуштен, а социокултурно и просторно е препуштен сам на себе. Оттаму, објективните вредности и големите потенцијали не се ниту приближно валоризирани, како што е случај во развиените земји на Европа. Што се однесува за земјоделството во Република Македонија, треба да се нагласи дека има одредена специфичност, а земјоделското земјиште во некои региони има и компаративни предности.

Во новиот закон за земјоделство има новини кои се однесуваат на критериумите и условите за субвенции, односно мерки кои се однесуваат на националната стратегија, руралниот развој, здружувањата, трговијата со земјоделски производи.

Процесот на зачленување на Република Македонија во Европската Унија претпоставува приближување на состојбите приближно до европските стандарди. Тоа пред сѐ се однесува на интегралниот пристап и планирање на руралниот развој, но и на интердисциплинарни работи. Овие процеси се изложени на постојани, внатрешни трансформации во транзиционите процеси на Република Македонија од социјалистички во плурален модел на државно уредување. Во трансформациските процеси понекогаш се лута во утврдување на односите меѓу старото и новото, развојните и ограничувачките фактори за реално претставување на моментната состојба и на таков начин и на стратешко прогнозирање на развојните трендови.

Во остварување на трансформациските процеси се користат европските искуства во развојот на руралните подрачја и обнова на селата. Во таа смисла посебно се користи Стратегијата за рурална Европа (Strategy for rural Europe) од Европскиот совет за селото и мали градови што во основа се однесува на мерки за обезбедување благостостојба во интерес на сите Европјани, потоа обезбедување на рамнотежата меѓу човекот и природата, зајакнување на економската состојба на руралната економија и во однос на производството на храна да се промени односот кон конечната цел не да се менува само количеството, туку и квалитетот на храната.

Во овој контекст се разликуваат три поими: еколошко земјоделство, еколошко производство и еколошка економија. Тие се поврзани меѓу себе и денес традиционалното земјоделско производство е производствена парадигма. Во таа смисла потребно е да се обезбеди развој со кој ќе престане доминацијата на индустриското земјоделство, ќе се овозможи додатно вработување и ангажирање на работна сила во семејното газдинство, ама и во руралните населби и општеството во целина, потоа погодност за производство квалитетни производи на мали површини и потстрекнување на „затворени" начини на производството со зголемено искористување на природна енергија и органски процеси. Но, еколошкото земјоделство иако е конкретна визија на идното производство, сепак има бројни социјални последици на различни нивои и некои сметаат дека е конзервативен концепт и оттаму не треба во глобална смисла да се сфати како генерално барање, туку развоен концепт кој ќе се проверува низ практиката.

Веќе подолго време во Република Македонија се одвива процесот на наше зачленување во Европската Унија откаде сме предупредени за големите разлики меѓу постоечките стандарди во развојот , уредувањето и заштитата на руралниот сектор и во тие рамки на уредувањето и користењето на земјоделското земјиште. Основен заклучок за достигнување на европските стандарди е дека не се доволни само кампањски акции, туку одговорен однос кон комплексноста на проблематиката со што нашиот рурален простор и земјоделството ќе го приближиме кон руралните простори на европските земји, но не само физички, туку и духовно зошто корените на големото наше заостанување во однос на Европа се многубројни и различни. Тоа во основа е последица на историскиот развој, но и со економските, социокултурните специфичности и легислативата, но и во образованиот процес и научната работа кој се уште е оптоварен со некои стереотипи од минатото. Во таа смисла, се обидовме на еден поенергичен начин да се осврнеме на уредувањето и користењето на земјоделското земјиште и комасацијата.

Минхенската декларација за комасацијата и имплементација во услови на Република Македонија

Уситнетоста на земјоделското земјиште е ограничувачки фактор за развојот на аграрниот сектор. Затоа, претставници на 23 европски земји, претежно од средна, источна и југоисточна Европа, односно нивни претставници од државни институции, науката и истражувачките установи, во Минхен 2002-та година расправаа за земјишната уситнетост и последиците по руралниот развој. На тој меѓународен симпозиум целта била да се прикаже модел за комасација кој успешно се применува во земјите од Западна и Средна Европа кој останатите држави би можеле да го имплементираат во сопствените услови и можности. Основа за подготовка на Симпозиумот биле студиите и анализите на експерти на ФАО кои ги проучувале состојбите на аграрната структура во Источна Европа.

На овој Симпозиум не учествувала делегација од Република Македонија, па оттаму Минхенската декларација за комасацијата како средство за развој на руралниот простор

треба да се проучи како потреба за уредување, развој и обнова на македонскиот рурален простор.

Основниот заклучок на Минхенската декларација - 2002 е дека комасацијата е средство на развојот и пат кон одржлив развој на руралните подрачја како и на земјоделството како стопанска гранка. Овој симпозиум го организираше ФИГ-Меѓународна геодетска федерација (Federacion internacionale des geometres), ФАО – Организација на Обединетите нации за земјоделство и храна (Food and agriculture Organizacion of the United Nacions), Германското друштво за техничка помош и работната заедница за развој на руралниот сектор и уредување земјиште на Германија и техничкиот универзитет во Минхен.

Не е случајно што овој настан се одржал во Минхен, зошто во Баварска уште 1886 година се започнало со институционален пристап во решавањето на проблемите на уредувањето и користењето на земјоделското земјиште врз основа на комасација.

- Основен заклучок е следниов:
- Земјоделското земјиште е уситнето и расфрлано
- Земјоделското парцели се мали и по правило во просек од 1 хектар и помалку.
- Законодавната регулатива е недоволна или ја нема
- Комасацијата се однесува на прашања врзано за производството на храна, а не и на уредување на целокупното земјиште со концепт за развојот на руралниот простор
- Комасацијата досега е спроведувана со недемократски административни постапки, што кај луѓето создало впечаток за неекономски или политички мерки
- Во рамките на комасацијата обично се уредуваат патишта за земјоделски потреби, а не и на пошироките потреби.

Заклучокот на Минхенската декларација е дека земјите во транзиција треба да имаат сопствени програми базирани на локални услови, но и да ги почитуваат искуствата на развинеите европски земји и како сегашни и идни членки на Европската унија ќе станат рамноправни членки за остварување на политиката за развојот на земјоделството и рамноправни учесници во европските интеграции и иницијативи.

Споредено со заклучоците на Минхенската декларација, во основа, можат да се извлечат неколку принципи за менаџментот на уредувањето, искористувањето и комасацијата во Република Македонија:

- Плановите за развој на локалниот простор и плановите за користење на земјоделското земјиште треба да бидат основа за идната комасација
- Комасацијата да се изведува според темелни истражувања и оценка на негативните влијанија како што се водниот режим и билансот на водите, биолошката разновиднсот, шумските површини и почитување на исцрпни анализи на трошоците за остварување на добивката од евентуални комасациони зафати и тоа не само финанасиски и технички, туку и од социјален аспект.
- Со оглед на фактот дека комасацијата, уредувањето, развојот и обновата на македонскиот рурален простор претставува и просторни, стопански, социокултурни рамки за развој и на еколошко производство, потребни се соодветни планирања за заштита на човековата животна и работна средина.
- Потполна демократска постапка според Законот за комасација кој треба да се афирмира во пошироката јавност и посебно меѓу луѓето кои живеат во руралните населби и меѓу земјоделците
- Целосно уредување на земјиштето
- Модернизација на катастарската евиденција

- Почитување на географските, културните разлики, што, подразбира и традиционалнизмот во однесувањето на учесниците во комасациони зафати
- Стручно оспособување и правна легислатива.

Историски аспекти на сопственоста на земјата и структура на користење на земјоделското земјиште во Република Македонија

Во време на кралството Југославија, помеѓу двете светски војни, се случува првата аграрна реформа која се карактеризира со изразито колонистичка политика. По втората светска војна се случуваат големи промени во земјишно-сопственичките односи. Тоа биле потресни и пресвртни промени.

Во оваа прилика ќе се задржиме на аграрната реформа од 1945 до 1948 година која била спроведувана од новата социјалистичка држава која со неа имала намера да ги задоволи луѓето кои живееле во селата како најсиромашен општествен слој. Во почетокот тоа започнало со експропријација на земјиштето според посебни закони. Тоа завршило со мерката за ограничување на земјишниот максимум на 10 хектари во 1953 година. Оваа аграрна реформа извршила големи промени во поседовно-сопственичките односи на селото и во тие рамки претставува важна радикална промена во општествено-економската структура на земјата. Добивање земја бил длабок стремеж на македонскиот сиромашен селанец. Несомнените политички ефекти што на село ги постигнала аграрната реформа, го прикриваат фактот за негативните економски последици на уништувањето на економската моќ на дотогашниот крупен производител, а ја зајакнувала економската моќ на ситниот сопственик на земјиште кој произведувал речиси првенствено за задоволување на сопствените потреби.

Ситносопственичката структура ја задржала аграрната пренаселеност и Македонија станала земја на ситниот посед. Во 1953 година е донесена Уредба за имотните односи и реорганизација на селските работни задруги и нивно претворање во општи земјоделски задруги. Од крајот на 1956 година, како посебен облик на соработка меѓу приватниот и задружниот сектор е воведен и договор за кооперација кој во изменет облик се задржал до 1990 година. Со Уставот од 1974 година задругите се претвориле во работни организации што значело изедначување на задружната сопственост со општествениот сектор во земјоделството кој се развивал преку формирање на земјоделски комбинати.

Во транзициониот период од социјалистички во плурален модел на државно уредување, моделот на приватизацијата во Република Македонија е пропишан со посебен закон од 1996 година. Со него се врши трансформација на земјоделското земјиште кое е во сопственост на Република Македонија, како и на земјиште и други недвижности кои со присилни прописи минале во државна сопственост, што е регулирано со посебен закон за денационализација во 2000 година. Со Законот се врши трансформација (приватизација) на земјоделските претпријатија и задругите во акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност, така што земјоделското земјиште е во државна сопственост, а може да се користи врз основа на долгорочен закуп.

Според членот 56, став 1 од уставот на Република Македонија земјата претставува природно богатство и е од општ интерес што претпоставува и посебна заштита. Земјоделското земјиште е под посебен правен режим како по однос на неговото определување, така и по однос на неговата заштита и користење. Во таа смисла постојат поголем број закони поврзани со користењето на земјоделското земјиште, меѓу кои од поважните се Законот за земјоделско земјиште, Законот за потикнување на развојот на земјоделството, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Закон за арондација, Закон за комасација, Закон за води, Закон за трансформација на претпријатијата и задругите кои стопанисуваат со

општествен капитал и други закони, како и голем број правилници и уредби, што во услови на плурално општество и не се најсоодветни.

Посебно внимание во законските прописи предизвикува Законот за наследување кој ја регулира материјата за правото на наследување. Согласно со потребата за окрупнување на земјишниот фонд кој треба да овозможи профитабилно земјоделско производство и намалување на натамошното распарчување на земјишниот фонд, потребно е да се менува начинот на наследување на земјоделското земјиште по примерот на европското законодавство.

Што се однесува до структурата на земјишниот фонд според имотната состојба, од пописот на населението во во 1994 година, просечна големина на земјишен посед е 1,28 хектари обработлива површина по едно индивидуално земјоделско стопанство во Република Македонија. Но, се забележува процес за натамошно ситнење на големината на парцелите што е застражувачки лимитен фактор за развојот на вкупното земјоделско производство, зошто намалената земјишна површина го намалува производството и директно се одразува на профитабилноста и конкурентноста на земјоделското производство.

Од вкупната површина на Република Македонија која изнесува 25.713 километри квадратни, земјоделската површина зафаќа 49,9 % и изнесува 1.293.000 хектари. Податоците зборуваат дека во 1960 година земјоделската површина изнесувала 1.540.000 хектари и ако се спореди со последниот податок од 1999 година, јасно произлегува обимот на намалувањето. За период од 10 години ќе се дојде до бројка од 3% намалување, или просечно годишно намалување од 3.600 хектари.

Опаѓањето, односно намалувањето на земјоделската поивршина е незапирлив процес и кога се има превид дека во структурата на вкупната површина има 50% под пасишта. Овој тренд на опаѓање е загрижувачки особено заради големата пренамена на земјоделска површина под градежни објекти, патишта и други пренамени и на тој начин трајно се губи земјоделското земјиште.

Проблемот на необработени и напуштени оранични површини е мошне сериозен, бидејќи една третина од нив не се користат. Според просторниот план, близу 50 % од тие површини кои не се користат или повеќе не се погодни за земјоделско производство и ќе треба да се отстапат на шумскиот фонд.

Во структурата на искористувањето на земјоделските површини, односно засеани култури, учеството на житата е највисоко, и изнесува повеќе од 60%. По житата доаѓаат градинарските култури со 17%, индустриските кулутури 12%, а останатите 10% се на фуражните култури. Ако структурата на користењето на обработливите и ораничните површини се набљудуваат во подолг период, може да се забележат интересни појави, кои според својата неповолност предупредуваат на нови мерки за менување на актуелните состојби. Тоа пред сѐ се однесува на намалувањето, односно опаѓањето на обработливото земјоделско земјиште, потоа опаѓаат површините под ораници и бафчи, опаѓааат долгогодишните насади, се намалуваат засеаните површини, а се зголемува необработеното земјоделско земјиште. Според тоа опаѓа користењето на високотехнолошките и техничките методи поради силното опаѓање на учеството на земјоделските претпријатија во користење на капацитетите, што во крајна сметка неповолно се одразува врз вкупната економска позиција на агробизнисот во Република Македонија, независно од тоа што, според, макроекономската политика на развојот на земјата земјоделството има свое незаменливо место.

Деаграризацијата, според економската теорија и практика во светот се очекува да направи промени во рамките на аграрната структура во смисла на намалување на бројот на индивидуалните земјоделски стопанства, како и во зголемување на просечниот земјишен

посед и парцелите, но евидентно е дека во Република Македонија тоа не се случи, и за жал и натаму не се случува. Бројот на овие домаќинства за 4 децении наназад нараснува на 13,7%. Досегашните истражувања покажуваат дека на една македонска фарма во просек има 7,4 одвоени парцели со просечна големина од 0,43 хектари. Такво уситнето земјоделство не е интерес за вложување на свеж капитал во развојот, кој се разбира на таков начин го стопира развојот кој заостанува. Затоа е императивна потребата да се изнајдат и нови мерки и постапки малите фарми да се окрупнуваат на разни начини. Потребно е информирањето да се засили во смисла на потребата за неизбежност на овие активности и ставање во функција на Законот за комасација, Законот за арондација и Законот за наследување во смисла на доближување на одредбите според европското законодавство, зошто со досегашниот закон за наследување и натаму ќе се уситнува земјоделското земјиште и ќе бидат потребни нови мерки за непречено одвивање на окрупнувањето како важен фактор на развојот на примарното земјоделско производство во Република Македонија. Законот за користење на земјоделското земјиште постојано треба да се прилагодува во смисла на подобрување на менаџментот со цел да се обезбеди економско искористување и заштита на чувствителните екосистеми.

Прашањето за расцепканоста на парцелите меѓу непосредните земјоделци е честа тема за разговори. Во наши услови во традиционалниот резон на нашиот земјоделец се зборува и за слабости, но и за предности. Во основа, негативната страна на расцепканоста во земјоделските фарми се трошоците за работа, време и трошоци за транспорт, губење на земјиште во меѓи и неплодни дрва и отежнат пристап до парцелите. Но, одделни земјоделци сметаат дека расцепканоста во некои услови може да биде услов за намалување на ризикот преку одгледување на различни култури за да се надмине изострениот проблем на пласманот на производите. Исто така, како предност се споменува и планирањето на сеидбена структура на земјоделските култури, што овозможува да се одгледуваат различни култури во различни периоди од годината. Но, сите други параметри упатуваат на нагласена потреба за окрупнување на имотот на индивидуалните земјоделски стопанства, зошто во иднината во развојот на интензивно и високопрофитабилно земјоделско производство треба да се вклучуваат и мерки за поголем и окрупнет посед. Земјишната површина, односно големината на обработливата површина, што во наши услови претставува расцепкан посед со голем број мали парцели, претставува лимитен фактор и бара нови потфати за нивно уредување и преструктуирање, што всушност претставува доведување на земјиштето од услов за производство да прерасне во елемент на високо продуктивни производствени сили.

Модел за имплементација на комасација во Република Македонија

Почитувајќи ги искуствата на развиениот свет со долгогодишна пазарна економија, менаџментот на искористувањето на земјоделското земјиште и мерката комасација треба да ја прифати како глобална перспектива за земјоделството и развојот на руралниот сектор. Менаџментот на искористување на земјоделското земјиште и во тие рамки имплементација на комасацијата како придонес на одржливиот развој на земјоделството и руралниот простор на Република Македонија е подготовка за таква организација која што ќе овозможи зголемени инвестициони вложувања и вложувања и во истражувањето и развојот, а тоа треба да се направи со усогласеност на учесниците во комасационите процеси согласно со општетствениот интерес и потребата од одговорно искористување на распарчениот земјишен фонд.

За менаџментот во искористувањето на земјоделското земјиште и комасацијата во

услови на Република Македонија се наметнуваат две прашања: прво, востановување на формална организација според Законот за комасација, но востановување и неформална организација со почитување на интересот, зошто секоја од вклучените страни е заснована на низа формални и јасно определени односи меѓу сегментите. Формалната страна од организацијата би била каков модел се востановува со акт, додека кај неформалната се однесува на подготовките за следење на постапката. Исто така, со акт се утврдува вкупниот потенцијал на сопствениците на земјиштето кои се вклучуваат во комасациски потфат и нивната одговорност за што мора да се води сметка сето тоа да биде во согласност со законските прописи.

Проектирање на модел за комасација за современиот менаџмент во Република Македонија несомнено треба да поаѓа од фактот дека земјишниот посед е многу уситнет и поделен на голем број парцели кои се несоодветно поставени и лошо обликувани за современо и профитабилно земјоделско производство. Во такви услови не можат да се воведат нови производствени модели.

Во создавање на модел за организирање на комасациски проект, треба да се внимава на неколку основни прашања, а тоа се: Потполна демократска постапка, со активно учество и содејствување со сопствениците на земјоделското земјиште во уредување на просторот, а тоа може да се врши работно и финансиски. Со комасацијата може да се припомогне и за реализација на други планови и проекти, зошто е еден од инструментите за целосно решавање и на уредувањето на земјиштето и просторот. Во таа смисла комасацијата е средство за поттикнување и модернизација на евиденцијата на катастарската управа.

Моделот за комасациска постапка ги опфаќа сите предуслови за уредување на земјишниот, односно руралниот простор, но со почитување на географските разлики и услови на теренот. Затоа, комасацијата се подразбира како мерка за уредување на земјиштето, а чија задача е окрупнување на расфрленото и уситнето земјоделско земјиште, во една заокружена целина, со цел за подобрување на работните услови во земјоделското производство. Во таа насока треба да се почитуваат интересите на сите корисници на просторот, што подразбира :агротехнички, географски, природни и водостопански услови, од што произлегува дека подготовките можат да траат и по неколку години пред да се издаде извршен акт од надлежен орган според Законот за комасација на Република Македонија.

Во постапката за комасација,односно во постапката за усвојување проект за развој на одреден рурален простор, треба да се вклучат и други парцијални проекти – од изградба на патишта, до локации на градби од стопанска и станбена природа и производствени капацитети.

Комасацијата бара и добро водење преку развој на соодветни институции со оспособени кадри за менаџирање со комасациски работи. Процесите на утврдување на политиката и прилагодување на законодавството за овие активности, во иднина треба да се темелат и на добро информирање на сите заинтересирани страни и активно учество на општините, а најважно е за секој замислен проект за комасациски зафат добро да се идентификува актуелната состојба на теренот и да се ускладат интересите на учесниците во комасацијата.

Комасацијата бара и сеопфатен мултидисциплинарен, односно меѓусекторски пристап. За да се создадат услови за реализација на проект за комасација претходно треба да се изведат соодветни истражувања на подрачјата каде уситнетоста на земјоделското земјиште бара комасациски потфат. Притоа треба докрај одговорно да се почитуваат резултатите од исцрпните анализи за трошоците на изведбата и добивката од извршената комасација. Во врска со тоа, потребно е да се отпочнат и пилот-проекти и на искуствата од ваквите пилот-

проекти да се осознаат и потребите од измени и дополнувања на законската регулатива од оваа област, како и да се развиваат институции и менаџерски тимови кои ќе ја подготвуваат и спроведуваат подготовката на постапката за реализација на комасација.

Заклучок

Комасацијата е дел од генералната земјишна политика во која треба да се спречи ненаменско користење на продуктивното земјоделско земјиште за ненаменски цели, но и за урбани намени што е дел од концептот за развој на руралниот простор, но во основа, со наменско користење на земјоделското земјиште, со зголемување и оспособување на парцелите.

Ако се има предвид дека процесот на траење на ситнењето на парцелите во Република Македонија бил постојанен и натаму продолжува ситнењето на големината на парцелите, се доаѓа до едноставен заклучок дека на таков начин се лимитира развојот на вкупното земјоделско производство зошто намалената земјишна површина го намалува производството и се одразува директно на профитабилноста и конкурентноста на земјоделско производство. Ако се споредат претпоставените трошоци на мерките за окрупнување на обработливото земјиште, со евентуална анализа за изгубеното со расцепканоста, современите агроекономисти извлекуваат заклучок дека комасацијата и други мерки за окрупнување на поседот за интензивно и високопродуктивно и профитабилно земјоделско производство има предност над традиционалниот однос.

При изборот на прифатлива и економски оправдана структура на земјоделското производство, во наши услови, потребно е целосно искористување на расположивиот земјишен фонд, искористување на средствата за производство и перформансот на вработените, но и одредување на поседовна структура според пазарните услови и задоволување на потребите на преработувачката индустрија. И затоа, во овој труд сакаме да потсетиме дека во сите реони на Република Македонија се наметнува прашањето за соодветно менаџирање со агробизнисите. Во таа смисла се заговара моделски пристап за програмирање на оптимална производствена структура. Во тој контекст комасациски мерки можат да придонесат за прилагодување на нашето земјоделство кон изострените барања на отворениот пазар зошто уредувањето и преструктуирањето на земјиштето и коистењето на земјоделското земјиште претставува постојана активност одржување на земјиштето од услов за производство во елемент на високопродуктивните сили. Во услови на ограничен земјишен фонд, логично се наметнуваат прашањата за бонитирање и разни агроеконосмки мерки во кои се вклучува и комасацијата. Без оглед на правната сопственост, земјиштето како општ, национален ресурс го предизвикува интересот за тоа како се користи и во која мерка одговара за посебните и општите интереси. Оттаму и прашањето за евентуални комасациски зафати преку добро осмислени проекти е одложива, но не е неоствар лива мерка зошто земјата во динамизирана производствена функција во земјоделсккто производство влегува како елемент на производствените сили и не постои можност за супституција со друго средство за производство. Основен заклучок е дека при изведување на комасациски мерки за окрупнување и прилагодување на земјишниот фонд не треба да се помисли за некакви присилни програми и проекти, туку, напротив, со силата на економската анализа за потреба од рекоснтрукција на фармите кои во иднина треба да бидат движечка сила на развојот како на земјоделското производство и се дава придонес и на одржливиот развој на руралниот сектор во Република Македонија.

Руралниот концепт во нови развојни услови претставува една од суштинските проблематики на нашите настојувања за влез во Европската Унија. Тоа пред сѐ се однесува на

